**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ– СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ И АРХЕОЛОГИЈА**

# Претстави на оружје и орудија на надгробните антички споменици на Балкан (крај на 6 в.ст.е. – 4 в.н.е.)

**-докторски труд-**

**Ментор:**

**Проф. Академик Вера Битракова-Грозданова**

**Кандидат:**

**м-р Роберт Петковски**

**Скопје 2013**

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА
УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ... 2
I. УВОД ... 6
I. 1. ИСТОРИЈА НА ИСРАЖУВАЊЕ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ... 8
II. ПРЕТСТАВИ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО РАНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД ... 14
II. 1. НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД РАНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД ... 14
II. 1. 1. НАПАЃАЧКО ОРУЖЈЕ ... 15
а. копје ... 15
б. меч ... 20
в. лак со стрели и тоболец ... 22
г. лагоболон ... 23
II. 1. 2. ОДБРАНБЕНО ОРУЖЈЕ ... 26
а. шлем ... 26
б. штит ... 33
в. оклоп ... 40
г. кнемиди ... 43
II. 2. ОРУДИЈА И ПРЕДМЕТИ СО СИМБОЛНО И КУЛТНО ЗНАЧЕЊЕ ... 44
а. стап ... 44
б. висока ваза со стап - толчник ... 46
в. стригил ... 47
г. вагонет - кочија ... 51
д. четка ... 52

ѓ. чамец - чун ... 53
е. лира – музички инструмент ... 53
II. 3. СИМБОЛНИ СЦЕНИ, ЖИВОТИНСКИ ПРЕТСТАВИ И ТЕХНИКИ НА УКРАСУВАЊЕ ... 54
III. ПРЕТСТАВИ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД ... 61
III. 1. НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД ИМПЕРИЈАЛНИОТ ПЕРИОД ... 62
III. 1. 1. НАПАЃАЧКО ОРУЖЈЕ ... 63
а. копје: ... 63
б. меч ... 71
в. лак со тоболец и стрела ... 80
III. 1. 2. ОДБРАНБЕНО ОРУЖЈЕ ... 82
а. шлем ... 82
б. штит ... 88
в. оклоп и кнемиди ... 95
г. дополнителна опрема ... 100
IV. ОРУДИЈА, АЛАТКИ И КУЛТНО-СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ ТРЕТИРАНИ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО РИМСКИОТ ПЕРИОД ... 103
IV. 1. ОРУДИЈА И АЛАТКИ КОИ ЈА ОЗНАЧУВААТ ПРОФЕСИЈАТА ... 103
а. нож со српесто сечиво ... 103
б. секира ... 104
в. чекан ... 106
г. крамп ... 107
д. клешти ... 107
ѓ. медицински алатки ... 108
е. прибор за пишување ... 109
ж. театарска маска ... 109
з. камшик ... 110
ѕ. двостран чешел ... 111
и. мрежа ... 111
ј. градежни алатки ... 111
к. торба, каса, кутија ... 112
л. трозабец ... 112
љ. книга ... 114

м. стап ........ 114
н. стап - мотка ........ 114
IV. 2. КУЛТНО - СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ КОИ ГО ОЗНАЧУВААТ СТАТУСОТ ........ 115
а. кентуриски стап-vitis ........ 115
б. аугурски стап -lituus ........ 116
в. скиптар- тирс (жезол) ........ 117
г. kerykeion ........ 118
д. signum ........ 119
ѓ. Cornu-horn ........ 120
е. sella curulis co fascio (fasces) ........ 120
IV. 3. КУЛТНО - СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ ........ 121
а. ascia ........ 121
б. рог на изобилието ........ 124
в. факел ........ 125
г. сандали ........ 126
д. брод - чун ........ 126
ѓ. стригил ........ 128
е. разбој и вретено ........ 128
ж. топуз ........ 131
з. срп ........ 132
s. јадица - hamus ........ 133
и. кука ........ 134
ј. клуч ........ 134
к. двојна секира - labris ........ 135
л. сандак ........ 135
љ. петозабец ........ 135
м. стрела ........ 135
н. висок сад ........ 136
њ. борна кола - двоколка ........ 136
о. лагоболон ........ 136
IV. 4. ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАСЛУГА ........ 137
а. диплома ........ 137

б. медал ........................................................................................ 138
IV. 5. ПРЕТСТАВИ НА БОЖЕСТВА СО НИВНИТЕ АТРИБУТИ НА СПОМЕНИЦИТЕ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД ........................................................ 139
V. ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА ........................................................ 142
VI. КАТАЛОГ ........................................................................................ 164
1. КАТАЛОГ НА НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД РАНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД ........................................................................................ 164
VI. 2. КАТАЛОГ НА НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД 198
VII. КРАТЕНКИ ........................................................................................ 278
VIII. ТАБЕЛИ ........................................................................................ 280
IX. КАРТИ ........................................................................................ 291
X. БИБЛИОГРАФИЈА ........................................................................ 295

# I. УВОД

Соочувањето со смртта на човекот во антиката довело до систем на вредности кои се почитуваат и практикуваат низ целиот антички свет, изразени првенствено преку начинот на погребување, изградба на надгробни споменици, верувања, обичаи и култови.

Идејата за живот по смртта, т.е. идејата за цикличното раѓање и умирање, придонела да се посвети особено внимание на смртта, па оттаму сè и различните начини и техники на градење на вечното престојувалиште на човекот.

Периодот на антиката од (крај на 6 в.ст.е. – 4 в.н.е.) е време на крајниот дострел, кога веќе формираните основи се кристализираат и понатаму се манифестираат во сите области на културата, вклучително и во погребните обичаи во Хелада, уметност која ќе се рефлектира и на територијата на Македонското кралство, каде новите текови се следат со посебно внимание.

Периодот по смртта на Александар III Македонски и окупацијата од Римјаните, е период со многу случувања во сите области на уметноста, посебно во надгробната, кога доаѓа до синкретизам на повеќе култови и религии, кој се манифестира и во начинот на погребување на покојниците, подигнување на разни обележја, т.е. споменици, пластично украсени на разни начини.

Тие нови влијанија стигнале и на Балканот, најчесто со војниците кои се вратиле од походот на Исток и со себе донеле многу мајстори-занаетчии, кои

дошле во допир со веќе претходно утврдените правила на фунерарната уметност на локалното население.

Надгробните споменици кои ќе бидат третирани во овој труд, во постоечката литература се објавувани во разни списанија и книги, каде биле презентирани поединечно или групно, но мојава студија ги опфаќа само тие со човечки претстави со оружје и орудија.

Преку нивната целосна обработка, ќе се направат обиди за објаснување на изборот и потеклото на темата, потеклото на пластичните мотиви и времето кога се јавуваат на спомениците и во која мера она што е илустрирано е одраз на животот на покојникот.

Исто така, ќе се направат обиди и за прикажување дали илустрираните пластични претстави освен декоративно, имаат и симболичко и религиозно – култно значење.

Ќе се направи и споредба на застапеноста на истите, со спомениците од соседните провинции на Балканот, со што ќе се добие можност да се прикаже, кои сѐ декоративни елементи, т.е. пластични претстави (оружје, орудија и сл.) се присутни на стелите, медаљоните и другите надгробни споменици на територијата на Балканот, во периодот од крај на 6 в.ст.е. до 4 в.н.е.

На тој начин ќе се добие појасна слика за животот и обичаите на луѓето кои се прикажани на надгробните споменици на третираната територија, за културните и религиозните влијанија врз спомениците на овој простор, овозможени од интерактивните релации со соседните провинции, каде културата ги носела своите обележја, но прифаќала и дел од локалните норми и правила, содржани во традицијата и култовите на домородното население.

Исто така, ќе се забележат и влијанијата кои ги диктирале центрите на погребната уметност во тоа време, дали постојат локални обележја и какви се сличностите или разликите со нив.

Преку проучувањата на пластичните претстави на оружјето и орудијата, ќе се добие појасна слика за тоа какво оружје е користено при битките во тоа време и со какви орудија и алатки се служеле луѓето.

Затоа, интенцијата на овој труд е во обидите да се согледа дали постоела унифицирана надгробна уметност при третманот на оружјето и орудијата и дали тие секаде биле исти во пред римскиот и римскиот период, дали таа уметност била заедничка за сите народи на Балканот или пак, секој народ, новите влијанија во погребната уметност ги користел на свој специфичен начин, кој претставувал само негова одлика.

Оттаму, ќе се добие појасна слика за животот, обичаите и културата на античкиот човек, чија рефлексија, не следи до ден денес.

## I. 1. ИСТОРИЈА НА ИСРАЖУВАЊЕ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ

На надгробните споменици кои се предмет на овој труд истражувања и бележења извршиле повеќе научници.

Артур Џон Еванс, прв ги регистрирал камените споменици во Македонија кои ги прикажал во делото, Antiquarian researches in Illyricuм, I,II, Westмinster. (1885), потоа во 19 век М. Димица, ги забележал камените споменици во Македонија, кои се обелоденети во трудот, Ἡ Μακεδονία ἐν λίθοις φθεγγομένοις καὶ μνημείοις σωζομένοις, Athenai (1896). На почетокот на 20 век, регистрирање врши и Н. Вулиќ, а резултатите ги објавил во списанието, Споменик на Српската Академија на Науките во Белград, под наслов: Антички споменици наше земље и тоа, во Споменик LXXI (1931); LXXV (1933) и XCVIII (1941-1948). Во нив Вулиќ, ги забележил стелите во Македонија, дал нивен краток опис, фотографија и ги прочитал натписите.

Од авторите кои пишувале за надгробните споменици во античка Македонија, се издвојуваат, Д. П. Димитров, со трудовите: Медалионьть като надгробень паметникь вь долината на Срьдна Струма презь Римската епоха, Македонски Прегледъ XII, 3, София (1940), 62-82; Портретьть върху античнить надгробни плочи оть римско време вь Североизточна Македония, Известия БАИ XIII, 1939, София (1941), 1-128; Les stèles funéraires en forme de médaillon

dans la vallee de la Strouma moyenne à l'époque Romaine, Годишник СУИФФ XLI, 1944/45, София (1946), 1-61, каде освен спомениците од долината на Средна Струма, се вклучени и стели од Скопско, Битолско, Прилепско и Гевгелиско; М. Андроникос, во двете статии, DEUX STELES FUNERAIRES GRECQUES DE VERGINA, BCH 79, Athens (1955), 87-101; ibid, STELE FUNERAIRE DE KASSANDRA, BCH 86, 1, Athens (1962), 261-267, обработил стели од Касандра и Вергина.

Ф. Папазоглу, во статиите, INSCRIPTIONS DE PELAGONIE, BCH 98, 1, Athens (1974), 271-297; ibid, NOTES EPIGRAPHIQUES DE MACEDOINE, ЖА 32,1, Скопје (1982), 39-52, третирала споменици од Пелагонија и Македонија.

М. Александреску-Виану, во трудот, Les stèles funéraires de la Macédoine Romaine, Bucarest (1975), проучила и некои стели од Прилеп и Битола; M. B. Hatzopoulos, L. D. Loukopoulos, (edited) во трудот, PHILIP OF MACEDON, Athens (1980), третирале споменици од Македонија и Тесалија.

T. Rizakis-G. Touratsoglou, со делото, ΕΠΙΓΡΑΦΕΣ ΑΝΩ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ, Athens (1985) и L. Gounaropoulou–M. B. Hatzopoulos, со делото ΕΠΙΓΡΑΦΕΣ ΚΑΤΩ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ, Athens (1998), кои претставуваат студии за стелите во Долна и Горна Македонија, не ги вклучиле стелите од Р. Македонија.

В. Битракова-Грозданова, во трудот, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје (1987), ги регистрирала и ги презентирала стелите од хеленистичкиот период во Македонија.

Од авторите кои пишувале за надгробните споменици од соседните провинции, се издвојуваат следниве: Дафне Војш Мети (D. Woysch-Méautis), во делото, LA REPRESENTATION DES ANIMAUX ET DES ETRES FABULEUX SUR LES MONUMENTS FUNERAIRES GRECS, DE L EPOQUE ARCHAIQUE A LA FIN DU IV e SIECLE AV.J.-C., Neuchatel (1982), ги обработила надгробните споменици од архајски период до крајот на 4 в.с.т.е., од Атина со Атика, Тесалија, Бојотија, Крит и Тракија; Д. П. Димитров со делото, Надгробнить плочи оть римско време вь Северна България, БАИ N°1, София (1942), каде ги опишал и презентирал стелите од Долна Мезија; потоа регистрирање и

поделба на стелите во Долна Мезија, извршила и М. Александреску-Виану, во трудот, Les stèles funéraires de la Mésie Inférieure, Bucarest (1985); Г. Михаилов, во неколку дела ги регистрирал и епиграфски ги обработил спомениците од Бугарија: Надписи, намерени между Дунав и Стара Планина, Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, Том II, София (1958); ibid, Надписи, намерени между Стара Планина и Родопите, част I: Територията на Филипопол, Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, Том III, София (1961); ibid, Надписи, намерени между Стара Планина и Родопите, част II; От територията на Филипопол до брега на Черно море, Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, Vol. III, София (1964).

А. Мочи, во трудот, Gesellschaft und Romanisation in der Römischen provinz Moesia Superior, Budapest (1970), групирал дел од стелите од провинцијата Горна Мезија, датирал, епиграфски ги обработил и ги опишал декоративните елементи.

Борка Јосифовска, во 1982 година во Белград го објавила делото, Inscriptions de la Mésie Supérieure, кое претставува сублимат на сè досега објавеното до 1982 година и се однесува на Скопско - Кумановската област, т.е. делот кој припаѓал во провинцијата Горна Мезија. Таа ги групирала спомениците по региони: Скопски и Кумановски, дала краток опис, фотографија, ги прочитала натписите и ги ревидирала истите.

Г. Де Грујтер, во делото, Inscriptiones Graecae X, II, Berlin (1999), епиграфски ги третирала спомениците од Македонија.

Е. Добруна-Салиху, епиграфски ги презентирала спомениците од Горна Мезија во трудот, Plastika decorative dhe figurative e gurit ne dardani gjate kohes romake sepulkrale dhe e kultit, Prishtine (2003) 1; (2005) 2.

Регистрирање и краток опис на надгробните споменици од Хрватска со акцент на Далмација извршил Ј. Бруншмид, чии резултати ги објавува во списанието Vjesnik Hrvatskog Arheološkog Društva, во Загреб и тоа: Nadgrobni spomenik rimskoga centurijona M. Herrenija Valenta nadjen u Vinkovcima, VHAD XIV, 2, Zagreb (1892), 33-43; ibid, Nadgrobni spomenik M. Valerija Sperata iz

Viminacija, VHAD I, 1895, Zagreb (1895-1896), 1-13; ibid, Colonia Aelia Mursa, VHAD IV 1899-1900, Zagreb (1900), 21-42; Arheološke bilješke iz Dalmacije i Panonije, III., VHAD IV 1899-1900, Zagreb (1900), 181-201; ibid, Arheološke bilješke iz Dalmacije i Panonije, VHAD V, Zagreb (1901), 87-168; ibid, Kameni spomenici Hrvatskoga Narodnoga Muzeja u Zagrebu, I, Antikni spomenici, Zagreb (1904-1911); ibid, Kameni spomenici Hrvatskoga Narodnoga muzeja u Zagrebu, (nastavak) VHAD IX, 1906/1907, Zagreb (1907), 81-184.

Регистрирање и презентирање на камените споменици во Хрватска извршил и Н. Камби, во делото, Antički portret u Hrvatskoj, Zagreb (1991).

Р. Зотовиќ, во делото, Римски надгробни споменици источног дела провинције Далмације, Ужице (1995), извршила групирање и поделба на спомениците од таа провинција.

Приказ на надгробните споменици во Мурса направила и Д. Пинтеровиќ, Mursa i njeno područje u antičko doba, Osijek (1978); А. Старац, за Хистрија и Либурнија, Rimsko vladanje u Histriji i Liburniji, Pula (2000) и Далмација (2006) и Reljefni prikazi na rimskim nadgrobnim spomenicima u arheološkom muzeju Istre u Puli, Pula (2006); за Долна Панонија, В. Даутова-Рушевљан, Rimska kamena plastika u Jugoslovenskom delu provincije Donje Panonije, Novi Sad (1983).

Од авторите кои го третирале оружјето од рано античкиот период, се издвојуваат, А. Снодграс, со делото, Early greek armour and weapons, Edinburgh (1967) каде ја опишува појавата на оружјето во антиката, прави групирање и типолошка поделба; М. Андроникос, во статијата, Sarissa, BCH 94, 1, Athens (1970), 91-107, ги презентира сарисите пронајдени во Вергина; потоа повеќе статии на Николас Секунда, во кои го презентира оружјето во антиката во делот на Македонија, Спарта и Хелада: Н. Секунда-А. МкБрајд, The ancient Greeks, UK (1986); Н. Секунда, Р. Хук, The Spartan Army, UK (1998); Н. Секунда, А. Хук, Greek hoplite 480-323 BC, weapons-armour-tactics, UK (2000); Н. В. Секунда, The Sarissa, FA 23, Lodz (2001), 13-41; Н. Секунда, А. Land forces, Military forces, The Cambridge history of Greek and Roman warfare, vol.I, Greece, the Hellenistic world and the rise of Rome, edited PH. Sabin, H. Van Wees, M. Whitby, UK (2008), 325-357; М. Пешикан-Паровиќ, во статијата, Grčka maharja i

problem krivih mačeva, Godišnjak CBI XX-18, Sarajevo (1982), 25-51, го опишала мечот махаира; Р. Васиќ, во статијата, Prilog proučavanju grčkog oružja u Jugoslaviji, Godišnjak CBI XX-18, Sarajevo (1982), 5-24, типолошки и хронолошки го обработил античкото оружје; Е. Нанков, во статијата, Why one needs, The odd man out?, The deer hunter with Lagobolon from the frescoes in the Thracian tomb near Alexsandrovo, Archaeologia Bulgarica XIV, 1, София (2010) 35-55, го презентирал лаголонот.

Од авторите кои го третирале оружјето од Римскиот период, се издвојуваат: В. Хофилер, во делата, Oprema rimskoga vojnika u prvo doba carstva, I, VAMZ v.11 no.1, Zadar (1911), 145-240; ibid, Oprema rimskoga vojnika u prvo doba carstva, II, VAMZ v.12 no.1, Zadar (1912), 145-240, го опишал оружјето од римскиот, но и предримскиот период; Н. Секунда, С. Нортвуд, Early roman armies, UK (1995); Н. Секунда, А. МкБрајд, Republican Roman Army 200-104 BC, UK (1996) го претставил оружјето од републиканскиот период; Иван Радман-Ливаја, во Militaria Sisciensia, Загреб (2004), го објавил оружјето од Археолошкиот музеј во Загреб; во делото Rimska vojska u Sremu, В. Даутова-Рушевљан, М. Вујовиќ, Novi Sad (2006), даваат приказ на оружјето на Римјаните во Империјалниот период; за оклопот на Римските војници се користени публикациите на М. Ц. Бишоп, Lorica Segmentata, vol.1:A Handbook of Articulated Roman Plate Armour, GB (2002) и М. Д. Томас, Lorica Segmentata, vol.II: A Catalogue of Finds, GB (2003).

За орудијата, меѓу другите, е користена статијата од П. Лисичар, Strigilis u našim zbirkama, ЖА 8, II, Скопје (1958), 323-331, во која типолошки ги обработува стригилите, а М. Пешикан-Паровиќ, во статијата, Tipologija grčkih strigila iz Jugoslavije i Albanije, GZMS 46, Sarajevo (2005), 113-130, ги регистрира и ги опишува стригилите од антиката во бивша Југославија и Албанија.

За односот на декоративните елементи на надгробните споменици, нивната симболика, религијата, култот и задгробните обичаи и верувања, се издвојуваат трудовите на: Д. П. Димитров, (1942); В. Герасимова-Томова, За култа към Бендида в Тракия и за тракийското женско облекло, Археология 3, София (1980), 27-34; Р. Зотовиќ, (1995), (2008); Т. Вујевски, (1991); М.

Александреску-Виану, (1975) и (1985); М. Р. Васиќ, (1977); Е. Добруна-Салиху, (1987), (1990); Ј. М. С. Тојнби, Death and burial in the Roman World, Baltimore and London (1996); В. Битракова-Грозданова, Религија и Уметност во антиката во Македонија, Скопје (1999); Ж. Милетиќ, Mithras Sol, AAd I, Zadar (2007), 129-143, а од речниците на симболи, на Ж. Шевалие-А. Гербран, Скопје (2005).

Досега повеќето од надгробните споменици во стручната литература се објавени според местото на наоѓање во соодветните градови-полиси, кралства, држави или провинции и биле обработени најчесто од епиграфски аспект, но ова е прво вакво територијално и хронолошко групирање и третирање на античките споменици на Балканот од (крај на 6 в.ст.е.-4 в.ст.е.), на кои пластичните претстави на оружје и орудија, се групирани и според својата функција и намена.

# II. ПРЕТСТАВИ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО РАНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД

## II. 1. НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД РАНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД

Старогрчкиот збор за оружје е ὅπλον (хоплон), а хоплит литературно означува човек под оружје, т.е. вооружен човек. Хоплитот, тешко вооружениот старогрчки пешак, доминирал во војните во Хелада околу четири векови. Тие се бореле во блиска формација наречена фаланга, која во буквален превод значи борбена формација, но повеќе модерни авторитети ексклузивно го прифаќаат мислењето, дека се работи за тешка пешадиска формација.[1]

Под налог на државата, оружјето започнало да се издава околу крајот на Класичниот период, претходно должност на секој хоплит граѓанин била, сам да се снабди со оружје.[2]

Според својата намена, оружјето[3] кое се јавува на спомениците во раната антика на Балканот, може да се подели на два основни вида:

- **напаѓачко оружје:**
  - **Копје** *(К.бр.2,7,9,10,12,13,14,15,16,18,20,24,25,28,29,30,31,32,33,34)*;

---

[1] N. Secunda-A. Hook, (2000) 3.

[2] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 9.

[3] Голема благодарност до колегата Вангел Иванов кој ми овозможи увид во неговиот неодбранет магистерски труд „Оружјето во Република Македонија од микенско до македонско време."

- **Меч** *(К.бр.5, 6,7,8,12,15,25,27,33);*
- **Лак со стрели и тоболец** (*К.бр.39,40);*
- **Лагоболон** *(К.бр.35,36,37,38).*

- **одбранбено оружје:**
  - **Шлем** *(К.бр.1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26);*
  - **Штит** *(К.бр.3,4,5,7,8,9,10,11,12,13,20,22,23,24,25,26,32,34);*
  - **Оклоп** *(К.бр.2,3,8,21,22,23,24,25,27);*
  - **Кнемиди** *(К.бр.2,3,8,23,28).*

## II. 1. 1. НАПАЃАЧКО ОРУЖЈЕ

Главно офанзивно оружје на спартанскиот хоплит било копјето. При воени кампањи Спартанците имале наредба копјето да го носат цело време. Дрвото од кое се изработувало најчесто било јасен, чии карактеристики го правеле копјето, лесно и јако. Од самиот почеток врвовите се правеле од железо во форма на лист. Дури подоцна е добиен бронзен врв, кој овозможувал копјето да се забие во земја кога не се користи, без опасност да изгние ако дојде во контакт со влажна земја.[4]

### а. копје

**Копје** *(К.бр.2,7,9,10,12,13,14,15,16,18,20,24,25,28,29,30,31,32,33,34)*

На надгробните споменици од крајот на 6 в.ст.е. се појавила човечката фигура, која често е следена со пластични претстави на оружја и орудија. На тој начин со проучување на спомениците преку хронолошки пат, можеме да го пратиме развојот и формите на оружјето и орудијата.

[4] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 25.

На надгробните споменици како составен дел на опремата на војниците се јавуваат неколку видови на долги копја, од кои разликуваме:

- **Долго копје (сариса, kамах, ловечко копје)**

**Сарисата** во 6 в.ст.е. содржела дрвена рачка и мал метален врв, а дури од времето на Филип ја достигнала стандардната големина и станала основно оружје на пешадијата.[5]

Таа е користена подолг временски период, имено, на почетокот имала различна големина, а во време на владеењето на Филип, достигнала скоро до 6 м. Се состоела од долга дрвена рачка и метален врв во форма на лист, кој освен од железо се изработувал и од бронза. Големината на врвовите на копјата варира од 15-60 см, а тежината од 200 гр. до 1220 гр. и должината на рачката која често е направена од јасен, од 4-6 м.

Различно од стандардните обични копја кои имаат широки глави наменети да предизвикаат повеќе штета при отворање на месото и артериите, кои вообичаено се користеле за удар во незаштитените делови од телото, копјето (сарисата) од друга страна е дизајнирана за пробивање на заштитените делови на телото, преку оклопот и штитот.[6]

Во Вергина која се наоѓа северно од планината Пиерија, на 12 км. Ј/И од Верија, се откриени две хеленистички гробници, во кои се пронајдени фрагменти од четири сариси, со различни должини.[7]

Тие според своите карактеристики претставувале одлика на македонскиот тип на сариса.[8]

Македонскиот воин изведен на споменикот од Пела - Македонија *(К.бр.12)* датиран од крај на 5 в.ст.е.,[9] во левата рака придржува долго копје сариса, прикажана со метален газер, кој служи за прицврстување во земјата, а во

[5] N. Sekunda, (2008) 329.
[6] N. Sekunda, (2001) 13.
[7] M. Andronicos, (1970) 91, 98-100, A (fig.5 et 9a), B (fig.6 et 9b), C (fig.7 et 9c), D (fig.8).
[8] M. Andronicos, (1970) 104, 106, 107.
[9] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 112, цртеж, 115, бр.65, крај на 5 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 48, пред 400 г.ст.е.

десната рака на воинот претставен на споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.15*) датиран од 430-420 г.ст.е.,[10] се моделирани две копја-сариса, со листовидни метални врвови, кои се поставени исправено.

На споменикот од Томпхои - Тесалија *(К.бр.32)* датиран во 4 в.ст.е.,[11] војникот во левата рака држи две копја-сариса, кои се одликуваат со метален газер и листовиден метален врв.

Копјето било дел од стандардната воена опрема на раноантичките војници, кои најчесто носеле едно, но се забележува и носење на две копја... Додека носењето на две копја во битка би подразбирало дека барем едно од нив би можело да се користи за фрлање, а второто за бодење, или борба гради во гради, појавувањето на две или повеќе копја во гроб, може да биде чиста демонстрација на богатството и моќта на починатиот, како што е случај со појавата на два, или повеќе мечови во одредени гробни целини.[12]

На споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.33*) датиран во втората половина на 4 в.ст.е.,[13] во десната рака на маж е предадено копје-сариса, која е фрагментирана, во сцена каде сите детали се насликани со боја, а фалангистот кој е третиран на споменикот од Марвинци - Валандово, Македонија *(К.бр.24)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е.,[14] во десната рака држи копје-сариса, која има врвка, т.е. пружина и метален газер.

Македонскиот фалангист сарисата во битките ја носел со две раце,[15] иако постојат мислења дека било возможно со една рака да се држи големиот штит, а со другата сарисата, која била долга 5,8 м.[16]

---

[10] J. Vokotopoulou, (1996) 182-184 (Be 126) 430-420 г.ст.е.
[11] D. Woysch-Méautis, (1982) 122 PL.34 br.230, 4 в.ст.е.
[12] A. Snodgrass, (1964) 115.
[13] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 207, бр.110., втора половина на 4 в.ст.е.
[14] F. Papazoglou, (1974) 278 fig.3b., цртеж, 280 f.n.12; В. Битракова-Грозданова, (1987) 119-120, Т.2 сл.2, 2/2 на 2в.ст.е.; В. Соколовска, (1987) 26, сл.6, 29 ф.н.30 1/2 на 2 в.; И. Микулчиќ, (1999) 27, бр.12, 2 в.ст.е.
[15] N. V. Sekunda, (2010) 463.
[16] Според N. Sekunda, (2008) 338, F.II.5, Македонскиот тешко вооружен пешак, моделиран на споменикот на Ајмилиј Паул во Делфи, во левата рака држи голем штит. За жал другата рака е откршена, но и без тоа е јасно дека копјето мора да го држи само со десната рака.

Различно од сарисата која претставува карактеристика на пешадијата, долгото копје **kамах** е одлика на сите хеленски коњаници во 5 в.ст.е. Самиот збор kамах значи трска, наречен прво според должината, а потоа означува долг, тенок и сл. Камакс првобитно бил дизајниран за борба против пешадијата, бидејќи големата должина ја оневозможувала противничката коњаница, да ја прободува пешадијата.[17]

Во раката на војникот третиран на споменикот од Лариса – Тесалија *(К.бр.30)* датиран во 4/4 на 5 в.ст.е.,[18] се забележува долго цилиндрично копје kамах со откршен газер, а коњаникот претставен на споменикот од Атина (*К.бр.16*) датиран во 4/4 на 5 в.ст.е.,[19] во левата рака држи две копја од кои едното kамах, со голема дрвена рачка и мал метален врв во облик на лист, а второто е малку пократко.

**Ловечко копје:** На споменикот од Фалана - Волос, Тесалија *(К.бр.14)* датиран околу 450 г.ст.е.,[20] мажот во левата рака држи долго ловечко копје, кое со металниот врв е свртено нагоре.

Инаку најрана претстава на долго копје се јавува на надгробниот споменик посветен на војник од Архајски период, во 6 в.с.т.е., од Веланидеце - Атика *(К.бр.2)* датиран околу 520 г.ст.е.[21] Воинот кој е моделиран во цел раст, во левата рака држи исправено долго копје со откршен метален врв, а облечен е во полна воена опрема на хоплит, а на споменикот од Атика *(К.бр.28)* датиран во архајскиот период,[22] покрај левата нога на војникот, се забележува долго копје со дебела дрвена рачка и откршен метален врв.

Во рацете на два спротивно поставени војници, изведени на споменикот од Спарта - Лаконија (*К.бр.29*) датиран од 431-404 г.ст.е.,[23] се прикажани две копја со долги тенки рачки и метални врвови поставени дијагонално нагоре преку две амфори, а во десната рака на војникот, третиран на споменикот од

---

[17] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 16.
[18] D. Woysch-Mẽautis, (1982) 107 PL.7 br.29, 5 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. Mc Bride, (1986) 17, 4/4 на 5 в.ст.е.
[19] N. V. Sekunda-A. Mc Bride, (1986) 60, 395-390 г.ст.е.; CAH 186, br.207, 425/4г.ст.е.
[20] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 15, околу 450 г.ст.е.
[21] Б. Тасиќ, (1990) 98-99, околу 520 г.ст.е.; J. Cassin-Scott, (1997) 38, br.34A; Ph. De Souza-W. Heckel & L. Llewellyn-Jones, (2004) 94.
[22] D. Woysch-Mẽautis, (1982) 105 PL.3, br.7, архајски период.
[23] Ph. de Souza, (2002) 22, 7, за време на Пелопонеската војна од 431-404 г.ст.е.

Бојотија *(К.бр.7),* датиран околу 424 г.ст.е.,[24] се забележува долго тенко копје поставено за напад. Инаку, целата претстава на Бојотскиот војник со цела воена опрема е предадена во плиток линеарен стил со потенцирање на деталите со боја,[25] која со текот на времето е уништена.

На споменикот од Мегара - Атика *(К.бр.9)* датиран од 420-410 г.ст.е.,[26] е прикажан војник со долго копје во левата рака, чиј врв е откршен и сочуван е само газерот, а војникот на споменикот од Татои – Декелеија, Атика *(К.бр.10)* датиран од 413-404 г.ст.е.,[27] во десната рака држел копје, насликано со боја,[28] кое е уништено.

Во десната рака на коњаникот прикажан на споменикот од Атина *(К.бр.20)* датиран во 394-393 г.ст.е.,[29] имало долго копје кое е уништено,[30] а на споменикот од Атина *(К.бр.31)* датиран во 4 в.ст.е.,[31] е претставен коњаник со долго тенко копје во десната рака, поставено со врвот нагоре.

Мажот на споменикот со Непознато потекло, Атика? *(К.бр.18)* датиран во 4 в.ст.е.,[32] левото раме потпира долго тенко копје кое е фрагментирано, а во десната рака на тебанскиот војник моделиран на споменикот од Бојотија *(К.бр.13)* датиран во 4 в.ст.е.,[33] е поставено долго тенко копје.[34]

Војникот коњаник кој е прикажан на споменикот од Требенишко Кале - Лихнид, Македонија *(К.бр.25)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е.,[35] во десната

---

[24] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 30-31, околу 424 г.ст.е.

[25] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 30-31, штитот од внатрешната страна како и чизмите кои ги носи на нозете, се декорирани со бојотски мотиви.

[26] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 58, 420-410 г.ст.е.

[27] E. Pottier, (1880) 408-415. (pl.VII), крај на 4 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 30; N. Sekunda-R. Hook, (1998) 21, 413 г.ст.е.; P. Sabin, et all., (2008) 115, 116 F.5.4, крај на 5 в.ст.е. (413-404г.ст.е.).

[28] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 30, првично копјето и другите детали биле насликани во боја, а денес се уништени.

[29] D. Woysch-Mẹautis, (1982) 107 PL.6, br.24, 4 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 59, 394-393 г.ст.е.; H. Rupprecht Goette, (2002) 177 pl.31, 394 г.ст.е.; M. Munn, (2000) 313,314 f.11, 394 г.ст.е.

[30] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 59, 394-393г.ст.е., коњаникот во оригинал имал бронзена капа (шлем-petasos) и долго коњаничко копје, кои денес се уништени.

[31] D. Woysch-Mẹautis, (1982) 106-107 PL.5 br.19, 4 в.ст.е.

[32] D. W. Bradeen, (1974) 133-134 Pl.3 br.697, 4 в.ст.е.

[33] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 116-117, бр.66, 4 в.ст.е.

[34] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 116-117, бр.66. Користена е прекрасна техника на боење и осветлување на внатрешноста на деталите, за потенцирање и контраст, наспроти црно обоениот камен.

[35] Н. Вулић, (1941-1948) 123, бр.270; В. Лахтов, (1956) 169, сл.4; F. Papazoglou, (1974) 278, fig.3e., 279 f.n.10, хеленистички период; В. Битракова-Грозданова, (1987) 118-119, Т.2 сл.1, 2-1 в.ст.е.; В. Соколовска, (1987) 26 сл.5, 29 ф.н.29, 1/2 на 2 в.; G. De Gruyter, (1999) br.354, 2-1 в.ст.е.

рака држи долго копје кое е откршено преку половината, а на споменикот од Крит *(К.бр.34)* датиран од 2-1 в.ст.е.,[36] во левата рака на војникот се забележува долго копје со дрвена рачка и метален врв во облик на баклава. Овие копја припаѓаат на еден од претходно претставените типови.

### б. меч

Појавата на мечот како оружје е во праисторијата.

I. Kilian-Dirlmeier, во нејзината книга за праисториските мечеви во Грција, Албанија и Бугарија, ги обработува и презентира типовите на мечеви, чии форми продолжиле, иако со мали корекции, да се користат и во следните периоди.[37]

...Познато е дека вид на микенскиот меч со трн (Griffzungenschwert) во основни црти се зачувал сѐ до архајско доба, кога бил заменет од класичниот старогрчки крстест меч - ксифос.[38]

- **Меч** *(К.бр.5, 6,7,8,12,15,25,27,33)*

На надгробните споменици од раната антика, како дел од опремата на војниците, се јавува мечот-ксифос како единствен тип, освен еден примерок на краток спартански меч:

- **ксифос и**
- **краток спартански меч.**

**Ксифос:**

Најкарактеристична форма на оружје во Македонија, но и на Балканот, во раната антика бил крстестиот железен меч-ксифос. Најрана претстава на ксифос среќаваме на споменикот од Ареополис - Лаконија *(К.бр.8)* датиран во 1/2 на 5 в.ст.е.,[39] каде во десната рака на младиот воин, (иако многу фрагментиран) се јавува меч - ксифос?

[36] F. Chamoux, (2002) 304-305, PL.9, 2-1 в.ст.е.
[37] I. Kilian-Dirlmeier, (1993).
[38] M. Parović-Pešikan, (1982) 48.
[39] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 59, 1/2 на 5 в.ст.е.

На десниот бок на војникот моделиран на споменикот од Бојотија *(К.бр.7)* датиран околу 424 г.ст.е., е претставен меч - ксифос во футрола, а на споменикот од Атина *(К.бр.5)* датиран од крај на 5 в.ст.е.,[40] се прикажани два меча: едниот ксифос во подигнатата рака на атинскиот војник поставен во стоечки став и еден краток меч[41] во десната рака на Спартанецот, кој лежи долу.

На споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.15*) датиран од 430-420 г.ст.е., на левиот бок на војникот се забележува футрола од меч- ксифос, а војникот третиран на споменикот од Пела - Македонија (*К.бр.12*) датиран од крај на 5 в.ст.е., во левата рака се јавува футрола од меч- ксифос.

Војникот изведен на споменикот од Атика *(К.бр.6)* датиран 4 в.ст.е.,[42] во левата рака држи ксифос со пламено сечиво, а на споменикот од Керамеикос - Атина *(К.бр.27)* датиран околу 330 г.ст.е.,[43] војникот кој стои во левата рака на бокот стиска футрола од меч – ксифос.

На споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.33*) датиран во втората половина на 4 в.ст.е., во левата рака војникот држи ксифос во футрола на каиш?, а кај војникот кој е моделиран на споменикот од Требенишко Кале - Лихнид, Македонија *(К.бр.25)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е., во левата рака е прикажан меч, кој е фрагментиран, но според зачуваната кружна рачка, претпоставуваме ксифос.

Мечот обично е долг 50-60 см. и има двосекло сечило, кое пламенасто се шири кон врвот. Рачката е одвоена од сечилото со хоризонтално поставен балчак во форма на крст. Овие мечеви за прв пат се јавуваат во Хелада во текот на VI в.ст.е., а во Македонија се во употреба од втората половина на VI век и во текот на првата половина на V в.ст.е.[44]

---

[40] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 26, крај на 5 в.ст.е.; N. Sekunda-R. Hook, (1998) 6, крај на 5 в.ст.е.
[41] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 6.
[42] D. Woysch-Mȗautis, (1982) 129 PL.49 br.315, 4 в.ст.е.
[43] Б. Тасић, (1990) 148-149, околу 330 г.ст.е.
[44] Д. Митревски, (1997) 183.

Ксифосот во 4 в.ст.е. го има во Бугарија и особено во Долна Македонија (Козани, Бероја, Дервени, Ставруполис, Вергина),[45] а особено е чест во текот на IV в.ст.е. во Бугарија и Македонија.[46]

**Краток спартански меч:** На споменикот од Атина (*К.бр.5*) датиран од крај на 5 в.ст.е., паднатиот спартански војник во десната рака држи краток спартански меч.

Немало ништо необично кај Лакедаимонскиот меч до 5 в.ст.е., кога станал сѐ пократок. Меѓу 425-400 г.ст.е., тој бил толку краток, што наликувал на бодеж (нож)... Не е сочуван примерок од спартански краток меч. Сеедно, аналогниот бронзен меч пронајден на Крит 1898 г., можеби е репродукција на таа форма. Долг е 32 см., незначително поголем од стандардните, изработен од цврста бронза, а денес се наоѓа во Британскиот музеј.[47]

...Кога спартанскиот син и се пожалил на мајка си дека мечот му е прекраток, таа го советувала него, да направи уште еден чекор напред.[48]

## в. лак со стрели и тоболец

- **Лак со стрели и тоболец:** *(К.бр.39,40)*

Лакот со стрели и тоболец, претставувал дел од напаѓачкото оружје на раноантичкиот воин. На надгробните споменици подигнати на војници како декор се јавува лакот, стрелата и тоболецот и тоа најрано на споменикот од Касандра - Халкидик, Македонија (*К.бр.39*) датиран во 5 в.ст.е.,[49] каде мажот на грбот носи празен тоболец.

На споменикот од Какодики Бела Планина - Крит *(К.бр.40)* датиран во хеленистичкиот период,[50] се прикажани двајца Критски стрелци со тоболец на грбот кој има цилиндрична форма. Тој е обрабен на врвот, а јасно се забележува и кожниот каиш кој оди под левото раме и на грбот цврсто го држи

[45] З. Георгиев, (1984) 65.
[46] R. Vasić, (1982) 17.
[47] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 31.
[48] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 31.
[49] M. Andronicos, (1962) 261-267, fig.3, 5 в.ст.е.
[50] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 49, хеленистички период.

тоболецот. Стрелците во левата рака држат лак со по три стрели обликувани со листовиден метален врв, а со десната се ракуваат во сцената дексиосис.

Некаде пред крајот на VIII в.ст.е., луѓето од Источниот Медитеран научиле како да прават врвови за стрели, кои биле изработувани во помали димензии за да бидат поефикасни од порано, тие масовно биле произведувани од бронза, за разлика од сè уште реткото железо. Пронајдокот бил пренесен на Хелените пред 700 г.ст.е.[51]

Вакво откритие, поверојатно и покрај спротивните мислења, би било соодветно да се припише на народите кои биле традиционално посветени на стрелаштвото, како Кимерите и Скитите. Ефектите од овој пронајдок биле широко распространети, не помалку во копнена Хелада, каде композитниот лак најверојатно не бил во употреба. Дури и Критјаните веројатно го адаптирале новиот вид на стрели за употреба со нивниот лак.[52]

Критските стрелци, во армијата на Филип и Александар, веројатно биле платеници.[53]

## г. лагоболон

- **Лагоболон:** *(К.бр.35,36,37,38)*

Лагоболонот претставува крив стап направен од кастрено дрво, тој спаѓа во групата на оружја конструирани за напад, а се користел најчесто при лов, но исто така го симболизирал и статусот на покојникот.

Појавата на лагоболонот на надгробните споменици е во 4 в.ст.е. и тоа само во Атина со Атика, каде постоела работилница која го практикувала овој мотив.

Карактеристична е појавата на лагоболон на споменикот од Непознато потекло - Атика? *(К.бр.35)* датиран во 4 в.ст.е.,[54] каде нагиот маж, кој е млад и

---

[51] A. Snodgrass, (1964) 154.
[52] A. Snodgrass, (1964) 154.
[53] N. Sekunda, (2008) 329.
[54] D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.44 br.288, 4 в.ст.е.

атлетски граден, е предаден во духот на класичната традиција. Тој седи на еден камен и со десната рака затегнува еден лаголон, кој е голем и личи на лак на чие дрво се забележуваат јазли. Со левата рака се потпира на каменот, а лево до него има куче кое гледа во својот господар, кого во случајов нема кој друг да го испрати. Иако потеклото на стелата е непознато (таа се чува во Минхен), според типот на споменикот и обработката на камената пластика, нејзината провениенција треба да се бара во Атика. Таа ги рефлектира последните одблесоци на класичниот стил од почеток на 4 в.ст.е.

На споменикот од Атика (*К.бр.36*) датиран во 4 в.ст.е.,[55] покојникот кој е прикажан во цел раст, со левата рака затегнува лаголон изведен во цела големина, кој личи на лак за стрелање со правилно распоредени јазли - задебелувања направени од кора на растенија - дрва, за да го зајакнат оружјето. Тој во левата подигната рака држи зајак за уши, а до нозете има куче кое го гледа зајакот.

Момчето моделирано во цел раст на споменикот од Илис - Атина (*К.бр.37*) датиран околу 340 г.ст.е.,[56] со левата рака (сега откршена како и десната) затегнувало лаголон, поставен крај десната нога, каде на скала има мало наго дете кое е свиткано од болка. Десно е поставен замислен старец кој се потпира на долг стап под левото раме, а меѓу нив има куче кое е тажно.

На споменикот од Атина (*К.бр.38*) датиран во 4 в.ст.е.,[57] мажот кој е наг и третиран во цел раст, со левата рака се потпира т.е. затегнува лаголон на кој се гледа дебелото дрво со многу јазли. Спроти него има мало наго дете кое во левата рака на јаже држи лутрофор кој виси слободно, а меѓу нив има куче кое е тажно.

Лаголонот претставува крив стап направен од кастрено дрво.[58] Тој бил користен од ефебите при лов на зајаци, а сега за прв пат на горниот фриз во централната комора на рано хеленистичката гробница во Александрово во

---

[55] D. Woysch-Méautis, (1982) 126 PL.52 br.278, 4 в.ст.е.; E. Nankov, (2010) 40,42, fig.9, 400-375 г.ст.е.
[56] D. Woysch-MḨautis, (1982) 127-128 PL.45 br.298, 4 в.ст.е.; Б. Тасиħ, (1990) 140-142, околу 340 г.ст.е.
[57] D. Woysch-MḨautis, (1982) 128 PL.45 br.300, 4 в.ст.е.
[58] E. Nankov, (2010) 52.

Хасковската област, се јавува претстава на лаголон во ловна сцена со елени.[59]

Втора карактеристика е таа што лагобонот е моделиран како оружје за блиска борба со веќе претходно ранет елен. Е. Нанков, ја отфрла можноста лагоболонот тука да се користи на старогрчки начин, како еднонасочен бумеранг, при што право на прв удар има прво коњаникот... Во светот искован од дијадосите на Александар Македонски, не е исклучено дека некои Траки и Македонци кои живееле во Александрија, можеби го користеле лагоболонот при лов на елени.[60]

Лагобонот според формата и димензиите, бидејќи бил преголем и претежок, не би можел да се користи како оружје со фрлање. При лов на зајаци би можел да се користи за удирање на зајакот кога е во дупката заради кривиот горен дел, кој секогаш не е нагласен.

Во гробницата во Александрово, лагоболонот е прикажан во левата рака на момче, кое во десната рака држи подигнато копје. Самата форма укажува дека тој би можел да се користи за блиска борба, посебно ако копјето не го убие животното, кое во случајов е разбеснет елен.

Треба да се посвети посебно внимание на поставеноста на момчето во ловната сцена, имено, тој е моделиран меѓу два коњаника. И покрај неговата навидум споредна поставеност, сметаме дека тоа момче е всушност покојникот кој бил погребан во гробницата во Александрово, па оттаму, тој бил воин прикажан со копје во десната рака, а лагобонот во левата рака, всушност укажува на неговото благородничко потекло.

Во иста функција се и лагобоните прикажани на спомениците (*К.бр.35-38*), кои го симболизираат статусот на покојниците. Тие следат една иста ликовна матрица, покојник во цел раст, најчесто наг, како затегнува лаголон, сам или најчесто во друштво со мало наго дете, старец, куче или зајак.

---

[59] E. Nankov, (2010) 54,52,36,37, Fig.1,2,3.
[60] E. Nankov, (2010) 55.

## II. 1. 2. ОДБРАНБЕНО ОРУЖЈЕ

Во 359 г.ст.е. кога Филип II се соочил со многубројната пешадија за која немал средства да ја опреми како хоплитска, тогаш ја креирал македонската фаланга, која ја снабдил со шлемови, штитови - пелте, кнемиди и сариси.[61]

### а. шлем

- **Шлем** *(К.бр.1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26);*

На надгробните споменици од раната антика, како составен дел на опремата на војниците, се јавуваат неколку типови на шлемови:

- **Коринтски шлем**
- **Лаконски (Спартански) пилос - шлем**
- **Каусија или petasos**
- **Фригиски шлем**
- **Бојотски шлем**

- **Коринтски шлем:** *(К.бр.1,2,3,4,5,6)*

Во Архајскиот, период многу популарен тип во Спарта како и во цела Хелада, бил коринтскиот шлем кој почнал да се произведува во 700 г.ст.е.[62]

Тој е направен во Хелада, а името го добил според градот Коринт, каде имало работилници за производство на овој тип на шлем.

Коринтскиот шлем ја покривал целата глава и имал отвори само за очите. Просторот околу очите, како и делот на парагнатидите, можел да биде пластично украсен со гравирање или апликации. Раните коринтски шлемови

[61] Според N. Sekunda, (2008) 329, ја опремил пешадијата со штитови-пелтиња, под влијание на Ификратес.
[62] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 29.

биле изработени од два дела кои потоа биле споени, а на рабовите се декорирани со дупки, распоредени во линија.[63]

Најрана појава на коринтски шлем на надгробните раноантички споменици регистрираме на споменикот од Атина (К.бр.1) датиран од 550-520 г.ст.е.,[64] каде на главата на хоплитот кој е претставен наг и атлетски граден е прикажан коринтски шлем *со* мала калота, со парагнатиди и голема перјаница. Тој е поставен во една чудна поза во 3/4 став, со главата свртена назад, како со двете раце држи нешто (денес уништено), во момент кога се исправа, или се спрема да трча. Косата како и парагнатидите се изведени стилизирано.

Војникот кој е третиран во цел раст на споменикот од Веланидеце - Атика (К.*бр.2)* датиран околу 520 г.ст.е., на главата носи коринтски шлем со мала калота и парагнатиди. Тој е прикажан во духот на архајската традиција фронтално во расчекорен став, со полна воена опрема на хоплит, копје и оклоп. Косата и парагнатидите се претставени стилизирано.

На тимпанонот на споменикот од Акарна (Acharnae) - Атина *(К.бр.3)* датиран пред 479 г.ст.е.,[65] меѓу фризот со оружје се наоѓа коринтски шлем со голема калота, парагнатиди и штитник за нос, а на споменикот од Атика *(К.бр.4)* датиран во 2/2 на 5 в.ст.е.,[66] се забележува претстава на морнар кој седи на чун, а зад него е поставен коринтски шлем, положен врз мал кружен штит.

На споменикот од Атина *(К.бр.5)* датиран од крај на 5 в.ст.е., воинот кој стои носи коринтски шлем со голема перјаница, а на споменикот од Атика *(К.бр.6)* датиран во 4 в.ст.е., војникот носи коринтски шлем со плитка калота со парагнатиди и меч, во сцената дексиосис, прикажан со покојничка која седи на клине, момче, наго дете и куче под клинето.

Бронзениот хоплитски шлем, по стилот познат како коринтски, овозможувал добра заштита при носењето, но го ограничувал погледот и

---

[63] N. Sekunda-A. Hook (2000) 11.
[64] Б. Тасић, (1990) 94, 96, 550-520 г.ст.е.
[65] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 6, пред 479 г.ст.е.
[66] Б. Тасић, (1990) 114-115, втора половина на 5 в.ст.е.; Ph. de Souza, (2002) 68; N. Fields, (2007) 20, 380 г.ст.е.

слушањето, затоа хоплитите имале тешкотии при одбраната и одржувањето на линијата на формацијата.[67]

Не може да стане збор ниту за Ориентално влијание: ниту Асирците, ниту пак, било кои народи од Истокот имале компаративни шлемови, кои ги немало уште многу векови. Оттаму, коринтските шлемови се големо независно постигнување на старогрчката технологија.[68]

А. Снодграс, направил хронолошка и типолошка обработка на Коринтските шлемови.[69]

Кога немало борби хоплитот шлемот го подигал нагоре на главата и го врзувал за наметката, заради комфор.

Хоплитите обично не носеле ништо под шлемовите, но кај некои поединечни примероци се забележуваат остатоци од конец од капа или капи, во различни стилови носени заради удобност.[70]

- **Лаконски (Спартански) пилос - шлем:** *(К:бр.5,7,8,9,10,11,12,13,24,25)*

Зборот пилос литературно значи платно, како пример за бројни производи направени од него, а платнените капи се нарекувале пилоси според бројните регионални варијанти истакнати по форма. Тие имале конусна форма и биле благо заокружени на врвот. Пилос шлемовите ги повторуваат формите на пилос капите од платно, но сега во бронза.

Најрана појава на пилос-шлем со перјаница и капа која се носела под шлемот се јавува на надгробниот споменик од Ареополис - Лаконија *(К.бр.8)* датиран во 1/2 на 5 в.ст.е., поставен долу на земјата покрај нозете на момче – воин, а на главата на војникот на спомеников од Бојотија *(К.бр.7)* датиран околу 424 г.ст.е. е прикажан пилос – шлем.

Војникот изведен на споменикот од Мегара - Атика *(К.бр.9)* датиран од 420-410 г.ст.е., во десната рака држи, т.е. стиска пилос – шлем, а на главата на

[67] Ph. de Souza (2002) 38.
[68] A. Snodgrass, (1964) 28.
[69] A. Snodgrass, (1964) 20-28, fig.2.
[70] N. Secunda-A. Hook, (2000) 11.

војникот на споменикот од Татои – Декелеија, Атика *(К.бр.10)* датиран од 413-404 г.ст.е., е претставен пилос – шлем.

Двајцата војници третирани на споменикот од Атина *(К.бр.11)* датиран околу 410 г.ст.е.,[71] на главите носат пилос – шлемови како и војникот моделиран на споменикот од Пела - Македонија *(К.бр.12)* датиран од крај на 5 в.ст.е., кој носи пилос – шлем на главата, тука секако се работи за влијание од Спарта.[72]

На споменикот од Атина *(К.бр.5)* датиран од крај на 5 в.ст.е., на главата на паднатиот војник е поставен пилос – шлем, а војникот прикажан на споменикот од Бојотија (*К.бр.13)* датиран во 4 в.ст.е., на главата носи пилос – шлем.

Војникот моделиран на споменикот од Требенишко Кале - Лихнид, Македонија *(К.бр.25)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е., носи пилос - шлем со издолжен облик кој е фрагментиран, а од страните е украсен со апликации со кожни додатоци, во комбинација со полна воена опрема.

На споменикот од Марвинци - Валандово, Македонија *(К.бр.24)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е., војникот кој е предаден со пилос-шлем на главата, е претставен со воена опрема.

Кога Лакедаимонските (Спартанските) борбени тактики почнале да се развиваат во 5 в.с.т.е., коринтскиот шлем бил заменет, бидејќи во комплексните маневри било поважно подобро да се гледа и да се слушне сигналот на трубите. Постепено, новиот тип на шлем, пилос - шлем бил усвоен (адаптиран) во исто време кога претходниот тип бил заменет.[73]

Веројатно пилос капите се носеле понекогаш под пилос шлемовите заради комфор, со што шлемот се подигал повисоко. Еднаш прифатен (присвоен) во Лакедаимонската армија, станал засекогаш Лаконски симбол, заедно со црвениот εξομισ (наметка) и бил копиран од многу армии внатре или

---

[71] Ph. de Souza, (2002) 86, околу 410 г.ст.е.
[72] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 48.
[73] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 29-30.

надвор од Пелопонеската лига...Се смета дека пилос шлемовите продолжиле да се употребуваат од Лакедаимонците континуирано до крај на Класичниот период, наспроти тоа што се заменети со многу други типови кај другите армии.[74]

На ликовните претстави на вазите и пластичните претстави од 5 и 4 в.ст.е., пилос носат Диоскурите, Кастор и Полукс[75] и Одисеј, а во римско време пилос носат ослободените робови.

- **Каусија или petasos:** *(К.бр.14,15,16,17,18,19,20)*

Екстравагантната широко опшиена верзија на хеленски petasos или капа за сонце, ја штити главата од топлина и прашина во рамнините и служи за долготрајна заштита.[76]

Најрана појава на каусија или petasos, забележуваме на споменикот од Фалана - Волос, Тесалија (*К.бр.14*) датиран околу 450 г.ст.е., каде на главата на покојникот се јавува широка капа-petasos, а војникот претставен на споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.15*) датиран од 430-420 г.ст.е., е прикажан со шлем- petasos.

Момчето третирано на споменикот од Лариса - Тесалија *(К.бр.17)* датиран во 5 в.ст.е.,[77] на главата носи шлем- petasos, како и војникот на споменикот од Атина (К.бр.16) датиран во 4/4 на 5 в.ст.е.

На споменикот од Атина (*К.бр.20*) датиран од 394-393 г.ст.е., коњаникот на главата бил претставен со шлем-petasos, кој е уништен.

На споменикот од Непознато потекло - Атика? *(К.бр.18)* датиран во 4 в.ст.е., на главата покојникот носи шлем-petasos, а на споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.19)* датиран во 4 в.ст.е.,[78] на главата на момчето се јавува капа - каусија, иста капа се забележува и на главата на личноста седната на

[74] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 30.
[75] Според N. Sekunda-R. Hook, (1998) 30, пилос носат Спартанските херои Кастор и Полукс.
[76] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 15.
[77] D. Woysch-Méautis, (1982) 130 PL.53 br.335, 5 в.ст.е.
[78] M. Andronicos, (1955) 87-101, fig.1, 4 в.

престол, а на грбот на мажот се наоѓа цилиндричен предмет врзан со јаже околу вратот, кој би можел да биде мал шлем – petasos.

Единствена изведба на капа каусија се забележува на споменикот од Вергина (К.бр.19) датиран во 4 в.ст.е, затоа можеме да кажеме дека оваа капа е карактеристична кај Македонците, како што е потврдено во античките извори,[79] каде на Македонскиот Двор се јавува пред времето на Александар III и се носи со дијадема.

Подоцна и Каракала носи капа каусија облечен во облека по пример на македонските кралеви.[80]

Уште една карактеристична особина е шлемот со форма (облик) на petasos. Тој е евидентиран на Атинските релјефи од тој период, кога многу коњаници не носеле petasos, туку метален шлем во облик на petasos. Овие petasos шлемови можат да се разликуваат од обичните капи бидејќи лежат под прав агол на челото и подобро се зацврстени на челото, на начин различен од тој на кој обично се носел petasos. [81]

На шлемот на коњаникот откриен во гроб во Medstoy Street - Атина, работ е продупчен во линија од мали дупки, можеби за да се овозможи материјалот да се опшие со навлака од надвор, по тоа шлемот се разликува од капите.[82]

- **Фригиски шлем:** *(К.бр.21,22,23)*

Фригискиот шлем се одликува со издолжен облик и ја имитира конусната форма на фригиските капи со издолжена форма и отвор за уши. Најрана претстава на надгробните споменици се јавува на споменикот од Елеуса (Eleusis) - Атика *(К.бр.22)* датиран околу 340 г.ст.е.,[83] каде војникот ја потпира левата рака на фригиски шлем кој има издолжен облик и ја имитира конусната форма на фригиските капи со издолжена форма и отвор за уши.

---

[79] Bonnie M. Kingsley, (1984) 66, се повикува на Еустатиј, Херодот и Паусаниј, но според Страбон и Плутарх, први кои носат капа каусија се Онесикрит и Кратер при походот во Индија.
[80] Bonnie M. Kingsley, (1984) 66.
[81] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 19.
[82] N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 19.
[83] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 62, околу 340 г.ст.е.; A. Cohen-J. B. Rutter, (2007) 319, F.16.9.

Војникот прикажан на споменикот од Атика *(К.бр.23)* датиран околу 320 г.ст.е.[84] на главата носи фригиски шлем со издолжен облик чиј горен дел е откршен, а на споменикот од Пелина - Тесалија *(К.бр.21)* датиран во средина на 4 в.ст.е.,[85] тесалскиот коњаник е моделиран со фригиски шлем на главата.

Фригискиот шлем станал општо прифатен. Тој нема никаква врска со Фригија, но така е наречен заради сличната фригиска капа носена низ антиката и копирана во француската револуција.[86]

Фригискиот тип на шлем бил носен од македонската коњаница за време на македонскиот крал Филип, а во време на Александар, коњаниците носат Бојотски шлем од отворен тип по препорака на Ксенофон.

Овој шлем се користел од Класичниот период до Римско време, а особено на крајот на класичниот период и во хеленистичко време, кога го заменил претходниот коринтски тип од 5 в.ст.е.

- **Бојотски шлем:** (*К.бр.26*)

Единствена појава на надгробните споменици на Бојотски шлем наоѓаме на споменикот од Танагра - Бојотија (*К.бр.26*) датиран од 275-250 г.ст.е. [87] каде во тимпанонот е поставен централно, меѓу два штита.

Овој шлем се користел во класичниот и хеленистичкиот период, а неговото потекло е од Бојотија. Бојотскиот шлем бил од отворен тип, со што се овозможувало добар поглед и непречен слух и покрај тоа што распрснувачкиот раб е направен надолу, а истакнатиот дел со наборите овозможувал некаква заштита на лицето. Делумно бил користен од коњаницата-тереформои, а примарно од планинските трупи. Од античките јунаци, Тезеј носел Бојотски шлем.

Сјајната закоравена коњска грива прицврстена на хеленските шлемови, главно била дизајнирана за хоплитот да го направи повисок и поимпресивен.

---

[84] Б. Тасић, (1990) 149-150, околу 320 г.ст.е.
[85] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 82-83, бр.54, 4 в.ст.е.
[86] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 62 f.n.5.
[87] N. Sekunda, (2008) 341, 342 F.II.8, 275-250 г.ст.е.

Во подоцниот класичен период, кога започнал да се развива концептот на униформите, гривата служела за одбележување на чинот.[88]

## б. штит

**Штит** *(К. бр.3,4,5,7,8,9,10,11,12,13,19,20,22,23,24,25,26,32,34)*

На надгробните споменици од раната антика, како составен дел од опремата на војниците, се јавуваат неколку видови на штитови:

- **Хоплитски штит**
- **Бојотски штит - туреос**
- **Македонски мал кружен штит**

- **Хоплитски штит:** *(К.бр.3,4,5,7,8,9,10,11,12,13,20,22,23,25,32,34)*

Хоплитскиот штит се појавил многу рано, исто како и другите со бронзена надворешност во Хелада, што би значело дека неговите директни претходници во најголем дел биле изработени од лесно распадлив материјал.[89]

Тој сигурно бил во употреба во Хелада од почетокот на 7 в.ст.е., а најверојатно од крај на 8 в.ст.е., Атина, Коринт, Спарта, Самос, Сифнос и Крит сигурно го запознале во 650 г.ст.е., а некои од нив и порано. Аргос веројатно стекнал монопол во производството, или можеби пронашол прототип, кој другите градови продолжиле да го следат и многу години подоцна.

Најрана појава на штит на надгробните раноантички споменици среќаваме на тимпанонот на спомеников од Акарна (Acharnae) - Атина *(К.бр.3)* датиран пред 479 г.ст.е., каде меѓу пластично претставеното оружје се забележува мал хоплитски кружен штит.

Момчето моделирано на споменикот од Ареополис - Лаконија *(К.бр.8)* датиран во 1/2 на 5 в.ст.е., во левата рака за рачка држи хоплитски кружен

[88] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 11.
[89] A. Snodgrass, (1964) 67.

штит, а на споменикот од Атика *(К.бр.4)* датиран во 2/2 на 5 в.ст.е., војникот е прикажан на чун со хоплитски кружен штит и врз него шлем.

Војникот изведен на споменикот од Бојотија *(К.бр.7)* датиран околу 424 г.ст.е., во левата рака за рачка држи голем кружен хоплитски штит, а војник со голем кружен хоплитски штит во левата рака, забележуваме и на споменикот од Мегара - Атика *(К.бр.9)* датиран од 420-410 г.ст.е., исто како и војникот од споменикот од Татои – Декелеија, Атика *(К.бр.10)* датиран од 413-404 г.ст.е., кој е предаден со голем кружен хоплитски штит во левата рака, кој го држи за рачка.

На споменикот од Атина *(К.бр.11)* датиран околу 410 г.ст.е., војниците во левата рака држат за рачки (од кои се гледа само едната) два големи кружни хоплитски штита, а до нозете на војникот третиран на споменикот од Пела - Македонија *(К.бр.12)* датиран од крај на 5 в.ст.е., е поставен голем кружен хоплитски штит, поставен на земја, кој го придржува со десната рака видлив само на левата половина, во комбинација со шлем и сариса.

Два штита се претставени на споменикот од Атина *(К.бр.5)* датиран од крај на 5 в.ст.е., каде војникот кој стои во левата рака за рачка од внатрешната страна, држи голем кружен хоплитски штит, а паднатиот војник во левата рака, носи хоплитски штит.

На споменикот од Атина *(К.бр.20)* датиран во 394-393 г.ст.е., паднатиот војник со левата рака држи за рачка голем кружен хоплитски штит, кој е прикажан зад него во момент кога тој неможејќи да се заштити од копјето на коњаникот кој го напаѓа, инстиктивно ја подигнал десната рака.

До левата нога на војникот изведен на споменикот од Елеуса (Elleusis)-Атина *(К.бр.22)* датиран околу 340 г.ст.е., е претставен голем кружен хоплитски штит на кој тој се потпира со левата рака, во која држи шлем подаден од наго момче поставено десно и затоа се гледа само неговата десна половина.

На споменикот од Атика *(К.бр.23)* датиран околу 320 г.ст.е., војникот е прикажан како во левата рака за рачка држи голем кружен хоплитски штит, кој се гледа само од десната половина на внатрешната страна.

Војникот прикажан на споменикот од Бојотија (*К.бр.13*) датиран во 4 в.ст.е., во левата рака носи голем кружен хоплитски штит, а на споменикот од Томпхои - Тесалија (*К.бр.32)* датиран во 4 в.ст.е., во горниот лев агол, а над левото раме на војникот, се забележува мал кружен штит?

На споменикот од Требенишко Кале - Лихнид, Македонија (*К.бр.25)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е., лево од војникот е поставен голем хоплитски штит кој е обрабен со лавор или мирта и стилизирани сончеви зраци (можеби всушност се работи за порпакс, т.е. кожна рачка од внатрешната страна). Тој е декориран со стилизирано македонско сонце, исто како од гробницата на Филип II во Ајга.[90]

Во однос на големиот предмет претставен на споменикот од Требенишко Кале - Лихнид (*К.бр.25*), В. Битракова – Грозданова, прва укажува дека се работи за штит со декорација сонце,[91] исто како на гробницата на Филип II во Вергина,[92] различно од други автори кои мислат дека се работи за тркало или круг.

Македонското сонце како декор се јавува и на разни керамички предмети, претежно релјефни чаши и садови на локалитетот Самуилова Тврдина и Дебој во Охрид.[93]

На споменикот од Крит (*К.бр.34*) датиран од 2-1 в.ст.е., до нозете на војникот лево, е прикажан мал кружен хоплитски штит.

Се до крајот на 700 г.ст.е., Дипилон штитот бил многу популарен тип. Хоплитскиот штит бил направен од мали парчиња дрво, заковани заедно и прицврстени во слоеви со кожа. Тие се кружни и незначително во пресек личат на сад, со рамен раб по крајот. Работ бил обложен со слој од бронза,

[90] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 60, бр.37.
[91] В. Битракова-Грозданова, (1987) 118-119, Т.2 сл.1, штит со декорација сонце.
[92] M. Andonikos, (1978) 35 Fig.21, 41, амблемот со 16-крако сонце (подолгите краци се алтернирани со пократки) поставени околу централно изведена розета на горната страна од златен ларнакс од саркофагот на Филип од Вергина, е ѕвезда многу добро позната од Македонските штитови и монети.
[93] П. Кузман, (2006) 215-220 бр.1-17, 234-243 сл.7-26.

вообичаено декориран со плетенка - јаже како шара. Штитот бил држен со две раце.[94]

Хоплитскиот штит има кружна форма...од внатрешната страна има централен потпирач за рака πωρπαξ (порпакс), направен од бронза и рачен држач, рачка на работ, α'ντιλαβη (антилабе), кои го разликуваат од сите други типови на кружни штитови во Хелада.[95]

Понекогаш на предната страна на штитот биле фиксирани бронзени направи, а понекогаш била зајакната облогата и внатрешноста на штитот, зад подлактницата и рамето. Бронзени направи за штитови кај Лакедаимонците се идентификувани најдоцна од 530-520 г.ст.е.[96]

Во профил, исто така, хоплитскиот штит се разликува од другите типови по конвексната форма и остро поставениот раб, со прецизна изработка...Овој штит може да има грб, т.е. да биде зајакнат на средината од надворешната страна или како додаток направен од метал (бронза) - умбо, иако се среќава и употреба на дрво и комбинација и украсување со боење, т.е. сликање.[97]

...Работ може да биде свиткан кон внатре и може да биде декориран со орнамент на плетенка, наречен со археолошко име - Аргијски.[98] Дијаметарот на штитовите се движи обично меѓу 80 см.-1 м., иако е пронајден примерок со дијаметар од преку 1,20 см.[99]

Фундаменталните промени во конструкцијата довеле хоплитскиот штит да биде пократок пред крајот на 6 в.ст.е. Целиот штит бил покриен со тенок слој од нагласена бронза како лист, а профилот на штитот станал многу подлабок, со наведнат облик. Истовремено, дрвената и кожната суб-структура била ламинирана и понагласена, за да се добие на јачина.[100]

---

[94] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 26.
[95] A. Snodgrass, (1964) 61.
[96] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 26.
[97] A. Snodgrass, (1964) 61.
[98] A. Snodgrass, (1964) 63.
[99] A. Snodgrass, (1964) 64.
[100] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 26.

Се фаворизира Аргос, како дом на стандардната форма на хоплитски штит, со мултиплициран мотив на плетенка на работ и панелирана декорација на порпаксот, но постојат и спротивни мислења.[101]

На бронзената лента која релјефно е украсена и пронајдена во Пергамон, а датирана во 160 г.ст.е., големите штитови кои ги носат тешко вооружените коњаници сè уште се нарекуваат хоплитски, а тие носат и шлемови, оклоп и кнемиди.[102]

Античката грчка индустрија за оружје била концентрирана во големите градски центри. Помалите градови обично ги импортирале нивните оружја. Во Атина, за време на Перикле, постоела најголема фабрика од сите антички градови за производство на штитови, во која работеле 120 робови.[103]

- **Бојотски штит - туреос:** (*К.бр.26*)

Во раниот 3 в.ст.е. се забележува појавата на трет вид на пешадија наречена thureophoros, според овалниот туреос штит. Туреос значи врата, име дадено на штитот, веројатно да соодветствува со неговата големина. Неговата форма е овална, но името често погрешно се поврзува со издолжен облик.[104]

Појава на овој штит единствено ја забележуваме на споменикот од Танагра - Бојотија (*К.бр.26*) датиран од 275-250 г.ст.е., каде на тимпанонот се изведени два овални штита – туреос, поставени меѓу централно прикажан Бојотски шлем.

Алтернативно, можеби инвазијата на Галатејците во 281 г.ст.е., понатаму го донела овој нов тип на штит во хеленската армија...Туреофорите биле посоодветни за тактичките потреби на малите хеленски армии, за разлика од фалангата која била помалку подвижна. Главна задача на тие армии била одбраната на границата. Туреофорите биле многу подвижни на различни терени...Големината на штитовите – туреос користени од хеленската армија, се

[101] A. Snodgrass, (1964) 64.
[102] N. Sekunda, (2008) 337, F.II.4, 160 г.ст.е., (кружни штитови, конкавни, туреофорои, долго копје, ксифос, шлем, оклоп, кнемиди).
[103] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 10.
[104] N. Sekunda, (2008) 340-341.

забележливо помали од келтските и римските примероци и туреосите од трупите во Ахајската Лига целосно го штителе своето тело...Туреофорите можеле истовремено да се борат на далечина со своите копја и од близина служејќи се со своите штитови и покрај тоа што ја губеле својата предност при соочување со потешко вооружени трупи.[105]

Туреосот е потврден и во Картагина и можеби е преземен од домашните Картагински трупи, а користен од Келтските и Иберисксите платеници. Туреосот бил прифатен во Ахајската и Бојотската Лига веројатно во 270 г.ст.е.[106]

Во тоа време се датирани штитовите и шлемот на споменикот од Танагра - Бојотија (*К.бр.26*).[107]

На почетокот штитовите се декорирале според желбите на сопственикот, а подоцна се украсувани со амблеми. Според некои показатели, меѓу 475-450 г.ст.е., Лакедаимонците користеле униформирани украси на штитовите. Декорацијата со (L) - λαμβδα буквата се забележува пред 412 г.ст.е. и продолжува до 3 в.ст.е. Кожата веројатно се боела на штитот со униформирана пурпурно - црвена боја.[108]

- **Македонски мал кружен штит:** *(К.бр.24)*

Единствена претстава на мал штит среќаваме на споменикот од Марвинци - Валандово, Македонија *(К.бр.24)* датиран на премин во 2-1 в.ст.е., каде војникот во левата рака држи прицврстен на гради мал кружен штит со декорација македонски штит. Ист штит се јавува во гробницата на Филип II во Ајга.[109] Иако споменикот е од времето на римска власт во Македонија на преминот од 2-1 в.ст.е., дедикантите побарале од вајарот, покојникот да биде претставен како македонски војник со штитот - обележјето на македонските кралеви. Затоа војникот е претставен со мал штит, мало копје за фрлање прицврстено со јаже, пилос-шлем и оклоп со зачувани два реда на птериги.

---

[105] N. Sekunda, (2008) 341.
[106] N. Sekunda, (2008) 341.
[107] N. Sekunda, (2008) 341, 342, F.II.8, 275-250 г.ст.е.
[108] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 26-28.
[109] M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 61, бр.38.

Македонскиот штит како декор долго се задржал во традиција на ликовната уметност. Тој е присутен на пајонските пари, на парите на македонските владетели, како и на автономното ковење на пари на градовите на Македонија...Во гробницата кај Едеса од II век, исто така покрај штитот со македонска ѕвезда и со друго оружје, како трофеј е насликан и македонскиот штит.[110]

Парите на градот Лихнидос со приказ на македонскиот штит, во средината четирикрака ѕвезда/клун на лаѓа надесно, легендата ΛΥΧΝΙΔΙΩΝ, од бронза, му се припишуваат на раздобјето по 185 г., кога се ковени автономните монети со дозвола на Филип V, поради економско политичките причини.[111]

Македонскиот штит (небо со главна и споредни ѕвезди) како типична претстава на овој вид македонска воена опрема се јавува и на апликацијата на десната парагнатида на шлемот од Требеништа, потоа на многубројните фрагменти од штитови во Мариово (Бонче) со релјефно изведено име на кралот Деметриј (Полиоркет, 301-286 г.ст.е.) и на монети на македонскиот крал Антигон Гонат од 237 г.ст.е.[112]

Тој како украс се јавува и на разни керамички предмети - садови, тегови и монети на локалитетот Самуилова Тврдина во Охрид[113] и на Вардарски Рид во Гевгелија.[114]

Наодите од Самуиловата Тврдина во Охрид, како што се керамичкиот тег за ткаење со втиснат македонски штит на предната страна, малата глинена пинтадера исто така со вдлабнат македонски штит, која сигурно продуцирала отпечатоци и трите керамички фрагменти од садови со релјефни претстави на делови од македонскиот штит, говорат за честа употреба на симболот како одлика и припадност на определена општествено - политичка и етничка

[110] В. Битракова-Грозданова, (1987) 120.
[111] В. Битракова-Грозданова, (1987) 97, (T.VIII-5,6).
[112] П. Кузман, (2006) 215,220,229.
[113] П. Кузман, (2006) тег со втиснат штит македонско сонце 220 бр.1 сл.27, пинтадера со вдлабнат македонски штит бр.2 сл.28, фрагмент од сад со релјефно изведен македонски штит бр.3 сл.29, 221 фрагмент од сад со релјефна претстава на штит бр.4 сл.30, фрагмент од сад со релјефна претстава на штит бр.5 сл.31, 243-244, монети од градот Лихнид, бр.32-41, 228-229, 5-2 в.ст.е.
[114] S. Blaževska, (2006) релјефно моделирана чаша со македонски штит, 245-247 fig.1,2, 249 доцен 2- ран 1 в.ст.е.

заедница, односно за македонската етничка припадност на населението од Лихнитида.[115]

Повеќето историчари веруваат дека македонската фаланга била опремена со мали штитови заради две причини. Прво, заради претпоставката дека сарисата не може да се држи истовремено со голем штит. Второ, врз основа на изјавата на Аслепиодотус, кој рекол дека најдобриот штит кој можела да го користи фалангата е македонскиот бронзен штит од осум дланки (шаки), кој во ширoчина не е многу конкавен. Повеќето од примероците покажуваат македонски штит со дијаметар околу 80 см., длабоко конкавен, но без раб како хоплитските штитови. Според тоа, постојат најмалку две големини на македонски штитови.[116]

Овој заклучок е потврден со три нови наоди на бронзени штитови во Македонија со дијаметар од 74, 73,6 и 66 см. Аслепиодотус го опишал малиот тип на македонски штит со дијаметар од 65-7 см., откриен во Пергамон...Двата типа на штита може да бидат декорирани со македонски мотиви (или печат), а централното поле често е окружено со името на кралот.[117]

Помалиот тип на штит, наречен пелте, бил носен од другите делови на пешадијата наречени пелтасти или пелтофорои...Пелтето е многу мало и лесно, а нивните копја се пократки.[118]

## в. оклоп

- **Оклоп:** *(К.бр.2,3,8,21,22,23,24,25,27)*

На надгробните споменици од раната антика, како составен дел на опремата на војниците, се јавуваат неколку видови на оклоп:

- **Ѕвончест оклоп и**
- **Мускулест оклоп**

[115] П. Кузман, (2006) 229.
[116] N. Sekunda, (2008) 337.
[117] N. Sekunda, (2008) 337-338.
[118] N. Sekunda, (2008) 339.

- **Ѕвончест оклоп:**

Оклопот кој се користел постојано низ Архајскиот период се одликува со рамен раб околу струкот, давајќи форма слична на сјајна уста на ѕвонче, тој според археологот Hence е наречен ѕвончест оклоп.[119]

Најрана појава на ѕвончест оклоп се забележува на споменикот од Веланидеце - Атика *(К.бр.2)* датиран околу 520 г.ст.е., каде војникот носи оклоп со реси, со кратки ракави, кој е третиран стилизирано.

На тимпанонот на споменикот од Акарна (Acharnae) - Атина *(К.бр.3)* датиран пред 479 г.ст.е., меѓу фризот со оружје се јавува ѕвончест оклоп со кратки ракави и птериги, а на споменикот од Елеуса (Eleusis) - Атина *(К.бр.22)* датиран околу 340 г.ст.е. војникот носи ѕвончест оклоп со два реда на птериги.

- **Мускулест оклоп:**

Во раниот 5 в.ст.е. ѕвончестиот оклоп еволуирал во мускулест оклоп. Бронзениот мускулест оклоп бил моделиран многу блиску според мускулатурата на телото. Најрана појава на мускулест оклоп се јавува кај воинот прикажан на споменикот од Ареополис - Лаконија *(К.бр.8)* датиран во 1/2 на 5 в.ст.е.[120] во комбинација со друга воена опрема.

На споменикот од Пелина - Тесалија *(К.бр.21)* датиран во средина на 4 в.ст.е. коњаникот носи мускулест оклоп со кратки ракави и два реда птериги, а на споменикот од Керамеикос - Атина *(К.бр.27)* датиран околу 330 г.ст.е., војникот е облечен со мускулест оклоп без ракави со два реда птериги.

Војникот претставен на споменикот од Атика *(К.бр.23)* датиран околу 320 г.ст.е., носи мускулест оклоп со кратки ракави и два реда птериги.

Оклоп со кратки ракави и околувратник, со еден ред на зачувани птериги е прикажан кај војникот на споменикот од Марвинци - Валандово, Македонија *(К.бр.24)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е., а оклоп со кратки ракави и два реда

---
[119] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 28.
[120] Според N. Sekunda-R. Hook, (1998) 59, можен е анатомски оклоп.

птериги носи војникот на споменикот од Требенишко Кале - Лихнид, Македонија *(К.бр.25)* датиран на премин од 2-1 в.ст.е.

На најстарите примероци мускулатурата во празнините само се имитира. Подоцна мускулатурата се обработува парцијално, при што некои делови се покриени со орнаменти. Во раниот 5 в.ст.е. мускулатурата целосно била моделирана, а работ на струкот сѐ уште не бил заборавен. Во раниот 5 в.ст.е. ѕвончестиот оклоп еволуирал во мускулест оклоп. Бронзениот мускулест оклоп бил третиран многу блиску според мускулатурата на телото. Наместо раб како темел, со виткањето од страните се овозможувало слободно движење на колковите и долу, преку стомакот, овозможувало заштита. Овој композитен оклоп со парчиња за рамења на спојување и одделен (разделен) оклоп за тело, изгледа дека никогаш не бил носен од Лакедаимонците во ниедно време.[121]

Хоплитите во раниот 5 в.ст.е. користеле два вида на оклоп: мускулен и композитен оклоп. Мускулниот оклоп е наречен така, бидејќи бронзените гради и задните места се моделирани на начин да ја имитираат мускулатурата на торзото. Тој се разликува од Архајскиот ѕвончест оклоп, наречен така заради блескавиот раб свртен кон надвор, кој долу на струкот личи на уста од ѕвонче. Ваквиот раб го снемува во класичниот период и мускулниот оклоп се спушта надолу за да го покрие и заштити подножјето. Композитниот оклоп е наречен според повеќето материјали кои се користеле при неговото создавање, нормално, основата или плочата била изработена од железо или бронза, често покриена со кожа или платно за да се спречи кородирање. Се смета дека за поголема издржливост некои кожи и платна се киселе во вино и сол.[122]

Подножјето било заштитено со двоен слој на алки - перки наречени птериги (pteruges*)* или кулиси, при што вториот слој ги покривал празнините на првиот. Тие повеќе биле правени од цврста кожа, отколку од метал. Повеќето имале обоен раб, а долу, реси. Птеригите биле интегрален дел од дизајнот на секој оклоп и трајно биле прикачени на дното на работ.[123]

---

[121] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 28.
[122] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 11.
[123] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 11.

Мускулестиот оклоп може да има еден, два, три реда на птериги или ниеден.[124]

Се претпоставува дека Лакедаимонската армија го отфрлила оклопот во текот на 5 в.ст.е., за да добие на мобилност при брзите маршеви во кампањите. Многу хеленски армии ги следеле Лакедаимонците и го напуштиле тешкото вооружување на телото, оклопот. Таа состојба траела до 360 г.ст.е., кога фактите индицираат дека оклопот повторно бил прифатен. Промените можеби ги иницирала новата тактика на војување, уведена од Тебанскиот генерал Епаминондас.[125]

## г. кнемиди

**Кнемиди:** *(К.бр.2,3,8,23,28)*

Кнемидите, како дел од воената опрема на војниците од раната антика, се јавуваат ретко на надгробните споменици.

Нозете биле штитени со бронзени кнемиди, споени на потколениците на местото каде се шират со метал.

Најрана изведба на кнемиди има во архајскиот период во 6 в.ст.е. и тоа како составен дел од опремата на војникот на споменикот од Веланидеце - Атика (К.*бр.2)* датиран околу 520 г.ст.е., каде има две високи кнемиди кои ги штитат и колената, исто како и на споменикот од Атика (*К.бр.28*) каде војникот носи високи кнемиди, кои ги штитат и колената.

На тимпанонот на споменикот од Акарна (Acharnae) - Атина *(К.бр.3)* датиран пред 479 г.ст.е., се претставени две високи анатомски кнемиди, поставени една покрај друга,[126] а детето прикажано како војник на споменикот од Ареополис - Лаконија *(К.бр.8)* датиран во 1/2 на 5 в.ст.е., носи кнемиди кои ги штитат колената.

---

[124] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 62 f.n.1.
[125] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 28.
[126] N. Sekunda- A. Hook, (2000) 6, смета дека се работи за cloak – наметка.

На споменикот од Атика *(К.бр.23)* датиран околу 320 г.ст.е., војникот е предаден со кнемиди до колена, Очигледно е дека сите третирани кнемиди се анатомски и прилагодени за полесно носење.

Нозете биле штитени со бронзени кнемиди, споени на потколениците на местото каде се ширaт со метал. Во 7 в.ст.е. кнемидите стануваат пократки, тие одат нагоре високо до колената, кои ги оставаат незаштитени. Во 6 в.ст.е. кнемидата прво се издолжува нагоре за да го штити коленото, а потоа на крајот од векот се истегнува колку што може надолу, за делумно да го заштити зглобот. Како и многу други делови од оклопот за тело и кнемидите кон крајот на 5 в.ст.е. биле отфрлени, во потрага по поголема тактичка мобилност.[127]

Кога не се користеле, кнемидите можеле да се заклопат на основата и да се носат во рака или да се стават некаде да висат (закачени на кожна врвка).[128]

## II. 2. ОРУДИЈА И ПРЕДМЕТИ СО СИМБОЛНО И КУЛТНО ЗНАЧЕЊЕ

### а. стап

**Стап:** *(К.бр.16,37,41,42,43,44,45,46,47)*

Стапот се јавува во симболиката во најразлични аспекти, главно како оружје понекогаш и магично, орудие на овчарот, како знак за авторитет на владетелите, или како симбол на моќ и достоинство.

На споменикот од Спарта - Лаконија (*К.бр.41*) датиран во раниот 6 в.ст.е.,[129] во десната рака на маж се забележува спартански стап наречен бактемрион, кој е долг, мазен, прав и рамен, со Т-форма на врвот. Овој тип на стап бил користен од пријателите философи на Лаконците. Иако Лакедаимонскиот стап не бил оружје за војна, тој бил носен од претставниците

[127] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 30.
[128] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 13.
[129] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 24.

во странство, од генералите, воените гувернери (harmostai). Стапот заедно со трибоме[130] при носење претставувал симбол на благородништво во Спарта.[131]

На спомениците од раната антика како декор се јавува долгиот стап: најрано на споменикот од Орхомена - Бојотија (*К.бр.42)* датиран околу 500 г.ст.е.,[132] каде мажот под левото раме се потпира на долг стап, а со десната рака му дава скакулец на своето куче кое скока по храната.

На споменикот од Аполонија - Тракија (*К.бр.43*) датиран од почеток на 5 в.ст.е.,[133] мажот под десното раме и со левата рака се потпира на долг стап, во друштво на своето куче, кое го храни. Сижето поставено на споменикот од Орхомена (*К.бр.42*) продолжува и понатаму.[134]

Мажот третиран на споменикот од Непознато потекло – Атика?[135] (*К.бр.44*) датиран во 5 в.ст.е.,[136] под левото раме се потпира на долг стап, во левата рака за јаже држи лутрофор, а со десната го храни кучето, кое различно од претходните две, стои мирно, а на споменикот од Халандри - Атика (*К.бр.45)* датиран во 5 в.ст.е.,[137] мажот под десното раме се потпира на долг стап, прикажан во друштво со момче, кое му дава некој предмет.

На споменикот од Атина (*К.бр.16*) датиран во 4/4 на 5 в.ст.е., во сцената дексиосис, војникот кој на главата носи шлем, а во левата рака држи две копја, со десната рака се поздравува со татко му прикажан како старец, кој под десното раме се потпира на стап. Позади старецот има мало момче веројатно син на покојникот, зад кој има коњ во кас.

---

130 N. Sekunda-R. Hook, (1998) 22, Спартанскиот химатион се нарекувал τριβομη и претставувал долга наметка која се користела преку цела сезона и била приспособена за секого. Момчињата ја носеле при тренинг и лето и зима, да се навикнат на издржливост, а возрасните за да ја покажат психичката цврстина. Агесилај наредил да се носи иста наметка (cloak), цела сезона. Со текот на времето се појавила мода наметката да не се пере за да се покаже дека се носи низ целата година. Подоцна трибоме била прифатена од оние кои им се восхитувале на Спартанците и го прифаќале нивниот начин на живот, дури и од некои атински философи, на пр. Сократ.

131 N. Sekunda-R. Hook, (1998) 23.

132 H. A. Thompson, (1949) 374, Pl.52 br. 1, ран 5 в.ст.е.; D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.39 br.261, 5 в.; Б. Тасиħ, (1990) 97-98, околу 500 г.ст.е.

133 H. A. Thompson, (1949) 374, Pl.52 br.1, ран 5 в.ст.е.; D. Woysch-Méautis, (1982) 124-125 PL.39 br.260, 5 в.ст.е.; Б. Тасиħ, (1990) 98, почеток на 5 в.ст.е.

134 Б. Тасиħ, (1990) 97-98.

135 D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.39 br.262, можеби од (Lydie-Sardes?).

136 H. A. Thompson, (1949) 374 Pl.52 br.1, ран 5 в.ст.е.; D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.39 br.262, 5 в.ст.е.

137 D. Woysch-Méautis, (1982) 114 PL.20 br.120, 5 в.ст.е.

Во сцената дексиосис изведена на споменикот од Ламsакос - Атика (*К.бр.46*) датиран во 4 в.ст.е.,[138] мажот прикажан најдесно, под левото раме се потпира на стап. Тој заедно со двете деца се опростува од покојничка седната на клине.

Мажот кој е претставен на споменикот од Атика (*К.бр.47*) датиран во 4 в.ст.е.,[139] седи на клине и со левата рака придржува стап, прикажан во друштво со куче, кое седи мирно.

На споменикот од Илис - Атина *(К.бр.37)* датиран околу 340 г.ст.е., се третирани две фигури во цел раст, татко и син. Таткото се потпира на долг дебел стап на кој се познаваат израстоците од исечените гранки, алузија на неговата длабока старост, а синот со левата рака (сега откршена како и десната) затегнувал лагоболон, поставен крај десната нога. со израстоци од отсечени гранки, кој можеби алудира на прераниот крај на неговиот живот. До нозете има наго дете свиткано од болка и тажно куче .

Сижето поставено на споменикот од Орхомена-Бојотија (*К.бр.42*) продолжува и понатаму, но се среќаваат и варијации на темата каде покојникот може да седи на клине или да стои во друштво со роднините, или да присуствува во сцената дексиосис.

## б. висока ваза со стап - толчник

**Висока ваза со стап - толчник:** *(К.бр. 48)*

На споменикот од Трогир (Tragurion) *(К.бр.48)* датиран од 2-1 в.ст.е., во рацете на жена прикажана со химатион префрлен преку глава, која седи на клине, се забележува стап кој го притиска со двете раце и дроби или меша нешто во долг сад ваза - толчник, или толчи бибер или грозје?. Таа нозете ги качила на табуретка. Насекаде блика тивка резигнација. На овој споменик можат да се забележат последните рефлексии на хеленизмот претставени преку изборот на темата, начинот на третирање и димензиите на споменикот,

[138] D. Woysch-Méautis, (1982) 117 PL.28 br.152a, 4 в.ст.е.
[139] D. Woysch-Méautis, (1982) 128-129 PL.48 br.309, 4 в.ст.е.

кој отстапува место на периодот кој следи, за жал, римскиот. Едноставно, ова е еден од последните ремек - дела на хеленската уметност.

Секако, оваа сцена е поврзана со подлабоко култно и симболично значење, верувањето во задгробен живот и циклусот на повторно раѓање. Толчникот може да симболизира смрт, разделба, но и обнова и регенерација.

## в. стригил

**Стригил:** *(К.бр.19,49,50,51,52,53,54,55,56,57,58,59,60)*

Стригилисот претставува орудие со специфичен облик и намена, кое тесно е поврзано со вежбите и животот во старогрчките гимназиони[140] со системот на воспитување, како физичкиот, така и духовниот, на идните граѓани на полисите. Бидејќи во хеленските градови војската претежно се пополнувала со синовите на граѓаните, на подготовката на младината за воена служба и се давало големо значење. Списоците на ефебите и победниците од локалните натпревари напишани на камените споменици се поставувале на истакнато место во гимназионите, а учеството на големите натпревари се сметало за голема чест, не само за учесниците, туку и за градот од кој тие доаѓале. Затоа, појавата на стригилот во гробниците би требало да сведочи за посебниот начин на живот.[141]

Стригилот се јавува на разни места посебно на гробниците на оние антички граѓани кои живееле лесен (хедонистички) живот.[142]

Најрана појава на стригил како декор среќаваме во 5 в.ст.е., на споменикот од Ставромене - Крит *(К.бр.49)* датиран во 5 в.ст.е.,[143] каде во левата рака момчето кое е изведено наго, за рачка држи стригил, како и лутрофор. Во десната рака држи храна која ја подава на своето куче кое ја подигнало муцката.

[140] N. Sekunda-A. Hook, (2000) 32 B, војници при вежба во гимназион, од кои едниот користи стригил.
[141] M. Parović-Pešikan, (2005) 113.
[142] P. Lisičar, (1958) 323.
[143] D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.40 br.267, 5 в.ст.е.

На споменикот од Еубеја *(К.бр.50)* датиран во 5 в.ст.е.,[144] момчето во левата рака држи стригил и лутрофор, а во десната има храна со која го храни кучето кое стои мирно. Во левата рака на момчето поставено централно меѓу две фигури (тројцата со откршени глави) на споменикот од Порто Рапти - Атика *(К.бр.51)* датиран во 5 в.ст.е.,[145] е изведен стригил и лутрофор. Во десната држи зајак за уши, а до нозете регистрираме куче.

На споменикот од Атина *(К.бр.52)* датиран во 5 в.ст.е.,[146] во левата рака на момчето која е полусвиткана се забележува стригил поставен исправено, а во десната рака на момчето изведено на споменикот од Теспис - Бојотија *(К.бр.53)* датиран во 5 в.ст.е.,[147] е прикажан стригил кој е многу фрагментиран, а до нозете има куче.

Од 4 в.ст.е. стригилот се јавува во сцената дексиосис на споменикот од Вергина - Македонија (*К.бр.19)* датиран во 4 в.ст.е., каде и покрај фрагментираноста, се гледа дека во левата рака на мажот е претставен стригил со задебелена рачка, кој е прекршен по целата висина водорамно, а на споменикот од Атина (*К.бр.54*) датиран во 4 в.ст.е.,[148] во левата спуштена рака на момчето, кое е наго, е моделиран стригил, а до нозете има наго момче.

На споменикот од Атина (*К.бр.55*) датиран во 4 в.ст.е.,[149] во левата спуштена рака на момчето се јавува стригил и лутрофор, а во десната рака, храна која ја дава на куче.

Во левата рака на момчето предадено на споменикот од Танагра - Бојотија (*К.бр.56*) датиран во 4 в.ст.е.,[150] е изведен стригил свртен надолу со сечилото, како и лутрофор. Во десната рака тоа држи храна со која го храни кучето, кое мирно стои.

---

[144] D. Woysch-Mեautis, (1982) 125 PL.40 br.268, 5 в.ст.е.
[145] D. Woysch-Méautis, (1982) 126 PL51 br.275, 5 в.ст.е.
[146] D. Woysch-Mեautis, (1982) 133 PL.59 br.353, 5 в.ст.е.; G. J. Oliver, (2000) 36 fig.2.5, 430-425 г.ст.е.
[147] D. Woysch-Mեautis, (1982) 126 PL.41 br.277, 5 в.ст.е.
[148] D. Woysch-Mեautis, (1982) 112 PL.16 br.90, 4 в.ст.е.
[149] D. Woysch-Mեautis, (1982) 118 PL.26 br.162, 4 в.ст.е.
[150] D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.43 br.287, 4 в.ст.е.

Во десната полусвиткана рака на момчето моделирано на споменикот од Каристос - Еубеја (*К.бр.57*) датиран во 4 в.ст.е.[151] е прикажан стригил, кој е поставен исправено кон лицето. Крајот на долгиот химатион кој го носи го префрлило преку левата рака, а до десната нога е поставено куче кое ја исправило главата и гледа во својот господар.

На споменикот од Атина (*К.бр.58*) датиран во 4 в.ст.е.,[152] во десната рака момчето држи стригил, кој е свртен наопаку, лево има наго момче, а меѓу нив куче кое јаде. Покојникот химатионот го превиткал преку левата рака.

Во десната полуподигната рака момчето третирано на споменикот од Пиреја - Атика (*К.бр.59*) датиран во 4 в.ст.е.,[153] држи стригил приближен кон лицето, а долу кај нозете има куче. Момчето е прикажано како замислено, а на споменикот од Саламина - Атика (*К.бр.60*) датиран во 4 в.ст.е.,[154] момчето во десната рака која е поставена лево под градите, над стомакот држи стригил, а лево од него има наго момче со лутрофор во десната рака.

Сижето на сцената во која се јавува стригилот е покојник кој најчесто е изведен наг како во раката држи стригил, понекогаш со лутрофор, сам или во друштво со мало наго момче, роднини или куче.

Разбирливо е дека наодите од ваков вид би се очекувале во оној дел на бивша Југославија, каде влијанието на старогрчката култура било најсилно, пред сè во Македонија и на јадранскиот брег. Постоењето на гимназиони во некои од античките градови во Македонија е потврдено со епиграфски и археолошки наоди, пр. во Стибера и Стенае, Демир Капија. Поголемата концентрација на железни и бронзени стригили токму во некрополата во Демир Капија, отвора можност за претпоставка за постоење на гимназион барем од IV в.ст.е., ако не и порано...[155]

---

[151] D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.43 br.287a, 4 в.ст.е.
[152] D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.45 br.297, 4 в.ст.е.
[153] D. Woysch-Méautis, (1982) 128 PL.48 br.305, 4 в.ст.е.
[154] D. Woysch-Méautis, (1982) 135 PL.62 br.370, 4 в.ст.е.
[155] M. Parović-Pešikan, (2005) 113-114.

П. Лисичар, дотогаш пронајдените железни и бронзени стригили ги поделил во две групи: 1.стригили од предримско доба од 4 в.ст.е. и 2. стригили од римска доба.[156]

Стригилот од првата група се одликувал со лентеста позади свиткана рачка, а римскиот со рачка на масивен држач.[157]

Според цртежите на вазите кои ги проучил H. Marvitz, може да се зборува за два основни облика на стригилите, класифицирани според обликот на рачката, како основен критериум: 1. со рачка во облик на стап или цилиндричен тулец за насадување на рачката и 2. со рачка во облик на превиткана лента во вид на петла - копче (за носење на стригилот на каиш или за да може да виси на ѕид), односно слободно лебдеечка рачка. Рачката на стригилот од првата група продолжувала во лачно свиткан дел како жлеб, кој служел како стругалка при чистење на телото од песок и масло по вежбањето во палестрата. Овој тип се јавува на преминот од VI во V в.ст.е., до последната третина на V в.ст.е. Развојот на првиот тип на стригили може да се следи врз основа на положбата на жлебот на стругалката во однос на рачката и кон помалата или поголемата заобленост на нејзиниот лак кој станува сè поголем, со текот на времето добивајќи полукружен облик.[158]

Тенките плочести рачки на железниот стригил во доцнохеленистичко и раноримско доба, веројатно се обложувале со дрвена и коскена оплата, а стругалката прво се состоела од лентест бронзен лим малку свиткан, без жлеб. и алатката повеќе личела на крив нож, а подоцна добила жлеб со полукружен пресек и стандарден полулачен облик на стругалката, кој во меѓувреме се развил.[159]

Кај вториот тип со лентеста рачка свиткана во облик на копче, рачката секогаш е помала од стругалката. Според H. Marvitz, според начинот на прицврстување на рачката, постојат четири групи на стригили:

---

[156] P. Lisičar, (1958) 323-329.
[157] M. Parović-Pešikan, (2005) 114.
[158] M. Parović-Pešikan, (2005) 115.
[159] M. Parović-Pešikan, (2005) 116-117.

а. со рачка свртена кон внатрешната страна, V в.ст.е.

б. со рачка свртена кон надвор која слободно лебди, VI-V в.ст.е.

в. варијанта како претходната, но рачката на надворешната страна на стругалката е прицврстена со нитни и

г. со целосно затворена масивна рачка, скоро симетрично поставена во однос на стругалката.

Стригилите (како гробни наоди) се јавуваат од V в.ст.е. до хеленистичко доба, а биле направени од бронза и од железо.[160]

Овој инструмент се користел и во медицината и во козметиката во старогрчкото и римското културно подрачје првенствено од мажи.[161]

## г. вагонет - кочија

**Вагонет - кочија**: *(К.бр.61,62,63,64,65,66)*

Претставата на вагонет - отворена кочија на спомениците укажува дека играчката може да се сфати како еден детаљ, детето е прикажано со својата омилена играчка додека било живо, која може да се најде и на „оној" свет.

Вагонет или кочија - играчка се јавува во 4 в.ст.е. и тоа на споменикот од Атика[162] *(К.бр.61)*, каде момчето со левата рака со рачка држи кочија која е поставена на левиот тимпанон и има кружна форма, а во десната рака држи храна која ја подава на куче. Истата претстава се забележува и на споменикот од Пиреја - Атика[163] (*К.бр.62*), само кочијата е со помали димензии, а кучето различно од претходното скока.

Детето претставено на споменикот од Пиреја - Атика[164] (*К.бр.63*), со левата рака стиска долга рачка од играчката која е поставена покрај левата нога и има голема кружна форма. Во десната рака држи храна со која храни

[160] M. Parović-Pešikan, (2005) 117.
[161] P. Lisičar, (1958) 323.
[162] D. Woysch-MЏautis, (1982) 119 PL.27 br.192, 4 в.ст.е.
[163] D. Woysch-MЏautis, (1982) 119 PL.27 br.193, 4 в.ст.е.
[164] D. Woysch-MЏautis, (1982) 119 PL.27 br.194, 4 в.ст.е.

куче, а на споменикот од Атика[165] (*К.бр.64*) ја има истата поставеност на детето, играчката и кучето, но главата на детето е откршена.

На споменикот од Атика[166] (*К.бр.65*) чија пластична декорација е излижана, момчето во левата рака држи рачка со која ја придржува играчката поставена во долниот лев дел на споменикот, при што еден дел од играчката е на рамката. Во десната рака има храна со која храни куче, а на споменикот од Лиопеси - Атика[167] (*К.бр.66*) ја има истата поставеност, со таа разлика што кочијата има поголеми димензии, а релјефот е моделиран многу попластично.

Иконографијата на оваа сцена е претставата на младо наго момче како дрчи кочија во друштво на своето милениче кучето, кое го храни.

Појавата на принесување на мала метална кочија во гробовите на некрополите е присутна во Требеништа, Синдос и др. места. Овој обичај може да се поврзе со верувањето дека со присуството на кочијата покојникот полесно ќе стигне до подземниот свет. Во таа насока може да послужи и фактот дека Ѕевс се возел на небото со кочија, исто така и Хад и Хермес се прикажувани со кочии.

Подоцна во 1 в.н.е. царот Нерон се прикажувал како Аполон со китара во рака или како возач на Соловата квадрига (кочија), со што ја симболизирал победничката власт.[168]

### д. четка

**Четка:** *(К.бр.68)*

Појава на ова ретко застапено орудие среќаваме на споменикот од Атина (*К.бр.68*) датиран во почетокот на 3 в.ст.е.[169] каде во десната подигната рака на мажот се забележува четка за тимарење, а коњот е прикажан во моментот по враќањето од јавање кога треба да биде исчеткан, нахранет и припремен за одмор. Во овој случај, четката јасно укажува на професијата на

[165] D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL.27 br.194a, 4 в.ст.е.
[166] D. Woysch-Méautis, (1982) 118 PL.27 br.178, 4 в.ст.е.
[167] D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL.29 br.195, 4 в.ст.е.
[168] Ž. Miletić, (2007) 130 f.n.14.
[169] Б. Тасић, (1990) 151-152, почеток на 3в.ст.е.

покојникот кој бил коњушар. Во општата сеопфатност на симболиката, можеби тука се работи дека покојникот треба да биде чист (исчистен), за да може полесно да влезе во Рајската градина.

## ѓ. чамец - чун

**Чамец - чун:** *(К.бр.4)*

Бродот (чун) симболизира патување, т.е. тој е симбол и средство за премин кон Другиот свет. Харон со својот чун ги носи душите во подземниот свет.

На споменикот од Атика (*К.бр.4)* датиран во 2/2 на 5 в.ст.е., е предаден клун од брод. Во релјефното поле е моделирана претстава на војник морнар кој седи крај носот на чун, а зад него е изведена неговата воена опрема, коринтски шлем, поставен врз хоплитски штит. Клунот од бродот можеби бил декориран како и голата површина на споменикот, која била обоена со сина боја како морето.[170]

Во овој случај дознаваме дека тој бил морнар кој служел на брод, самото положување на оружјето значи дека повеќе не е жив, а сега бродот го носи во подземниот свет. Треба да се напомене дека бродовите во војните и битките кои се воделе во тоа време, служеле како орудие за транспорт на војска и продукти, т.е. логистичка поддршка.

## е. лира – музички инструмент

**Лира - музички инструмент:** *(К.бр.67)*

На споменикот од Потидеја (*К.бр.67*) датиран во 380 г.ст.е.,[171] мажот во левата рака држи лира, музички инструмент кој е фрагментиран, а во десната метален предмет, веројатно за свирење. Оваа претстава на лира е единствена

[170] Б. Тасић, (1990) 114-115; Според Ph. de Souza, (2002) 68, се работи за Атињанец кој загинал во Пелопонеската војна; Според N. Fields, (2007) 20, покојникот бил морнар.
[171] J. Vokotopoulou, (1996) 32, 380 г.ст.е.

на третираните споменици и укажува дека починатиот по професија бил музичар.

Лирата[172] е еден од атрибутите на Аполон, Хермес, Полихимнија, Уранија, Ерато и Орфеј, во тој контекст се поврзува со музиката, поезијата и уметноста.

## II. 3. СИМБОЛНИ СЦЕНИ, ЖИВОТИНСКИ ПРЕТСТАВИ И ТЕХНИКИ НА УКРАСУВАЊЕ

- **Дексиосис:** *(К.бр.6,11,16,19,27,40,46)*

На надгробните споменици од раноантичкиот период од крај на 6 в.ст.е.-4 в.н.е., се јавува човечката фигура, следена често заедно со оружје и орудија, во сцени поврзани со задгробниот живот, како што е опростувањето или дексиосис.

Најрана појава на оваа сцена дексиосис во комбинација со оружје и орудија регистрираме на споменикот од Атина (*К.бр.16*) датиран од 4/4 на 5 в.ст.е., каде момчето војник кој бил коњаник, се опростува од татко му, кој е претставен како старец како се потпира на стап под десното раме. Самиот чин на разделба (дексиосис) е изведен со поздравување со десната рака. Војникот во левата рака држи две долги копја од кои едното kамах, а на главата носи шлем-petasos. Зад него е прикажан коњ во цела големина.

Сцената дексиосис е третирана и на споменикот од Атина *(К.бр.11)* датиран околу 410 г.ст.е., каде опростувањето е меѓу двајца мажи војници кои со десната рака се ракуваат. Тие се прикажани со штитови во левата рака и шлем на глава, а сосем лево, зад првиот војник има жена облечена во долг химатион. Очигледно е дека се работи за сопруга на починатиот кој се простува

[172] Според R. Duev, (2011) 49-59, лирата и китарата претставуваат инструменти од кои произлегла гуслата, која претставува одлика на музичарите во Црна Гора, Јужна Србија и Македонија и денес.

од брат му или некој воен другар. На споменикот од Атика *(К.бр.6)* датиран во 4 в.ст.е. е претставена сцената дексиосис или разделба, од покојникот која е сопруга и мајка, се разделуваат мажот војник, синот кој се обидува да ја допре мајка си со десната рака и мало наго момче, кое со левата рака го тегне нејзиниот химатион. Таа седи на клине со висок наслон, со нозе подигнати на ниска табуретка. До момчето има мало куче, поставени заедно под клинето. Мажот на главата носи шлем, во левата рака држи меч-ксифос, а со десната се ракува со сопругата, чин кој го симболизира опростувањето. Сите детали укажуваат дека тука се работи за опростување од жената, а не од војникот (таткото).

Малото наго момче на сите претстави може да го претставува синот на војникот (покојникот), или да симболизира божество, или психопомп, кое му го подава оружјето на војникот и го испраќа на оној свет.

Во сцената дексиосис изведена на споменикот од Керамеикос - Атина *(К.бр.27)* датиран околу 330 г.ст.е. опростувањето е меѓу татко кој седи на клине и син кој стои или браќа, кои се поздравуваат, а во позадина стои сопругата. Мажот кој стои е војник и е облечен во оклоп, а на левиот бок носи футрола од меч-ксифос.

На споменикот од Вергина - Македонија (К.бр.19) датиран во 4 в.ст.е. во сцената дексиосис предадена е покојничка во момент како седи на клине со нозе подигнати на висока табуретка, а на главата носи капа–каусија. Таа со десната рака се ракува со маж-војник, кој во левата рака држи стригил, а на грбот му виси шлем закачен на врвка. Меѓу нив има момче кое носи капа-каусија, кое се обидува да ја допре покојничката, која во овој случај е мајка и сопруга. *Инаку оштетувањата на стелата која е пукната и скршена*, не го намалува целокупниот впечаток на сцената и фигурите, кои се изведени на највисоко уметничко ниво.

Во сцената дексиосис третирана на споменикот од Ламѕакос-Атина (К.бр.46) датиран во 4 в.ст.е. е прикажана покојничка која седи на клине со висок наслон со подигнати нозе на ниска табуретка. Таа е облечена во долг химатион. Од неа се опростуваат мажот и две деца, од кои помалото се ракува

со десната рака, а поголемото во десната рака држи некој предмет. Мажот под левото раме се потпира на стап. Кон овие споменици припаѓа и споменикот од Какодики, Бела Планина - Крит *(К.бр.40)* датиран во хеленистички период, каде се прикажани двајца Критски стрелци во сцената дексиосис, каде опростувањето е изразено преку ракување со десната рака. На тимпанонот има две конфронтирани петлиња, кои преку симболичниот чин на кукуригањето, го најавуваат утрото т.е. светлината. Војниците во левата рака држат лак со стрели, а на грбот носат тоболец за стрели.

Сцената дексиосис е мошне проширена во 4 в., но и присутна во 3 и 2 в.ст.е.[173]

Со претставата на сцената дексиосис, мајсторите скулптори, а преку нив и дедикантите, јасно ја покажуваат вербата во живот после смртта, со надеж дека овој живот е минлив, а вечен е тој во Хадот. Затоа покојниците се претставуваат во друштво со своите најмили, фамилијата и домашните миленичиња.[174]

Самиот чин на опростување се манифестира преку ракувањето со покојникот, момент кој предизвикува истовремено тага, бидејќи покојникот е мртов, но и силно чувство на надеж, дека тој оди на подобро место, каде подоцна сите ќе му се придружат. Оваа сцена на опростување или дексиосис, е најснажната сцена во надгробната уметност во антиката на Балканот и пошироко. И во овие сцени јасно е нагласена вербата на античкиот човек во задгробниот живот и повторното раѓање, нешто што нè следи и ден денес.

Петлињата прикажани на споменикот од Какодики, Бела Планина - Крит *(К.бр.40)* изведени покрај сцената дексиосис, наоѓаат свое место во симболичките претстави на фунерарната уметност.

Петелот истовремено им е посветен на Ѕевс, Лета, Аполон и Артемида, односно на сончевите богови и лунарните божици. Петелот има и функција на

[173] В. Битракова-Грозданова, (1987) 113.
[174] В. Битракова-Грозданова, (1987) 113-121 Т.I сл.1-5, Т.II сл.4, види повеќе за сцената дексиосис.

психопомп, тој ја носи душата на покојникот на „оној' свет и затоа се поврзува со Хермес, а преку неговата моќ да исцелува, се поврзува со Асклепиј.[175]

Петелот, заедно со песот и коњот, во улога на психопомп ја следат душата до подземниот свет, се борат против силите на темнината и во погребните ритуали им биле посветени на мртвите. Според старогрчката народна традиција, на душата на покојникот му била потребна крв и затоа му принесувале жртвувани животни на гробот. На пример, кај Старите Грци петелот се колел во самата куќа додека покојникот сѐ уште бил во куќата и не бил изнесен од неа, постоело и жртвување на петелот на самиот гроб, така што крвта од закланото животно, течела директно во земјата.[176]

Петелот, исто така, се поврзува со веќе изумрената практика за погребување на домашните под куќниот праг и домашното огниште. Петелот е претставен и како соларен симбол, тој со неговото кукуригање ги изгонува силите на темнината и го најавува изгревањето на сонцето. Кукуригањето на петелот на прагот од куќата, означува доаѓање на посетител. Бидејќи под прагот од куќата биле погребувани предците, петелот преку кукуригање, го најавува нивното доаѓање.[177]

На спомениците *(К.бр.16,20,21,25,30,31)* се јавува претстава на коњ и тоа во неколку разни ситуации**:** како стои гордо покрај господарот, на споменикот (К.бр.16,30), како се подига на две нозе кога покојникот јава на него, на споменикот (К.бр.20,21,31), како стои во место придржуван за узда од некој човек, на споменикот (К.бр.25).

Сите покојници се војници прикажани со своето лично вооружување и можеби коњот асоцира дека биле во коњички одреди или пак јасно го покажува нивниот социјален сталеж - дека се работи за благородници. Не треба да се исклучи и фактот дека можеби се работи за хероизирани покојници или пак што е многу поверојатно, коњот е изведен како редовен учесник во погребниот ритуал и култ од 5-1 в.ст.е.

---

[175] Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 769.
[176] Л. Ковачева, (2009) 47-48.
[177] Л. Ковачева, (2009) 48.

Симболиката коњот го поврзува со темнината на хтонскиот свет, тој истовремено може да симболизира живот или смрт, бидејќи се поврзува со огинот и водата. Коњот Пегас му ја носи молњата на Ѕевс, тој е небесен коњ, но неговото потекло е хтонско, бидејќи тој е плод на љубовта на Посејдон и Горгона. Тој е еден од атрибутите на Посејдон и Аполон кој управува со сончевата кочија.[178]

Уште една карактеристика претставува изведбата на кучето и тоа на надгробните споменици во раната антика, кои им припаѓале на покојници, кои се прикажани со разни орудија и оружја, на пример со стап на спомениците (К.бр.42-47) датирани од крај на 6 в. до крај на 4 в.ст.е., со стригил на спомениците (К.бр.49-59) датирани во 5 и 4 в.ст.е., со кочија на спомениците (К.бр.61-66) датирани во 4 в.ст.е., со лаголон (К.бр.35-38) датирани во 4 в.ст.е. од кои на (К.бр.37) со лаголон и стап и во сцената дексиосис со војник со меч и шлем (К.бр.6) датирана во 4 в.ст.е.

Покојниците се претставени во друштво со своите домашни миленичиња, т.е. кучиња, кои се прикажани реално, како стојат или скокаат околу своите господари кои ги хранат со скакулци.

На претставите на кучињата не треба да се гледа само како на израз на мода или моден детаљ, бидејќи самото присуство на кучето во надгробната уметност од околу 200 г. на спомениците од Балканот, укажува дека тие биле важен дел од фунерарната уметност во антиката и ни дава за право да помислиме и на неговото симболно значење.

Кучето се поврзува со симболиката на смртта, подземниот свет (Кербер, Анубис) хтонските и лунарните божества. Тоа има улога на психопомп (во таа функција се поврзува со богот Хермес), водич на човекот низ темнините на смртта, откако претходно му било придружник низ светлината на животот. Кучето се јавува и како посредник меѓу овој и „оној“ свет, тој е симбол и на

[178] Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 487-497.

Хеката, божица на темнината, која е придружувана од повеќе кучиња и е еден од атрибутите на Асклепиј.[179]

На споменикот од Ареополис - Лаконија *(К.бр.8)* датиран во 1/2 на 5 в.ст.е е изведена претстава на исправена змија наспроти момче со меч, штит и шлем, поставен долу на земјата. Тука змијата го симболизира злото, непријателот кое момчето треба да го победи за да стане војник во процесот на иницијација или пак прерано починатото момче е прикажано со оружје, за да може и на „оној“ свет да се бори против непријателот, во овој случај претставен преку змијата, која го симболизира подземниот свет.

Змијата го симболизира непријателот, т.е. злото кое треба да се победи, но може да симболизира и херос, затоа нејзината улога тука не е сосем јасна.[180]

Карактеристична е и појавата на зајак, на пример на споменикот (К.бр.51) датиран во 5 в.ст.е. мажот во левата рака држи стригил и лутрофор, а во десната држи зајак за уши, како и на споменикот (К.бр.36) датиран во 4 в.ст.е. каде покојникот покрај лаголонот во левата рака, во десната држи зајак за уши. На двата споменика е прикажано и куче кое скока околу својот господар и зајакот.

Ако појавата на зајакот покрај лаголон на споменикот (К.бр.36) може да асоцира дека лагболонот како оружје се користел при лов на зајаци, но во комбинација со стригил на споменикот (К.бр.51) секако се поврзува со погребниот култ и задгробните обичаи и едно циклично верување во обнова на животот.

*И тука до израз доаѓа јасно* изразената желба и молба за нов живот на дедикантите, кои својата симболичка замисла ја пренеле на скулпторите.

Во однос на техниките на украсување, од крај на 6 в. до втората половина на 4 в.ст.е. се забележува појава на техника на нанесување на деталите со боја, целосно или делумно, на пример на спомениците

---

[179] Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 560-566.

[180] N. Sekunda-R. Hook, (1998) 59, младиот воин бил perioikos, сениорски офицер.

(*К.бр.2,4,10,20,33*), а во некои случаи е користена прекрасна техника на боење и осветлување во внатрешноста на деталите, за потенцирање и контраст наспроти црно обоениот камен, техника која потсетува на гравирање (*К.бр.7,13*) во 5 и 4 в.ст.е.

# III. ПРЕТСТАВИ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД

Од Републиканскиот период кој претходи на Империјалниот римски период, се издвојуваат два споменика:

Војникот на споменикот од Драч - Dyrrachion *(К.бр.69)* датиран од 200-104 г.ст.е.,[181] на главата носи шлем кој е фрагментиран, во десната рака има широк гладијаторски меч, а во левата рака држи овален штит - туреос. На нозете носи високи кнемиди кои ги штитат и колената, а на телото има мускулест оклоп кој заради борбениот став не се гледа. Околу слабината е обвиен со појас, чиј крај виси под краткиот хитон.

Војникот на споменикот од Драч - Dyrrachion *(К.бр.70)* датиран 200-104 г.ст.е.,[182] на главата носи шлем, а во левата подигната рака држи меч. Од зачуваните фрагменти на кружната рачка, претпоставуваме gladius? Во десната рака држи голем овален штит - туреос, или правоаголен scutum со вовлечени рабови, кој е благо свиткан кон внатре и на телото носи мускулест оклоп со апликација на Горгона на градите. На нозете има високи кнемиди, кои се врзуваат со дебели врвки кои се прикажани, а ги штитат и колената.

Од Империјалниот римски период се издвојуваат 157 споменици од 1-4 в.н.е., т.е., период во кој Рим наметнува правила, но и диктира мода која се

[181] М. Грбић, (1958) К.16 Т.XX; N. Sekunda-A. McBride, (1996) 24, 200-104 г.ст.е.
[182] М. Грбић, (1958) К.17 Т.XXI; N. Sekunda-A. McBride, (1996) 24, 200-104 г.ст.е.

манифестира пред сè, во масовна изработка на надгробни споменици, кои полека стануваат сè повеќе фабрички, а сè помалку уметнички творби.

Разновидноста на декоративните елементи, најчесто е условена од модата, а не од желбата на дедикантите, во конкретниот случај вниманието е насочено кон специфични мотиви - оружје кое го користела војската и затоа најчесто моделираните покојници се војници прикажани со нивните најблиски, што е од особена важност за да се види какви сè оружја користеле, но и орудија, најчесто за изработка на стелите, медалјоните, ципусите и сл., како и алатки користени во секојдневниот живот при извршување на домашните задачи, но и употребени и во погребни ритуали и култови.

## III. 1. НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД ИМПЕРИЈАЛНИОТ ПЕРИОД

Припадниците на римските легии на почетокот имале униформирано вооружување, различно од арсеналот кој бил користен од помошните трупи. Со тек на времето, а особено во доцната римска историја, разликата меѓу вооружуваето користено во легиите и тоа во помошните трупи, постепено се изгубило, а првенство добиле ефикасните и економични оружја. Во одбранбено или дефанзивно вооружување на легионерите спаѓале: шлем (galea, cassis), штит (scutum), метален телесен оклоп (lorica) и штитници за потколеници (ocreae). Како офанзивно вооружување, т.е. оружје за напад на противниците легионерите користеле: краток меч (gladius), pilum и копје (hasta, lancea). Освен меч војникот на појасот (cingulum) можел да носи и краток бодеж (pugio) кој според потреба бил користен при борба, лов, или во секојдневниот живот.[183]

Оружјето кое се јавува како пластичен декор на надгробните споменици од 1-4 в.н.е., според својата намена можеме да го поделиме на два основни вида и дополнителна опрема:

[183] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 28.

- **напаѓачко оружје: копје, меч, лак, лагоболон.**
- **одбранбено оружје: штит, шлем, оклоп, кнемиди.**
- **дополнителна опрема: бодеж, штитник, војнички појас.**

## III. 1. 1. НАПАЃАЧКО ОРУЖЈЕ

### а. копје:

На спомениците од 1-4 в.н.е., како составен дел од воената опрема, се наоѓаат неколку видови на копја:

- **копје – hasta**
- **копје – pilum**
- **копје – спадика**

- **копје-hasta:***(К.бр.77а.,83,84,85,89,105,106,107,111,123,124а.,125,127, 128,131,132,133,134,135,137,145,146,147,148,149)*

Копјето (hasta, lancea) е едно од најстарите облици на офанзивно вооружување, кое било распространето како меѓу пешадијата, така и меѓу римската коњаница. Составено е од метален (најчесто железен) врв, дрвена рачка и заден метален опков-копче (spiculum).

Најрана појава на овој декор среќаваме на споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е.[184] каде на левата страна е изведено копје – hasta, на кое се нанижани phalerae-signum и два ромбоидни врва од копја – hasta, а десно, одгоре - надолу: копје со ромбоиден врв.

На споменикот од Pula *(К.бр.77 а.)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е.,[185] се јавува копје - hasta со кратка тенка рачка и метален врв во форма на срце, а

[184] A. Starac, (1995) 77-78, 90 T.5.3, 1 в.ст.е.-1 в.н.е.
[185] A. Starac, (1995) 77, 91 T.6.3, средина или 3/4 на 1 в., ibid, (2006) 111-112, br.71, 2/4 на 1 в.

коњаникот изведен на спомeникот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е.,[186] во десната рака држи две долги копја – hasta.

Атена која е претставена десно на споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е.,[187] во десната рака држи долго копје – hasta, потпрено на земјата.

Војникот на споменикот од Атина *(К.бр.84)* датиран во 2 в.н.е.,[188] во десната рака држи исправено копје – hasta, а на споменикот од Атина *(К.бр.85)* датиран во 2 в.н.е.[189] војникот во десната рака држи копје – hasta.

На десната бочна страна на споменикот од Pula *(К.бр.124 а.)* датиран во 2/4 на 2 в.н.е.,[190] е прикажано копје - hasta со кратка дебела рачка и голем триаголен метален врв,[191] а на споменикот од Бардовци *(К.бр.125)* датиран во 2 в.н.е.,[192] во десната рака на војник, наоѓаме копје- hasta со долга тенка дрвена рачка и метален врв во вид на баклава, поставено нагоре и скршено на два дела.

Во десната рака на војникот на споменикот од Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)* датиран во 2 в.н.е.,[193] прикажан во борба, се забележува копје со тенка рачка, а на споменикот од Топлица *(К.бр.127)* датиран во 2 в.н.е.,[194] покрај војник кој јава на коњ, е третирано копје со пирамидален метален врв, поставено исправено. Мајсторот скулптор заради големината не успеал да го постави копјето во десната рака на војникот, која е поставена во поза спремна за исфрлање на копјето.

---

[186] B. Campbell, (1994) 32-33, br.42, PL.1, 106 г.н.е.

[187] J. Brunšmid, (1895-1896) 1-13 T.1, 117-138 г.н.е.

[188] E. J. Walters, (1988) PL.38b, 66, f.n.70 ран Северов период, 84 f.n.108; A. Goldsworthy, (2003A) 118, 2 в.н.е.

[189] E. J. Walters, (1988) PL.38c, 66, f.n.70, ран Северов период, 84, f.n.108.

[190] Според A. Starac, (1995) 76, 89, T.4.2, покојникот по занимање бил faber pectinarius-мајстор за мали метални предмети, како и предмети со комбинација од метал, дрво и кожа; ibid, (2006) 124-125 br.83, 2/4 на 2 в.

[191] A. Starac, (1995) 125 br.83, смета дека под ножот има столарска blanja runcina, лево метален предмет за пишување- stilus, а десно друг со рачка. Комлет восочни плочки со комлет stilusi со рачка за носење и ланец-(codex ansatus), еден од атрибутите на воените офицери.

[192] A. J. Evans, (1885) 88,120,122, fig.60; М. Димица, (1896) n.325; CIL III 8201; Н. Вулић, (1931) 202 бр.532 и 206-207 бр.545; I. Cremošnik, (1958a) 11, br.545; A. Mócsy, (1970) 66, f.n.28 и 35, 2в.; П. Петровић, (1975) 76 и T.III бр.2, 2-3 в.; B. Josifovska, (1982) 78-79 br.47, време на Хадријан; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.40 fig.73-N.81, 2 в.

[193] D. Sergejevski, (1957) 118-120, br.9 sl.3, 2 в.

[194] M. Ricl, (1994) 153-154, T.XIII br.3, 2 в.; G. De Gruyter, (1999) 114-115 br.242, 2 в.

Во десната рака на војник на споменикот од Битола *(К.бр.83)* датиран во 1-2 в.н.е.,[195] е моделирано копје - hasta, со дебела кратка рачка и триаголен метален врв, кое го држи исправено со врвот нагоре, а на споменикот од Bjelovar *(К.бр.128)* датиран од 1-2 в.н.е., во релјефното поле се прикажани врвови на копја-hasta.

На споменикот од Ресава *(К.бр.111)* датиран од 1-2 в.н.е.,[196] во тимпанонското поле се јавуваат две копја – hasta, симетрично поставени меѓу столбови со база и акротерија и декорација со флорални елементи, прикажани со врвовите нагоре, со долги дебели дрвени рачки и метален триаголен врв, а на споменикот од Димитриево - Pizus *(К.бр.148)* датиран на почеток на 3 в.н.е., во тимпанонот е претставен мал кружен штит со умбо и две копја- hasta свртени со врвовите од двете спротивни страни.[197]

Во левата рака на дете војник изведено на споменикот од Пиперица *(К.бр.132)* датиран во 3 в.н.е.,[198] е претставено долго копје, со дебела дрвена рачка и голем метален врв, а на споменикот од Basianae - Donji Petrovci *(К.бр.134)* датиран во средина на 3 в.н.е.,[199] во десната рака на војник се забележува големо копје, поставено со врвот нагоре, со кратка дебела рачка и голем метален врв во вид на баклава.

Војникот третиран на споменикот од Sirmium - Сремска Митровица *(К.бр.135)* датиран околу 261 г.н.е.,[200] во десната рака држи кратко копје - hasta со кратка дрвена рачка и метален врв во облик на баклава, а на споменикот од Ботевград *(К.бр.133)* датиран во 3 в.н.е.,[201] во десната рака на војник е прикажано копје, поставено исправено со врвот нагоре.

---

[195] Н. Вулић, (1931) 15 бр.22; ibid, (1941-1948) 298 бр.43; Б. Јосифовска, (1961) 80, 103, бр.101, доцно римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 48 br.92, 1-2 в.
[196] Н. Вулић, (1931) 74 бр.173; ibid, (1933) 40-41 бр.135; ibid, (1941-1948) 77 бр.165; Н. Проева, (2010) 96 сл.3.
[197] G. Mihailov, (1964) T.70, 103-125 br.1690, почеток на 3 в.н.е.
[198] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 28, 22/35, 115, време на Каракала; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) fig.2.4 cat.49, 3 в.
[199] V. Dautova-Ruševljan, (1983) 172 T.4 sl.5, средина на 3 в.
[200] V. Dautova-Ruševljan, (1983) 170 T.2 sl.6, околу 261 г.
[201] Д. П. ДимитровЬ, (1942) 37, 55/88, T.XXVI, 3 в.

Првиот маж на споменикот од Скопос *(К.бр.131)* датиран во 3 в.н.е.,[202] во десната рака држи долго копје, а во левата скиптар или spata, а вториот и третиот во левата рака долго копје – hasta, со дебели долги дрвени рачки и голем метален пирамидален врв, а на споменикот од Трговиште, Зајечар *(К.бр.107)* датиран во 3 в.н.е.,[203] е претставен метален врв од копје – hasta, во форма на баклава.

На тимпанонот на споменикот од Провадија *(К.бр.147)* датиран во 3 в.н.е., е предаден мал кружен штит со мало умбо и копје- hasta со долга рачка, а во релјефното поле во десната рака на коњаникот се гледа уште едно копје,[204] како и на споменикот од Калуѓерица *(К.бр.149)* датиран во 3 в.н.е., каде во тимпанонот е изведен мал кружен штит со мало умбо и копје-hasta со долга рачка.[205]

На тимпанонот на споменикот од Девња - Marcianopolis *(К.бр.145)* датиран на почеток на 4 в.н.е.,[206] наоѓаме копје - hasta со долга дрвена рачка и метален врв во форма на лист поставено дијагонално со врвот надолу, а на споменикот од Макреш, Кулско *(К.бр.146)* датиран најрано од 1/2 на 4 в.н.е.,[207] во долниот ред, коњаникот во десната рака држи копје - hasta, со врвот спуштено надолу.

Момчето војник кое централно е поставено на споменикот од Карналово, Петричко *(К.бр.137)* датиран во 4 в.н.е.,[208] во левата рака преку рамето држи кратко копје – hasta.

Копјето (hasta, lancea) е едно од најстарите облици на офанзивно вооружување, многу распространето како меѓу пешадијата, така и меѓу римската коњаница. Составено е од метален (најчесто железен) врв, дрвена

---

[202] T. Rizakis-G. Touratzoglou, (1985) 137-138 бр.148; A. Rizaki- I. Touratsoglou, (2001) 271 бр.24, 3 в.

[203] Н. Вулић, (1931) 83, бр.196; според мечот спата во 3 в.н.е.

[204] G. Mihailov, (1958) 195 br.829.

[205] G. Mihailov, (1961) Т.240, 251-254 br.1517.

[206] Д. П. ДимитровЬ, (1942) Т.XXI 65/76,76а, почеток на 4 в.; G. Mihailov, (1958) 189-190 br.814.

[207] Д. П. ДимитровЬ, (1942) 33, 43/19, Т.V, најрано од 1/2 на 4 в.

[208] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 42-43, 121, 43/62, 4в. (време на Константин Велики); ); Според Б. ГеровЬ, (1961) 190-191, портретната надгробна пластика во долината на Средна Струма во втората половина на 3 в. е во опаѓање, а од почетокот на 4 в. воопшто ја нема и затоа сите споменици ги датира најдоцна до 270 г. и упадот на Готите; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) 195 fig.2.3, cat.37, 4 в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 34, обр.12, втора половина на 2 –почеток на 3 в.

рачка и заден метален опков-копче (spiculuм). Тие се поделени на лесни копја за фрлање со кратка рачка и мал врв (lancea) и масивни примероци користени за бодење (hasta). Во периодот на раното царство користењето на копјата била одлика на помошните единици и коњаницата, а од времето на императоторот Марк Аурелиј, тие масовно биле користени во легиите кога pilum полека излегува од употреба.[209]

- **копје - pilum:** *(К.бр.71,77б.,88,96,100,101,109,110,112,113,114,116,117,118,120,121,122,123, 126,129,130,136,144)*

Pilum во основа всушност претставува сулица со краток домет на која тежината, а не брзината и овозможува пробивна моќ.

Најрана појава на овој мотив се јавува на споменикот од Исар, Марвинци *(К.бр.71)* датиран од крај на 1 в.ст.е. - почеток на 1 в.н.е., каде војникот поставен најдесно, во левата рака држи кратко копје – pilum,[210] потоа две копја со кратки дрвени рачки и мал метален врв, потпрени на оружје се изведени на споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е.,[211] а три копја- pilum со кратки дрвени рачки и метални врвови во вид на баклави, потпрени зад оружје, претставуваат декор на споменикот од Pula *(К.бр.109)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е.[212]

На споменикот од Pula на неговата втора бочна страна *(К.бр.77 б.)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., сретнуваме три копја - pilum,[213] прикажани со кратки дрвени рачки до 1м. и метален дел со триаголен врв со приближно иста големина, кои служеле за фрлање, а не за бодење, а во десната рака на војникот моделиран на споменикот од Гиген-Oescus *(К.бр.110)* датиран во 1 в.н.е.[214] се забележува кратко копје со тенка дрвена рачка и метален врв поставено исправено со врвот нагоре.

---

[209] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 51-52.
[210] В. Соколовска-Ц. Крстевски, (2011) 278, сл.3, 280 раноримски период.
[211] A. Starac, (1995) 77-78, 90 T.5.2; ibid, (2000) 73 sl.42, 1 в.ст.е.-1 в.н.е.
[212] A. Starac, (2000) 31, sl.14, 1 в.ст.е.-1 в.н.е.
[213] A. Starac, (2006) 112, го менува првобитниот став и смета дека се работи за републикански сулици.
[214] B. Gerov, (1989) 38 T.XV sl.62, 2 в.; M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 75, fig.6.4 cat.61, 78 An.1,1 в.

Во десната рака на војникот качен на коњ на споменикот од Харлец, Ореховско *(К.бр.122)* датиран во 1 в.н.е,[215] е изведено копје со кратка дебела дрвена рачка и метален врв, а на споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., под натписното поле во левата рака на мажот претставен десно, држи копје – pilum.

Во десната рака на војник претставен како јава коњ на споменикот од Кајсареија, Горна Македонија *(К.бр.113)* датиран во 125-126 г.н.е.,[216] е поставено копје - pilum, со кратка дебела рачка и триаголен метален врв, а на споменикот од Долни Дисан *(К.бр.114)* датиран во 1/2 на 2 в.н.е.,[217] во десната рака на војникот кој јава на коњ и се спрема за напад, е третирано копје– pilum со кратка рачка и врвка за полесен маневар.

На тимпанонот на споменикот од Чумаковци, Белослатинско *(К.бр.116)* датиран во 2 в.н.е.,[218] се јавуваат четири вкрстени копја - pilum со кратки тенки рачки и триаголен метален врв, а на споменикот од Тафталиџе *(К.бр.144)* датиран во 2 в.н.е.[219] на тимпанонот се забележува копје - pilum, со голем триаголен метален врв и кратка дебела дрвена рачка.

На споменикот од Монтана, Михаиловград *(К.бр.126)* датиран во 2 в.н.е.,[220] е прикажан врв од копје со листовиден метален врв, а во калатус поставен на тимпанонот на споменикот од Матка *(К.бр.112)* датиран во 2 в.н.е.,[221] наоѓаме два врва од копја изведени во облик на баклава.

Во левата рака на војник моделиран на споменикот од Ореовец *(К.бр.118)* датиран во 2-3 в.н.е.,[222] се забележува копје pilum со долга тенка дрвена рачка, а на споменикот од Шлегово *(К.бр.120)* датиран на почеток на 3

---

[215] Д. П. ДимитровЪ, (1942) 29, 27/43, T.XII, 1 в.
[216] T. Rizakis-G. Touratzoglou, (1985), 60-61 бр.49, 125-6г.; A. Rizaki- I. Touratsoglou, (2001) 248 бр.15, 125-126 г.
[217] Б. Јосифовска, (1961) 45-46 бр.16; В. Соколовска, (1987) 107-108 Т.8 сл.3 No18, ранохадријановски период; J. Jevtović, (1987) 184 br.119, 1/2 на 2 в.
[218] Д. П. ДимитровЪ, (1942) 49, 103/94, T.XXVIII, 2 в.; B. Gerov, (1989) 78 T.XXIX br.162, 2 в.
[219] А. Керамитчиев, (1961-66) 63-64, бр.3 фиг.3; A. et J. Šašel, (1978) 47 br.543; B. Josifovska, (1982) 122-123 br.121; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.119 Fig.227A-N.266, 2 в.
[220] Г. Александров, (1980) 35 обр.2, време на Трајан, 2 в.
[221] A. J. Evans, (1885) 97 и 129 fig.71; CIL III 8210; П. Петровић, (1975) 80-81 T.V бр.31, најдоцна до крај на 2в.; B. Josifovska, (1982) 108-109 br.98; E. Dobruna–Salihu, (2005) T.16 fig.28-No32, 2 в.
[222] Н. Вулић, (1931) 164 бр.428; G. De Gruyter, (1999) 120 br.255, 2-3 в.

в.н.е.,[223] е претставено копје – pilum, со тенка дрвена рачка и метален пирамидален врв.

Во десната рака на мажите изведени на споменикот од Соракево, Мелник *(К.бр.117)* датиран во 2/2 на 2 -почеток на 3 в.н.е.[224] се поставени две копја – pilum, а на споменикот од Соракево, Мелник *(К.бр.129)* датиран во 2/2 на 2- почеток на 3 в.н.е.,[225] во рацете на два војника изведени симетрично, забележуваме две копја со кратка дебела дрвена рачка, со метален врв во облик на баклава, свртени нагоре.

Десно зад грбот на војникот на споменикот од Celeia *(К.бр.121)* датиран во 3 в.н.е.,[226] е третирано кратко копје - pilum во комбинација со штит, а во левата рака на војникот на споменикот од Плоски *(К.бр.130)* датиран во 3 в.н.е.,[227] забележуваме кратко копје, со тенка дрвена рачка и мал метален триаголен врв, спуштено надолу.

На споменикот од Ласкарево, Долни Орман *(К.бр.96)* датиран на крај на 3 в.н.е., во десната рака на војникот се јавува копје - pilum,[228] со кратка дрвена рачка, како и кај момчето во десната рака, поставено позади лево, каде има исто такво копје- pilum, а на споменикот од Ласкарево, Долни Орман *(К.бр.100)* датиран на крај на 3 в.н.е.,[229] во десната рака на војникот, е изведено мало копје - pilum, со кратка дрвена рачка, мал метален врв изведен во вид на баклава, поставено со врвот надолу.

Момчето моделирано горе лево на споменикот од Македонија, непознато потекло *(К.бр.136)* датиран во 4 в.н.е.,[230] во десната рака држи копје - pilum со тенка долга дрвена рачка и триаголен метален врв, а војникот кој е предаден

[223] Р. Петковски, (2009) 45-46, сл.1, почеток на 3 в.
[224] В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 31 обр.6, 32, 34, 2/2 на 2 -почеток на 3 в.н.е.
[225] В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 30 обр.4, 2/2 на 2-почеток на 3 в.
[226] I. Lazar, (2001) 46, sl.57; R. Cowan, (2003A) 7, 3 в.
[227] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 36-37, 35/50, 3в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 29, обр.2, 2/2 на 2- почеток на 3 в.
[228] Според В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 31, обр.8., се работи за стап, а позади лево, детето во десната рака држи копје.
[229] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 42-43, 41/60; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) 195 fig.2.2 cat.43, крај на 3 в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 33, обр.10, 2/2 на 2- почеток на 3 в.
[230] M. Alexandresku-Vianu, (1975) 195 Fig.4.1., cat.60bis, 4 в.

на спомeникот од Heracleae *(К.бр.101)* датиран во 4 в.н.е.,[231] во десната рака држи долго тенко копје – pilum.

Pilum во основа всушност претставува сулица со краток домет на која тежината, а не брзината и овозможувала пробивна моќ. На почетоот врвот претставувал острица во облик на опаш на ластовичка, но бргу потоа се одомаќинила издолжена пирамидална глава, која била идеална за пробивање на тврди препреки, како што се штитот и оклопот. Во некои случаи врвот можел да има листовиден облик. Карактеристика на pilum е таа што под врвот се поставува долга тенка шипка, која се спојува со дрвена рачка. Спојувањето на железниот дел со дрвениот можел да биде изведен на неколку начини, со всаден тулец, односно плочка или трн, кои се вметнувале во внатрешниот дел на дрвената рачка и се фиксирале со клинови, или жабици. Ваквата конструкција му овозможувала на pilum, по пробивањето на штитот заради должината на шипката, да го повреди непријателскиот војник. Поради тоа pilum бил моќно оружје при борба со противник кој бил опремен со штит, особено ако не бил заштитен со оклоп...По пробивањето на штитот често шипката на pilum се виткала, тој се кршел кај спојката на дрвото со железото и непријателот неможел да дејствува со неа.[232]

Иако постои претпоставка дека корените му се од Иберскиот Полуостров, оружјето е од италско, поточно од етрурско потекло, а се употребувал од железно време, освен Римјаните го користеле и Келтите...Римската војска pilum користела во републиканскиот период и во првите три века на Царството.[233]

- **копје - спадика:** *(К.бр.138,139,140,141,142)*

Спадика претставува палмов лист (гранка) кој се доделувал по повод на некоја победа.

Најрана појава на спадика се јавува на споменикот од Actium - Патра *(К.бр.138)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е.,[234] каде покојникот во левата рака држи

[231] G. De Gruyter, (1999) 53 br.109, 4 в.
[232] I. Radman - Livaja, (2004) 23-24.
[233] I. Radman - Livaja, (2004) 23-24.
[234] R. D. Amato-G. Sumner, (2009) 115 br.132, 1/2 на 1 в.н.е.

копје изведено во вид на спадика,[235] а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.139)* датиран во 180 г.н.е.,[236] наоѓаме копје со кратка дебела дрвена рачка со голем метален врв, предадено пластично во вид на стилизиран лист од палма–спадика, кое покојникот, го витка со десната рака.

Мажот на споменикот од Макрохори, Долна Македонија *(К.бр.140)* датиран во 2 в.н.е.,[237] во десната рака држи големо копје изведено во облик на спадика, која претставува симбол на победа, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.142)* датиран од 2-3 в.н.е.,[238] покојникот во левата рака држи копје изведено во облик на спадика.

На споменикот од Филипопол-Пловдив *(К.бр.141)* датиран во 2-3 в.н.е., во левата рака на гладијаторот е поставено копје, претставено во облик на спадика.

- **Фрагментирани копја:** *(К.бр.119,221)*

На споменикот од Соракево, Мелник *(К.бр.119)* датиран во 2/2 на 2 – почеток на 3 в.н.е.,[239] во десната рака на војник е прикажано копје, кое е откршено, со кратка дебела дрвена рачка, а на споменикот од Неине - Илинденци *(К.бр.221)* датиран во 2/2 на 2- почеток на 3 в.н.е.,[240] во десната рака на војник забележуваме фрагмент од копје кое е откршено, кое припаѓа на еден од претходните два типа.

## б. меч

На надгробните споменици од Балканот од римскиот период разликуваме неколку видови на мечеви:

- **меч - гладиј (gladius)**
- **спата - spata**

[235] Според R. D Amato-G. Sumner, (2009) 115 br.132, војникот во левата рака држи нож (бодеж)-parazonium.
[236] L. Gounaropoulu-M. B. Hatzopoulos, (1998) 342-343 бр.384, 180 г.
[237] L. Gounaropoulu-M. B. Hatzopoulos, (1998) 411-412 бр.497, 2 в.н.е.
[238] L. Gounaropoulu-M. B. Hatzopoulos, (1998) 339 бр.378, 2-3 в.н.е.
[239] В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 33, обр.11. 2/2 на 2- почеток на 3 в.
[240] В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 29, обр.3, 2/2 на 2- почеток на 3 в.

- **гладијаторски меч**
- **махаира**

- **меч-гладиј-gladius**
  *(К.бр.70,71,72,73,74,75,76,77,78,79,80,81,82,83,84,85,86,87,88,89,102,106,125)*

Краткиот меч во современата литература познат како гладиј (gladius) претставувал стандардно оружје на римскиот пешак низ републиканскиот период и во првите векови од Царството. Со тоа оружје можело да се сече и да се задава убодни удари.[241]

На споменикот од Драч-Dyrrachion *(К.бр.70)* датиран од 200-104 г.ст.е. војникот во левата рака која е поставена исправено, замавнува со меч, од кој се забележуваат само фрагменти од кружна рачка, затоа претпоставуваме меч-gladius*?*

Војникот на споменикот од Исар, Марвинци *(К.бр.71)* датиран од крај на 1 в.ст.е.-1 в.н.е., од десната страна носи на balteus, gladius во футрола, а на споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е.,[242] на фризот се изведени два меча - gladius, од кои на првиот му се гледа само кружната рачка и дел од футролата под штитот, а на вториот, само врвот.

На релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., лево се забележува меч - gladius од кој е сочувана само рачката,[243] а на споменикот од Црнилиште *(К.бр.72)* датиран во 1/4 на 1 в.н.е.,[244] момчето претставено лево, во десната рака држи кружна рачка со дел од меч – gladius.

На релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.75)* датиран од 2/4 на 1 в.н.е.,[245] е третиран меч gladius со футрола која има широк и попречен оков, потоа каиш – cingulum, декориран со наизменична флорална и правоаголна

---

[241] I. Radман - Livaja, (2004) 32.
[242] A. Starac, (1995) 77-78, 90 T.5.2; ibid, (2000) 73, sl.42, 1 в.ст.е.-1 в.н.е.
[243] A. Starac, (1995) 77-78, 90 T.5.3.
[244] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 59-60, обр.82, време на Август; ibid, (1942) 99, ф.н.3; В. Соколовска, (1987) Т.7 сл.4 No15, Трајанов период.
[245] A. Starac, (1995) 77, 91 T.6.2, 1/2 на 1в.н.е.; ibid, (2006) 109-110 br.69, 2/4 на 1 в.н.е.

декорација, кружна метална тока и четири лентести кожни украси, покриени со окови кои личат на монисти – приврзоци, од другата страна.

На споменикот од Pula *(К.бр.77 б.)* од 2/4 на 1 в.н.е., на релјефното поле се моделирани меч - gladius со футрола и каиш – cingulum, а вториот маж поставен десно на споменикот од Aserija *(К.бр.74)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е.,[246] во десната рака држи кружен врв од меч- gladius со јаболчеста рачка.

Во десната рака на војникот на споменикот од Малино *(К.бр.73)* датиран од 1/2 на 1 в.н.е.,[247] е изведен меч - gladius, кој има кружна рачка, прикажан во футрола, а на споменикот од Pula *(К.бр.76)* датиран во 3/4 на 1 в.н.е.,[248] на релјефното поле е предаден дијагонално поставен меч - gladius со опкована футрола и каиш (cingulum), окован со кружни нитни поделени во полиња, со полукружна метална тока, која од другата страна има нитна.

Мажот третиран на споменикот од Muć - Andetrium *(К.бр.78)* датиран на крај на 1 в.н.е.,[249] на десниот бок носи меч - gladius во футрола, а на споменикот од Epidaur - Cavtat *(К.бр.79)* датиран од крај на 1 в.н.е.- почеток на 2 в.н.е.,[250] војникот на левиот бок на balteus има меч - gladius со футрола која оддолу трапезоидно се шири нагоре и свиткана јаболкница на крајот на рачката.

Војникот прикажан на споменикот од Vinkovci *(К.бр.81)* датиран од 130-140г.н.е.,[251] во левата рака држи рачка од меч – gladius, а на споменикот од Бардовци *(К.бр.125)* датиран во 2 в.н.е., во левата рака на детето е поставен меч -gladus во футрола со cingulum?[252]

---

[246] D. Maršić, (2003) 164-168, 170 sl.5, 177, 2/4 на 1 в.н.е.
[247] Н. Вулић, (1933) 49 бр.157; ibid, (1941-48) 302 бр.56; В. Санев, (1964) 104-105, сл.4; С. Бабамова, (2005) 124-125 бр.63, втора половина на 1в.; 47 ф.н.120 -според Ф. Папазоглу во 1/2 на 1 в.
[248] A. Starac, (1995) 77, 91, T.6.1, 3/4 на 1в., ibid, (2000) 69 br.41; ibid, (2006) 109, br.68, 3/4 на 1 в.н.е.
[249] N. Cambi, (1991) 185 br.55, последна деценија на 1-почеток на 2 в.н.е., sl.56; R. D. Amato-G. Sumner, (2009) 214 br.303, последна четвртина на 1 в.н.е.
[250] D. Maršić, (2008) 64, sl.1, 65-68, крај на 1 –почеток на 2 в.н.е.
[251] J. Brunšmid, (1892) 33-43, најрано за време на Хадријан, најдоцна до втора половина на 2 в.н.е.; ibid (1904-1911) 225-229 br.369; V. Dautova-Ruševljan, (1983) 170 T.2 sl.7, 2в.; N. Cambi, (1989) 75, T.1, десетлетие меѓу 120 и 130 г.н.е.; ibid, (1991) 88-90 (K.br.67), трето, четврто десетлетие на 2 в.н.е.
[252] Н. Вулић, (1931) 202 бр.532 и 206-207 бр.545.

На тимпанонот на споменикот од Стаклен - Novae *(К.бр.82)* датиран од 1-2 в.н.е.,[253] е прикажан меч - gladius, со кружна рачка и каиш – cingulum.

Третата фигура десно моделирана на споменикот од Битола *(К.бр.83)* датиран во 1-2 в.н.е.,[254] на појасот лево носи меч - gladius во футрола, а на споменикот од Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)* датиран во 2 в.н.е., во десната рака на војникот се забележува меч-gladius, од кој се гледа само рачката (сочуван е само цртеж).

Војникот изведен на споменикот од Атина *(К.бр.84)* датиран во 2 в.н.е., на десниот бок, носи меч – gladius кој виси на појас- balteus, а на споменикот од Атина *(К.бр.85)* датиран во 2 в.н.е., на десниот бок на војникот на појас-balteus е поставен gladius.

На цоклето на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* датиран во 1/2 на 2 в.н.е.,[255] е претставен меч - gladius, со опкована футрола и каиш - cingulum, окован со украси, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.86)* датиран во 2 в.н.е.,[256] војникот во десната рака која е спуштена надолу, држи меч - gladius во футрола.

Втората личност поставена горе лево на споменикот од Дреновци *(К.бр.87)* датиран од крај на 2 в.н.е.,[257] во десната рака држи меч - gladius спуштен надолу, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.102)* датиран во 3 в.н.е.,[258] мажот во десната полу подигната рака држи меч – gladius,? според кој би можело датирањето на споменикот, да се помести најдоцна до крај на 2 в.н.е.

Најран опис на краток меч се јавува кај Полибиј, според кого Римјаните користат таков меч од крајот на 3 в.ст.е., односно за време на 2-та Пунска војна, Римјаните овој облик на меч го презеле од Хиспанците, па затоа

---

[253] Д. П. ДимитровЪ, (1942) 44-45, 82/61, T.XVII, 1-2 в.

[254] Н. Вулић, (1931) 15 бр. 22; ibid, (1941-1948) 298, бр.43; Б. Јосифовска, (1961) 80, 103, бр.101, доцно римско империјално време; А. Цермановић-Кузмановић, (1963) 34 бр.22; G. De Gruyter, (1999) 48 br.92, 1-2 в.

[255] M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 68, fig.9.3 cat.104', 1/2 на 2 в., (време на Антонините).

[256] L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 414-415 бр.501, 2 в.

[257] Н. Вулић, (1931) 152 бр.382; G. De Gruyter, (1999) 126 br.269, 3в., според гладијот, најдоцна до крај на 2в.н.е.

[258] L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 340-341 бр.381, 3 в.н.е.

најраниот тип е наречен gladius hispaniensis. Наодите од овој тип на меч се поретки во однос на наодите на подоцните два типа, Mainz[259] и Pompeji, а повеќето примероци на gladius hispaniensis се датираат во последните два века од старата ера, некои и во првата четврвртина на 2 в.ст.е. Тој се одликува со малку подолго сечило од другите два типа и издолжениот врв. Типот Mainz се употребувал од крајот на 1 в.ст.е., тој во основа го задржал обликот на стариот тип со карактеристичен издолжен врв, но сечивото е пократко и пошироко. Просечната должина на сечилото на мечевите од типот Mainz е меѓу 48-53 см, а ширината на сечилото се стеснува постепено одозгора надолу и тоа од 7,5-5,4 см под рачката до 4,8-6 см на врвот. Должината на самиот врв на сечилото варира, од 9,6 дури до 20 см. Овој тип бил користен до Клаудиевото доба, а веројатно се употребувал и во време на Флавиевците, споредно и подоцна.

Од Клаудиево време постепено го заменил типот Pompeji, сечилото кај овој тип се движи од 42-50 см. Краевите се паралелни скоро по целата должина, а врвот повеќе не е издолжен како кај претходните два типа, туку сечилото нагло под остар агол минува во краток триаголен врв. Ширината на сечивата е уедначена и се движи од 4-5,5 см. Овој тип е сместен во втората половина на 1 в., иако се користел и во првите десетлетија на 2 в., можеби и до средината на 2 в., кога Римјаните, почнале да користат различен облик на краток меч т.н. Ringknaufschwert тип, односно меч чија рачка завршува прстенесто. По изглед и по димензии не се разликува многу од типот Pompeji, освен што преминот од сечилото во краток врв е изведен под помал агол. Овој облик се користел и во 3 в.[260]

- **Спата – spata**

  *(К.бр.90,91,92,93,94,95,96,97,98,99,100,101,103,107,108,130)*

Во доцната епоха, од III в. натаму, gladius отстапува место на spata која е многу подолга и со која може освен да се боде и да се удира и сече. Spata (spatha) или долгиот меч најпрво бил оружје на коњаниците, различно од гладијот кој бил одлика на пешадијата.

[259] R. Cowan, (2003) 28, гладиус од типот Mainz.

[260] I. Radman - Livaja, (2004) 32-33.

Најрана појава на овој меч се забележува на споменикот од Топлица *(К.бр.92)* датиран во 212 г.н.е.,[261] каде првиот маж поставен горе лево во левата рака држи меч - spata во футрола, а на споменикот од Спарта *(К.бр.93)* датиран во 212-217 г.н.е.,[262] војникот во левата рака држи меч - spata во футрола.

На споменикот од Lobor - Zlatar *(К.бр.90)* датиран од 220-250 г.н.е.,[263] лево на појасите на двајцата војници се јавуваат два меча spata, кои завршуваат кружно, а во левата рака на централно поставеното момче на споменикот од Радобил *(К.бр.98)* датиран во 3 в.н.е.,[264] е изведен долг меч–spata, кој завршува со кружен крај.

Мажот прикажан десно на споменикот од Тетевен *(К.бр.97)* датиран во 3 в.н.е.,[265] на левиот бок носи меч – spata, а на споменикот од Браилово *(К.бр.94)* датиран во 3 в.н.е.,[266] мажот кој е поставен втор од лево, во десната рака држи долг меч – spata.

Кај мажот поставен прв од лево на споменикот од Небрегово *(К.бр.99)* датиран во 3 в.н.е.,[267] на левиот бок, на balteus виси меч- spata, (gladius според Gruyter)[268] која завршува со кружен крај, поставен во футрола, а на споменикот од Ласкарево, Долни Орман *(К.бр.96)* датиран на крај на 3 в.н.е., војникот на левиот бок носи долг меч – spata, кој е фрагментиран.

Војникот на споменикот од Прилеп *(К.бр.91)* датиран во 3 в.н.е.,[269] е претставен со меч - spata,[270] со долго тенко сечило, кој долу завршува кружно,

---

[261] Н. Вулиħ, (1933) 67 бр.198; ibid, (1941-1948) 165 бр.341 и 302 бр.55; Б. Јосифовска, (1961) 31, 95, бр.209, доцен римски период; G. De Gruyter, (1999) 115-116 br.244, 212 г.

[262] R. Cowan, (2003A) 27, време на Каракала, 212-217г.н.е.

[263] J. Brunšmid, (1904-1911) 219-220 br.360, крај на 2- почеток на 3 в.; B. Migotti, (2009) 156, sl.1, 220-250 г.н.е.; V. Hoffiller (1912) 108-109 sl.40, најрано од крај на 2 в.н.е.

[264] Н. Вулиħ, (1931) 177 бр.463; ibid, (1941-1948) 295 бр.35; Б. Јосифовска, (1961) 48, бр.103 сл.18, 99, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 113-114 br.240, 3 в.

[265] Д. П. ДимитровЪ, (1942) 37, 52/84а, T.XXIII, 3 в.

[266] А. Керамитчиев, (1960) 46-47, бр.1 фиг.2; F. Papazoglou, (1974), 274, f.n.3; G. De Gruyter, (1999) 128 br.273, 3 в.

[267] Н. Вулиħ, (1931) 163 бр.423; Б. Јосифовска, (1961) 31, 95-96, бр.105, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 125 br.266, 3 в.

[268] G. De Gruyter, (1999) 125 br.266, gladius.

[269] Н. Вулиħ, (1931) 170-171 бр.449; B. Josifovska, (1961) 30-31, 95, бр.111, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 101 br.211, 2-3 в.

[270] Според мечот спата во 3 в.н.е.

поставен како виси во футрола на појас – balteus од левата страна,, а на споменикот од Битола *(К.бр.103)* датиран во 3 в.н.е.,[271] во десната рака на војникот се забележува тенок долг меч – spata.

На фрагментираниот споменик од Трговиште - Зајечар *(К.бр.107)* датиран во 3 в.н.е.,[272] се јавува долг тенок меч - spata?, а момчето кое централно е поставено на споменикот од Плоски *(К.бр.130)* датиран во 3 в.н.е., во десната рака држи vitis и околу слабината носи каиш cingulum. Заради каишот и начинот на држење на предметот во десната рака, можеби се работи за меч-spata, наместо кентуриски стап-vitis?

Коњаникот на споменикот од Кунино, Врачанско *(К.бр.95)* датиран на крај на 3 в.н.е., на левиот бок носи меч - spata со футрола, кој завршува кружно (scheibenartiges Ortband),[273] а на споменикот од Ласкарево, Долни Орман *(К.бр.100)* датиран на крај на 3 в.н.е., во левата рака на централно поставеното момче е поставен долг меч кој завршува со кружен крај – spata.

Коњаникот изведен на споменикот од Нови Пазар *(К.бр.108)* датиран од крај на 3 почеток на 4 в.н.е.,[274] во десната рака држи меч – spata, а кај војникот на споменикот од Heracleae *(К.бр.101)* датиран во 4 в.н.е., на левиот бок на појас balteus, виси меч-spata кој завршува кружно.

Иако Римјаните го користат од самиот почеток на Принкипатот, кога веројатно не се разликувала од доцнолатенските мечеви, повеќето наоди се датирани од крај на 2,3 и 4 в. Тие имале долги и релативно тенки сечила со паралелни рабови. Зголемениот број на наоди на spata во подоцниот период се поклопува со моментот кога spata станала оружје на пешадијата, па затоа распространетоста се зголемила, со тоа дошло и до промена на начинот на носење на оружјето. Мечот оттогаш се носи на широк појас наречен balteus, кој се префрлал преку десното раме, така што оружјето висело на левиот бок.

---

[271] Според мечот спата во 3 в.н.е.
[272] Според мечот спата во 3 в.н.е.
[273] Д. П. ДимитровЬ, (1942) 46, 87/87, T.XXVI, крај на 3 в.
[274] Д. П. ДимитровЬ, (1942) 38-39, 59/79, T.XXII, крај на 3- почеток на 4 в.

Освен ова употребата на spata кај пешадијата имплицира и битна промена во пристапот на блиска борба. Во борба гради на гради Римскиот војник за убодни удари се потпирал на копјето, а мечот се користел за удирање, за што било потребно подолго и потешко оружје од гладијот, кој бил оптимизиран за прецизни убоди во витални органи од телото.[275]

Мечот (spata) се јавува во доцните времиња како оружје во римската војска.[276] Во доцната епоха, од III в. натаму gladius отстапува место на spatha која е многу подолга и со која може освен да се боде и да се удира и сече. Футролата на spatha завршува кружно scheibenartiges Ortband. Одлика на овој меч што тој се носел на левата страна, а не како претходниот (gladius) на десната.[277]

Германскиот автор G. Ulbert, римските spati од тоа време ги поделил во два типа Straubing-Nydaм и Lauriacuм-Hromowka, земајќи го соодносот меѓу должината и ширината на сечилото. Овие два типа истовремено се користле кај Римската војска. Кај spata од типот Straubing-Nydaм честа била појавата на печат на работилницата од каде бил направен, со таушидрани украсни фигурални и вегетабилни мотиви (фигури на Марс, Викторија, Минерва, орел, ловоров венец), од бронза и бакар, на сечилото под рачката. Спатите од типот Lauriacuм-Hromowka, често имаат канелирани сечила, со што биле зајакнати рабовите на сечилото и притоа не е зголемена тежината на мечот.[278]

- **гладијаторски меч:** *(К.бр.69,162,168)*

Војникот моделиран на споменикот од Драч- Dyrrachion (К.бр.69) датиран во 200-104 г.ст.е., во десната рака држи широк меч - гладијаторски?, а на споменикот од Tomis *(К.бр.162)* датиран од крај на 2 в.н.е.,[279] покојникот во десната рака држи краток но широк гладијаторски меч.

[275] I. Radman - Livaja, (2004) 41-42.
[276] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 120 бр.41 обр.60.
[277] Д. П. ДимитровЬ, (1942) 99.
[278] I. Radman - Livaja, (2004) 42.
[279] M. Alexandrescu-Vianu, (1985) fig.2.4, cat.17, An.1, крај на 2 в.

На левата рамка од натписното поле на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.168)* датиран во 2-3 в.н.е.,[280] е изведен краток гладијаторски меч.

- **махаира:** *(К.бр.105,138)*

Уште од добата на Хомер зборот machaira е познат во пишуваните извори по своето изворно значење: нож, претежно жртвен.[281]

Махаирата претставува крив меч со свиткано сечило кое кон врвот се шири и рачка која на горниот дел завршува со наведната птичја глава...[282]

Најрана појава на овој меч се јавува на споменикот од Actium - Патра *(К.бр.138)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е., војникот во десната подигната рака држи меч – махаира, а на споменикот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е., паднатиот војник во десната рака придржува меч - махаира?

Махаирата, секако, се задржала во употреба сè до крајот на VI век како нож, можеби и како бодеж... Од крајот на VI век нагло влегол во употреба кривиот меч.[283]

Се претпоставува дека старогрчките оружари на крај од VI век го усовршиле стариот облик на кривиот нож (махаира), угледувајќи се, при тоа за нив, на новиот вид на персиско оружје - копис. Така, со спојувањето на најдобрите особини на двата вида...бил создаден нов тип на крив меч кој продолжил да го носи старото име, machaira...А. Снодграс, се определил за терминот копис, како термин за подоцнежната варијанта на махаира која се употребувала во македонската војска во IV век ст.е. Главната тенденција на развојот на махаирата кон сè пократките и искривени облици, како да може да го потврди овој заклучок.[284]

Основната карактеристика на овие мечеви, од типолошка точка на гледиште, е во обликот на рачката... Должината на рачките е стандардна и се

---

[280] L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 345-346 бр.388, 2-3 в.
[281] M. Parović-Pešikan, (1982) 47.
[282] R. Vasić, (1982) 17.
[283] M. Parović-Pešikan, (1982) 48.
[284] M. Parović-Pešikan, (1982) 48-49.

движи околу 11 см... Плочата на основата на рачката може да биде направена заедно со сечивото во едно парче, а раздвоена е од него со бочен истакнат дел, кој игра улога на балчак кој насекаде не е ист и можеби зависел од обликот на оплатните плочки кои се аплицирани на основата со помош на клинци. Може да има едноставна рамка, па се до елегантна украсна оплата во облик на животинска или птичја глава...Плочките на оплатата може да бидат од различен материјал; железо, бронза и коска, но и од нивна комбинација, а слободниот простор се исполнувал со дрво.[285]

Уште еден важен детаљ е односот меѓу рачката и сечивото кој е во иста линија, без остро прекршување...Таму каде кривината на сечивото е по изразена...секогаш се наоѓа во долната третина на сечивото, каде тоа, по проширувањето се стеснува на врвот.[286]

Должината на махаирата варира од 15 – 53 см., а ширината на сечивото во просек е околу 3,5 см.[287] Махаирата како (гробен прилог) на територијата на бивша Југославија, т.е. на Балканот, се јавува во 5 и 4 в.ст.е.[288]

Примероците на махаири кои потекнуваат од гробните целини на широкиот простор, од реката Сава до Македонија, припаѓаат на релативно краток временски период, од почетокот на V в.ст.е. до средината на IV в., со можност понискиот датум да се помести во втората половина на IV в.ст.е.[289]

### в. лак со тоболец и стрела

- **Лак со тоболец:** *(К.бр.88,150,151,158,214)*

Лакот со тоболец и стрели претставувал дел од оружјето кое е третирано на надгробните споменици.

[285] M. Parović-Pešikan, (1982) 29-30.
[286] M. Parović-Pešikan, (1982) 30-31.
[287] M. Parović-Pešikan, (1982) 26-29.
[288] R. Vasić, (1982) 18.
[289] M. Parović-Pešikan, (1982) 35.

На споменикот од Pula *(К.бр.150)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е.,[290] се забележува дрвен или коскен тенок лак со тенка тетива, најчесто направена од животински жили, со тоболец кој има широк отвор и конусно тело и јажиња кои служат за зацврстување на тоболецот за телото на човекот, а на споменикот од Пула (К.бр.88) датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., меѓу фризот со оружје е прикажан тоболец кој во горниот дел е откршен.

На тимпанонот на споменикот од Salona-Solin (К.бр.151) датиран во 60-те години на 1 в.н.е.[291] е изведен изведено фриз со оружје меѓу кое се наоѓаат и три тоболци со снопови на стрели, кои укажуваат дека покојниците биле стрелци, а момчето поставено најдесно на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.214)* датиран во 3 в.н.е.,[292] во левата рака држи мал стап или лак?

- **Стрела**

На споменикот од Крушица *(К.бр.158)* датиран во 1-2 в.н.е.,[293] се претставени две стрели со тенки спротивно свиткани рачки и метален пирамидален врв.

Во доба на Републиката, Римјаните своите трупи ги зајакнувале со стрелци (sagittarii) по потреба, а во периодот на Прикипатот биле формирани али и кохорти составени главно од стрелци. Ова оружје го користеле и неспецијализираните трупи низ целото Царство, особено во одбранбени задачи, а тоа би ги објаснило бројните наоди.

Основно римските стрели типолошки може да се поделат во седум главни групи:

- Триаголни стрели насадени на трн.
- Триаголни (некогаш и четириаголни) стрели насадени на тулец.
- Пробојни стрели насадени на трн.
- Пробојни стрели насадени на тулец.
- Стрели со врв со плоскав пресек насадени на тулец.

---

290 A. Starac, (2000) 100, sl.65, 1 в.ст.е.-1 в.н.е.
291 D. Maršić, (2010) 68 sl.3, 71,77, време на Нерон-на почетокот на 60-те години на 1 в.н.е.
292 L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 264-265 бр.220, 3 в.
293 Н. Вулић, (1941-1948) 201, бр.398; Н. Проева, (2010) 103, сл.10, 104; 1-2 в.н.е.

- Стрели со врв со плоскав пресек насадени на трн.
- Запаливи стрели.[294]

## III. 1. 2. ОДБРАНБЕНО ОРУЖЈЕ

### а. шлем

Римјаните како практични луѓе ги увиделе предностите на атичкиот шлем, му додале одбрана за вратот и шлемот го лиеле во еден дел. Како заштита на образите користеле метални плочки (парагнатиди) кои биле врзувани под брадата.[295]

Разликуваме неколку типови на шлемови кои се јавуваат како декор на надгробните споменици:

- **Легионерски шлем (cassis)**
- **Гладијаторски шлем**
- **Коринтски шлем**
- **Фригиски шлем**
- **Petasos**
- **Пилос-шлем**
- **шлем bulbous (булбус)**
- **Кегенхелм шлем**
- **Кожна капа**
- **легионерски шлем (cassis):** *(К.бр.75,77,80)*

Раните форми на римски шлемови (втора половина на 1 век ст.е.) се преземени од оружјето на галските т.е. келтските племиња. Станува збор за калотести шлемови со краток хоризонтален или малку накосен вратобран, кои биле ковани од едно парче бронзен лим. Посебно им биле додадени штитници за образи, кои се врзувале под брадата како и челни штитници. Перјаницата

[294] I. Radman - Livaja, (2004) 55.
[295] V. Hoffiller, (1911) 176.

или креста, изработена од влакна од коњ, или пердуви, била заглавувана по должината на поизразити места на калотата на шлемот и посебни лежишта на предната и задната страна. Обичните војници ја носеле во свечени прилики, а на шлемовите на кентурионите перјаницата се поставувала попреку, по што офицерот јасно се разликувал од подредените. [296]

Х. Расел Робинсон, во неговата книга, The Armour of Imperial Rome, објавена 1975 г., направил типологија на римските шлемови од републиканскиот период до 3в.н.е. Главната замерка на неговата типологија се однесува на многу големиот број на подтипови во секоја типолошка категорија, имено, покрај девет основни типови: (типовите Montefortino,[297] Coolus, Agent-Port, царско-галски, царско-италски, аукcилијарен пешадиски, аукcилијарен коњанички, коњаничко-спортски и офицерски) определил уште 59 подтипови.[298]

Британските археолози и денес ја користат неговата поделба, а другите ја користат континенталната или француско-германска типологија на римски шлемови која ја поставил Paul Couissin. Таа типологија во голем дел се потпира на датациите на Робинсон, а се издвојува по мал број на типови дефинирани со општи типолошки карактеристики, па затоа е поедноставна и пофлексибилна. Иако постојат одредени варијации во имињата на типовите според авторите, главно се дефинирани следните типови: етруско-италски, Mannheiм, Buggenuм, Hagenau, Weisenau, Weiler-Guisborough, Niederbieber и посебна категорија на паради-спортско коњанички шлемови.[299]

Во италските работилници во текот на последните неколку векови биле произведени неколку типови на шлемови, почнувајќи од етрурско-италскиот, потоа типот Mannheiм и Buggenuм.[300]

Шлемот од тип Hagenau бил направен на крај на 1 в.ст.е., а во употреба бил до последните десетлетија на 1 в. Во склад со италската традиција бил излиен во еден дел, а потоа дополнително се обликувал со

---

[296] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 30.
[297] M. C. Bichop, J. C. N. Coulston, (2009) 102 Fig.59, 1-6, 103 Fig.60, 1-4, рани империјални борбени и спортски коњанички шлемови.
[298] I. Radman - Livaja, (2004) 63 f.n.367.
[299] I. Radman - Livaja, (2004) 63 f.n.368.
[300] I. Radman - Livaja, (2004) 67.

чекан, но различно од претходните модели, при изработката често бил користен калап на колце, чие ротирање овозможувало рамномерна обработка. Обично имал и украсен дел на врвот. Различно од претходните типови добил поширок вратобран, соодветен за противници чија техника на борба со меч не се темелела на бодење во гради или врат, туку на удари одозгора по глава, затоа добиле поширок вратобран и челен обрач, кој бил наменет за дополнително појачување на предниот дел од шлемот.

Истовремено биле опремени и со широки плочи за заштита на образите (парагнатиди), кои за шлемот биле прицврстени со спојка.[301]

Најрана појава на овој тип на шлем Hagenau со штитник за чело и перјаница (crista) е третиран на споменикот од Pula *(К.бр.75)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., а на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* датиран во 1/2 на 2 в.н.е., на цоклето е претставен шлем тип Hagenau, со голема длабока калота, парагнатиди и издолжена перјаница.

Овој тип на шлем постепено бил исфрлен од типот Weisenau, кој по скоро еден цел век паралелна употреба, целосно ќе го замени во пешадијата. Различно од типот Hagenau кој бил плод на континуиран развој на италските шлемови, во типот Weisenau, јасно се гледа келтската традиција, како во материјалот на изработка (железо), така и по технолошките решенија, иако имал и нови елементи како што се отворите за уши, челно зајакнување и нагласен вратобран, кој бил спуштен подолу. Римската војска овој тип на шлем го користела до почетокот на 3 в.[302]

Втор тип на легионерски шлем кој се јавува на споменициите е шлем од тип Weisenau, со парагнатиди составени од два метални дела, со штитник за чело, отвори за уши и со долга перјаница кој е прикажан на споменикот од Pula *(К.бр.77 б.)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е.

Типот Hagenau според типологијата на Робинсон, ги подразбира типовите Montefortino E и F, Coolus C,D,E,F,G,H и аукcилијарниот пешадиски А.

---

[301] I. Radман - Livaja, (2004) 67.
[302] I. Radман - Livaja, (2004) 67-71.

Типот етрурско-италски е еквивалентен со Montefortino A,B. Типот Mannheim со Coolus[303] A,B, а типот Buggenum со Montefortino C,D.[304]

- **гладијаторски шлем:** *(К.бр.139,140,141,142,169)*

При гладијаторски борби се користеле разни видови на шлемови, кои се наречени гладијаторски шлемови.

Најрана појава среќаваме на споменикот од Osijek- Mursa *(К.бр.169)* датиран во 2 в.н.е.,[305] каде на фризот на долната рамка под релјефното поле е изведен гладијаторски шлем – маска, која претставува црнечка глава и укажува дека потеклото на тој гладијатор било од Африка, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.139)* датиран во 180 г.н.е., мажот со левата рака држи шлем, (т.е. се потпира), кој има широка и длабока калота, а поставен е на висок постамент.

Мажот на споменикот од Макрохори, Долна Македонија *(К.бр.140)* датиран во 2 в.н.е., со левата рака се потпира на шлем со длабока калота, поставен врз правоаголен штит, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.142)* датиран од 2-3 в.н.е., покојникот десната рака ја потпира на шлем со длабока калота.

На споменикот од Филипопол-Пловдив *(К.бр.141)* датиран во 2-3 в.н.е., покрај фрагментираноста претпоставуваме гладијаторски шлем лево долу од покојникот-гладијатор.

- **коринтски шлем:** *(106, 123, 128,138,194)*

Појавата на коринтскиот шлем е во раната антика. По пауза од неколку векови повторно станува декор на римските надгробни споменици. Во римскиот период најрана појава среќаваме на споменикот од Actium - Патра (К.бр.138)

---

303 A. Goldsworthy, (2003)21, coolus типот на шлем бил одлика на легионерите во доцната република.
304 I. Radman - Livaja, (2004) 65,67 f.n.378,379,380,381.
305 J. Brunšmid, (1900) 33-34, sl.14; D. Pinterović, (1978) 149-150 T.XLII-3; V. Dautova-Ruševljan, (1983) 175 T.7 sl.6, 2 в.

датиран во 1/2 на 1 в.н.е., каде војникот на главата носи псеудокоринтски шлем.[306]

На главата на Атена изведена на споменикот од Тројаци *(К.бр.194)* датиран во 1-2 в.н.е., е моделиран коринтски шлем со голема калота, а на споменикот од Bjelovar (К.бр.128) датиран во 1-2 в.н.е.,[307] во релјефното поле се прикажани горе десно, четири коринтски шлемови.

На споменикот од Костолац-Viminacium *(К.бр.123)* датиран 117-138 г.н.е., Хад кој е поставен централно на главата носи коринтски? шлем, со плитка калота, а десно е прикажана Атена со коринтски шлем на главата, кој е со голема калота и голема перјаница.

На главите на два војника прикажани во борба, на споменикот од Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)* датиран во 2 в.н.е., се моделирани два шлема со големи калоти, парагнатиди и голема издолжена перјаница, од сочуваниот цртеж може да се претпостави дека тој е од коринтски тип.

- **фригиски шлем:** *(К.бр.88,89,105,150)*

Појавата на фригискиот шлем е во раната антика. По пауза од неколку векови повторно станува декор на спомениците од римскиот период. Неговата повторна појава ја забележуваме на споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., каде се третирани два шлема со парагнатиди, перјаница и издолжен дел - нагласен кон надвор, а на споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., е изведен шлем со парагнатиди, хоризонтален челен штитник и цврст спирално свиткан дел, фригиски тип?

Шлемот прикажан на фризот на споменикот од Pula *(К.бр.150)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., во профил има подлабока калота, со парагнатиди.[308] Се

---

[306] Види во претходното поглавје под коринтски шлем.

[307] J. Brunšmid, (1901) 125-127, sl.88, римски релјеф.

[308] Според A. Starac, (1995) 77-78, се работи за македонски шлемови (веројатно тип фригиски) и македонско оружје, прикажано на надгробен споменик или тропеион, подигнат во чест на некоја победа. Таа смета дека (К.бр.88) и (К.бр.89) од Пула, се дел од тој споменик, а ние го предлагаме и (К.бр.150) исто од Пула. Таа ја исклучува можноста дека се работи за гладијаторско оружје бидејќи е прикажан signum-(К.бр.89). Scutum и signum, биле типично легионерско оружје, а анатомскиот оклоп бил носен како од пониски, така и од повисоки заповедници, а разликата во статусот била видлива преку материјалот од кој бил изработен оклопот.

работи за декоративен избор на оружје, не за наративен со цел да упати на војничката професија на дедикантот.[309]

На споменикот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е., паднатиот војник носи фригиски? шлем.

Шлемот со парагнатиди, хоризонтален челен штитник и спирално свиткан дел бил карактеристично македонски од времето на македонската експанзија, а во римскиот свет се задржал низ гладијаторските игри.

- **Petasos-шлем:** *(К.бр.123)*

Одликите од претходниот период се манифестираат и преку повторна појава на овој шлем кој се јавува на споменикот од Костолац-Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., каде Хермес на главата носи крилест шлем - petasos.[310]

- **Пилос-шлем:** *(К.бр.93)*

На споменикот од Спарта (К.бр.93) датиран од 212-217 г.н.е.[311] војникот е прикажан со пилос-шлем.[312] И овој шлем по пауза од неколку векови се јавува како мотив во 3 в.н.е., при што укажува на робовското потекло на покојникот, или дека се работи за платеник.

- **bulbous (булбус)-шлем:** *(К.бр.135)*

На споменикот од Sirmium - Сремска Митровица *(К.бр.135)* датиран околу 261 г.н.е., на главата војникот носи голем шлем - bulbous (булбус) кој е аналоген со шлемот на војникот од релјефот во Смирна.[313]

- **Кегенхелм шлем:** *(К.бр.69,70)*

Појавата на овој тип на шлем е во Хелада, од 8 в.ст.е. наваму. Тој претставува шлем од отворен тип, има конична форма, се одликува со висока

309 A. Starac, (1995) 78, на овој избор на оружје доминира хеленистичкото- попрецизно македонското вооружување.
310 повеќе за шлемот petasos види во поглавјето за рана антика.
311 R. Cowan, (2003A) 27, 212-217 г.н.е.
312 повеќе за пилос шлемот види во поглавјето за рана антика.
313 S. Wisdoм, (2003) 19.

суперструктура и е составен од пет делови. Претставува прототип на многу шлемови во Хелада, особено на грчко-илирскиот тип на шлем.

Војникот на споменикот од Dyrahion *(К.бр.70)* датиран 200-104 г.ст.е., на главата носи шлем од тип Кегенхелм, со челен штитник и парагнатиди, како и војникот на споменикот од Dyrrachion *(К.бр.69)* датиран од 200-104 г.ст.е., чиј шлем е фрагментиран?

- **кожна капа:** *(К.бр.79)*

Освен големиот број на шлемови кои се користеле за заштита на главата се забележува и појава на капа. На споменикот од Epidaur - Cavtat *(К.бр.79)* датиран од крај на 1 в.н.е. -почеток на 2 в.н.е., на главата војникот носи шлем - капа направен од кожа од животно.

### б. штит

Во текот на Империјалниот римски период на надгробните споменици разликуваме неколку видови на штитови:

- **Кружен штит - parma**
- **Правоаголен штит - scutum**
- **Туреос-штит**
- **Пелте-штит**
- **Хоплитски штит**
- **Шестоаголен штит**
- **Овален штит**

- **кружен штит - parma:** *(К.бр.77б.,80,83,84,86,89,93,99,105,106,109, 116, 120,121,123,125,126,128,144,145,146,151,152,153,154,155,156,157,194)*

Најрана појава на кружен штит како декор на римските споменици се забележува на релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1

в.ст.е.-1 в.н.е., каде лево е претставен голем кружен штит, украсен со концентрични и радијални жлебови, а зад оклопот е поставен уште еден кружен штит, а мал кружен штит е изведен на фризот со оружје на споменикот од Pula *(К.бр.109)* датиран во 1 в.ст.е-1 в.н.е., прикажан најлево и декориран со флорална декорација од надворешната страна.

Мал кружен штит со вдлабнато средиште - умбо е изведен на релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.77 б.)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е, а на споменикот од Salona-Solin (*К.бр.151*) датиран во 60-те години на 1 в.н.е., на фризот со оружје прикажан на тимпанонот се забележуваат пет мали кружни штитови, од кои четири имаат мали кружни умба, а петиот кој е поставен прв од лево, има зајакнувања од надворешната страна.

На фризот со оружја кои се фрагментирани на споменикот од Стаклен - Novae *(К.бр.152)* датиран од крај на 1-почеток на 2 в.н.е., разликуваме мал кружен штит со умбо,[314] а на споменикот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е., коњаникот во левата рака држи мал кружен штит.

На споменикот од Костолац-Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., во сцената, Грабнувањето на Кора, десно е претставена Атена како во левата рака држи мал кружен штит, со тесен обод и мало умбо на средината, а на споменикот од Бардовци *(К.бр.125)* датиран во 2 в.н.е., војникот со левата рака се потпира на голем кружен штит кој е поставен на земјата.[315]

Како декор на цоклето на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* датиран во 1/2 на 2 в.н.е., меѓу фризот со оружје се јавува мал кружен штит, а на споменикот од Тафталице *(К.бр.144)* датиран во 2 в.н.е., на тимпанонот е изведен мал кружен штит со кружно умбо и копје.

На тимпанонот на споменикот од Чумаковци, Белослатинско *(К.бр.116)* датиран во 2 в.н.е., наоѓаме мал кружен штит, со мало кружно умбо во комбинација со четири вкрстени копја

---

[314] Д. П. ДимитровЬ, (1942) 35, 48/50, T.XIV, крај на 1- почеток на 2 в.

[315] A. J. Evans, (1885) 88,120,122, fig.60.

Како централна претстава на тимпанонот на споменикот од Монтана, Михаиловград *(К.бр.126)* датиран во 2 в.н.е., како централна претстава е моделиран мал кружен штит, со кружно умбо, а на споменикот од Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)* датиран во 2 в.н.е., во рацете на војниците кои се борат, се прикажани два мали кружни штита со кружни умба.

На споменикот од Долна Македонија *(К.бр.86)* датиран во 2 в.н.е., лево од војникот, на постамент се забележува голем кружен штит, со кружно умбо, а на споменикот од Атина *(К.бр.84)* датиран во 2 в.н.е., војникот со левата рака се потпира на голем кружен штит.

На споменикот од Битола *(К.бр.83)* датиран во 1-2 в.н.е., на релјефот изведен во вториот ред, третата фигура десно, држи за рачка во левата рака, голем кружен штит, прикажан од задната страна.

Во левата рака на Атена предадена како мало девојче со воена опрема на споменикот од Тројаци *(К.бр.194)* датиран од 1-2 в.н.е., има мал кружен штит со рачка за држење, претставен од внатрешната страна, а на споменикот од Bjelovar *(К.бр.128)* датиран во 1-2 в.н.е., на релјефното поле во некоја погребна сцена, најдесно е прикажан војник со голем кружен штит во левата рака.

На споменикот од Шлегово *(К.бр.120)* датиран на почеток на 3 в.н.е., во тимпанонот е моделиран мал кружен штит со мало умбо и копје, а на споменикот од Македонија - непознато потекло *(К.бр.153)* датиран од 220-230 г.н.е.,[316] момчето кое централно е претставено, пред себе на градите држи мал кружен штит.

Покрај левата нога на војникот третиран на споменикот од Спарта *(К.бр.93)* датиран од 212-217 г.н.е., има голем кружен штит, а на споменикот од Софија *(К.бр.154)* датиран во 3 в.н.е.,[317] војникот прикажан горе десно во тимпанонот, пред себе држи голем кружен штит.

На споменикот од Небрегово *(К.бр.99)* датиран во 3 в.н.е., во релјефното поле најдесно е претставена Атена со мал кружен штит кој е

---

[316] M. Alexandrescu-Vianu, (1975) 194,199, Fig.4.4 cat.7, 220-230 г.

[317] Д. П. ДимитровЬ, (1942) T.XXIX sl.99, 3 в.н.е.

спуштен долу на земјата и таа го придржува со десната рака, а во левата држи скиптар, а на споменикот од Celeia *(К.бр.121)* датиран во 3 в.н.е., зад војникот десно има голем кружен штит.

На тимпанонот на споменикот од Девња - Marcianopolis *(К.бр.145)* датиран на почеток на 4 в.н.е.,[318] е прикажан мал кружен штит со умбо и копје поставено дијагонално со врвот надолу, а на споменикот од Макреш, Кулско *(К.бр.146)* датиран најрано од 1/2 на 4 в.н.е.,[319] во релјефното поле под жената е третиран војник со мал кружен штит со умбо.

Во релјефното поле на споменикот од Макреш, Кулско *(К.бр.155)* датиран најрано од 1/2 на 4 в.н.е.,[320] под жената се забележува војник со мал кружен штит со мало умбо, а на споменикот од Макреш, Кулско *(К.бр.157)* датиран најрано од 1/2 на 4 в.н.е.,[321] во релјефното поле напред пред коњите, се јавува мал кружен штит.

Во рацете на момчето поставено најдесно во релјефното поле на споменикот од Макреш, Кулско *(К.бр.156)* датиран најрано од 1/2 на 4 в.н.е.,[322] е моделиран голем кружен штит.

- **правоаголен штит - scutum:** *(К.бр.88,89,110,139,140,141,163)*

Штитот (scutum) бил правен од гранки од дрво, споени со органски лепак и опковани по рабовите. На средината на дрвената табла се наоѓал кружен отвор со рачка, покриен со метален нагласен дел - умбо. На надворешната страна на штитот често биле насликани разни симболи, имиња на единицата, што овозможувало разликување на трупите на военото поле.

Најрана појава на правоаголен штит - scutum се јавува на фризот со оружје моделиран на споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., каде се прикажани (3) три штитови-scutum, со неправилна правоаголна форма и

318 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 40-41, 65/76, T.XXI, почеток на 4 в.; G. Mihailov, (1958) 189-190 br.814.
319 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 33, 43/19, T.V, најрано од 1/2 на 4 в.
320 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 33, 41/20, T.V, најрано од 1/2 на 4 в.
321 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 33, T.VI, 42/23, најрано од 1/2 на 4 в.
322 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 33-34, 44/21, T.VI, најрано од 1/2 на 4 в.

вовлечени страни, од кои првиот е украсен со флорална декорација од надворешната страна.

На споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е. се претставени правоаголен штит со овални страници - scutuм, врз кој се нанижани фалери (phalerae) и уште еден scutuм украсен со издолжено ребро и шари, а штит -scutuм со правоаголна форма и завиткани кон внатре вовлечени рабови, е изведен во левата рака на војникот прикажан на споменикот од Гиген-Oescus *(К.бр.110)* датиран во 1 в.н.е.

Лево од покојникот на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.139)* датиран во 180 г.н.е., на земјата е предаден правоаголен штит – scutuм, врз кој е поставен шлем кој покојникот го придржува со левата рака, а идентична претстава е прикажана на споменикот од Макрохори, Долна Македонија, (К.бр.140) датиран во 2 в.н.е., каде лево од покојникот на земјата е третиран правоаголен штит – scutuм, врз кој е поставен шлем кој покојникот го придржува со левата рака.

На споменикот од Филипопол-Пловдив *(К.бр141)* датиран во 2-3 в.н.е., десно долу до покојникот се гледа правоаголен штит-scutuм, а на споменикот од Dionisiopol - Балчик (*К.бр.163)* датиран од 2-3 в.н.е.,[323] долу на земјата до десната нога на гладијаторот, забележуваме правоаголен штит- scutuм, со благо заоблени краеви и неправилна форма.

- **Туреос-штит:** *(К.бр.69,70,88)*

Повторната појава на овој штит-туреос[324] како украс на спомениците се јавува најрано кај војникот на споменикот од Драч-Dyrrachion *(К.бр.69*) датиран од 200-104 г.ст.е., кој во левата рака држи овален штит – туреос, како и војникот на споменикот од Драч-Dyrrachion *(К.бр.70)* датиран од 200-104 г.ст.е., кој во десната рака држи овален штит - туреос, или правоаголен?, со вовлечени рабови, благо свиткани кон внатре.

---

[323] Љ. Вагалински, (1991) 1, 30, обр.5, 2-3 в.

[324] Повеќе за штитот туреос види во поглавјето за рана антика.

На споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., на фризот со оружје кој пластично е претставен најдесно разликуваме и еден овален штит- туреос.

- **Пелте-штит:** *(К.бр.109,150,151)*

Помалиот тип на штит наречен пелте, во раната антика бил носен од другите делови на пешадијата наречени пелтасти, или пелтофорои.

Штитот пелте најрано како украс се јавува на споменикот од Pula *(К.бр.109)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., каде на фризот декориран со пластично оружје, десно има еден полукружен штит- пелте изведен во форма на полумесечина, а два штита пелте се третирани во третата преграда од лево на фризот со оружје на споменикот од Pula *(К.бр.150)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е.

На тимпанонот на споменикот од Salona-Solin (К.бр.151) датиран во 60-те години на 1 в.н.е. е претставен фриз со оружје, на кој се издвојуваат четири пелте штитови.[325]

Малиот тип на штит кој обично имал полукружна форма, но се среќава и кружна и овална, се нарекува пелте. Иако некои извори спомнуваат бронза, дури и злато како материјал користен при нивното создавање, основата е од дрво кое може да биде зајакнато со кожа или ткаенина. Од внатрешната страна имал рачка, а кога не се користел во борба, можел да се носи на рамена или на грб, обесен на кожна лента.[326]

Појавата на штитот пелте веројатно е во Персија, а потоа пелте користи Македонската и Тракиската војска.

- **хоплитски штит:** *(К.бр.88)*

Хоплитскиот[327] штит по пауза од неколку векови повторно претставува декор на споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., каде се

---

[325] D. Maršić, (2010) 68, sl.3, 71, смета дека се работи за штитови на амазонки.
[326] C. Webber, (2001) 38.
[327] Повеќе за хоплитскиот штит види во поглавјето за рана антика.

забележува голем кружен-хоплитски штит со кружна форма со големи димензии, чија рачка за држење се гледа од внатрешната страна.

- **шестоаголен штит:** *(К.бр.77 а.,122,150)*

Најрана појава на шестоаголен штит сретнуваме на споменикот од Pula *(К.бр.150)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., каде на фризот со оружје во петата преграда е поставен шестоаголен штит кој е фрагментиран, а фрагмент агол од шестоаголен штит наоѓаме и на споменикот од Pula *(К.бр.77 а.)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., каде во релјефното поле се претставени и оклоп, копје и кнемида.

Војникот третиран на цоклето на споменикот од Харлец, Ореховско *(К.бр.122)* датиран во 1 в.н.е., кој јава на коњ, во левата подигната рака има шестоаголен штит.

- **овален штит:** *(К.бр.79,88,89,105,107,135)*

Овалниот штит со метално умбо кај Келтите се јавува рано 4-3 в.ст.е., а од нив оваа форма веројатно ја презеле Римјаните за време на Латинските војни и ја користеле во сите три воени редови на легијата. Најрана појава на овален штит бележиме на споменикот од Pula *(К.бр.88)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., каде на фризот меѓу оружјето се поставени два големи овални штита, а на споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., лево е прикажан овален хоплитски штит со цизелирани шари на работ, прикажан од внатрешната страна.

На споменикот од Epidaur - Cavtat *(К.бр.79)* датиран од крај на 1 в.н.е.-почеток на 2 в.н.е., војникот во малку свитканата лева рака држи мал овален штит, а на споменикот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е., паднатиот војник во десната рака држи мал овален штит.

Војникот на споменикот од Sirmium- Сремска Митровица *(К.бр.135)* датиран околу 261 г.н.е., е предаден со мал овален штит, а на фрагментираниот споменик од Трговиште - Зајечар *(К.бр.107)* датиран во 3 в.н.е., кај вториот фрагмент најгоре разликуваме мал овален штит, кој е

open во горниот дел и кај третиот фрагмент најдолу, фрагмент од овален штит.

Овалниот штит со метално умбо кај Келтите се јавува рано 4-3 в.ст.е., а од нив оваа форма веројатно ја презеле Римјаните, за време на Латинските војни и ја користеле во сите три воени редови на легијата. На почетокот на царската епоха тешко оклопната пешадија во легијата носела конкавен правоаголен штит, додека кај помошните трупи преовладувале овални или кружни форми. Во периодот меѓу Трајан и Марк Аурелиј, правоаголните штитови со заоблени табли, постепено излегуваат од употреба, така што сите родови на војската носат овални или кружни штитови.[328]

## в. оклоп и кнемиди

- **оклоп:** *(К.бр.69,70,71,77а.,80,89,93,105,107,109,125,138,139,140,141,142, 150,151,162,192)*

Римјаните користеле бројни видови на оклопи низ целата историја, почнувајќи од најстариот наречен kardiophylax или пак самнитскиот модел на граден оклоп. Сепак најраспространети видови на оклоп кои Римјаните ги користеле се: алкест (lorica hamata), лушпест (lorica squamata) и обрачест (lorica segmentata).[329]

За потребите на истакнати личности - цареви, војсководци и војници во елитните трупи (прајторијанската гарда), биле изработувани скапоцени мускулести[330] оклопи, во два дела, денес познати само според ликовните споменици и само по нарачка на богата клиентела.[331]

**- мускулест оклоп:** Најрана појава на оклоп на римските споменици се јавува на споменикот од Драч - Dyrrachion (К.бр.69) датиран од 200-104 г.ст.е., каде војникот носи мускулест оклоп затегнат на слабината со каиш, како и на

[328] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 40.
[329] I. Radman - Livaja, (2004) 76.
[330] Во стручната литература освен терминот мускулест се употребува и терминот анатомски оклоп (А. Старац, Д. Маршиќ и др.).
[331] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 40-41.

споменикот од Драч - Dyrrachion (К.бр.70) датиран од 200-104 г.ст.е., каде војникот е прикажан со мускулест оклоп со апликација на Горгона и каиш затегнат околу слабинта, чиј крај виси надолу. Не е исклучена можноста војникот од споменикот (К.бр.69) на градите да има апликација со Горгона, која заради неговиот став не се гледа (свртен е со грб).

На споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., на релјефното поле се претставени: лево, мускулест оклоп, десно: мускулест оклоп со реси на ракавите и околу вратот, како и на споменикот од Pula (К.бр.109) датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., каде на фризот со оружје разликуваме мускулест оклоп со околувратник, кратки ракави и една низа на птериги.

На споменикот од Pula (К.бр.150) датиран од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., на фризот со оружје во петтата преграда е изведен оклоп – lorica од мускулест тип и штит, а на споменикот од Actium-Патра *(К.бр.138)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е., војникот е облечен во мускулест оклоп- lorica со една низа на птериги.

На релјефното поле на споменикот од Pula (К.бр.77 а.) датиран во 2/4 на 1 в.н.е., покрај пластичните претстави на копје, штит и кнемида, се забележува оклоп-lorica од мускулест тип, со околувратник и реси на ракавите, со една низа на птериги и реси под струкот, а на тимпанонот на споменикот од Salona-Solin, (К.бр.151) датиран во 60-те години на 1 в.н.е., на фризот со оружје е изведен мускулест оклоп со реси.

Војникот кој е поставен централно во релјефното поле на споменикот од Viminacij *(К.бр.192)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е.,[332] носи оклоп- lorica од мускулест тип со кратки ракави, една низа на птериги и апликација на Горгона на градите, а на споменикот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е., паднатиот војник носи мускулест оклоп.

Гладијаторот изведен на споменикот од Tomis *(К.бр.162)* датиран на крај на 2 в.н.е., е облечен во мускулест оклоп со долги ракави, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.139)* датиран во 180 г.н.е., мажот носи мускулест оклоп - lorica, со кратки ракави.

---

[332] Н. Вулић, (1931) 127-129, бр.311.

**- lorica hamata:** Овој оклоп бил составен од алки, Римјаните го презеле од Келтите, а најстара појава е во хеленистички период, што е потврдено во 2 в.ст.е. Бил направен со спојување на голем број на железни (поретко бронзени) алки и се темелел на низи на спојки од пет алки: низ една отворена алка ќе се протнеле четири полни алки, потоа отворената алка се затворала со клинец. Целата конструкција обликувана во вид на туника овозможувала одредена подвижност. Постарата варијанта содржела наметка од алки која се поставувала на рамената и се врзувала на градите, а развиениот тип имал две нараменици споени со копчиња за оклопот на градите и грбот. Меѓусебно и на градите биле споени со копчиња. Од крајот на 2 в.ст.е. овие нараменици не се користеле, бидејќи со оклопот од алки напоредно се носел мал граден оклоп под вратот, составен од две метални плочи, кои често релјефно биле украсени. Оклопот тежел меѓу 8-12кг. и овозможувал ублажување на тапи удари од меч, но не и заштита од убодни удари на стрели, копје и меч. Овој оклоп во Римската војска се користел од републиканскиот период до доцната антика, а често бил користен и во средниот век.[333]

На споменикот од Исар, Марвинци *(К.бр.71)* датиран од крај на 1 в.ст.е.-1 в.н.е., војникот носи мал граден оклоп под вратот, составен од две метални плочи, lorica hamata.

**- lorica segmentata**: Оригиналното античко име на оклопот не е сочувано.[334]

Се претпоставува дека потеклото му е од гладијаторските оклопи, или на неговиот развој влијаела потребата за заштита од Партските стрелци. Најрана употреба е забележана во времето на Август и раниот тип на обрачест[335] оклоп е наречен Kalkriese. Овој оклоп бил полесен и можел да издржи потешки удари, бидејќи металните обрачи ја апсорбирале снагата на ударот и посебно била нагласена заштита на рамената. Под обрачестиот оклоп била носена постава (subarmalis) или (thoracomachus). Обрачестиот оклоп во основа се состои од четири секции, секоја составена од низа железни елементи сврзани со кожни

[333] I. Radman - Livaja, (2004) 76-77.
[334] M. C. Bishop, (2002) 1.
[335] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 41, овој оклоп го нарекуваат сегментен.

ленти, прицврстени од внатрешната страна некогаш и со спојки и на надворешната страна. Секциите, левата и десната горна страна (секоја од својата страна го покривала едното раме и околувратниот дел), потоа левата и десната долна страна (низа на полукружни обрачи кои го покривале торзото) меѓусебно биле споени од надворешната страна со помош на каиш и спојки-куки.[336]

Кај најмладиот тип Newstead[337] кој се користел околу средината на 2 в., конструкцијата била поедноставена и бил смален бројот на елементите на оклопот, а се чини дека спојувањето на секциите било направено исклучително со куки и врвки, протнати низ прстени прицврстени на обрачите. Производниот процес бил сложен, а одржувањето бара високи стандарди. Во текот на 3 в. дошло до постепено напуштање на овој вид на оклоп.[338]

На цоклето меѓу различното оружје на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* датиран во 2 в.н.е., е моделиран оклоп - lorica segmentata, со кратки ракави, а на споменикот од Бардовци *(К.бр.125)* датиран во 2 в.н.е., војникот носи оклоп lorica- segmentata со реси кои висат надолу.

На споменикот од Макрохори - Долна Македонија *(К.бр.140)* датиран во 2 в.н.е., покојникот е облечен во оклоп lorica- segmentata, а војникот моделиран на споменикот од Спарта (К.бр.93) датиран од 212-217 г.н.е., носи оклоп lorica-segmentata.

На оштетеното релјефно поле на споменикот од Трговиште, Зајечар *(К.бр.107*) датиран во 3 в.н.е., на првиот фрагмент е прикажан војник со оклоп – lorica- segmentata.

Гладијаторот изведен на споменикот од Филипопол-Пловдив (К.бр.141) датиран во 2-3 в.н.е., е облечен во оклоп- lorica- segmentata, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.142)* датиран во 2-3 в.н.е., покојникот е облечен во оклоп- lorica- segmentata.

---

[336] Кај M. D. Thomas, (2003) види повеќе за секакви спојки, механизми, копчи, каиши, ленти и сл. кои го поврзуваат т.е. составуваат оклопот *lorica segmentata.*

[337] Според M. C. Bishop, (2002) 62-67, 12-13, можеби постои уште еден тип наречен Alba Iulia, според скулптурата најдена таму и датирана во доцен 2-ран 3 в.

[338] I. Radман - Livaja, (2004) 80-82.

Lorica segmentata станала синоним на Римските легионерски трупи најмногу благодарејќи на еден поединечен извор: Трајановиот столб.[339] Изграден е, т.е. подигнат на дел од Форумот на Трајановиот комплекс од 106-113 г., во чест на неговите две војни (победи) во Дакија, спиралниот релјеф на столбот прикажува сегментен оклоп за тело во мала форма која ги претставува градските трупи (сите легионери и прајторијанци). Прикажани се 608 фигури како репрезентираат ваков тип на одбрана, 42,5% римски војници кои носат оклоп се прикажани на релјефот.[340]

Овој оклоп кој бил одлика само на легионерите, поточно користен за опремување на тешката пешадија во легиите, тежел 8-9 кг.[341]

- **lorica squamata:** Лушпестиот оклоп спаѓа меѓу најстарите познати оклопи, потекнува од Блискиот Исток, околу 17 в.ст.е. Во Италија овој тип дошол преку Хелада, каде различно од Апенинскиот Полуостров, никогаш не постигнал широка примена. Битна предност е едноставната изработка, доволно било да се изрежат плочки од железен или бронзен лим во одреден облик, потоа низ припремени дупчиња се прицврстувале со жица на кожна или текстилна постава, а најдобра од груб лен. Лушпите биле споени на начин на преклопување како рибји кожи, или кровни ќерамиди. За време на Царскиот период лушпите дополнително биле појачувани со меѓусебно спојување со жица низ странични дупчиња, а од втората половина на 2 в., се поврзувал и горниот и долниот дел со жица, затоа одоздола се носела облека – постава (thoracomachus), со што се добило на цврстина, на сметка на подвижноста.[342]

- **Кнемиди:** *(К.бр.69,70,77а.,80,139,140,150,152)*

Кнемидите се изработувале од метал - бронза, биле правени во пар и служеле за заштита на нозете до висина на колена, а некогаш и над колената.

[339] M. C. Bishop, (2002) 9.
[340] M. C. Bishop, (2002) види повеќе за lorica segmentata.
[341] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 44.
[342] I. Radman - Livaja, (2004) 79.

Тие се врзувале на нозете со кожни врвки, најчесто од едната страна биле заоблени, а од другата полукружни.

Најрана претстава на кнемиди се јавува кај војникот на споменикот од Драч - Dyrrachion *(К.бр.69)* датиран од 200-104 г.ст.е., кој на нозете носи високи кнемиди кои ги штитат и колената, а војникот на споменикот од Драч - Dyrrachion *(К.бр.70)* датиран 200-104 г.ст.е., на нозете има високи кнемиди, кои се врзуваат со дебели кожни врвки кои се претставени, а ги штитат и колената.

Во второто поле на фризот со оружје на споменикот од Pula *(К.бр.150)* датиран од 1 в.ст.е-1 в.н.е., се изведени пар кнемиди, а на релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.77 а.)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., има една кнемида во комбинација со оклоп, копје и штит.

На цоклето на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* датиран во 1/2 на 2 в.н.е., пластично се претставени две кнемиди меѓу оклоп, шлем, меч и штит, а на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.139)* датиран во 180 г.н.е., покојникот носи две кнемиди, оклоп и копје, а до него е поставен шлем и штит.

На споменикот од Макрохори, Долна Македонија *(К.бр.140)* датиран во 2 в.н.е., покојникот на нозете носи кнемиди кои се високи до колената и идентично оружје како претходниот покојник.

## г. дополнителна опрема

- **бодеж (нож) - pugio:**

Освен редовната опрема римскиот војник користел и дополнителна опрема, меѓу која се издвојуваат нож, каиш, појас, штитник и др.

Најрана појава на бодеж забележуваме на споменикот од Исар, Марвинци (К.бр.71) датиран од крај на 1 в.ст.е.-почеток на 1 в.н.е., каде војникот поставен најдесно, на каишот десно носи бодеж - pugio во футрола.

Вториот маж поставен десно на споменикот од Aserija *(К.бр.74)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., под десната рака носи бодеж- pugio (или vitis*)* и штитник, а на

споменикот од Epidaur - Cavtat *(К.бр.79)* датиран од крај на 1 в.н.е. -почеток на 2 в.н.е., на десниот бок на војникот на каиш- cingulum, виси бодеж – pugio во футрола.

На споменикот од Пиперица *(К.бр.159)* датиран во 140 г.н.е.,[343] на цоклето кај мажот поставен долу десно, на појасот се забележува рачка од краток меч допрен до слабината, можеби бодеж – pugio, а на релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.124 а.)* датиран во 2/4 на 2 в.н.е., е моделиран легионерски бодеж-pugio со опкован каиш – cingulum и четири ленти кои завршуваат со полукружни монисти. Од другата страна има полукружна тока и опкована футрола.

Војникот третиран на споменикот од Basianae - Donji Petrovci *(К.бр.134)* датиран во средина на 3 в.н.е., лево на појасот носи бодеж pugio, кој е фрагментиран, а на споменикот од Небрегово *(К.бр.99)* датиран во 3 в.н.е. мажот поставен прв од лево на појасот има бодеж – pugio.

Мажот изведен на споменикот од Филипопол-Пловдив *(К.бр.160)* датиран во 2-3 в.н.е.,[344] на појасот носи бодеж - pugio, во футрола, (или краток гладијаторски меч).

Војничкиот бодеж- pugio исто како гладијот е од хиспанско потекло. Можеби Римјаните го прифатиле во своето наоружување од втората половина на 2 в.ст.е., во текот на долготрајните борби со Иберските племиња, а од 1 в.ст.е., станал дел од стандардната опрема. Во тек на целото постоење овој двостран римски бодеж главно го задржал истиот облик, карактеристичен по тоа што средишниот дел од сечилото најчесто е потесен од горниот и долниот дел. Долготрајната употреба на истиот модел веројатно е поврзана со фактот дека за војникот носењето на бодеж било повеќе прашање на престиж отколку вистинска потреба, па затоа при изработката на таков предмет поголемо внимание се посветувало на традицијата. Но далеку од тоа дека бодежот неможел да послужи вистински при борба, но тој не бил главно оружје и бил ваден од футрола, само ако војникот останел без копје и меч. Освен што

---

343 Ј. Божинова,-В. Русинов, (1987) 1, 24, обр.1, 140 г.

344 Љ. Вагалински, (1991) 1, 29 обр.1, римска империјална епоха.

овозможувал одбрана во крајна нужда, се мисли дека пред се служел како статусен симбол, што е поочигледно во 1 в., кога големо внимание се посветувало на украсување на футролата и рачката.[345]

**- штитник:** На спомеников од Aserija *(К.бр.74)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., вториот маж поставен десно, под десната рака има мал метален мрежест штитник наменет за заштита бна осетливи места од телото на војникот.

**- војничкиот каиш** (cingulum militae) бил важен дел од воената опрема, кој освен практична примена имал и симболично значење. Во тек на борбите служел за носење на мечот или бодежот, а во секојдневниот живот, богато украсениот појас укажувал на статусот во воената хиерархија и припадноста кон војничкиот сталеж воопшто. Појасот бил носен под и над оклопот, а се состоел од каиш со метална копча и декоративни детали. На него често виселе по четири украсени приврзоци.[346]

Каишот- cingulum најрано се јавува од крај на 1 в.ст.е., до крај на 3 в.н.е. на спомениците *(К.бр.71,75,76,77б.,79,80,83,99,100,103,124а.,125,130,143).*

На спомениците *(К.бр.69,70)* датирани од 200-104 г.ст.е. покојниците околу слабината носат врзан појас чиј крај паѓа надолу, направени од кожа или некој текстилен материјал.

- **Balteus** претставува појас на кој виси мечот поставен во футрола, префрлен преку десното раме, тој виси на левиот бок. Најрана појава среќаваме од крај на 1 в.ст.е., до 4 в.н.е. на спомениците *(К.бр.71,79,84,85,90,91,95,96,99, 100,101).*

---

[345] I. Radман - Livaja, (2004) 47.
[346] V. Dautova-Ruševljan, M. Vujović, (2006) 45-46.

# IV. ОРУДИЈА, АЛАТКИ И КУЛТНО-СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ ТРЕТИРАНИ НА НАДГРОБНИТЕ СПОМЕНИЦИ ВО РИМСКИОТ ПЕРИОД

## IV. 1. ОРУДИЈА И АЛАТКИ КОИ ЈА ОЗНАЧУВААТ ПРОФЕСИЈАТА

На споменициите од Римскиот период од 1-4 в.н.е. се јавуваат разни орудија кои може да укажуваат на професијата на покојникот, како што се нож со српесто сечиво, секира, чекан, клешти, медицински алатки, прибор за пишување, театарска маска, книга и др. Се јавуваат и орудија кои укажуваат на неговиот статус како што се vitis, тирс, kerykeion, signum, sella curulis и др., потоа култно симболни предмети меѓу кои аскија, стригил, вретено, топуз, срп, клуч и др., како и предмети за заслуга - диплома и медал.

### а. нож со српесто сечиво

На споменикот од Скопје, Рокомија (*К.бр.178*) датиран најдоцна до крај на 2 в.н.е.,[347] на десната рамка на релјефното поле се јавува нож со српесто сечиво изведен со плитко врежување, во комбинација со мала ascia.

Ножот со српесто сечиво можеби укажува на професијта на покојникот дека тој бил кондураџија или сандалаџија.

[347] Б. Јосифовска, (1960) 205-209, крај на 2 -прва деценија на 3 в.; ibid, (1982) br.110; П. Петровић, (1975) 80-81, T.V бр.47, најдоцна до крај на 2 в.; A. et J. Šašel, (1978) 47 br.542, крај на 2-почеток на 3 в.; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.32, fig.61-N.68, 667-668, крај на 2-почеток на 3 в.

На стелите и фасадите на гробниците од Анадолија, од 3 в. сè до доцната антика се забележуваат многу ножеви со српесто сечиво, моделирани во плиток и висок релјеф, со различни големини и во разни комбинации со други мотиви.[348]

Може да се заклучи дека оваа пластична претстава на нож со српесто сечиво, освен декоративната функција, на спомениците укажува и на професијата на покојникот, но во исто време на споменикот (К.бр.178) во комбинација со мала ascia, на симболичен начин ја покажува и вербата во вечен живот.

## б. секира

Секирата се употребувала како оружје најчесто кај Нордијците и кај некои варварски војски. Таа е орудие во дрводелството каде служела за сечење дрва кои се употребувале за греење, или за изработка на разни предмети за домаќинство, градежништво и сл.

Најрана појава на овој мотив среќаваме на споменикот од Клина *(К.бр.223)* датиран во 2 в.н.е., [349] каде е изведена секира во комбинација со клешти, поставена не како што е редот во релјефното поле, туку на дното од натписното поле, со техника на гравирање. Овој мотив сигурно укажува на професијата на покојникот кога тој бил жив[350] (значи тој работел во дрвната индустрија или бил занаетчија -клештите можеле да се употребуваат или во металопреработувачката или кожната индустрија).

Во левите раце на двајца војници моделирани на споменикот од Соракево, Мелник *(К.бр.117)* датиран во 2/2 на 2- почеток на 3 в.н.е., се предадени две секири со долги дрвени рачки и мал метален дел, поставени исправено, а на споменикот од Соракево, Мелник *(К.бр.119)* датиран во 2/2 на

348 T. Wujewski, (1991) br.35,42,66,68,71,75 и 77.
349 Н. Вулић, (1941-1948) 125 бр.273; E. Dobruna-Salihu, (1987) 199 sl.10; ibid, (2005) T.112, Fig.208-N.236, 2 в.
350 E. Dobruna-Salihu, (1987) 199.

2- почеток на 3 в., во левата рака на војникот забележуваме секира со долга тенка дрвена рачка и мал метален дел, прикажана исправено.

Војниците третирани на споменикот од Соракево - Мелник *(К.бр.129)* датиран во 2/2 на 2 -почеток на 3 в., во левите раце на градите држат две секири со кратки дебели рачки и голем широк метален дел, свртени наопаку, а на релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.220 а.)* датиран во 2/2 на 2 в.н.е.,[351] се јавува секира со големи димензии, долга дебела дрвена рачка и метален дел, кој од едната страна е зашилен, широк и долг, а од другата тап и помал.

Во левата откршена рака на војникот прикажан на споменикот од Неине - Илинденци *(К.бр.221)* датиран во 2/2 на 2 -почеток на 3 в.,[352] претпоставуваме секира, а на споменикот од Неине - Илинденци *(К.бр.222)* датиран во 2/2 на 2 - почеток на 3 в., во левата рака на војникот, забележуваме фрагмент од секира, мал дел од металниот горен дел и дрвената рачка.

Во релјефното поле на споменикот од Кавадарци *(К.бр.219)* датиран од 1-2 в.н.е., е изведена секира со долга дрвена рачка и метален дел, кој од едната страна е остро зашилен, а од другата, сечивото е пошироко и остро, во комбинација со срп.

Во втората зона на релјефното поле на споменикот од Топлица *(К.бр.92)* датиран во 212 г.н.е., долу лево, во левата рака на момчето е моделирана секира[353] со долга дрвена рачка. Таа најдолу е свиткана, има мал метален остар дел и е подигната нагоре. На тимпанонот е претставена огромна релјефна шишарка. Сите овие пластични елементи заедно со секирата, освен на професијата, може да укажуваат и на алузијата на задгробниот живот.

Секирата се употребувала како оружје најчесто кај Нордијците и кај некои варварски војски. Таа е орудие во дрводелството каде служела за сечење дрва, кои се употребувале за греење, или за изработка на разни

---

[351] A. Starac, (1995) 76, 89 T.4.4; ibid, (2006) 127-128, br.87, 2/2 на 2 в.
[352] В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 31 обр.7, 2/2 на 2 –почеток на 3 в.
[353] Според G. De Gruyter, (1999) 115 br.244, се работи за чекан.

предмети за домаќинство, градежништво и сл. Нејзината претстава на спомениците, може да укаже и на нејзината симболика во функција на моќ.

## в. чекан

Најрана појава на чекан забележуваме на споменикот од Pula *(К.бр.220 б.)* датиран во 2/2 на 2 в.н.е., каде се јавува чекан - *maleus* со кратка дебела дрвена рачка и голем метален дел, кој од едната страна е поширок, а од другата е потесен и тап, а во левата рака на покојникот третиран на споменикот од Долна Македонија (К.бр.102) датиран најдоцна до крајот на 2 в.н.е. е предаден голем чекан, а во десната рака, меч.

Мажот изведен на споменикот од Podvornica- Lištani, Livno *(К.бр.224)* датиран во 3 в.н.е.,[354] во десната рака држи чекан, а на споменикот од Мирковци *(К.бр.179)* датиран од крај на 2 -почеток на 3 в.н.е.,[355] во релјефното поле е прикажан чекан со голема дрвена рачка во комбинација со огледало.

Чеканот се употребувал како орудие кај ковачите за изработка на оружје и други метални предмети, потоа претставувал оружје кај Нордијците и е еден од атрибутите на Тор. Неговата претстава со кука може да укажува на професијата на покојникот, кој бил ковач. Тој се поврзува со небесното дејство, со создавањето на молњата, го симболизира громот. Дрвениот чекан е симбол на Тор богот на бурата, а тоа е оружјето на Хефест, богот ковач. Може да симболизира живот и смрт истовремено, а симбол е и на сонцето. Чеканот исто така може да ги брка лошите сили и да го чува починатиот од неговите непријатели.[356]

---

354 A. Škegro et all., (2008) 262 sl.2, 3 в.н.е.

355 Н. Вулић, (1931) 214, бр..570; I. Cremošnik, (1958a) 10; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.41 fig.75-N.83, 679 крај на 2- почеток на 3 в.

356 Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 1110-1111.

### г. крамп

Крампот како орудие се употребувал во земјоделството, а претставувал и дел од дополнителната опрема на секој римски војник и служел при копање на ровови, утврдувања и сл.

На споменикот од Бегниште[357] *(К.бр.218)* датиран од 1-2 в.н.е., најдолу во релјефното поле се забележува крамп со голема дебела дрвена рачка и метален дел, поставен хоризонтално.

На споменикот од Кавадарци *(К.бр.216)* датиран во 1-2 в.н.е., во релјефното поле е прикажан крамп кој е поставен хоризонтално и во комбинација со срп, а на релјефното поле на споменикот од Кавадарци (К.бр.217) датиран во 1-2 в.н.е. е предаден крамп во комбинација со срп и млада месечина.

Крампот како орудие се употребувал во земјоделството, а претставувал и дел од дополнителната опрема на секој римски војник и служел при копање на ровови, утврдувања и сл.

Но третирањето на крамп на надгробните споменици, заедно со срп, полумесечина и шишарка, го одредува неговото симболно значење во некој погребен ритуал или култ, секако во врска со подземниот свет и повторното раѓање.

### д. клешти

Клештите се орудие кое се употребувало во металургијата, кај сандалаџиите, ковачите и укажуваат на професијата на покојникот.

На споменикот од Клина *(К.бр.223)* датиран во 2 в.н.е., во долниот дел од натписното поле кое е откршено, наоѓаме клешти изведени со плитко врежување, а на релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.124 б.)* датиран во 2/4 на 2 в.н.е., пластично се претставени forceps - ковачки клешти со две

[357] Н. Вулић, (1933) 35 бр.105.

метални рачки и две долги фаќалки.[358] Покојникот Мајсиј Терентин по професија бил faber pectinarius, мајстор специјализиран за изработка на фини мали метални предмети, но и други предмети од комбиниран метал, дрво и кожа. На бочните страни на споменикот се прикажани инструментите на неговиот занает.[359]

## ѓ. медицински алатки

Познато е дека Римјаните познавањето за лекувањето, главно го презеле од старите Грци, а го збогатувале најмногу благодарејќи на влијанијата од Ориентот. Со градење на терми, водовод, канализациони мрежи и слични објекти, ја подигнале здравствената култура на високо ниво, а широко била распространета и работата на лекарите. Најчесто таа должност ја извршувале ослободеници (стари Грци). Постоеле приватни лекари, јавни, гладијаторски и воени.[360]

На споменикот од Sisak *(К.бр.209)* датиран во 2 в.н.е.[361] на цоклето на стелата се забележуваат фрагменти од медицински алатки и тоа од левата страна една шилеста, до неа тенка која завршува кружно (lanceta и sonda?), а десно се гледаат фрагменти од една широко заоблена алатка.[362]

Сондата претставува алатка со едноставен облик: составена е од држач со кружен пресек и плочка на врвот. Држачот на врвот секогаш е зашилен иако се јавуваат и некои исклучоци со правоаголно проширување, или четириаголен пресек. Материјалот од кој се правеле најчесто е бронза, а ретки се примероците наравени од коска. Во медицината најчесто се користела како

[358] A. Starac, (2006) 124-125, br.83, смета дека се претставени клешти за ковање со издолжени забци-forceps, двостран железен чешел користен во текстилната индустрија за чешлање на волна и лен-pectin, а под него има мала секира со двојна острица, фин алат за обработка на дрво, метал и коски (labris).
[359] A. Starac, (2006) 124.
[360] Z. Gregl, (1982) 175, 176.
[361] J. Brunšmid, (1904-1911) 208-209, br.346, 2 в.
[362] J. Brunšmid, (1904-1911) 209.

скарификатор (со остриот дел се сече кожата, а потоа со плочката се внесувал лекот). Плочката на сондата се користела и при чистење на рани или ушите.[363]

Шилестата алатка (lanceta) се користи при брусење како забен инструмент, а широко заоблената претставува лажица. Овие алатки (инструменти) најчесто се користени во медицината (при т.н. мала хирургија), но нивната функција можела да биде и повеќе наменска, имено, тие можеле да се користат и во апотекарството, како тоалетен прибор и др.[364]

Нивното моделирање е во врска со професијата на покојникот кој бил војник - доктор, затоа е прикажан со медицински прибор: игли, пинцети, сонди, лажици спатули и разни инструменти за лечење.

## е. прибор за пишување

На релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.204)* датиран во 2 в.н.е., на десната страна пластично е претставен свиток (волумен) од кој се појавува врвка со лист -неслужбен прирачен блок бележник, calendarium на робот кој се грижел за финансиите, место неговиот патрон,[365] а на споменикот од Šempeter - Savinjska dolina *(К.бр.203*) датиран во втора половина на 1 в.н.е.[366] е прикажан писар со стило во десната рака и тефтер во левата рака.

Третираните предмети укажуваат на професијата на покојниците дека тие биле благајници или писари, професии поврзани со пари.

## ж. театарска маска

На споменикот од Тесалонике *(К.бр.206)* датиран во втората половина на 2 в.н.е.,[367] горе лево, од десната страна покрај мажот, се гледа театарска маска.

[363] Z. Gregl, (1982) 179-180.
[364] Z. Gregl, (1982) 175, T.1-12.
[365] A. Starac, (1995) 76, 89 T.4.1.
[366] J. Jevtović, (1987) 168 br.89, втора половина на 1 в.н.е.
[367] J. Vokotopoulou, (1996) 63-65, бр.9815, втора половина на 2 в.н.е.

Покојникот бил актер, па затоа скулпторот по укажување на неговите најблиски, ја прикажал театарската маска на надгробниот споменик.

Инаку маската претставува симбол на театарските изведби.[368]

Критската, Микенската и Старогрчката цивилизација меѓу повеќето маски, имале и театарски маски кои главно биле исти и ги истакнувале карактеристичните црти на една личност крал, жена, слуга итн. Актерот кој се покрива со маска се идентификува по изгледот или магичното присвојување со личноста која ја претставува.

Богот Дионис често се поврзува со театарот и театарските игри.[369]

Од музите, Талија и Мелпомена во ликовните претстави се прикажувани со маска во едната рака. Талија музата на комедијата, покрај маската држела често и овчарски стап.[370]

Треба да се истакне фактот дека во Хелада во чест на Дионис на празникот Градски или Големи Дионисии, како и за време на Селски или Мали Дионисии, се изведувале театарски претстави.[371]

### з. камшик

На споменикот од Donji Cehi - Zagreb, (Andautonia) (*К.бр.202*) датиран во средина на 2 в.н.е.,[372] мажот кој е поставен најдесно во десната рака држи мал камшик.

Покојникот можеби бил благородник и затоа е претставен со камшик во раката или пак неговата професија е поврзана со коњи - коњушар и сл. Оттаму, камшикот укажува на неговата професија.

[368] В. Битракова-Грозданова, (1999) 22.
[369] В. Битракова-Грозданова, (1999) 18 сл.1.
[370] В. Битракова-Грозданова, (1999) 22.
[371] Л. Ковачева, (2012) 152-160.
[372] B. Migotti, (2008) 455 sl.1, средина на 2 в.н.е.

### ѕ. двостран чешел

На споменикот од Pula *(К.бр.124 б.)* датиран во 2/4 на 2 в.н.е., на релјефното поле забележуваме двостран чешел (pectel). Тој се користел при производство во металната индустрија и затоа неговата изведба укажува дека покојникот бил мајстор занаетчија.

### и. мрежа

Преку десната рака на гладијаторот третиран на споменикот од Dionisiopol - Балчик *(К.бр.163)* датиран од 2-3 в.н.е., забележуваме мрежа која се користи при борба во арената.

Во овој случај мрежата претставува оружје за борба во арената и служи за да го направи непријателот неподвижен, за да може да се совлада, тоа значи дека може да укажува на професијата на покојникот, кој бил гладијатор.

Мрежата може да симболизира и пајакова мрежа, во која пајакот ја демне својата жртва.

### ј. градежни алатки

На споменикот од Лопате *(К.бр.226)* датиран во 2 в.н.е.,[373] и на споменикот од Војник *(К.бр.227)* датиран во 2 в.н.е.,[374] на врвот на тимпанонот, меѓу лоза со лисја и грозје е моделирана алатка за изработка на споменици. Таа е мала, личи на конусен тег кој на двата краја е широк, а се стеснува на средината и веројатно имала функција на длето. Веројатно се користела при делкање на спомениците.

[373] Е. Петрова, (1987) 100-101, 2в.; E. Dobruna-Salihu, (1990) 235 T.1:2; ibid, (2005) T.4 fig.9, 3, 2 в.; З. Николовски, (1997) 18-19 сл.7, 2 в.

[374] В. Соколовска, (1966) 104-105, сл.7, крај на 2в.; A. et J. Šašel, (1978) 52 br.562, 2в.; З. Николовски, (1997) 6-7 сл.1, 2в.; E. Dobruna-Salihu (2005) T.2 fg.3, 2 в.

### к. торба, каса, кутија

На споменикот од Кавадарци *(К.бр.210)* датиран во 1 в.н.е. над главите на покојниците е изведена пластична претстава на торба во комбинација со спирала, а на споменикот од Pula *(К.бр.124 б.)* датиран во 2/4 на 2 в.н.е., на релјефното поле е прикажана торба во комбинација со бодеж, копје и стило.[375]

На релјефното поле на споменикот од Pula (*К.бр.204*) датиран во 2 в.н.е., лево е третирана торба - врека за ситни пари со капак – crumena, а на бочната страна на споменикот од Petrovci, Rума *(К.бр.207а.)* датиран во 2 в.н.е., забележуваме кутија - каса.

Претставите на торби и каси, укажуваат дека покојниците биле благајници или нивната професија на некој начин била поврзана со парите.

### л. трозабец

Најрана претстава на трозабец како мотив среќаваме на релјефното поле на споменикот од Равне, Књажевац *(К.бр.166)* датиран од 69 -80 г.н.е.,[376] каде се јавува трозабец со тенка долга дрвена рачка и мал метален врв прикажан како прободува риба (делфин), преку главата до опашот, а на споменикот од Макрохори, Долна Македонија *(К.бр.161)* датиран во 2 в.н.е.[377] во рацете на гладијаторот е поставен трозабец со откршен врв.

На тимпанонот на споменикот од Salona - Solin *(К.бр.164)* датиран во 2 в.н.е.,[378] меѓу делфините се забележува мал трозабец кој е поставен вертикално, а во левата рака на гладијаторот моделиран на споменикот од Тоmis *(К.бр.162)* датиран од крај на 2 в.н.е.,[379] е изведен трозабец со долга дебела дрвена рачка и метален дел во комбинација со бодеж и меч во другата рака.

---

[375] Според A. Starac, (1995) 76, 89 T.4.2 е претставена торба или фенер-laterna; ibid, (2006) 124-125 br.83, или полиптих на восочни плочки за пишување со комплет стилуси.

[376] CIL III 8261; Н. Вулић, (1941-1948) 89 бр.189; П. Петровић, (1975) 138 бр.31, 69-80; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.126 Fig.239-N.279, 791 69-70г; S. Pilipović-V. Petrović, (2011) 99 Fig.3, 91, 1 в.

[377] L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 410-411 бр.495, 2 в.н.е.

[378] N. Cambi, (1991) br.64, второ десетлетие на 2в.н.е., sl.65; D. Maršić, (2010) 68 sl.4, 69.

[379] M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 74 fig.2.4 cat.17, крај на 2 в.

На цоклето на споменикот од Дрмно, Пожаревац *(К.бр.165)* датиран во 1-2 в.н.е., наоѓаме трозабец со долга тенка рачка и метален дел, прикажан во момент како боде два Тритона, кои се врзани со опашките, а гладијаторот третиран на споменикот од Dionisiopol - Балчик *(К.бр.163)* датиран во 2-3 в.н.е., во левата рака држи трозабец со долга тенка дрвена рачка и помал метален дел. Преку десната рака ја префрлил мрежата, а на земјата забележуваме штит.

На споменикот од Долна Македонија *(К.бр.168)* датиран во 2-3 в.н.е., се јавува трозабец со долга тенка дрвена рачка и помал метален дел поставен на десната рамка на натписното поле, во комбинција со меч на левата рамка. На тимпанонот плитко се врежани две дланки, т.е. шаки, меѓу сонце со радијални зраци и флорална декорација со лисја на бршлен под натписното поле.

Трозабецот служел како оружје, најчесто го употребувале гладијаторите при борби во арената или некои нордиски племиња. Инаку, тој е симбол - атрибут на богот Посејдон, бог на морето и земјотресите и брат на Ѕевс. Затоа неговата претстава на спомениците може да укажува истовремено и на професијата на покојникот, пр. *(К.бр.161,162,163)* кој бил гладијатор, а на другите третирани споменици (К.бр.164,165,166,168) содржи симболна функција поврзана со верувањето во задгробен живот, религија и култ.

Претставата на делфин со трозабец која се јавува на спомениците (*К.бр.164,165,166*), се поврзува со култот на Нептун.[380]

Изведбата на делфинот се користи во два различни контекста: како фунерарен симбол го симболизира преминот на душите на оној свет, или се моделира на споменици подигнати во чест на Нептун, Венера и Аполон. Мотивот на делфин со трозабец претставува составен дел од иконографијата на Дионис, претставата на Херкул и поетот Арион.[381]

[380] S. Pilipović-V. Petrović, (2011) 83, 87 f.n.25.
[381] S. Pilipović-V. Petrović, (2011) 87 f.n.24.

**љ. книга**

На споменикот од Gologorica (Zaleški Dol), Pazin (К.бр. 205) датиран од крај на 1-почеток на 2 в.н.е., мажот во левата рака држи книга. Книгата може да укажува на интелектуалните способности на покојникот, дека тој бил можеби учен човек - философ, писател.

Но фактот што овој мотив е пречесто застапен, имплицира дека не може секогаш да укажува на неговиот интелектуален статус, бидејќи многу од третираните луѓе не биле писмени и не знаеле ниту да читаат. Овој мотив често е користен во сепулкралната иконографија како есхатолошки симбол и на гробот на починатиот ја претставувал книгата на неговиот живот, како симбол на неговата вера и неизбежна судбина.[382]

**м. стап**

На споменикот од Побожје *(К.бр.193)* датиран од 2-3 в.н.е.,[383] во десната рака на покојникот е изведен стап кој е многу дебел и на горната страна се двои на два дела. Можеби се работи за овчарски стап, но сепак тој многу наликува на скиптар-клуч.[384]

**н. стап - мотка**

На релјефното поле на споменикот од Битола *(К.бр.188)* датиран во 2 в.н.е.[385] на левото раме на војникот е претставен многу голем стап – мотка. Тој е прикажан во друштво со својот коњ кој мирно стои и ја подига левата предна нога како да го поздравува својот починат господар. Огромното дрво личи на голем топуз која можеби претставува сноп fascio (fasces), кој го покажува статусот на покојникот.

[382] T. Wujewski, (1991) 20,23.
[383] А. Керамитчиев, (1964) 145-148, 2 в.; A. Mócsy,(1970) 66 f.n.27, 2, 2-3 в.; П. Петровић, (1975) 80-81 T.V бр.50, најдоцна до крај на 2 в.; A. et. J. Šašel, (1978) 49 br.551, 2 в.; B. Josifovska, (1982) 137-138 br.145; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.33, fig.63-N.71, крај на 2-почеток на 3 в.
[384] K. Mihovilić, (1999-2000) 21-22 Sl.1, 23 Sl.3, скиптар-клучот од Незакциј е датиран во 8 в.ст.е.
[385] CIL III 7317; Н. Вулић, (1931) 12 бр.15; ibid, (1941-1948) 301 бр.54; Б. Јосифовска, (1961) 79-80, сл.30, 2 в.

Следствено, војникот по потекло бил од провинцијата Норик и служел како коњаник во елитните трупи на императорот.[386]

## IV. 2. КУЛТНО - СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ КОИ ГО ОЗНАЧУВААТ СТАТУСОТ

### а. кентуриски стап-vitis

- **Vitis:** *(К.бр.73,74,81,82,91,97,98,99,189,190,191,195)*

Кентурискиот стап - vitis претставува краток стап, обично направен од лоза (по што го добил и името) и личи на краток бастун. Тој го симболизира статусот на војникот, т.е. го одредува неговиот чин-кентурион.

Најрана појава на кентуриски стап - vitis, се јавува на споменикот од Малино *(К.бр.73)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е., каде војникот во десната рака држи vitis, преку меч во футрола, а вториот маж поставен десно на споменикот од Aserija *(К.бр.74)* датиран во 2/4 на 1 в.н.е., под десната рака носи бодеж- pugio (или vitis) и штитник.

Во десната рака на војникот третиран на споменикот од Vinkovci *(К.бр.81)* датиран од 130-140 г.н.е., е претставен кентуриски стап - vitis, а во левата меч, на споменикот од Равне - Княжевац *(К.бр.189)* датиран во 2 в.н.е.,[387] десно од бистата на покојникот е моделиран кентуриски стап - vitis, со долго тенко тело, кој горе завршува со кружна рачка.

Војникот изведен на споменикот од Ruma *(К.бр.191)* датиран во 2 в.н.е., во десната рака држи стап – vitis,[388] а на споменикот од Стаклен - Novae *(К.бр.82)* датиран од 1-2 в.н.е., на тимпанонот лево се прикажани кентуриски стап – vitis, а десно меч, поставени дијагонално.

---

386 Б. Јосифовска, (1961) 79-80, сл.30, бр.334.

387 Н. Вулић, (1933) 43-44 бр.148; A. Mócsy, (1970) 122, br.121; A. et J. Šašel, (1986) br.1308; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.67 fig.124-N.132, 2 в.

388 J. Brunšmid, (1900) 194-196, sl.86.

Мажот третиран на споменикот од Небрегово *(К.бр.99)* датиран во 3 в.н.е., поставен прв од лево, во десната рака која е спуштена, се потпира на кентуриски стап – vitis, на левиот бок има меч и на појасот нож, а на споменикот од Тетевен *(К.бр.97)* датиран во 3 в.н.е., во десната рака на војникот е прикажан vitis, на кој се потпира.

Војникот предаден третиран на споменикот од Сремска Митровица - Sirmium *(К.бр.190)* датиран во втора половина на 3 в.н.е.,[389] во десната рака има *vitis* со долго и тесно дрвено тело, а на споменикот од Радобил (К.бр.98) датиран во 3 в.н.е., 5-от маж поставен горе десно, во десната рака држи (се потпира) кентуриски стап-vitis.

Централно поставениот покојник на споменикот од Прилеп *(К.бр.91)* датиран од 3 в.н.е., во десната рака држи кентуриски стап – vitis, т.е. се потпира, а на левиот бок носи меч.

Во римската армија кентурискиот стап - vitis го одредувал рангот на кентурионот, а се користел при вежби и маневри но и при казнување на непослушни војници.

Како декор на сепулкралните споменици означува симбол на достоинство на починатите или исчезнатите кентуриони.

## б. аугурски стап -lituus

Аугурскиот стап – lituus всушност претставува крив (свиткан) стап кој во античката Римска религија бил користен од аугурите како култно орудие (инструмент), за да го обележат ритуалниот простор на небото (храмот). Исто така овој стап- lituus, претставувал обележје по кое аугурите се разликувале од другите свештеници.

На цоклето на споменикот од Viminacij *(К.бр.192)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е., во сцена култна и погребна, се моделирани два свештеника симетрично, кои во левата рака држат по еден аугурски стап –lituus, два дебели стапа

[389] V. Dautova-Ruševljan, (1983) 170 T.2 sl.4, втора половина на 3 в.

споени со ткаенина, а во другата рака, едниот држи чаша, другиот свеќник. Меѓу нив, се забележуваат двајца мажи како положуваат некој сандак на висок постамент со ногарки. Во тимпанонот, покојникот кој е војник, е прикажан во многу интересна сцена – дексиосис, т.е. разделба, тој е облечен во свечен оклоп - lorica со пластичен украс на Горгона на градите, а со десната рака се ракува, т.е. опростува од неговата жена, облечена во химатион, чиј крај го префрлила преку рака. Десно од него е изведена стоечка машка фигура, која е откршена, како и лицето на покојникот. Војникот се ракува и со него со другата рака, тој веројатно му е син. Лево од жената се гледа ѕид и фрагменти од коњски ноздрви. Под нив има тесен фриз на кучиња, кои бркаат дива свиња.

Аугустали биле свештеници во култот на императорите. По потекло претежно биле ослободеници. Нивните колеги (на пр. Seviri augustales) постоеле само во римските градови.[390]

### в. скиптар- тирс (жезол)

Тирсот или жезолот претставува долг стап или копје, на чиј врв се наоѓа борова шишарка, а обвиен е со бршлен, цвеќе, лозови листови или гроздови. Најпрво се работи за свештенички знак во рацете на свештениците и свештеничките кои го славеле божеството, а подоцна означувал хиерархија.

На споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., во сцената, Грабнувањето на Кора, нагиот Хад кој е поставен централно, во левата подигната рака држи скиптар.[391]

Во десната рака на Атена на споменикот од Тројаци *(К.бр.194)* датиран од 1-2 в.н.е., која е прикажана како девојче со шлем и штит е е предаден скиптар со кружна голема рачка.

Првиот маж изведен на споменикот од Скопос *(К.бр.131)* датиран во 3 в.н.е., во левата рака држи скиптар со долго тесно тело и кружна рачка, а во десната копје, а на споменикот од Сриједа (Сани), Босна *(К.бр.195)* датиран во

---

[390] Б. Јосифовска, (1961) 28 ф.н.12.

[391] J. Brunšmid, (1895-1896) 1-13, T.1, смета дека е претставен centron.

4 в.н.е.,[392] во двете раце на покојникот е третиран скиптар со дебела рачка, која се стеснува кон металниот мал врв.

На споменикот од Пештани *(К.бр.196)* датиран во 1-2 в.н.е., првиот покојник носи тирс во левата рака, а вториот во левата тирс, а во десната рака држи вретено.[393]

Тој бил симбол на повеќе божества, на пример на Дионис и Атена. Претставувањето на покојници со жезол во рацете може да асоцира дека споменикот ќе биде заштитен од посочените божества или пак е посветен на тоа божество, во некои случаи може да укажува и на божествено потекло. Подоцна носењето на тирс значело симбол на моќ.

### г. kerykeion

Kerykeion (кадукеј) е амблем на Хермес, тој претставува стап околу кој се замотани две змии во спротивна насока. Змијата има двоен симболички аспект, едниот е благотворен, а другиот злокобен - кадукејот го претставува нивниот антагонизам, рамнотежа. Легендата за кадукејот се однесува на првобитниот хаос (две змии се борат) и на неговата поларизација (Хермес ги раздвојува змиите), а конечното замотување околу стапот ја остварува рамнотежата на спротиставените стремежи околу оската на светот.

На споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., во сцената, Грабнувањето на Кора. лево е претставен Хермес, кој во левата рака држи kerykeion, потпрен на рамето, а на споменикот од Solin - Salona (K.br.197) датиран во 2 в.н.е. е прикажан Хермес, како во десната рака држи kerykeion.

Во старогрчката епоха двете змии добиле крила, тогаш симболот добил хтонско – небесни обележја. Кадукејот е и атрибут на Аслепиј, татко на лекарите и бог на медицината.

---

[392] . Basler, (1972) 150-151, sl.165, 4 в.

[393] Н. Вулић, (1931) 168 бр.441.

### д. signuм

Signuм всушност претставува украсено копје кое долу е зашилено заради полесно забивање во земја. Тој може да биде украсен со правоаголна плочка со заоблени рабови зацврстена во две правоаголни пречки, а над неа може да стои медалјон во облик на венец со лик на император или божество. Над него исто така може да има уште еден медалјон со венец - corona со обележје на единицата. На врвот се поставува знаме со стап.

Војникот кој носел signuм се нарекувал римски signifer со signum кој претставувал обележје на единицата.

Најрана појава среќаваме на споменикот од Pula *(К.бр.89)* датиран од 1 в.ст.е. -1 в.н.е., каде лево има копје на кое се нанижани phalerae – signuм, а на споменикот од Sucidavae или Oescus *(К.бр.143)* датиран во 41 г.н.е.,[394] се јавува signuм т..е. копје украсено со цветови во форма на розети-фалери.

Војникот изведен на споменикот од Epidaur - Cavtat *(К.бр.79)* датиран од крај на 1 в.н.е.- почеток на 2 в.н.е., со десната рака држи signuм - стег, кој долу е зашилен и украсен со правоаголна плочка со заоблени рабови зацврстена во две правоаголни пречки. Над неа има медалјон во облик на венец со лик на император или божество, а над него уште еден медалјон со венец - corona со обележје на единицата. На врвот имало знаме со стап кој е откршен.

Во римската војска во империјалниот период секоја кохорта и кентурија омала по еден сигнифер, најстариот одел прв напред, а сите други напред пред единицата, што било опасно бидејќи за одбрана имале само мал штит.

Сигнумот го претставувал воениот амблем на единицата. Тој содржел фалери (дискови или медалјони) заедно со други елементи поставени на стап, на кој може да биде закачен врв на копје или човечка отворена дланка-симбол на лојалност или венец доделен во чест на победа или како награда.

Како надополнување сигниферот се грижел за финансиите и бил банкар, за што бил двојно платен.

---

[394] М. Александреску-Виану, (1979) 1, 34-35 обр.1, 36 на крај на владеењето на Клаудиј (41-54г.); В. Gerov, (1989) 31-32 br.49, T.XII, 41 г.

## ѓ. Cornu-horn

Cornu е музички дувачки инструмент долг околу 3 м., во форма на латиничната буква 'G'. Инструментот се потпирал на попречна греда што овозможувало цврстина на структурата, помогната од рамето на свирачот. Носачот на cornu се нарекувал cornicen.

На цоклето на споменикот Стаклен - Novae *(К.бр.198)* датиран од 45-69 г.н.е.,[395] е претставена corna, со кружна форма. Кон пластичните претстави кои се во врска со професијата на спомнатите лица во натписот, спаѓа и декорацијата на корната на плочата на P. Farfinias. Според натписот, тој бил cornicen во осмиот легион.[396]

Задачата на cornicen била шифрувано со сигнали да ги пренесува заповедите на генералите во текот на битката.

Нејзината пластична претстава укажува на професијата на покојниот, дека тој бил музичар - свирач на cornu, која по смртта е моделирана на споменикот.

## е. sella curulis со fascio (fasces)

Sella curulis всушност претставува стол на склопување кој означува симбол на римската политика, бидејќи презентира авторитет. Sella curulis се нарекува и curule бидејќи најчесто се изработува од слонова коска. Тоа е стол со нозе кои тешко се виткале и без наслон, резервиран за користење на високи официјални личности во Рим.

На споменикот од Pula *(К.бр.200*) датиран во првата деценија на 1 в.н.е.,[397] на релјефното поле пластично се третирани sella curulis со fascio, ознаки - симбол за магистрат на Колонијата, а fascio (fasces) можеби е изведена на рамењата на покојникот на споменикот од Битола (К.бр.188) датиран во 2 в.н.е., каде огромниот стап-мотка личи на сноп- fascio.

395 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 29, 28/48, 64, Т.XIV, 45-69 г
396 Д. П. ДимитровЬ, (1942) 64.
397 A. Starac, (1995) 76, 90 T.5.4, ibid, (2006) 84-85, br.44, прва деценија на 1 в.н.е.

Прикажувањето на biselij и fascio на споменикот на декурионската фамилија Treblani, означуваат симболи на достоинство на магистратот на колонијата и наликуваат на приказите од Сарсина и Верона.[398]

Претставата на fasces во Римското Царство означувала сила и авторитет.

На споменикот од Равне - Кнажевац *(К.бр.201)* датиран во 2 в.н.е.,[399] до попрсјето на покојникот е изведена sella curulis, а на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* датиран во 1/2 на 2 в.н.е., sellata curulis е поставена во релјефното поле, покрај војникот.

Надгробните споменици со претстава на курулна села се концентрирани во Италија, а особено се бројни во Северна Италија, додека во провинциите нивната појава е најчеста во Норик.[400]

Пластичната претстава на sella curulis, е застапена најчесто во Северна Италија, каде била симбол на одредена фамилија, а на споменикот од Odessos *(К.бр.80)* е присутна во сцената посмртна гозба.[401]

## IV. 3. КУЛТНО - СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ

### a. ascia

Ascia на почетокот претставувала орудие кое со текот на времето го загубило своето значење и станало симбол и атрибут на разни божества на небесниот и хтонскиот свет.

Најрана појава се забележува на цоклето на споменикот од Бардовци *(К.бр.177)* датиран од крај на 1-почеток на 2 в.н.е.,[402] каде е прикажана ascia и

398 A. Starac, (2006) 84 br.44.
399 CIL III,8263; Н. Вулић, (1941-48) 83 бр.175; A. Mócsy, (1966) 27 br.12; П. Петровић (1975) 139 бр.33; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.79 fig.148-N.161, 2 в. (време на Хадријан).
400 A. Starac, (2006) 84-85 br.44.
401 M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 68 fig.9.3 cat.104'
402 Д. Корачевић, (1983) 215-218, крај на 1-почеток на 2 в.; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.21 fig.37-N.41, 652-653, 2 в.

орудие за острење – острило, а на натписното поле на споменикот од Злокуќани *(К.бр.225)* датиран најдоцна до крај на 2 в.н.е.,[403] се јавува ascia? со многу долга, тенка дрвена рачка и мал метален дел.[404]

На рамката на тимпанонот на споменикот од Скопје, Рокомија *(К.бр.178)* датиран најдоцна до крај на 2 в.н.е.,[405] е пластично изведена ascia, која е минијатурна, со долга дрвена рачка и мал метален дел. Претпочитаме дека нејзината намена е култна.

На десната акротерија на тимпанонот на споменикот од Solin - Salona *(К.бр.173)* датиран во 1-2 в.н.е.,[406] наоѓаме ascia со кратка дебела дрвена рачка и метален дел, кој од едната страна е превиткан, а од другата тап, а на споменикот од Solin - Salona[407] *(К.бр.174)* датиран во 1-2 в.н.е.,[408] долу лево под натписното поле е третирана ascia свртена кон десно, со кратка дебела дрвена рачка и метален дел, кој е превиткан од едната страна, а од другата е тап, иста со *(К.бр.173)*.

Најдолу во натписното поле под натписот на споменикот од Solin[409] *(К.бр.176)* датиран од 1-2 в.н.е.,[410] е поставена ascia свртена кон лево, со долга дебела рачка и превиткан метален дел од едната страна, а од другата, тапа, иста со другите од споменикот *(К.173,174)*, а на долната рамка од натписното поле на споменикот од Solin - Salona[411] *(К.бр.175)* датиран од 1-2 в.н.е.,[412] е моделирана минијатурна ascia, веројатно со култна намена.

---

403 L. Renier, (1873) 139, n.3; М. Димица, (1896) бр.313; CIL III 8212; Б. Јосифовска, (1973) 291-294; ibid, (1982) 112-113 br.105; П. Петровић, (1975) 80-81 T.V бр.33, најдоцна до крај на 2в.; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.29, fig.54 N.61, 2 в.

404 Според Б. Јосифовска, (1973) 292, се работи за градежна алатка со долго цилиндрично тело.

405 Б. Јосифовска, (1960) 205-209, крај на 2 -прва деценија на 3в.; ibid, (1982) 115-116 br.110; П. Петровић, (1975) 80-81 T.V бр.47, најдоцна до крај на 2в.; A. et J. Šašel, (1978) 47 br.542, крај на 2 -почеток на 3в.; E. Dobruna-Salihu, (1994) 32 fig.14; ibid, (2005) T.32 fig.61-N.68, 667-668 крај на 2 -почеток на 3в.

406 J. Brunšmid, (1904-1911) 98-99 br.180, римски империјален период.

407 CIL III 2518a (cf. p. 1510); J. Brunšmid, (1904-1911) 199 br.333.

408 Датирање според аналогија со (К.бр.173).

409 CIL III 2061 (cf. p.1509); J. Brunšmid, (1904-1911) 196-197 br.327.

410 Датирање според аналогија со (К.бр.173,174).

411 CIL III 2460 (cf. p. 1510); J. Brunšmid, (1904-1911) 194 br.322, на долната рамка од натписното поле има аскија; ibid, (1907) 174 br.322.

412 Датирање според аналогија (К.бр.173,174,176) од 1-2 в.н.е.

На долната рамка на цоклето на споменикот од Дрмно, Пожаревац (*К.бр.165*) датиран од 1-2 в.н.е., се јавува ascia[413] со долга дебела дрвена рачка и метален дел, кој од едната страна е остар и долг, а од другата е краток и тап, а на споменикот од Solin – Salona (К.бр.180) датиран од крај на 2- почеток на 3 в.н.е. во тимпанонското поле над буквата 'D' се забележува фрагмент од рачка од ascia.

На тимпанонското поле, на споменикот од Novis *(К.бр.181)* датиран во 3в.н.е.,[414] под венецот лево е претставена ascia во комбинација со срп од спротивната страна, а на споменикот од Pula *(К.бр.182)* датиран од 2-3 в.н.е.,[415] се гледа фрагмент од ascia со дрвена рачка и свиткан метален дел.

Покрај Рим, Северна Италија била најбројно застапена со аскија. Тука голема улога имала Аквилеја, која би можела да биде јадро на ширење на овој симбол, на цел овој предел, веќе од I век.[416]

Аскијата се јавува и како украс на фасади на гробници и разни релјефи, од 3 в. до доцната антика.[417]

Постојат многу тези со кои се поврзува аскијата од кои се издвојуваат неколку: таа претставува мистичен знак кој означува вечен живот; на почетокот претставувала орудие кое со текот на времето го загубила своето значење и постанува симбол и атрибут на разни божества на небесниот и хтонскиот свет, инструмент на смртта, но исто така и на животот и плодноста.[418]

На споменикот од Pula (К.бр.182) аскијата укажува на земјоделската гранка со која се занимавала покојничката. Познато е симболичното значење на аскијата како знак со право на употреба на гробно место и надгробен споменик, но во тој случај таа секогаш се прикажува на предната страна на

---

413 Според Н. Вулић, (1941-1948) 146-147 бр.315, е претставен чекан.
414 Д. П. ДимитровЬ, (1942) Т.XXIX бр.101; B. Gerov, (1989) 152-153 br.326, T LXI, 3 в.н.е.
415 Датиран според аналогија со аскиите од 2-3 в.н.е.
416 М. Р. Васић, (1977) 45.
417 T. Wujewski, (1991) br.42,66,67,68,73.
418 М. Р. Васић, (1977) 46.

споменикот (секогаш стели) како единствена пластична претстава, а не на бочните страни на ара со рамноправна изведба на други алати и орудија.[419]

Во Галија на гробниците од римско време, овој украс е чест и можеби неговата намена била да ги информира посетителите дека се работи за некропола, која е под заштита на бог или се работи за култот на мртвите... Некои истражувачи овој декоративен елемент го поврзуваат со некои мистични секти од ориентално потекло.[420]

Може да се заклучи дека симболиката на овој мотив е јасно поврзана со подземниот култ. Аскијата можеби има функција на апотропеон со двојно значење: ги штити покојниците при нивното патување на „оној" свет и во исто време, го штити гробот од можно сквернавење, но не е исклучена можноста дека означува симбол на вечен живот.

Во секој случај, нејзината симболика заедно со другите пластични елементи, третирани на спомениците на територијата на Балканот, јасно се вклопува во симболиката на општо прифатената идеја на човекот од антиката, идејата за вечен живот.

### б. рог на изобилието

Рог на изобилието претставува чаша, сад од кој се пиело вино, медовина и амброзија, најчесто направен од злато и сребро, но се среќаваат и керамички претстави.

Најрана појава забележуваме на споменикот од Монтана, Михаиловград *(К.бр.126)* датиран во 2 в.н.е., каде рогот на изобилието е поставен исправено на левата рамка на тимпанонското поле, а во рацете на покојникот на споменикот од Дреновци *(К.бр.87)* датиран од најдоцна до крај на 2 в.н.е., претставен десно, имало рог на изобилието кој е уништен.

[419] A. Starac, (1995) 76, 89, T.4.3.
[420] T. Wujewski, (1991) 42.

Рогот на изобилието е симбол атрибут на Ѕевс, имено, додека растел на Крит го хранеле козите, особено козата доилка Амалтеја, кои истовремено со мекањето го штителе од татко му Крон. Играјќи, малиот Ѕевс бебе, случајно ја фатил козата Амалтеја за рогот и не сакајќи и го откршил. Од преголема жал и за благодарност, кога станал врховен бог, направил рог од кој течело мед и млеко и го подарил на козата, ветувајќи и дека повеќе никогаш ништо нема да и фали.

Рогот на изобилието е атрибут на Тихе, како и на Деметра, Реа и Кибела.[421]

Рогот станал атрибут за благосостојба. Затоа македонските кралеви како Филип II, Александар III и др., се прикажувале со рогот на изобилието, да укажат на божественото потекло, а истовремено да ја покажат и својата моќ. Изведбата на овој мотив на споменициte е во врска со симболичното значење, дека на „оној“ свет ништо нема да им недостига.

### в. факел

Факелот претставува орудие кое се користело за осветлување. Појавата на факелот како мотив се јавува на споменикот од Врања *(К.бр.183)* датиран во 81 г.н.е.,[422] каде во десната рака на жената[423] поставена прва од лево е претставен факел кој гори, со голема обработена рачка, во сцената посмртна гозба од сложен тип - покојник полу легнат на клине, во друштво со неговата фамилија, слугите, триножно столче и храна.

Во левата рака на девојче[424] изведено на споменикот од Неине - Илинденци (*К.бр.184*) датиран во 198 г.н.е.,[425] се наоѓа факел со долга тенка дрвена рачка.

[421] В. Битракова-Грозданова, (1999) 36.
[422] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 10-11, 3/4, 110, 81 г.н.е.; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) 196 fig.7.1.cat.93; В. Герасимова-Томова, (1980) 3, 27, обр.1, 198 г.
[423] Според Д. П. ДимитровЬ, (1941) 10, 3/4, се работи за Хеката.
[424] Според В. Герасимова-Томова, (1980) 3, 27, обр.1, се работи за Бендида.
[425] В. Герасимова-Томова, (1980) 3, 28, обр.3, 30-31, 198 г.

Прикажувањето на покојникот со факел во раката или во друштво на жена која држи факел, во едниот случај со запален пламен, асоцира на поврзаност на сцената со некој култ, ритуал во врска со задгробниот живот - можеби на покојникот, следствено на верувањата дека така ќе му биде полесно да го најде патот во подземниот свет. Исто така, може да се работи и за присуство на божества - Артемида или Бендида,[426] на кои можел да им биде посветен споменикот, или бил под нивна заштита. Доколку се работи за Бендида ја поврзуваме со култот на мртвите.[427]

Факелот ја симболизира светлината која го осветлува преминот кон пеколот и патот на почетокот.

### г. сандали

На споменикот од Скопје, Рокомија *(К.бр.178)* датиран најдоцна до крај на 2 в.н.е., на рамката на тимпанонот има сандали. Иако претставата на санндали на споменикот може да укажува на професијата, сепак може и да симболизира дека покојникот полесно ќе стигне на „оној' свет ако носи сандали. Затоа е забележано дека при погребувањата на покојниците во Требеништа, Лихнид, Синдос и на др. места, како гробен дар се ставаат сандали, најчесто од злато или сребро.

### д. брод - чун

Најрана појава на брод како декор се јавува на споменикот од Salona - Solin *(К.бр.170)* датиран на почеток на 1 в.н.е.,[428] каде на цоклето на споменикот е прикажан чун со јарбол и весла, а на цоклето на споменикот од Tomis *(К.бр.171)* датиран од крај на 1- почеток на 2 в.н.е.,[429] е изведен брод - чун со весла.

---

[426] В. Герасимова-Томова,, (1980) 3, 30, обр.1, 3, смета дека се работи за божицата Бендида, а Димитров, за Хеката.
[427] В. Герасимова-Томова, (1980) 3, 30,33.
[428] Д. П. ДимитровЬ, (1941) 101 ф.н.7, 104 обр.125, почеток на 1 в.
[429] I. Stoian, (1961) 255, fig.9; M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 63 и 68, fig.7.1 cat.107, An.1, крај на 1- почеток на 2 в.

На споменикот од Тесалонике *(К.бр.172)* во долниот дел на натписното поле е третиран брод - чун со човек кој весла и делфини.[430]

Претставата на чун на цоклето и во долниот дел на натписното поле, укажува на професијата на покојниците кои биле војници морнари.

Во релјефното поле на споменикот од Bjelovar *(К.бр.128)* датиран во 1-2 в.н.е., во непозната митолошка сцена, Грабнувањето на Кора од Хад, или пак е прикажан, Харон како со чунот ја пренесува покојничката во Адот. Во позадината десно зад Харон, на чинот присуствува мажот војник моделиран со штит, шлем и копје, во друштво на колегите војници претставени со шлемови и копја. Доколку пак се работи за сцената, Грабнувањето на Кора, која е прикажана во момент како се качува во чунот со помош на Хад кој ја држи со две раце, во позадината е предадена Атена со штит, шлем и копје.

На споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., во сцената, Грабнувањето на Кора, борната кола на Хад удира во брод-чун, прикажан само со клунот.

Бродот (чун) истовремено претставувал и оружје, т.е. со него се носеле продуктите и војската која учествувала во поморски битки, па оттука укажува и на професијата дека војникот бил морнар, а согласно старогрчките митолошки толкувања со чунот на Харон, душата плови во Хадот.

Делфинот во римската сепулкрална уметност прво бил симбол на небесниот океан по кој душата патувала до „Островот на блажените" или Месечината, а подоцна станал превозник на душите до нивната цел.[431]

На споменикот од Тесалонике *(К.бр.172)* во долниот дел на натписното поле забележуваме брод - чун со човек кој весла и делфини, кои се составен дел од култот на Дионис, Посејдон, Аполон и Афродита.[432]

---

[430] П. ΑΔΑΜ–ΒΕΛΕΝΗ–Η. Κ. ΣΒΗΡΚΟΣ, (2001) 20-23, 32 сл.3а, 3 в.н.е.
[431] Р. Зотовић, (1995) 54.
[432] Види повеќе во поглавјето за трозабец.

### ѓ. стригил

Стригилот претставувал алатка –орудие карактеристика за ефебите од Хелада, (каде е неговата појава) кои вежбале во гимназионите и служела за отстранување на потта преку стружење на телото, претходно намачкано со масло.

Римскиот стригил се јавува со доаѓањето на Римјаните на Балканот од II-I в.сте. сè до втората половина на I в.н.е. Се одликува со плочеста рачка која е рамна со полукружно свиткана стругалка, а поголемиот број се направени од железо, различно од претходните. Меѓутоа, железниот стригил се јавува од IV в.ст.е. кога се употребуваат паралелно со бронзените, а нивната широка употреба се намалува на почетокот на хеленистичкиот период.[433]

Појавата на стригилот како декор на римските споменици е ретка, тој единствено се јавува на споменикот од Атина *(К.бр.212)* датиран во 2 в.н.е.,[434] каде мажот во десната рака држи стригил.

Развојот на стригилот во римско време почнува од средината на IIв.ст.е. по падот на Македонија и Генциј во Илирик. Карактеристичен за ова време е стригилот 2d, додека сите други облици се губат. Issa и Salona станале главни центри на Рим и таму се наоѓало производството на стригили кои биле направени од железо.[435]

### е. разбој и вретено

- **разбој:**

На релјефното поле на споменикот од Долна Македонија *(К.бр.185)* датиран во 3 в.н.е.,[436] е прикажан голем дрвен *разбој,* на две нивоа, со вретена и фурки кои висат горе, а долу има кошница и ногарки. Покојничката е поставена на фотелја, со нозе подигнати на табуретка, како работи на разбојот од десната страна, а од левата има мало девојче, како држи рака, која излегува од разбојот. На тимпанонот е изведено стилизирано сонце со радијални зраци,

[433] M. Parović-Pešikan, (2005) 116.
[434] E. J. Walters, (1988) Pl.42a., 46, f.n.115 доцен Северов период, 82 f.n.98; 108 f.n.119.
[435] M. Parović-Pešikan, (2005) 121.
[436] L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 326-327 бр.356, 3 в.

а на десната акротерија, човечка рака, т.е. дланка. Сите овие елементи ја потврдуваат вербата во нов, задгробен живот и повторно раѓање, толку силно изразена кај луѓето од антиката, посебно на Балканот.

- **вретено:**

На долната рамка на споменикот од Osijek - Mursa *(К.бр.169)* датиран во 2 в.н.е., се моделирани две вретена, со долги тесни тела и по еден пршлен на долниот дел. Во релјефното поле имало покојничка изведена во цел раст, како лежи, која е откршена, а на споменикот од Petrovci, Ruma *(К.бр.207 б.)* датиран во 2 в.н.е.[437] е третирано вретено со долго издолжено тело, кое завршува со метална алка и друга (фурка) со замотано предиво, која исто така, завршува со метална алка.

На релјефното поле на споменикот од Пештани *(К.бр.196)* датиран во 1-2 в.н.е., првата фигура држи тирс во левата подигната рака, а втората која е жена, во левата подигната тирс, а во десната спуштена, вретено. Очигледно е дека се работи за претстава на некое божество.

Прикажувањето на вретената на спомениците од Балканот меѓу 1-4 в.н.е. укажува дека мајсторите скулптори, како и дедикантите, не го заборавиле симболичкото значење на вретеното, како нитка на животот и симболот на Трите Мојри - Наречници. Во таа смисла треба да се сфати и претставата на разбојот со вретената и фурките, кој укажува за прераната смрт на покојникот, но во исто време, носи и силна верба во повторно ткаење на нитката на животот, нов поубав живот.

Една од симболиките на вретеното е вечното враќање, во таа смисла е блиско со лунарниот симболизам. Трите Мојри држат вретена, тие управуваат со животот на секое живо суштество со помош на конец, кој едната од Мојрите го преде, втората го намотува, а третата го сече. Овој симболизам го означува неумоливиот карактер на судбината: Парките безмилосно го плетат и

[437] J. Brunšmid, (1904-1911) 263-265, sl.467 a, 467 b, 2 в.

расплетуваат времето и животот. Вретеното, инструмент и симбол на Парките, симболизира смрт.[438]

Ткаењето значи создавање, раѓање. Кога ткаенината ќе биде завршена, ткајачката ги сече конците што ја држат за разбојот и притоа благословува, исто како бабицата, при сечење на папочната врвца на новороденчето.

Ткаенината, конецот, ткаењето, орудијата кои служат за предење или ткаење (вретено и фурка), се симболи на судбината. Тие служат да го опишат сето она што управува или присуствува во нашата судбина. Месечината ткае судбини; пајакот кој ја плете својата мрежа е слика на силите што ја ткаат нашата судбина. Мојрите се предачки, тие како божества на Месечината ја кажуваат судбината. Ткаењето значи создавање на нови судбини. Оттаму, ткаењето не значи само определување на судбината, туку и творење. Многу божици во рацете држат фурки и вретена и управуваат не само со раѓањето, туку и со животот и настаните, пр. Хетитската Голема божица. Овие божици владеат со времето и со траењето на човечките животи. Предачките и ткајачките бесконечно ги отвораат и затвораат индивидуалните и космичките циклуси.[439]

Споредена со вретено, како кај Парките, фурката го симболизира одвивањето на деновите, а конецот, постоењето кое ќе престане да се ткае, кога фурката ќе биде празна. Тоа е изброено време кое немилосрдно минува.[440]

Во старогрчката народна традиција наречниците се познати како Мојра, Мојри. Мојра била таа што одлучувала за смртниот час. Тоа што ќе го досудела таа, ни Ѕевс не можел да го спречи. Според старогрчките преданија, Мојра секогаш го стигнува човекот, цврсто го држи, го совладува и на крајот го убива. Таа на сите смртници ја ткае нишката на животот, одредува дали тие ќе имаат добар или лош живот, им го одредува времетраењето на животот и судниот час. Во подоцнежните преданија се зборува за три Мојри, три сестри: Клото,

---

[438] Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 186.
[439] Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 1022.
[440] Ж. Шевалие-А. Гербран, (2005) 1070.

Лахеса и Атропа, ќерки на Темната ноќ или на Ѕевс и Темида. Во старогрчката митологија овие сестри се одредени како стари жени, кои на луѓето при раѓање им определуваат добар или лош живот. Мојрите се замислени како стари жени, кои кај новороденото дете доаѓаат и му ја одредуваат судбината. Притоа последниот збор го има третата, најстарата сестра Атропа.[441]

Наречниците во македонската народна традиција се определуваат како три жени, девојки или сестри, облечени во црно руво, кои живеат вечно на крајот на светот... тие ја одредуваат судбината на новороденото дете на третата вечер по раѓањето. Имено, наречниците го добиле името од зборот наречува. Нивното наречување се сведува на два основни принципа: долготрајност на животот на новороденчето и негова добра материјална благосостојба. На третата вечер се јавуваат на полноќ, ја одредуваат судбината на новороденото дете; најпрво првата најмладата наречница, потоа средната, на крајот - третата, најстарата чие одредување на судбината е конечно, не трпи измени. Тие си заминуваат со второто пеење на петлите.[442]

**ж. топуз**

Топузот претставувал оружје направено од дрво. Голем топуз кој е откршен во горниот дел, со голема кружна рачка и масивно тело, се јавува на споменикот од Стоби *(К.бр.186)* датиран во 1 в.н.е.[443] покрај фрагмент од нозете на Херакло, а во десната[444] спуштена рака на покојникот моделиран на споменикот од Војница *(К.бр.104)* датиран од 1-2 в.н.е.,[445] забележуваме исправен топуз.

Војникот третиран на споменикот од Спарта *(К.бр.93)* датиран во 212-217 г.н.е., во десната рака држи топуз, а во десната рака на Херакло прикажан на споменикот од Прилеп *(К.бр.187)* датиран во 3 в.н.е., која е спуштена е изведен топуз со тесна дрвена рачка и тело, кое се шири нагоре.

[441] Л. Ковачева, (2009) 39.
[442] Л. Ковачева, (2009) 39-40.
[443] Н. Вулић, (1933) 26 бр.58; F. Papazoglou, (1982) 41-42, 1 в.
[444] Според Н. Вулић, (1931) 34 бр.69, топузот се наоѓа во левата подигната рака на момчето.
[445] Н. Вулић, (1931) 34 бр.69; датирање според гладијот во 1-2 в.н.е.

На споменикот од Небрегово *(К.бр.99)* датиран во 3 в.н.е., во десната спуштена рака на нагиот Херакло, се јавува топуз со мала големина, а во рацете на момче кое сакало да стане војник, поставено на споменикот од Пиперица *(К.бр.132)* датиран во 3 в.н.е., регистрираме топуз со тенко долго дрвено тело.

Појавата на топузот е во праисторијата кога претставувало оружје за лов, во антиката бил симбол и еден од атрибутите на Херакло, а во 14 в. е оружје на македонскиот крал Марко. На почетокот тој се употребувал како оружје, подоцна претставувал симбол на моќ и обележје на јунаци. На споменикот тој е атрибут на Херакло и скулпторите знаејќи го тоа, по желба на дедикантите, починатите војници ги претставувале со топуз, со значење дека тие биле херои.

Исто така, македонските кралеви за да го нагласат своето божествено потекло, на монетите се прикажувале со топуз, бидејќи знаеле дека Херакло бил син на Ѕевс, врховниот македонски и хеленски бог.

### з. срп

Појавата на српот е на споменикот од Кавадарци[446] *(К.бр.210)* датиран во 1 в.н.е., каде во левата рака на маж се забележува мал срп со кратка метална рачка и полукружно остро сечило, кој е моделиран со својата жена и дете со јаболко во раката. Над нив во позадината се гледа плитко врежана торба и двојна спирала.

На релјефното поле во вториот ред, во левата рака на мажот изведен на споменикот од Ваташа *(К.бр.213)* датиран во 2 в.н.е.,[447] се наоѓа срп[448] со кратка рачка и полукружно сечило, а во десната рака на покојникот третиран на

[446] Н. Вулић, (1941-1948) 63 бр.131.
[447] Н. Вулић, (1931) 238 бр.635; ibid, (1933) 37 бр.112; Б. Јосифовска, (1961) 44-45 сл.15, бр.537, 2 в.; В. Сококловска, (1987) Т.24 сл.3 No 46, 235-253 г.н.е.
[448] Според Е. Nankov, (2010) 53, српот е еден од инструментите на Менадите, користен при убиството на Орфеј.

споменикот од Македонија, непознато потекло[449] *(К.бр.211)* датиран од 1-2 в.н.е., се јавува срп со широко несразмерно големо сечило.

Во релјефното поле на споменикот од Кавадарци *(К.бр.216)* датиран од 1-2 в.н.е.,[450] е претставен срп со широко сечило и благо проширена рачка во комбинација со крамп, а во релјефното поле на споменикот од Кавадарци *(К.бр.217)* датиран во 1-2 в.н.е.,[451] е моделиран срп со големи димензии, ист со српот од споменикот *(К.бр.216)* во комбинација со крамп и полумесечина.

На споменикот од Кавадарци *(К.бр.219)* датиран во 1-2 в.н.е., во релјефното поле е третиран срп со широко сечило, ист со српот прикажан на спомениците *(К.бр.211,216,217)*, прикажан заедно со секира, а во левата рака на детето кое е поставено прво од лево на споменикот од Стари Град *(К.бр.215)* датиран од 3-4 в.н.е.,[452] наоѓаме мал срп, а во десната држи стап.

Меѓу повеќето декоративни елементи кои се јавуваат на стелите од Тиквешкиот регион се наоѓа и српот прикажан како земјоделска алатка.[453]

Српот на спомениците на Балканот има симболична функција, се смета дека претставува знак - симбол за прераната смрт на покојникот, но и надеж за повторно раѓање. Тој е симбол на Керера. Српот го симболизира и циклусот на жетвите кои се повторуваат: смртта и надежта за повторното раѓање.

### s. јадица - hamus

На релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.220 а.)* датиран во 2/2 на 2 в.н.е., се јавува јадица – hamus, со полукружен остар метален врв и правоаголно метално тело, предадена заедно со секира. Третирањето на јадицата на споменикот, е секако во врска со верувањето во задгробен живот иако нејзиниот приказ со секира може и да укажува на професијата на покојникот (во дрвната индустрија).

[449] Н. Вулић, (1931) 230-231 бр.614.
[450] Н. Вулић, (1931) 67 бр.149; Н. Проева, (2010) 97 сл.4., срп и крамп; 1-2 в.н.е.
[451] Н. Вулић, (1941-1948) 64, бр.134; Н. Проева, (2010) 98-99 сл.6.
[452] Н. Вулић, (1941-1948) 34 бр.82; Б. Јосифовска, (1961) 31-32, 96, сл.7 бр.94, 3-4в.н.е.; В. Соколовска, (1987) Т.20 Сл.1 No35, доцноантонински период.
[453] N. Proeva, (1997) 141.

### и. кука

На споменикот од Pula *(К.бр.220 б.)* датиран во 2/2 на 2 в.н.е., е изведена: кука со зашилен остар врв и мало полукружно тело, во комбинација со чекан. Исто така, прикажувањето на куката на надгробните споменици, освен што би можела да укажува на професијата на покојникот, (заедно со чеканот во мелната индустрија) со нејзината симболичка функција наоѓа свое место во подземниот култ и задгробните обичаи.

### ј. клуч

Клучот во тек на протоисторискиот период не бил само обичен предмет за употреба. Повеќе пати е прикажан на т.н. плочки од Монтебелун. На кружните плочи од тенок бронзен лим со ситулско стило со исчукување и гравирање се прикажани женски ликови окружени со животни и растенија со клуч во рака. Женскиот лик со клуч во рака се поврзува со божеството Реитија, господарката на животот, односно со венетската интерпретација на палеомедитеранската божица potnia theron. Веројатно и кај Хистрите таа имала свое име кое останало непознато.[454]

Во левата рака на жената моделирана на споменикот од Pakonia - Montana *(К.бр.208)* датиран 2-4 в.н.е.,[455] се јавува клуч, а на споменикот од Petrovci, Ruма *(К.бр.207а.)* датиран во 2 в.н.е., е изведен метален клуч, за сандак (каса).

Клучот во раката на жената предадена на споменикот од Pakonia - Montana *(К.бр.208)* можеби интерпретира симболичка репрезентација на покојничката како газдарица на куќата, но почесто овој симбол прикажан на камените споменици се поврзува со фунерарен култ. Исто така, може да се разбере и како симбол на божицата Хеката која владее со душите на мртвите, или клучот во раката на покојничката можеби е симболичка репрезентација на богот на предците, кој ја чува вратата на кралството на мртвите.[456]

[454] K. Mihovilić, (1999-2000) 22,23.
[455] R. Zotović, (2008) 433 fig.2, 2-4 в.н.е.
[456] R. Zotović, (2008) 434.

На споменикот од Petrovci, Ruma *(К.бр.207а.)* претставата на клуч покрај сандак - каса, укажува на неговата професија дека покојникот работел во некоја јавна служба поврзана со примање на пари.[457]

### к. двојна секира - labris

На релјефното поле на споменикот од Pula *(К.бр.124 б.)* датиран во 2/4 на 2 в.н.е., е третирана мала двојна секира - labris. Нејзината изведба на споменикот е во врска со нејзината функција на апотропеон, кој го штити споменикот од уништување и во исто време го штити и покојникот на оној свет.

### л. сандак

На цоклето на споменикот од Viminacij *(К.бр.192)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е., во култна сцена поврзана со култот на императорот, две машки фигури држат правоаголна кутија - сандак и ја положуваат на маса. Кутијата – сандак покојникот го поврзува со задгробен култ и кажува дека тој бил аугустал, припадник на царскиот свештенички култ.

### љ. петозабец

Во десната рака на човек моделиран во цел раст на споменикот од Bol, Brac *(К.бр.167)* датиран од крај на 3-почеток на 4 в.н.е.,[458] се забележува петозабец со долга дрвена рачка и метален врв, прикажан во момент како се обидува да прободе риба. Во овој случај, освен декоративната улога петозабецот има и симболна улога, која го поврзува со подземниот култ.

### м. стрела

На споменикот од Крушица (К.бр.158) датиран од 1-2 в.н.е., во релјефното поле има изведба на две стрели, поставени меѓу жртвеник и полумесечина, со врвовите свиткани во спротивна насока. Целата претстава алудира на алузијата на задгробен живот или некој погребен ритуал и култ.[459]

---

[457] J. Brunšmid, (1904-1911) 265.

[458] J. Jevtović, (1987) 227 br.207, крај на 3-почеток на 4 в.

[459] Н. Чаусидис, (2011) 357-378, види цитирана и посочена литература за можни култови и учења.

Самиот факт дека споменикот потекнува од Тиквешкиот регион богат со винова лоза и грозје, не е исклучена можноста за поврзување со култот на Дионис.

### н. висок сад

На споменикот од Solin - Salona (К.бр197) датиран во 2 в.н.е., е претставен човек како држи стап - лажица во висок сад и меша или гмечи, нешто во него Од десната страна стои женска фигура која во десната рака држи стап, а во левата рака држи мал сад. Тука се работи за некој ритуал, а учесниците можеби принесуваат течна жртва - либација.

### њ. борна кола - двоколка

На споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., нагиот Хад поставен централно, стои во борна кола прикажана од лево, со тркало со (8) осум пречки околу дебела осовина, која удира во чамец - чун, прикажан само со клунот. Тука е илустрирана сцената, Грабнувањето на Кора (Персефона) од страна на Хад. Кора есента и зимата ја поминува долу во подземниот свет, а на пролет кога излегува на овој свет, се буди целата природа и животот. Самата изведба на сцената од скулпторот по желба на дедикантите, јасно ја одредува вербата во нов живот и нов почеток.

### о. лаголон

Во фризот под релјефното поле на споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., во сцена на лов во десната рака на ловецот се забележува орудие кое личи на лаговолон? Лаговолонот претставува оружје за лов и симбол на благородничко потекло.[460]

[460] повеќе за лаговолон види во поглавјето за рана антика род лаговолон.

## IV. 4. ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАСЛУГА

### а. диплома

На споменикот од Zadar *(К.бр.199)* датиран во 3/4 на 1 в.н.е.,[461] е прикажана диплома со големи димензии, која хоризонтално е поставена.

Дипломата е составена од две бронзени плочки меѓу себе споени со жица на две определени места. На двете плочки од секоја страна е напишан текст со врежани букви. Текстот на декретот двапати е напишан на двете внатрешни страни на плочките (по ширина) и на втората надворешна страна по висина. На првата надворешна страна се напишани имињата на сведоците кои ја потврдуваат вистинитоста на преписот (обично се седум но и повеќе). Плочите се затворале на тој начин што се замотувале со жица протната низ две средни дупки, а потоа се запечатувале со печатите на сведоците, сместени на средината во посебен простор (theca). За поверодостоен се сметал внатрешниот текст, а однадвор дупликатот е напишан за да не се вадат печатите и жиците.[462]

Текстот на секоја диплома започнувал со името на царот во номинатив и сите почесни наслови (титули), потоа се назначени воените оддели на кои припаѓале војниците, името на заповедникот и формулата со која се доделува римското граѓанското право (civitas) на нив и на нивните наследници, како и правото на законит брак (conubiuм). Потоа следи датумот на декретот, имињата на двајца конзули во годината кога дипломата е објавена (издадена), името на примателот на дипломата со назнака за народноста на која припаѓа, или родното место, а понекогаш се наведени и членови на неговата фамилија. На крајот се наведува податокот каде во Рим се наоѓа изворникот (оригиналот), со имињата на сите војници од исто воено одделение, за кои на тој датум е направен препис.[463]

[461] A. Starac, (2000) 34, sl.17, 3/4 на 1 в.
[462] J. Miškiv, (1998) 84.
[463] J. Miškiv, (1998) 84.

Војничките дипломи се доделувале на некои војници од неграѓанскиот римски сталеж, тоа во повеќето случаи се преписи на царски декрети, со кои поислужувањето на пропишаните години на служба, им е доделувано римско граѓанско право и се прогласувало право на брак со жени кои ги имале, или кои би ги имале. Граѓанското право се пренесувало на наследниците, понатаму.[464]

Но постои и мислење дека доделувањето на дипломите сепак било изборно, бидејќи тие требало да претставуваат одликување за храброст, (ob virtutem), а не автоматска последица по отслужувањето на воениот рок.[465]

Преписите на бронзените дипломи се вршеле од оригинални декрети кои биле истакнати на јавни места во Рим.[466]

Воени дипломи добивале припадниците на помошните единици (aiailia) и ветераните на флотата кои биле регрутирани главно од доброволци од провинциите (peregrini). Дипломи добивале и припадниците на прајторијанските кохорти (личната стража на царот) и градските кохорти (градската стража), за лични заслуги. Дипломи се доделувани и на аугзилијарците до 193 г., ветераните на флотата до 250 г., а на прајторијанците и на градските кохорти до 306 г.[467]

Дипломите се издавани во период од времето на царот Клаудиј, па се до почетокот на 4 в.[468]

### б. медал

Долу под релјефното поле на споменикот од Филипи *(К.бр.105)* датиран во 106 г.н.е., се изведени две медали, кои биле доделени во чест на победата над Даките и Партите. Тоа значи дека војникот учествувал во походот на императорот Трајан во Дакија, па затоа бил награден со медали за храброст.

[464] J. Brunšmid, (1911) 27.
[465] J. Miškiv, (1998) 84 ф.н.9.
[466] J. Brunšmid, (1919) 21, пример бронзената плоча во Рим која е прицврстена на ѕидот зад Августовиот храм ad Minervam.
[467] J. Miškiv, (1998) 84.
[468] M. Ilkić, (2009) 61.

## IV. 5. ПРЕТСТАВИ НА БОЖЕСТВА СО НИВНИТЕ АТРИБУТИ НА СПОМЕНИЦИТЕ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД

Треба да се истакне фактот, дека, на територија која е предмет на овој труд, во Римскиот период се јавуваат неколку претстави на божества и тоа на: Атена, Хад (Ад), Хермес, Херакло, Хеката или Артемида, Бендида, Кора (Персефона), секогаш прикажани со некој од нивните атрибути - Атена со шлем, копје, штит или скиптар, Хад со борна кола - двоколка, Хермес со керикеион или петасос, Херакло со топуз, Хеката или Артемида со факел, како и Бендида.

Прикажувањето на вретената на спомениците меѓу 1-4 в.н.е. укажува дека мајсторите скулптори, како и дедикантите, не го заборавиле симболното значење на вретеното, како нитка на животот и симболот на Трите Мојри - Наречници. Во таа смисла треба да се сфати и претставата на разбојот со вретената и фурките, кој укажува за прераната смрт на покојникот, но во исто време, носи и силна верба во повторно ткаење на нитката на животот, нов поубав живот.

На надгробните споменици од римскиот период се јавуваат и неколку култни сцени во кои се илустрираат или оружјата или орудијата.

На цоклето на споменикот од Viminacij *(К.бр.192)* датиран во 1/2 на 1 в.н.е., во култна сцена  се моделирани два свештеника симетрично, кои во левата рака држат по еден аугурски стап –lituus, два дебели стапа споени со ткаенина, а во другата рака, едниот држи чаша, другиот свеќник. Меѓу нив, има двајца мажи како положуваат некој сандак на висок постамент со ногарки. Во тимпанонот, покојникот кој е војник, е прикажан во многу интересна сцена – дексиосис[469] т.е. разделба, тој е облечен во свечен оклоп - lorica со пластичен украс на Горгона на градите, а со десната рака се ракува, т.е. опростува од неговата жена, облечена во химатион, чиј крај го префрлила преку рака. Десно од него има стоечка машка фигура, која е откршена, како и лицето на

[469] повеќе за сцената дексиосис види во поглавјето за рана антика.

покојникот, војникот се ракува и со него со другата рака, тој веројатно му е син. Лево од жената, има ѕид и фрагменти од коњски ноздрви. Под нив има тесен фриз на кучиња, кои бркаат дива свиња.

Во релјефното поле на споменикот од Bjelovar *(К.бр.128)* датиран во 1-2 в.н.е., во непозната митолошка сцена, Грабнувањето на Кора од Хад, или пак е прикажан, Харон како со чунот ја пренесува покојничката во Адот. Во позадината десно зад Харон, на чинот присуствува мажот војник моделиран со штит, шлем и копје, во друштво на колегите војници претставени со шлемови и копја. Доколку пак се работи за сцената, Грабнувањето на Кора, која е предадена во момент како се качува во чунот со помош на Хад кој ја држи со две раце, во позадината е моделирана Атена со штит, шлем и копје.

На споменикот од Костолац - Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 117-138 г.н.е., во сцената, Грабнувањето на Кора, борната кола на Хад удира во брод-чун, прикажан само со клунот (челото).

Бродот (чун) истовремено претставувал и оружје, т.е. со него се носеле продуктите и војската која учествувала во поморски битки, па оттука укажува и на професијата дека војникот бил морнар, а согласно старогрчките митолошки толкувања со чунот на Харон, душата плови во Хадот.

Делфинот во римската сепулкрална уметност прво бил симбол на небесниот океан по кој душата патувала до „Островот на блажените" или Месечината, а подоцна станал превозник на душите до нивната цел.

Целокупната досегашна слика зборува за присуство и верување во разни богови и култови поврзани со подземниот и надземниот свет.

Од претходно изнесеното може да се заклучи дека човекот во античкиот период верувал во задгробен живот, верување кое го искажувал со третирање на пластични елементи, кои симболизираат благосостојба на „оној" свет и затоа на покојниците им се принесувале предмети и орудија кои ќе им бидат потребни таму.

Но според Џ. М. С. Тојнби, мислењето дека Римјаните и Етрурците во антиката верувале во преживување на душата по смртта, мислење кое било

длабоко вкоренето, не е точно, туку точно било тоа дека во тек на 1 в.ст.е. и 1 в.н.е. скептичкиот став за бесмртноста на Епикурејците и Стоичкиот систем, предизвикале реперкусии во Рим и Италија и низ целиот Римски Свет. Тоа претставувало философско учење според кое душата станува материја и целосно исчезнува по смртта или по други ја губи индивидуалноста и свесноста апсорбирана меѓу безличните животни сили во универзумот.[470]

Ваквиот став го поткрепува со примери на епитафи на кои пишува дека мртвиот не постои повеќе.[471]

Според Платон, судбината на душата на „оној" свет зависи од животот што го водел човекот на овој свет. Откако душата ќе замине во подземниот свет, таму престојува казнета, или наградена илјада години. По илјада години душите доаѓаат кај божицата Ананка и нејзините три ќерки, Клото, Алхеса и Атропа, кои учествуваат во одредувањето на нивната судбина. Потоа пророкот фрла коцки, а душите си го избираат својот нов живот. Изборот на душите е варијабилен: од човек во животно, од животно во човек, од еден во друг човечки лик, најверојатно поради заборав или случајност. По направениот избор заминуваат на ливадата на заборавот, каде пијат вода од реката на заборавот Лета. Заборавааат сè што виделе и што им се случило дотогаш и така исчистени заминуваат на овој свет, да го живеат својот нов живот.[472]

Според Платон, секој си го избира начинот на живот и според тоа сам е одговорен за тоа што му се случува и самиот одговара за своите постапки. [473]

---

[470] J. M. S. Toynbee, (1996) 34.
[471] J. M. S. Toynbee, (1996) 34.
[472] В. Митевски, (2005) 86.
[473] В. Митевски, (2007) 80.

# V. ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Соочувањето со смртта на човекот во антиката, довело до систем на вредности кои се почитуваат и практикуваат низ целиот антички свет, изразени првенствено преку начинот на погребување, изградба на надгробни споменици, верувања, обичаи и култови. Идејата за живот по смртта, т.е. идејата за цикличното раѓање и умирање, придонела да се посвети особено внимание на смртта, па оттаму сѐ и различните начини и техники на градење на вечното престојувалиште на човекот.

Каменот според својата трајност и тврдост на материјалот, неподложност на никакви промени и поради чувство на вечно постоење, наспроти кревката човечка егзистенција, од најдалечното минато во свеста на луѓето предизвикувал религиозен страв и почит. Анимистичката природа на натприродната моќ на каменот се должи на народното верување за престојувањето на душата на покојниците во самиот камен, па оттаму тој го заземал главното место во култот на мртвите, поточно во подигањето на надгробните споменици. Тие како симбол на неуништливост се поставуваат на гробовите и го овековечуваат местото каде се погребани покојниците, во согласност на народните верувања, според кои душата на покојникот продолжува да живее во каменот.

Кај античките народи каменот претставувал неизоставен дел од гробот, кој во погребната пракса доживеал огромна трансформација при употребата.

Првично камените надгробни споменици немале никакви обележја. Биле изработени од обичен камен без декорации, со натпис на тимпанонското поле: кој лежи под него и кој го подигнал, а со текот на времето на спомениците започнале да се врежуваат разни симболи и обележја, кои ги одбележувале животот и професијата на покојникот.

Зборот "полис" во Стара Хелада означувал град, т.е. град на луѓето, различно од "некрополис" кој претставувал некропола, односно град на мртвите (покојниците), каде им биле подигани камени споменици, најчесто со релјефни човечки претстави. Овие изведби ја прикажуваат реалната слика од животот на покојникот, па затоа тој најчесто се прикажува со атрибутите на својата професија.

Надгробните споменици кои се третирани во овој труд, во постоечката литература се објавувани во разни списанија и книги, каде биле презентирани поединечно или групно, но мојава студија ги опфаќа само тие со човечки претстави со оружје и орудија.

Прво нешто што го привлекува вниманието при распределбата на целиот материјал според местото на наоѓање, е јасното означување на територијалните одлики. Разгледувањето на севкупната материја од целиот Балкан дава слика дека се претставени неколку видови на оружја, кои биле карактеристика на војниците од земјата од која потекнуваат. Застапени се бројни стели кои даваат одредена слика за изборот на декорацијата, оружјето и влијанијата од големите војски, пред сè на Македонската, Хеленската, Спартанската и Римската. Главно оружје на античкиот воин било копјето, шлемот и штитот, а како дополнително оружје се јавува мечот, лакот, оклопот и кнемидите.

Мораме да бидеме внимателни со заклучоците и да нагласиме дека стелите претставуваат само дел од вкупниот број на споменици, бидејќи одредени заклучоци можат да бидат надополнети и надградени со нова литература во која ќе биде третирана слична тематика, но од друга страна овој материјал ни овозможува да го оцртаме во јасни линии историскиот развој во

уметноста на надгробната релјефна пластика, манифестиран преку разни илустрации кои кои укажуваат на животот на војникот, уметникот, земјоделецот.

Од големите антички армии прво е претставена Македонската војска. Копјето сариса како најзастапено оружје било составен дел од опремата на Македонскиот воин, која како елемент се јавува од 5 в.ст.е., на надгробните споменици во Вергина (*К.бр.15*) и Пела *(К.бр.12),* а потоа од 4 в.ст.е., во Вергина (*К.бр.33*), како и на преминот од 2-1 в.ст.е., во Марвинци, *(К.бр.24).* Можеме да заклучиме дека сарисата на спомениците се јавува од последната третина на 5 в.ст.е., во 4 в.ст.е. и на преминот од 2-1 в.ст.е., во Вергина, Пела и Марвинци. Таа претставува одлика на македонската војска. Копјето било дел од стандардната воена опрема на раноантичките воини, кои најчесто носеле едно, но се забележува и носење на две копја, како што е примерот на споменикот во Вергина (К.бр.15). Појавувањето на две копја и тоа две сариси, претставува демонстрација на моќта на починатиот, или укажување на неговото благородно потекло.

Најкарактеристична форма на оружје во Македонија, но и на Балканот во раната антика, бил крстестиот железен меч ксифос, кој по копјето претставува второ офанзивно оружје на македонскиот воин. Најрана појава на меч ксифос се забележува од 5 в.ст.е., на спомениците во Вергина (*К.бр.15*) и Пела (*К.бр.12*), а потоа од 4 в.ст.е., во Вергина (*К.бр.33*) како и на премин од 2-1 в.ст.е., во Требенишко Кале *(К.бр.25).* Можеме да заклучиме дека мечот ксифос како дел од опремата на Македонскиот воин на спомениците се јавува од последната третина на 5 в.ст.е., во 4 в.ст.е. и на премин од 2-1 в.ст.е. во Вергина, Пела и Лихнид. Овие мечеви за прв пат се јавуваат во Хелада во текот на 6 в.ст.е., а во Македонија се во употреба од втората половина на 6, во текот на 5 в.ст.е. и во 4 в.ст.е., што се потврдува со нивната претстава на надгробните споменици. Најрана изведба на меч ксифос се забележува од 1/2 на 5 в.ст.е. на споменикот од Ареополис, затоа можеме да претпоставиме дека Спартанскиот меч ксифос влијаел на претставите кај Македонското оружје, како што е примерот на споменикот во Пела (К.бр.12) и Вергина (К.бр.15).

Покрај копјето и мечот се јавува и лакот со стрели и тоболец, како дел од напаѓачкото оружје на македонскиот воин. Единствена појава на тоболец од 5 в.ст.е., се јавува на споменикот во Касандра, (*К.бр.39*). Пред крајот на 8 в.ст.е., луѓето од Источниот Медитеран научиле како да прават врвови за стрели, а пронајдокот бил пренесен на Хелените пред 700 г.ст.е., од каде потоа се извршило влијание за појавата на ова оружје во Македонија.

Како составен дел од опремата на Македонскиот војник, како одбранбено оружје се јавуваат два типа на шлема: пилос и петасос.

На стелите од Македонија, Македонскиот војник најрано се прикажува со пилос шлем од крај на 5 в.ст.е., во Пела (К.бр.12), а потоа на преминот од 2-1 в.ст.е., во Марвинци (К.бр.24) и Требенишко Кале (К.бр.25). Можеме да заклучиме дека појавата на пилос шлемот на спомениците е од крајот на 5 в.ст.е. и на преминот од 2-1 в.ст.е., во Пела, Лихнид и Марвинци. Кога Спартанските борбени тактики почнале да се развиваат во 5 в.с.т.е., коринтскиот шлем бил заменет, бидејќи во комплексните маневри било поважно подобро да се гледа и да се слушне сигналот на трубите. Оваа новина веднаш е преземена од Спартанската во Македонската војска, што се потврдува со релјефната изведба на спомениците. Можеме да заклучиме дека Спартанскиот пилос шлем влијаел на претставите кај македонското оружје, како што е примерот на споменикот во Пела (К.бр.12), Марвинци (К.бр.24) и Требенишко Кале (К.бр.25).

Втор тип на шлем со кој се прикажува Македонскиот војник е шлемот петасос, кој се јавува од 5 в.ст.е. и 4 в.ст.е. во Вергина (К.бр.15), (*К.бр.19)*. Можеме да заклучиме дека петасос-шлем на спомениците се јавува од последната третина на 5 в.ст.е. и во 4 в. ст.е., во Вергина. Најрана претстава на шешир петасос се забележува на споменикот од Фалана-Волос, (К.бр.14) датиран околу 450 г.ст.е. Исто така, тој е евидентиран на Атинските релјефи од 5 в.ст.е., кога многу коњаници не носеле петасос, туку метален шлем во облик на петасос. Очигледно е дека Македонскиот петасос шлем, подоцна влијаел на претставите кај Атинското оружје. Екстравагантната широко опшиена верзија на хеленски петасос, или капа за сонце, се користи при лов, а подоцна од

коњаничките одреди. Исто така, на надгробните споменици може да укажува на благородничкото потекло на покојникот.

Единствена изведба на капа каусија се забележува на споменикот од Вергина (К.бр.19) датиран во 4 в.ст.е, затоа можеме да кажеме дека оваа капа е карактеристична кај Македонците, како што е потврдено во античките извори, каде на Македонскиот Двор се јавува пред времето на Александар III.

Според изворите фригискиот тип на шлем е носен од македонската коњаница за време на македонскиот крал Филип, а во време на Александар, коњаниците носат бојотски шлем од отворен тип, по препорака на Ксенофон. За жал тоа не можеме да го потврдиме со изведбите на овој шлем на надгробните споменици.

Второ одбранбено оружје кое претставува составен дел од опремата на Македонскиот воин е штитот. Овој елемент се јавува од крај на 5 в.ст.е., на споменициte во Пела *(К.бр.12)*, а потоа на премин од 2-1 в.ст.е., во Требенишко Кале (*К.бр.25)*. Бидејќи најрана претстава на хоплитски штит од 1/2 на 5 в.ст.е. се забележува во Ареополис (К.бр.8), може да се смета дека Спартанскиот штит влијаел врз претставите кај македонското оружје, како што е примерот во Пела *(К.бр.12)* и Требенишко Кале, (*К.бр.25)*.

Единствен приказ на мал Македонски штит со декорација македонски штит се јавува на споменикот од Марвинци *(К.бр.24)*, датиран на премин во 2-1 в.ст.е. Истиот штит се јавува во гробницата на Филип II во Ајга, а подоцна претставува одлика на македонските владетели, кои во ликовните претстави се прикажувале со него. Затоа сметаме дека овој штит е карактеристика на Македонската војска.

Постојат најмалку две големини на Македонски штитови, од кои само ја потврдивме претставата на малиот штит од Марвинци *(К.бр.24)*, различно од големите штитови прикажани на споменикот во Пела *(К.бр.12)* и Требенишко Кале *(К.бр.25)*, кои ги сметаме за хоплитски бидејќи имаат раб.

Како трет вид на одбранбено оружје Македонскиот воин користи оклоп. Најрана изведба на оклоп со кратки ракави и околувратник, со еден ред

птериги се јавува на преминот од 2-1 в.ст.е., во Марвинци *(К.бр.24)* и Требенишко Кале *(К.бр.25)*. Можеме да заклучиме дека македонските војници користат оклоп на преминот од 2-1 в.ст.е., прикажан на спомениците во Лихнид и Марвинци. Оклопот кој се користи постојано низ Архајскиот период се одликува со рамен раб околу струкот, давајќи форма слична на сјајна уста на ѕвонче, па оттаму е наречен ѕвончест оклоп. Најрана појава на ѕвончест оклоп се забележува на споменикот од Веланидеце *(К.бр.2)* датиран околу 520 г.ст.е., а хоплитите во раниот 5 в.ст.е. користат два вида на оклоп: мускулен и композитен оклоп. Сметаме дека атинскиот оклоп влијаел на претставите на оружје кај раноантичките армии.

Како втора голема античка армија е претставена Спартанската. Главно офанзивно оружје на спартанскиот хоплит е копјето, кое при воените кампањи според наредба, морало да се носи цело време. Ова оружје се јавува од 431-404 г.ст.е. на споменикот во Спарта (*К.бр.29*). Најрана појава на копје како дел од опремата на воинот забележуваме на спомениците од Архајски период од крај на 6 в.ст.е., во Атина и Атика (К.бр.2,28), затоа сметаме дека атинското копје влијаело кај претставата на спартанското копје.

Спартанскиот војник како второ офанзивно оружје користи меч ксифос. Овој меч од 1/2 на 5 в.ст.е., се јавува на споменикот во Ареополис *(К.бр.8)*. Втор тип на меч кој го користат Спартанците е краткиот спартански меч, чија единствена изведба од крај на 5 в.ст.е. ја среќаваме на споменикот во Атина (*К.бр.5*). Немало ништо необично кај спартанскиот меч до 5 в.ст.е., кога станал сè пократок, а меѓу 425-400 г.ст.е., тој бил толку краток, што наликувал на бодеж (нож). Кога спартанскиот син и се пожалил на мајка си дека мечот му е прекраток, таа го советувала него, да направи уште еден чекор напред.

Од одбранбените оружја Спартанците носат пилос шлем кој претставува нивна одлика. Најрана појава на пилос шлем со перјаница и капа која се носела под шлемот се забележува од 1/2 на 5 в.ст.е., на споменикот во Ареополис *(К.бр.8)*. Кога Спартанските борбени тактики почнале да се развиваат во 5 в.с.т.е., коринтскиот шлем бил заменет со пилос-шлем.

Второ одбранбено оружје кое претставува составен дел од опремата на Спартанците е хоплитскиот штит. Овој елемент се јавува од 1/2 на 5 в.ст.е. на споменикот во Ареополис *(К.бр.8)*.

И оклопот претставувал дел од одбранбеното оружје на Спартанскиот војник. Единствена изведба на мускулест оклоп се јавува на споменикот во Ареополис *(К.бр.8)*.

Како дел од одбранбеното оружје кое го користат Спартанците се јавуваат кнемидите кои секогаш се носеле во пар. Единствена претстава на кнемиди забележуваме на споменикот од Ареополис *(К.бр.8)*.

Спартанската војска се одликувала и по стапот-бактемрион и според наметката-трибоме. На споменикот од Спарта (*К.бр.41*) датиран во раниот 6 в.ст.е. е моделиран стап-бактемрион кој заедно со Спартанскиот химатион кој се нарекувал трибоме (долга наметка која се користела преку цела сезона и била приспособена за секого), при носење претставуваат симболи на благородништво во Спарта.

Како трета античка војска е претставена Атинската армија. Таа од офанзивните оружја преферирала да носи копје. Најрана претстава на Копје се забележува од Архајски период во 6 в.с.т.е., на спомениците во Веланидеце *(К.бр.2)* и Атика *(К.бр.28)*, а потоа од 5 в.ст.е., во Атина (*К.бр.16*), Мегара *(К.бр.9),* Татои – Декелеија *(К.бр.10)*. Од 4 в.ст.е., во *(К.бр.20)*, Атина *(К.бр.31)*, Непознато потекло, Атика? *(К.бр.18)*.

Различно од сарисата која претставува карактеристика на пешадијата, долгото копје камакс е одлика на сите хеленски коњаници во 5 в.ст.е., каков што е и примерот на третирање на надгробниот споменик во Атина (*К.бр.16*). Можеме да заклучиме дека појавата на копјето на спомениците е карактеристика на скулпторските работилници во Атина со Атика, од Архајскиот период (од крај на 6 в.ст.е.), во 5 и текот на 4 в.ст.е.

Второ офанзивно оружје кое го користи Атинската армија е мечот ксифос. Овој елемент се јавува од 5 в.ст.е. и 4 в.ст.е., на спомениците во Атина со Атика *(К.бр.5)*, *(К.бр.6)*, *(К.бр.27)*. Можеме да заклучиме дека мечот ксифос бил омилен мотив на скулпторските работилници во Атина во 5 и 4 в.ст.е. Најрана изведба на овој меч се забележува од 1/2 на 5 в.ст.е., на споменикот во Ареополис, а од крај на 5 в.ст.е. овој елемент е присутен во Бојотија (К.бр.7), Македонија (К.бр.15) и Атина (К.бр.5). Затоа претпоставуваме дека моделирањето на овој меч кај Спартанците, влијаел врз изработката кај Македонското, Бојотското и Атинското оружје, каде тоа се јавува истовремено, но веројатно било во употреба и досега и се среќава и на надгробните споменици.

Како офанзивно оружје кое е одлика само на Атинската војска го издвојуваме лаголонот, кој претставува крив стап направен од кастрено дрво. Тој спаѓа во групата на оружја конструирани за напад, а се користел најчесто при лов на зајаци и елени, но исто така, го симболизира и статусот на покојникот. Појавата на лаголонот е од 4 в.ст.е. и тоа само на спомениците во Атина со Атика, *(К.бр.35)*, (*К.бр.36*), (*К.бр.37*), (*К.бр.38*), каде постоела скулпторска работилница, која го практикувала овој мотив, Тие следеле една иста ликовна матрица, покојник во цел раст, најчесто наг, како затегнува лаголон, сам или најчесто во друштво со мало наго дете, старец, куче или зајак.

Од одбранбените оружја Атинската војска користи коринтски шлем. Овој елемент е изведен од крај на 6 в.ст.е., на спомениците во Атина (К.бр.1) и Веланидеце (К.*бр.2)*, а потоа од 5 в.ст.е., во Акарна *(К.бр.3)*, Атика *(К.бр.4)* и Атина *(К.бр.5)*, како и од 4 в.ст.е., во Атика *(К.бр.6)*. Можеме да заклучиме дека коринтскиот шлем како омилено оружје на скулпторските работилници во Атина се јавува од крај на 6 в.ст.е. до текот на 4 в.ст.е. Во Архајскиот, период многу популарен тип во цела Хелада, бил коринтскиот шлем кој почнал да се произведува во 700 г.ст.е.

Втор тип на шлем кој го користи Атинската војска е пилос шлемот. Тој се јавува од 5 в.ст.е., на спомениците во Мегара *(К.бр.9)*, Татои – Декелеија

*(К.бр.10)*, Атина *(К.бр.11)*. Можеме да заклучиме дека Спартанскиот пилос шлем влијае на претставата на атинското оружје, па затоа скулпторските работилници во Атина со Атика во текот на 5 в.ст.е., го третираат овој елемент на надгробните споменици.

Кон крајот на 5 в.ст.е. и во од 4 в.ст.е., Атинските војници почнале да носат шлем-петасос, кој е моделиран на спомениците во Атина со Атика (К.бр.16), (*К.бр.20*), *(К.бр.18)*. Со оглед на тоа дека овој шлем Македонската војска го користи од последната третина на 5 в.ст.е., сметаме дека влијанието доаѓа од Македонија.

Уште еден тип на шлем кој го користи Атинската војска е фригискиот шлем. Претстава на овој елемент се забележува од 4 в.ст.е., на спомениците во Елеусис *(К.бр.22)* и Атика *(К.бр.23)*. Овој шлем се користел од Класичниот период до Римско време, а особено на крајот на Класичниот период и во Хеленистичко време, кога го заменил претходниот коринтски тип од 5 в.ст.е. Со оглед на тоа дека во Тесалија се јавува на средината од 4 в.ст.е., што е за десетина години порано од најраниот споменик во Атина (К.бр.22), сметаме дека тесалскиот шлем извршил влијание на претставата кај Атинското оружје.

Како второ одбранбено оружје Атинскиот војник користи штит кој може да биде со големи или мали димензии. Овој почест елемент се јавува од 5 в.ст.е., на спомениците во Акарна *(К.бр.3)*, Атика *(К.бр.4)*, Мегара *(К.бр.9)*, Татои – Декелеија *(К.бр.10)*, Атина *(К.бр.11)*, Атина *(К.бр.5)*, а потоа од 4 в.ст.е., во Атина *(К.бр.20)*, Елеусис *(К.бр.22)*, Атика *(К.бр.23)*. Според најраната изведба на штит во Спарта, може да се смета дека Спартанците извршиле влијание на претставите на оружјето кај Атинската и другите раноантички војски.

Како составен дел од опремата на Атинскиот војник се јавува оклопот кој може да биде ѕвончест или мускулен. Ѕвончест оклоп се изведува од крајот на 6 в.ст.е., на спомениците во Веланидеце *(К.бр.2)*, а потоа од 5 в.ст.е., во Акарна *(К.бр.3)*, како и од 4 в.ст.е., во Елеусис *(К.бр.22)*. Претстава на мускулен оклоп забележуваме од 4 в.ст.е., во Керамеикос *(К.бр.27)* и Атика *(К.бр.23)*. Можеме да заклучиме дека појавата на оклопот е од крајот на 6 до крајот на 4

в.ст.е. во скулпторските работилници во Атина со Атика. Хоплитите во раниот 5 в.ст.е. користеле два вида на оклоп: мускулен и композитен оклоп. Мускулниот оклоп е наречен така, бидејќи бронзените гради и задните места се моделирани на начин да ја имитираат мускулатурата на торзото. Тој се разликува од Архајскиот ѕвончест оклоп, наречен така заради блескавиот раб свртен кон надвор, кој долу на струкот личи на уста од ѕвонче, како на пример на спомениците во Веланидеце *(К.бр.2)*, Акарна *(К.бр.3)* и Елеусис *(К.бр.22)*. Ваквиот раб го снемува во Класичниот период и мускулниот оклоп се спушта надолу, за да го покрие и заштити подножјето, како на пример на спомениците во Атика *(К.бр.23)* и Керамеикос *(К.бр.27)*.

Составен дел од одбранбеното оружје на Атинскиот војник претставуваат и кнемидите. Овој елемент се јавува од крај на 6 в.ст.е., на спомениците во Веланидеце (К.*бр.2)* и Атика (*К.бр.28*), а потоа од 5 в.ст.е., во Акарна *(К.бр.3)* како и од 4 в.ст.е., во Атика *(К.бр.23)*. Појавата на кнемидите (како и ѕвончестиот оклоп) е во Атика од крајот на 6 в.ст.е. до крајот на 4 в.ст.е.

Како следна е претставена Тесалската војска. Таа користела неколку видови на копја. Единствена изведба на копје сариса од 4 в.ст.е., се јавува на споменикот во Томпхои *(К.бр.32)*. Тука се работи за влијание на Македонското копје, кај претставите на Тесалското оружје.

Различно од сарисата која претставува карактеристика на пешадијата, долгото копје камакс е одлика на сите хеленски коњаници во 5 в.ст.е., каков што е и примерот на моделирање на надгробниот споменик во Лариса *(К.бр.30)*.

Како тип на копје кое се јавува во Тесалија околу 450 г.ст.е., е ловечкото копје, на споменикот во Фалана *(К.бр.14)*, каде е изведена и широка капа петасос.

Тесалската армија користи два вида на шлема: петасос и фригиски шлем. Петасос се јавува од 5 в.ст.е., на споменикот во Лариса *(К.бр.17)*, а фригиски шлем од 4 в.ст.е., на споменикот во Пелина *(К.бр.21)*. Фригискиот

шлем е карактеристика на Тесалскиот војник и ова оружје влијае на претставите кај Атинското оружје.

Оклопот како дефанзивно оружје ретко е застапен на спомениците. Единствена претстава на мускулен оклоп со кратки ракави и два реда птериги. наоѓаме од средина на 4 в.ст.е, на споменикот во Пелина *(К.бр.21)*. Бидејќи оваа изведба на оклоп е најрана, претпоставуваме дека извршила влијание при претставите кај Атинското оружје.

Бојотската војска како дел од античките армии е следна претставена. Составен дел од офанзивното оружје на Бојотскиот војник е долгото копје. Овој елемент се јавува од 5 в.ст.е. и 4 в.ст.е., на спомениците во Бојотија *(К.бр.7)*, *(К.бр.13)*. Појавата на долгото копје е на спомениците во Атина и Атика, од Архајскиот период (К.бр.2, 28), од каде доаѓа влијанието врз претставите на оружјето кај другите антички војски.

Како дел од напаѓачкото оружје мечот ксифос се јавува околу 424 г.ст.е., на споменикот во Бојотија *(К.бр.7)*. Веќе претходно забележавме дека влијанието на изведбата на ова оружје доаѓа од Спарта (К.бр.8) од 1/2 на 5 в.ст.е.

Како дел од дефанзивното оружје на Бојотскиот војник се јавува пилос шлем и бојотски шлем. Пилос шлемот се јавува од 5 в.ст.е. и 4 в.ст.е., на спомениците во Бојотија *(К.бр.7)*, (*К.бр.13)*. Овој шлем е одлика на Спартанците од каде врши влијание врз претставите на оружја кај другите антички војски.

Единствена појава на бојотски шлем наоѓаме од 275-250 г.ст.е., на споменикот во Танагра (*К.бр.26*). Овој шлем се користел во Класичниот и Хеленистичкиот период, а неговото потекло е од Бојотија, каде делумно бил користен од коњаницата-терефорои, а примарно од планинските трупи.

Како дел од одбранбеното оружје на Бојотската војска се јавуваат два вида на штита: хоплитски и туреос. Хоплитскиот штит се јавува од 5 в.ст.е. и 4 в.ст.е. на спомениците во Бојотија *(К.бр.7)* и (*К.бр.13*).

Единствена појава на штит туреос забележуваме од 275-250 г.ст.е., на споменикот во Танагра (*К.бр.26*), затоа претпоставуваме дека можеби е карактеристика на Бојотската војска.

Како последна античка (но не и неважна) е презентирана Критската војска. Како единствено напаѓачко оружје кое претставува одлика на Критскиот воин е лакот, стрелата и тоболецот. Овој елемент е изведен на споменикот во Какодики *(К.бр.40)* датиран од Хеленистичкиот период. Претходно видовме дека единствена претстава на тоболец од 5 в.ст.е., се наоѓа на споменикот од Македонија *(К.бр.39)*.

Од одбранбеното оружје се јавува хоплитскиот штит, кој е третиран од 2-1 в.ст.е., на споменикот во Крит (*К.бр.34*).

На надгробните споменици во раноантичкиот период се моделирани неколку орудија и предмети кои се во служба на човекот, како што се стап, стригил, вагонет-кочија, четка, чамец-чун и лира, од кои се издвојува стригилот кој е почесто присутен и илустриран покрај покојникот кој е со неговите роднини.

Стригил како украс се јавува од 5 в.ст.е., на спомениците во Ставромене *(К.бр.49)*, Еубеја *(К.бр.50)*, Порто Рапти *(К.бр.51)*, Атина *(К.бр.52)*, Теспис *(К.бр.53)*, а потоа од 4 в.ст.е., во Вергина (*К.бр.19)*, Атина (*К.бр.54,55,58*), Танагра (*К.бр.56*), Каристос (*К.бр.57*), Пиреја (*К.бр.59*), Саламина (*К.бр.60*). Може да се заклучи дека појавата на стригилот е во 5 и 4 в.ст.е., а главните скулпторски работилници кои го практикуваат овој елемент се наоѓаат во Атина со Атика. Појавата на стригилот како орудие е на премин од 6-5 в.ст.е., што е потврдено со неговите пластични изведби и на спомениците.

На споменикот од Потидеја (*К.бр.67*) датиран во 380 г.ст.е., покојникот во левата рака држи лира, музички инструмент кој е фрагментиран, а во десната рака метален предмет, со кој би можел да свири. Оваа претстава на лира е

единствена на третираните споменици и покажува дека починатиот бил музичар. Лирата е еден од атрибутите на Аполон, Хермес, Полихимнија, Уранија, Ерато и Орфеј, во тој контекст се поврзува со музиката, поезијата и уметноста.

Како една од најмоќните војски од следниот период, Римската војска, преферира да носи различни видови на оружја. Прво и основно офанзивно оружје кое го користи Римскиот војник во текот на Империјалниот Римски период е мечот. Разликуваме неколку видови на мечеви: меч - гладиј (gladius), спата – spata, гладијаторски меч и махаира.

Основен тип на меч кој е одлика на Римскиот војник во 1 и 2 в.н.е. е мечот гладиј (gladius). Неговата најрана појава е од 200-104 г.ст.е., на споменикот во Драч - Дирахиј *(К.бр.70)*, а потоа од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., во Пула *(К.бр.88,89)* и Исар, Марвинци *(К.бр.71)*. Од 1 в.н.е., во Пула *(К.бр.75,76,77 б.),* Epidaur – Цавтат *(К.бр.79),* Aserija *(К.бр.74),* Muć - Andetrium *(К.бр.78),* Црнилиште *(К.бр.72),* Малино *(К.бр.73)*, а од 2 в.н.е., во Древновци *(К.бр.87),* Битола *(К.бр.83)*, Долна Македонија *(К.бр.86)* и *(К.бр.102)*, Атина *(К.бр.84,85)*, Odessos *(К.бр.80)*, Стаклен - Novae *(К.бр.82),* Винковци *(К.бр.81)*, Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)*. Можеме да заклучиме дека мечот gladius често се јавува на целата територија на Балканот, на север од Пула, на југ до Атина, источно од Одеса и Новај, а на запад до Дирахиј, со поголема застапеност во северниот и јужниот дел. Краткиот меч во современата литература познат како gladius претставувал стандардно оружје на римскиот пешак низ републиканскиот период и во првите два века од Царството. Со тоа оружје иако можело да се сече, претежно се користело за задавање на убодни удари. Римјаните овој облик на меч го презеле од Хиспанците, па затоа најраниот тип е наречен gladius hispaniensis. Овој меч-gladius претставувал чист римски производ и бил користен насекаде во целото Царство од целата Римска војска, што се потврдува со неговата унифицираност при претставувањето на спомениците. Единствена разлика се забележува при декорацијата на футролата, бидејќи секоја работилница користела свои печати.

Основен тип на меч кој претставува составен дел од опремата на Римскиот војник во доцниот Империјален период во 3 и 4 в.н.е. е мечот спата - spata. Тој се јавува од 3 в.н.е., на спомениците во Прилеп *(К.бр.91),* Топлица *(К.бр.92),* Браилово *(К.бр.94),* Радобил *(К.бр.98),* Небрегово *(К.бр.99),* Битола *(К.бр.103)*, Ласкарево, Долни Орман *(К.бр.96,100),* Кунино, Врачанско *(К.бр.95),* Плоски *(К.бр.130*), Тетевен *(К.бр.97),* Спарта *(К.бр.93),* Lobor - Zlatar *(К.бр.90),* Трговиште, Зајечар *(К.бр.107)*, а потоа од крај на 3- почеток на 4 в.н.е., во Нови Пазар *(К.бр.108)*. Од 4 в.н.е., во Heracleae *(К.бр.101)*. Можеме да заклучиме дека мечот spata почесто се јавува на целата територија на Балканот, на север од Лобор-Златар, на југ до Спарта, а источно до Нови Пазар и Тетевен, со најголема концентрација на присутност во јужниот дел т.е. во Македонија. Долгиот меч spata најпрво бил оружје на коњаниците, различно од gladius кој бил одлика на пешадијата. Иако Римјаните го користат од самиот почеток на Принкипатот, кога веројатно не се разликувала од доцнолатенските мечеви, повеќето наоди се датирани од крај на 2,3 и 4 в.н.е. Зголемениот број на наоди на spata во подоцниот период соодветствува со моментот кога мечот-spata станал оружје на пешадијата, па затоа распространетоста се зголемила. Тоа довело и до промена на начинот на носење на оружјето. Мечот оттогаш се носи на широк појас наречен balteus, кој се префрлал преку десното раме, така оружјето се носело од левата страна, а не како претходниот меч-gladius, на десната. Освен ова употребата на spata кај пешадијата имплицира и битна промена во пристапот на блиска борба. Во борба гради на гради Римскиот војник за убодни удари се потпирал на копјето, а мечот се користел за удирање, за што било потребно подолго и потешко оружје од gladius, кој бил оптимизиран за прецизни убоди во витални органи од телото. Овој меч-spata исто како gladius претставувал чист римски производ и бил користен насекаде во целото Царство, од целата римска војска, што се потврдува со неговата унифицираност при претставувањето на спомениците. Но кај нив честа била и појавата на печат на работилницата од каде бил направен, со таушурани украсни фигурални и вегетабилни мотиви (фигури на Марс, Викторија, Минерва, орел, лаворов венец), од бронза и бакар, на сечилото под рачката.

Како тип на меч карактеристичен за воините во раноантичкиот период, махаирата се јавува на два споменика од римско време, во Actiuм - Патра *(К.бр138)* датиран од 1/2 на 1 в.н.е. и во Филипи (К.бр.*105)* датиран во 106 г.н.е. Можеме да заклучиме дека махаирата како меч се јавува ретко и тоа само во јужниот дел од Балканот, каде продолжува локалната традиција во Спарта и Македонија. Уште од добата на Хомер зборот махаира е познат во пишуваните извори по своето изворно значење: нож, претежно жртвен, а од крајот на 6 в.ст.е. нагло влегол во употреба кривиот меч.

Како второ офанзивно оружје Римскиот војник користи неколку видови на копја од кои се издвојуваат хаста и пилум.

Како еден од почестите елементи копјето-hasta како украс на надгробните споменици од римскиот период се јавува од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., во Пула *(К.бр.89)*, во 1 в.н.е. *(К.бр.77 а.)* и во 2 в.н.е. *(К.бр.124 а.),* а потоа во Viminaciuм *(К.бр.123)*, Приједор, Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)*, Бардовци *(К.бр.125)*, Топлица *(К.бр.127),* Битола *(К.бр.83)*, Долна Македонија *(К.бр.139),* Филипи *(К.бр.105),* Атина *(К.бр.84,85)*. Од 3 в.н.е., во Sirмiuм *(К.бр.135)*, Basianae - Donji Petrovci *(К.бр.134)*, Дреновци *(К.бр.131),* Пиперица *(К.бр.132),* Ботевград *(К.бр.133),* а од 4 в.н.е., во Макреш, Кулско *(К.бр.146),* Карналово, Петричко *(К.бр.137),* Девња - Marcianopolis *(К.бр.145)*. Можеме да заклучиме дека копјето hasta често се јавува на целата територија на Балканот, на север од Сирмиум, на југ до Атина, на исток до Ботевград и Маркианополис, а на запад до Скупи (Бардовци), со поголема застапеност во југоисточниот дел. Копјето hasta е едно од најстарите облици на офанзивно вооружување, многу распространето како меѓу пешадијата, така и меѓу римската коњаница, кое се користело за бодење. Во периодот на раното Царство употребата на копјата била одлика на помошните единици и коњаницата, а од времето на императорот Марк Аурелиј, тие масовно биле користени во легиите кога копјето pilum полека излегува од употреба.

Втор тип на копје кое го користи Римскиот војник при напад е копјето - пилум (pilum). Најрана појава на pilum се забележува во Исар, Марвинци

*(К.бр.71)* од 1 в.ст.е. - почеток на 1 в.н.е., а потоа од 1 в.н.е., во Пула *(К.бр.77 б.,88,109)*, Oescus, Гиген- Oescus *(К.бр.110)* и Харлец, Ореховско *(К.бр.122)*. Од 2 в.н.е., во Костолац - Viminacium *(К.бр.123)*, Тафталиџе *(К.бр.144)*, Матка *(К.бр.112)*, Долни Дисан *(К.бр.114)*, Кајсареија, Горна Македонија *(К.бр.113)*, Соракево, Мелник *(К.бр.129)*, Монтана, Михаиловград *(К.бр.126)*, Чумаковци, Белослатинско *(К.бр.116)*. Од 3 в.н.е., во Celeia *(К.бр.121)*, Шлегово *(К.бр.120)*, Ласкарево, Долни Орман *(К.бр.96)*, *(К.бр.100)*, Плоски *(К.бр.130)*. Од 4 в.н.е., во Heracleae *(К.бр.101)*, Македонија, непознато потекло *(К.бр.136)*. Можеме да заклучиме дека копјето pilum почесто се јавува на целата територија на Балканот, на север од Целје, с/и Пула, на југ од Кајсареија-Горна Македонија, на исток од Ојскус и Монтана, а на запад до Скупи (Матка, Тафталиџе), со присутност во северниот и поголема застапеност во југоисточниот дел. Иако постои претпоставка дека корените му се од Иберскиот Полуостров, pilum е од италско, поточно од етрурско потекло. Се употребувал од железно време, а освен Римјаните го користеле и Келтите. Римската војска копјето pilum го користела за фрлање, од Републиканскиот период, до првите три века на Царството.

Од одбранбените оружја се јавуваат неколку типови на шлемови кои претставуваат составен дел од опремата на Римскиот војник. Во Империјалниот период, римскиот легионер носи легионерски шлем. Негова најрана појава е од 1 в.н.е., на споменикот во Пула *(К.бр.75)* каде е прикажан шлем од тип Hagenau, а потоа од 2 в.н.е., во Odessos *(К.бр.80)*. Како втор тип на шлем кој го носеле легионерите од 1 в.н.е., се јавува шлем од тип Weisenau на споменикот во Пула *(К.бр.77 б.)*. Можеме да заклучиме дека Легионерскиот шлем се јавува ретко на Балканот и тоа само во северниот и источниот дел.

Раните форми на римски шлемови (втора половина на 1 в.ст.е.) се преземени од оружјето на галските т.е. келтските племиња. Шлемот од тип Hagenau бил направен на крај на 1 в.ст.е., а во употреба бил до последните десетлетија на 1 в., кога постепено бил исфрлен од типот Weisenau, кој по скоро еден цел век паралелна употреба, целосно ќе го замени во пешадијата. Различно од типот Hagenau кој бил плод на континуиран развој на италските

шлемови, во типот Weisenau, јасно се забележува келтската традиција. Римската војска овој тип на шлем го користела до почетокот на 3 в.н.е.

Римските војници при гладијаторски битки во арените и театритеноселе гладијаторски шлемови. Појавата на овој шлем е од 2 в.н.е., на споменициte во Осијек - Mursa *(К.бр.169)*, Долна Македонија *(К.бр.139,140,142)*, Филипопол - Пловдив *(К.бр.141)*. Можеме да заклучиме дека гладијаторскиот шлем се јавува многу ретко на Балканот, освен еден пример на север во Осијек, другите примероци се од југ, од Долна Македонија. Шлемот со парагнатиди, хоризонтален челен штитник и спирално свиткан дел бил карактеристично македонски, од времето на македонската експанзија, а во римскиот свет се задржал низ гладијаторските игри.

Одликите од претходниот период се пренесуваат и во Римскиот период преку употребата на коринтски шлем, кој бил карактеристика на Атинската војска. Локалната традиција на употреба на коринтски шлем продолжува од 1 в.н.е., на спомеником во Actium - Патра (К.бр.138), а потоа од 1 и 2 в.н.е., во Костолац - Viminacium *(К.бр.123)*, Бјеловар (К.бр.128), Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)* и Тројаци *(К.бр.194)*. Можеме да заклучиме дека појавата на коринтски шлем во римскиот период е ретка на Балканот, каде е застапен во северниот и јужниот дел.

Обичаите на употреба на фригиски шлем кај Атинската и Тесалската војска од раноантичкиот период се пренесени и во римскиот период, каде фригискиот шлем се јавува од 1 в.ст.е-1 в.н.е., на споменициte во Пула *(К.бр.88,89,150)*, а потоа од 2 в.н.е., во Филипи *(К.бр.105)*. Може да се заклучи дека појавата на фригиски шлем во римскиот период на Балканот е ретка, освен еден примерок на југ, сите други се наоѓаат во северниот дел.

Уште еден тип на шлем петасос, кој е носен од војниците на Македонската, Атинската и Тесалската војска во раноантичкоиот период, се пренесува и во римскиот период. Таквиот тип на заштита на глава кој бил одлика на римските платеници се јавува на спомеником од Костолац-Viminacium *(К.бр.123)* датиран од 2 в.н.е.

Локалната традиција на употреба на пилос шлем од претходниот период продолжува и во римскиот период од 3 в.н.е., на споменикот во Спарта (К.бр.93) каде по пауза од неколку векови, повторно се јавува, при што можеби укажува на робовското потекло на покојникот.

Карактеристиките од претходниот период се пренесуваат во римскиот период и преку појавата на Кегенхелм шлемот, кој се јавува од 200-104 г.ст.е. во Дирахиј *(К.бр.69,70)*, каде војниците кои се претставени со римско оружје, околу слабината носат кожен појас, кој е заврзан со реси кои висат надолу. Може да се смета дека во претставата на појасот се огледува локално влијание на Илирите, кои служеле во Римската војска. Појавата на Кегенхелм шлемот е во Хелада, од 8 в.ст.е. наваму.

Во текот на Империјалниот римски период, втор вид на дефанзивно оружје кое го користи Римската војска е штитот. Разликуваме неколку видови на штитови.

Еден од почестите елементи е кружниот штит кој се јавува од 1 в.н.е., на спомениците во Пула *(К.бр.77 б.)* и Odessos *(К.бр.80)*, а потоа од 2 в.н.е., во Бјеловар *(К.бр.128)*, Костолац-Viminacium *(К.бр.123)*, Милошевичи (Чикота, Приједор) *(К.бр.106)*, Тафталиџе *(К.бр.144)*, Битола *(К.бр.83)*, Тројаци *(К.бр.194)*, Долна Македонија *(К.бр.86)*, Чумаковци, Белослатинско *(К.бр.116)*, Монтана, Михаиловград *(К.бр.126)*, Стаклен- Novae *(К.бр.152)*, Атина *(К.бр.84)*. Од 3 в.н.е., во Celeia *(К.бр.121)*, Sirmium *(К.бр.135)*, Македонија, непознато потекло *(К.бр.153)*, Шлегово *(К.бр.120)*, Небрегово *(К.бр.99)*, Софија *(К.бр.154)* Спарта *(К.бр.93)*, а од 4 в.н.е., во Макреш, Кулско *(К.бр.146,155,156,157)* и Девња-Marcianopolis *(К.бр.145)*. Можеме да заклучиме дека кружниот штит почесто се јавува на целата територија на Балканот, на север од Целје, на југ од Атина, на исток од Новај, а на запад до Скупи (Тафталиџе).

Како дел од оружјето се јавува и правоаголен штит - scutum од 1 в.ст.е-1 в.н.е., на споменикот во Пула *(К.бр.88)*, а потоа од 1 в.н.е. во Oescus *(К.бр.110)*. Од 2 в.н.е., во Долна Македонија *(К.бр.139)*, Макрохори, Долна Македонија, (К.бр.140), а од 2-3 в.н.е., во Dionisiopol - Балчик (*К.бр.163)*. Можеме да

заклучиме дека претставата на правоаголен штит на Балканот е ретка. Тој се јавува на север во Пула, на југ во Макрохори, а на исток во Ојскус и Балчик.

Локалната традиција на употреба на штитот туреос кој бил карактеристика на Бојотската војска во раноантичкиот период, се пренесени во римскиот период преку претставата од 200-104 г.ст.е., на споменикот во Драч - Дирахиј *(К.бр.69,70)*, а потоа од 1 в.ст.е-1 в.н.е., во Пула *(К.бр.88)*.

Одликите од претходниот период се пренесуваат и во римскиот период преку претставата на штитот пелте, кој се јавува на спомениците од 1 в.ст.е-1 в.н.е., во Пула *(К.бр.109,150)*. Помалиот тип на штит наречен пелте, во раната антика бил носен од другите делови на пешадијата наречени пелтасти, или пелтофорои. Појавата на штитот пелте веројатно е во Персија, а потоа пелте користи Македонската и Тракиската војска.

Локалните традиции на употреба на хоплитскиот штит, кој бил одлика на античките војски од раноантичкиот период, се пренесени во римскиот период, каде хоплитскиот штит се јавува од 1 в.ст.е-1 в.н.е., на спомениците во Пула *(К.бр.88,109)*.

Како еден од елементите е овалниот штит кој се јавува од 1 в.ст.е.-1 в.н.е., на спомениците во Пула *(К.бр.88,89)*, Epidaur – Цавтат *(К.бр.79)*, а потоа од 2 в.н.е., во Филипи *(К.бр.105)*. Од 3 в.н.е., во Sirmium *(К.бр.135)* и Трговиште - Зајечар *(К.бр.107)*. Можеме да заклучиме дека неговата појава е ретка на Балканот, со поголема застапеност во северниот дел.

Овалниот штит со метално умбо кај Келтите се јавува рано 4-3 в.ст.е., а од нив оваа форма веројатно ја презеле Римјаните, за време на Латинските војни и ја користеле во сите три воени редови на легијата. На почетокот на Царската епоха тешко оклопната пешадија во легијата носела конкавен правоаголен штит, додека кај помошните трупи преовладувале овални или кружни форми. Во периодот меѓу Трајан и Марк Аурелиј, правоаголните штитови со заоблени табли, постепено излегуваат од употреба, така што сите родови на војската носат овални или кружни штитови.

На спомениците од Римскиот период од 1-4 в.н.е. се јавуваат разни орудија кои може да укажуваат на професијата на покојникот, како што се нож со српесто сечиво, секира, чекан, клешти, медицински алатки, прибор за пишување, театарска маска, книга и др. Се јавуваат и орудија кои укажуваат на неговиот статус како што се vitis, тирс, kerykeion, signum, sella curulis и др., потоа култно симболни предмети меѓу кои аскија, стригил, вретено, топуз, срп, клуч и др., како и предмети за заслуга - диплома и медал.

Појавата на српот на спомениците е од 1 в.н.е., во Кавадарци *(К.бр.210)*, а потоа од крај на 1 в. и во текот на 2 в.н.е., во Ваташа *(К.бр.213)*, Кавадарци *(К.бр.216,217,219)*, Македонија, непознато потекло *(К.бр.211)*. Од 3-4 в.н.е., во Стари Град *(К.бр.215)*. Главна одлика на скулпторските работилници од Тиквешијата чија продукција може да се следи од крај на 1 в. до почетокот на 4 в.н.е., е наивното т.е. упростено третирање на деталите, изведено со шематизација и стилизација. Прикажувањето на српот на спомениците како орудие за сечење жито и пченка, можеме да го поврземе со Аполон, а како орудие за берење на грозје со Дионис и неговите игри, како и со Керера.

На крај потребно е да истакнеме дека преку појавите на човечката фигура на надгробните споменици на Балканот (крај на 6 в.ст.е.-4 в.н.е.), која често е пратена со оружје и орудија, најчесто на војници кои ги користеле кога биле живи, преку нивна хронолошка обработка, дојдовме до заклучок дека тие претставувале составен дел од воената опрема на раноантичките и римската војска.

Македонската армија како дел од своето вооружување користи копје-сариса, меч-ксифос, лак и тоболец со стрели, шлем-пилос и петасос, капа-каусија, хоплитски голем штит и македонски мал штит и оклоп. Сарисата, каусијата, шлемот- петасос и малиот македонски штит со декорација штит, претставуваат одлики на Македонската војска.

Спартанската армија како дел од воената опрема користи копје, меч-ксифос и краток спартански меч, пилос-шлем, хоплитски штит, анатомски оклоп и кнемиди. Пилос-шлемот, краткиот Спартански меч и стапот-бактемрион се карактеристика на Спартанската војска.

Атинската армија е вооружена со копје, копје-камакс, меч-ксифос, лагоболон, коринтски шлем, пилос-шлем, фригиски шлем и петасос, хоплитски штит, ѕвончест и мускулен оклоп и кнемиди. Коринтскиот шлем, ѕвончестиот оклоп и лагоболонот претставуваат одлика на Атинската војска.

Тесалската армија како дел од вооружувањето користи копје-сариса, копје-камакс, меч-ксифос, фригиски шлем, хоплитски штит, оклоп. Копјето-камакс е карактеристика на Тесалската армија.

Бојотската армија како дел од воената опрема користи копје, меч-ксифос, пилос-шлем, бојотски-шлем, хоплитски штит, туреос-штит и оклоп. Бојотскиот шлем и туреос-штит претставуваат одлики на Бојотската војска.

Критската армија се карактеризира според лакот, стрелите и тоболецот.

Влијанијата на потеклото и примената на другите оружја, од крај на 6 в.ст.е. до 1 в.ст.е. е взаемно. На пример: копјето се јавува во Атина со Атика, ксифосот во Спарта, Македонија, Атина и Бојотија, фригискиот шлем во Тесалија и Атина, хоплитскиот штит во Спарта, Атина, Македонија и Бојотија, а оклопот и кнемидите во Атина со Атика.

Основните типови на оружје се унифицирани на целата територија на Римското Царство што се потврдува и со пластичните претстави на спомениците.

Римската војска во 1 и 2 в.н.е. е вооружена со меч-гладиј, копје пилум и копје хаста, лак и стрела, правоаголен штит, легионерски шлем, гладијаторски шлем, оклоп, кнемиди, нож. Во 3 и 4 в.н.е. Римската војска е опремена со меч-спата, копје хаста, кружен или овален штит, оклоп, кнемиди, нож.

Разликите се присутни само кога локалните традиции на користење оружја од претходниот период се пренесени во Римскиот период, па така Римската армија како дел од својата воена опрема користи меч-махаира, пилос, коринтски, петасос и фригиски шлем, хоплитски, пелте и туреос штит, кои претставувале составен дел од оружјето на раноантичките армии.

Локалните влијанија се најсилни во јужниот дел од Балканот поточно во Македонија, Спарта и Атина, каде покрај стандардното римско оружје, се прикажува и старото раноантичко оружје, кое било карактеристика на војниците од претходниот период. Затоа кај овие три различни етно-целини можеме да кажеме дека локалниот фактор опстоил најдолго, различно од другите кои ги прифатиле унифицираните стандарди во надгробната уметност и ја изгубиле својата посебност, каков што е примерот со Илирите, кои иако имале оружје во претходниот период, немале надгробни споменици со релјефна изведба на истото.

# VI. КАТАЛОГ

## 1. КАТАЛОГ НА НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД РАНОАНТИЧКИОТ ПЕРИОД

### VI. 1. 1.СПОМЕНИЦИ СО ПРЕТСТАВИ НА ОРУЖЈЕ

### КОРИНТСКИ ШЛЕМ

1. **Атина,** в.102см, Археолошки Музеј Атина (1959). Лит: Б. Тасиќ, (1990) 94, 96. Хоплитот на главата носи коринтски шлем со парагнатиди, на кој има голема перјаница. Датирање: околу 550-520 г.ст.е.





2. **Веланидеце - Атика,** в.249см, Археолошки Музеј Атина, (29). Лит: Б. Тасиќ, (1990) 98-99, околу 520 г.ст.е.; J. Cassin-Scott, (1997) 38 br.34A; Ph. De Souza-W. Heckel & L. Llewellyn-Jones, (2004) 94. Аристион кој бил атински хоплит носи коринтски шлем со парагнатиди, во левата рака држи исправено долго копје со откршен метален врв, а облечен е во ѕвончест оклоп со реси. На нозете има две кнемиди кои ги штитат и колената. Се забележуваат траги на боење. Датирање: околу 520 г.ст.е.











3. **Акарна (Acharnae)-Атина,** сега во Францускатa школа во Атина, (No.12.300). Лит: N. Sekunda-A. Hook, (2000) 6, пред 479 г.ст.е. На тимпанонот е изведено дефанзивно хоплитско оружје: коринтски шлем со парагнатиди и штитник за нос, кружен хоплитски штит, ѕвончест оклоп и две кнемиди. Датирање: пред 479 г.ст.е.



4. **Атика,** в.72см, Археолошки Музеј Атина, (752). Лит: Б. Тасић, (1990) 114-115, втора половина на 5 в.ст.е.; Ph. de Souza, (2002) 68; N. Fields, (2007) 20, 380 г.ст.е. Во релјефното поле е претставен војник морнар (атињанец кој погинал во Пелопонеската војна) кој седи на клун од брод, а зад него има коринтски шлем, поставен врз хоплитски штит. Клунот од бродот можеби бил декориран како и голата површина на стелата, која била обоена со плава боја, како морето. Датирање: 2/2 на 5 в.ст.е.



5. **Атина,** Museuм of Fine Arts, (nr.64), Boston. Лит: N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 26, крај на 5 в.ст.е.; N. Sekunda-R. Hook, (1998) 6, крај на 5 в.ст.е. Атињанецот Стратокле кој е поставен десно во стоечки став, носи коринтски шлем со перјаница, а за рачка од внатрешната страна, држи голем хоплитски штит како и меч – ксифос во десната рака. Паднатиот спартански воин носи пилос - шлем, во десната рака има краток меч, а во левата рака држи хоплитски штит. Датирање: крај на 5 в.ст.е.










6. **Атика,** д.160x101-97см, Berlin Staatliche Museen, K.25 (inv.1473). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 129 PL.49 br.315, 4 в.ст.е. Војникот на главата носи коринтски шлем со парагнатиди, а во левата рака држи мало копје (според Woysch), или веројатно меч-ксифос со пламено сечиво, прикажани во сцената дексиосис, заедно со жена седната на клине, дете и момче. Датирање: 4 в.ст.е.





## ШЛЕМ ПИЛОС

7. **Бојотија,** Археолошки Музеј Теба, (55). Лит: N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 30-31, околу 424 г.ст.е. Војникот на главата носи пилос- шлем, во левата рака за рачка држи голем кружен хоплитски штит, како и меч-ксифос во футрола, а во десната рака има долго копје. Датирање: околу 424 г.ст.е.





8. **Ареополис - Лаконија.** Лит: N. Sekunda-R. Hook, (1998) 59, 1/2 на 5 в.ст.е. Младиот војник (perioikos т.е. сениорски офицер) во левата рака држи за рачка голем кружен хоплитски штит и меч во десната рака (кој е многу фрагментиран). На нозете носи високи кнемиди кои ги штителе и колената, а напред на земјата е поставен пилос-шлем со перјаница, под кој носел капа. Воинот е облечен во мускулест оклоп? Датирање: 1/2 на 5 в.ст.е.



9. **Мегара - Атика,** Worcester Art Museum, Mass., (inv.1936.21). Лит: N. Sekunda-A. Hook, (2000) 58, 420-410 г.ст.е. Војникот во десната рака стиска пилос-шлем, а во левата рака за рачка држи голем кружен хоплитски штит и копје, чиј врв е откршен и сочуван е само газерот. Датирање: 420-410 г.ст.е.







10. **Татои - Декелеија, Атика.** Лит: E. Pottier, (1880) 408-415. (pl.VII), крај на 4в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 30; N. Sekunda-R. Hook, (1998) 21, 413 г.ст.е.; P. Sabin, et all., (2008) 115, 116 F.5.4, крај на 5 в.ст.е. (413-404г.ст.е.). Споменикот е посветен на Лис од Тегеја член на Пелопонескиот гарнизон, поставен во Декелеија во 413г.ст.е. Копјето и другите детали кои биле насликани со боја, денес се уништени. Војникот на главата носи пилос-шлем, во левата рака за рачка држи голем кружен штит, а во десната држел копје. Датирање: 413-404 г.ст.е.







11. **Атина,** AKG Berlin. Лит: Ph. de Souza, (2002) 86, околу 410 г.ст.е. Централно поставениот маж на главата носи пилос-шлем, а во левата рака за рачка држи голем кружен хоплитски штит. Мажот десно од него исто така, носи пилос-шлем и голем кружен хоплитски штит. На левата страна е изведена жена, а сите се прикажани во сцената дексиосис. Датирање: околу 410 г.ст.е.



12. **Пела - Македонија**, Археолошки Музеј Истанбул, (85). Лит: M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 112 цртеж, 115 бр.65, крај на 5 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 48, пред 400 г.ст.е. Војникот на главата носи пилос-шлем, со десната рака придржува голем кружен хоплитски штит, а со левата копје-сариса со метален газер за прицврстување во земјата, како и футрола од ксифос. Датирање: крај на 5 в.с.т.е.



13. **Бојотија,** Археолошки Музеј Теба. Лит: M. B. Hatzopoulos-L. D. Loukopoulos, (1980) 116-117 бр.66. Бојотскиот војник Мнасон на главата носи пилос-шлем, во левата рака држи голем кружен хоплитски штит и долго копје во десната рака, 4в.ст.е. Употребена е прекрасна техника на боење и осветлување во внатрешноста на деталите, за потенцирање и контраст, наспроти црно обоениот камен. Датирање: 4 в.ст.е.



## КАУСИЈА или PETASOS

14. **Фалана - Волос, Тесалија** Атанассакеион Археолошки Музеј, (L 372). Лит: N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 15, околу 450 г.ст.е. Мажот кој е тесалиец на главата носи широк шешир-petasos, а во левата рака држи големо ловечко копје. Датирање: околу 450 г.ст.е.



**15. Вергина - Македонија,** Музеј Солун (Bε 126). Лит: J. Vokotopoulou, (1996) 182-184 (Bε 126), 430-420 г.ст.е. Македонскиот воин носи шлем-petasos на глава, во десната рака држи две копја-сариса, со листовиден метален врв, а на левиот бок се забележува футрола од ксифос. Датирање: 430-420 г.ст.е.






**16. Атина,** Национален Музеј Атина (884). Лит: N. V. Sekunda-A. Mc Bride, (1986) 60. Коњаникот од редот на скаути-коњаници на главата носи шлем-petasos, во левата рака држи две копја, од кои едното kамах со голема дрвена рачка и мал метален врв во облик на лист, а второто копје е пократко. Тој со десната рака се поздравува со татко му, кој под десното раме се потпира на стап. Зад него има коњ во кас, а десно од старецот, дете веројатно синот на покојникот, моделирани во сцената дексиосис, 395-390 г.ст.е.; САН 186, br.207, 425/4 г.ст.е. Датирање: 4/4 на 5 в.ст.е.






17. **Лариса -Тесалија,** д.240x64-62см, Археолошки Музеј Атина (741). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 130 PL.53 br.335. Момчето на главата носи шлем-petasos, 5 в.ст.е. Датирање: 5 в.ст.е.





18. **Непознато потекло-Атика?,** д.415x54x8-12см, секундарно вѕидана во црква северно од Елеуса (Eleusis). Лит: D. W. Bradeen, (1974) 133-134 Pl.3 br.697, 4 в.ст.е. Мажот на главата носи шлем petasos, а долгото копје кое е потпрено на левото раме е фрагментирано на врвот. Датирање: 4 в.ст.е.







19. **Вергина - Македонија,** д.119x79x71см. Лит: M. Andronicos, (1955) 87-101, fig.1, 4 в. Мажот на грбот носи цилиндричен предмет прицврстен на врвка, шлем-petasos? а во десната рака држи стригил. На главата на момчето е претставена капа-каусија, иста како и на главата на покојничката седната на клине, изведени во сцената дексиосис. Датирање: 4 в.ст.е.







20. **Атина,** д.175x46-42см, Музеј на Керамеикос, Атина (P 1130). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 107 PL.6 br.24, 4 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 59 394-393 г.ст.е.; H. Rupprecht Goette, (2002) 177 pl.31, 394 г.ст.е.; M. Munn, (2000) 313,314 f.11, 394 г.ст.е. Атинскиот коњаник Дексилеј кој загинал во Коринт, во борба со спартанците во 394 г.ст.е., прво имал бронзен шлем-petasos и долго коњаничко копје, кои денес се уништени. Зад паднатиот воин е прикажан голем кружен хоплитски штит. Датирање: 394-393 г.ст.е.




## ФРИГИСКИ ШЛЕМ

**21. Пелина-Тесалија,** Музеј Лувр Париз. Лит: M. B. Hatzopoulous-L. D. Loukopoulous, (1980) 82-83 бр.54, средина на 4 в.ст.е. Коњаникот на главата има фригиски шлем, а на телото носи оклоп со два реда птериги. Датирање: средина на 4 в.ст.е.





**22. Елеуса** (Eleusis)-Атика, Археолошки Музеј Атина (834). Лит: N. Sekunda-A. Hook, (2000) 62, околу 340 г.ст.е.; A. Cohen-J. B. Rutter, (2007) 319 F.16.9. Атинскиот хоплит ја потпира раката на фригиски шлем, кој му го подава едно наго дете, а до левата нога меѓу него и детето е поставен голем кружен хоплитски штит. Тој е облечен во мускулест оклоп со два реда (низа) птериги. Датирање: околу 340 г.ст.е.







**23. Атика,** в.214см, Археолошки Музеј Атина (738). Лит: Б. Тасић, (1990) 149-150, околу 320 г.ст.е., војникот на главата носи фригиски шлем, на кој нагласениот свиткан дел е откршен, а во левата рака за рачка држи голем кружен хоплитски штит. Тој е облечен во мускулест оклоп со два реда птериги, а на нозете носи кнемиди. Датирање: околу 320 г.ст.е.



**24. Марвинци-Валандово**, **Македонија,** д.28x29x11см. Лит: F. Papazoglou, (1974) 278 fig.3 b., цртеж, 280 f.n.12; В. Битракова-Грозданова, (1987) 119-120 Т.2 сл.2, 2/2 на 2 в.ст.е. (премин од 2 во 1 в.ст.е.); В. Соколовска, (1987) 26 сл.6, 29 ф.н.30, 1/2 на 2 в.; И. Микулчиќ, (1999) 27 бр.12, 2 в.ст.е. Војникот на главата носи пилос-шлем, во левата рака на гради држи мал кружен штит со декорација македонски штит, а во десната рака држи копје со врвка за прицврстување и метален газер. Тој е облечен во оклоп со еден ред птериги. Датирање: премин од 2-1 в.ст.е.



**25. Требенишко Кале-Лихнид, Македонија**, д.71x33x7см, Музеј и Завод Охрид, (инв.бр.А-1). Лит: Н. Вулић, (1941-1948) 123 бр.270; В. Лахтов, (1956) VI,1, 169-170 сл.4.; F. Papazoglou, (1974) 278, fig.3e., 279 f.n.10, хеленистички период; В. Битракова-Грозданова, (1987) 118-119 Т.2 сл.1, премин од 2 во 1 в.ст.е., штит со декорација сонце; В. Соколовска, (1987) 26 сл.5, 29 ф.н.29, 1/2 на 2 в.; G. De Gruyter, (1999) br.354. Војникот на главата носи пилос-шлем со отвор за перјаница, во десната рака држи долго копје кое е откршено во долната половина, а во левата рака има меч, кој е фрагментиран. Тој е облечен во оклоп **со** два реда птериги, а лево од него е поставен голем кружен хоплитски штит, обрабен со ловор, или мирта и декориран со стилизирани сончеви зраци. Датирање: премин од 2-1 в.ст.е.



## БОЈОТСКИ ШЛЕМ

**26. Танагра-Бојотија,** DAI Atina (neg. Tanagra I0). Лит: N. Sekunda, (2008) 341, 342 F.II.8, 275-250 г.ст.е. Во тимпанонот централно е изведен бојотски шлем меѓу два овални штита-туреос. Споменикот е посветен на пешакот Еубол од Бојотската лига-thureophoroi. Датирање: 275-250 г.ст.е.



## ОКЛОП СО ФУТРОЛА ОД КСИФОС

27. **Керамеикос-Атина,** в.130см, Археолошки Музеј Атина (737). Лит: Б. Тасић, (1990) 148-149, околу 330 г.ст.е. Војникот кој е поставен десно, носи мускулест оклоп со два реда птериги и футрола од меч-ксифос на левата страна на бокот. Тој во сцената дексиосис се опростува од маж седнат на клине, а меѓу нив има жена. Датирање: околу 330 г.ст.е.





## КОПЈЕ

28. **Атика,** д.142х51см, New York Metropolitan Museuм (inv. 38.11.13) Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 105 PL.3 br.7, архајски период. Покрај левата нога на војникот се забележува копје со откршен врв, а на нозете носи две кнемиди, кои ги штитат и колената. Датирање: архајски период.





**29. Спарта-Лаконија.** Лит: Ph. de Souza, (2002) 22, 7, 431-404 г.ст.е. Спротивно поставените мажи во рака држат дијагонално поставени две долги копја, преку две амфори. Датирање: 431-404 г.ст.е.



**30. Лариса-Тесалија,** д.55х64см, Волос, Атанассакеион Археолошки Музеј, (L 393). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 107 PL.7 br.29, 5 в.ст.е.; N. V. Sekunda-A. Mc Bride, (1986) 17, 4/4 на 5 в.ст.е. Во раката на војникот е третирано долго цилиндрично копје-камах, со откршен газер. Датирање: 4/4 на 5 в.ст.е.



31. **Атина,** д.90х44см, Атина, Керамеикос, in situ (PL 671). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 106-107 PL.5 br.19, 4 в.ст.е. Во десната рака коњаникот држи долго копје, поставено со врвот нагоре. Датирање: 4 в.ст.е.





32. **Томпхои-Тесалија,** д.166х71-61см, денес во Калојери-Тесалија кај црквата. Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) PL.34 br.230, 4 в.ст.е. Војникот во левата рака држи две копја-сариса со метален газер и листовиден метален врв, а над главата лево, се забележува мал кружен штит? кој е фрагментиран. Со десната рака гали мало момче. Датирање: 4 в.ст.е.







**33. Вергина-Македонија**. Лит: M. B. Hatzopoulous-L. D. Loukopoulous, (1980) 207 бр.110. втора половина на 4 в.ст.е. Во десната рака на мажот има копје со тенка кратка рачка и мал метален врв, а во левата држи меч-ксифос во футрола на каиш кој е фрагментиран?. Деталите се нанесени со боење. Датирање: втора половина на 4 в.ст.е.



**34. Крит,** Музеј Лувр Париз. Лит: F. Chamoux, (2002) 304-305 PL.9, 2-1 в.ст.е. Војникот во левата рака држи долго копје, а до него на земјата е прикажан мал кружен хоплитски штит. Датирање: 2-1 в.ст.е.



## *ЛАГОБОЛОН*

35. **Непознато потекло**, Атика? д.120х72-67см, Minhen, Glyptotheque, VI:1 (492). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.44 br.288, 4 в.ст.е. Момчето со десната рака затегнува лаголон, а до нозете има куче кое гледа во него. Датирање: 4 в.ст.е.





36. **Атика,** д.179х62-58см, Bale, Antikenmuseum 35 (Inv. BS 233). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 126 PL.52 br.278, 4 в.ст.е.; E. Nankov, (2010) 40,42 fig.9, 400-375 г.ст.е. Мажот во левата рака затегнува лаголон, во десната рака држи зајак за уши, а до нозете има куче. Датирање: 4 в.ст.е.





**37. Илис-Атина**, в.168см, Археолошки Музеј Атина (869). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 127-128 PL.45 br.298, 4 в.ст.е.; Б. Тасиќ, (1990) 140-142, околу 340 г.ст.е. Момчето со левата рака (сега откршена како и десната) затегнува лаголобон, поставен крај десната нога. Десно од него е изведен старец (татко му) со стап во десната рака, а до нозете има наго дете и куче. Датирање: околу 340 г.ст.е.





**38. Атина,** д.105х74см, Национален Музеј Атина (3702). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 128 PL.45 br.300, 4 в.ст.е. Мажот со левата рака затегнува лаголобон, до него десно е претставено наго дете со лутрофор во левата рака, а меѓу нив има куче. Датирање: 4 в.ст.е.




## *ТОБОЛЕЦ*

**39. Касандра-Халкидик, Македонија,** Музеј Хераклеион. Лит: M. Andronicos, (1962) 261-267 fig.3, 5 в.ст.е. Мажот на грбот носи тоболец. Датирање: 5 в.ст.е.



**40. Какодики, Бела Планина-Крит**, денес изгубена. Лит: N. V. Sekunda-A. McBride, (1986) 49. Прикажани се два критски стрелци со тоболец на грбот, кои во левата рака држат лак со по три стрели, а со десната се ракуваат во сцената дексиосис, хеленистички период. Датирање: хеленистички период.



## VI. 1. 2.СПОМЕНИЦИ СО ПРЕТСТАВИ НА ОРУДИЈА

### *СТАП*

41. **Спарта-Лаконија,** Музеј Спарта (1482). Лит: N. Sekunda-R. Hook, (1998) 24 ран 6 в.ст.е. Во десната рака на мажот поставен десно е третиран спартански стап бактемрион (βακτεμριον). Датирање: ран 6 в.ст.е.




42. **Орхомена-Бојотија,** д.204-61-59см, Археолошки Музеј Атина (39). Лит: H. A. Thompson, (1949) 374 Pl.52 br.1, ран 5 в.с.т.е.; D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.39 br.261, 5 в.; Б. Тасић, (1990) 97-98, околу 500 г.ст.е. Мажот под левото раме држи долг стап на кој се потпира, а со десната му дава храна (скакулец) на кучето. Датирање: околу 500 г.ст.е.




43. **Аполонија-Тракија,** д.248x51-48см, Археолошки Музеј Софија (инв.727). Лит: H. A. Thompson, (1949) 374 Pl.52 br.1, ран 5 в.с.т.е.; D. Woysch-Méautis, (1982) 124-125 PL.39 br.260, 5 в.ст.е.; Б. Тасић, (1999) 98, почеток на 5 в.ст.е. Мажот под десното раме и со левата рака се потпира на долг стап, а со десната рака го храни кучето. Датирање: почеток на 5 в.ст.е.





44. **Непознато потекло, Атика** (Lydie-Sardes)?, д.249x58cm., Наполи, Muzej National (6556). Лит: H. A. Thompson, (1949) 374 Pl.52 br.1, ран 5 в.с.т.е.; D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.39 br.262, 5 в.ст.е. Мажот под левото раме се потпира на долг стап, во левата рака за јаже држи лутрофор, а со десната го храни кучето. Датирање: 5 в.ст.е.





45. **Халандри-Атика,** д.93х42см, Национален Музеј Атина, (3947). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 114 PL.20 br.120, 5 в.ст.е. Мажот под десното раме се потпира на долг стап, а спроти него е претставено момче кое му дава нешто. Датирање: 5 в.ст.е.





46. **Ламsакос-Атика,** денес исчезната, д.59х34см. Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 117 PL.28 br.152a, 4 в.ст.е. Во сцената дексиосис, мажот прикажан најдесно под левото раме се потпира на стап. Тој заедно со двете деца се опростува од покојничка, седната на клине. Датирање: 4 в.ст.е.





**47. Атика,** д.60x35см. Археолошки Музеј Атина (994). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 128-129 PL.48 br.309, 4 в.ст.е. Во рацете на маж кој седи на клине, се гледа долг стап кој е потпрен на земја, а до него има куче. Датирање: 4 в.ст.е.





**48. Трогир** (Tragurion), д.33x25cm, Muzej Trogir. Лит: J. Jevtović, (1987) 128 br.9, 2-1 ст.е. Во рацете на жена која седи на клине е прикажано орудие за гмечење: толчник и стап? Датирање: 2-1 в.ст.е.





## *СТРИГИЛ 5В.СТ.Е.*

**49. Ставромене-Крит,** д.90х49-47см, Ретимон Музеј (81). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.40 br.267, 5 в.ст.е. Момчето во левата рака за рачка држи стригил како и лутрофор, а во десната, храна која му ја подава на кучето. Датирање: 5 в.ст.е.





**50. Еубеја,** д.81х26см, Музеј Халкида (2181). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 125 PL.40 br.268, 5 в.ст.е. Момчето во левата рака држи стригил и лутрофор, а во десната, храна со која го храни кучето. Датирање: 5 в.ст.е.





**51. Порто Рапти-Атика,** д.135-115x120см, Brauron Muzej, (BE 6). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 126 PL.51 br.275, 5 в.ст.е. Во левата рака на момчето поставено централно меѓу две фигури (тројцата со откршени глави) се јавува стригил и лутрофор, во десната има зајак, а до нозете е прикажано куче. Датирање: 5 в.ст.е.





**52. Атина,** д.147x49см, Музеј Керамеикос, Атина (P 1169). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 133 PL.59 br.353, 5 в.ст.е.; G. J. Oliver, (2000) 36 fig.2.5, 430-425 г.ст.е. Момчето во левата рака која е полусвиткана држи стригил. Датирање: 5 в.ст.е.





**53. Теспис-Бојотија,** д.175x75см, Национален Музеј Атина (829). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 126 PL.41 br.277, 5 в.ст.е. Во десната рака момчето држи стригил, кој е фрагментиран, а до нозете има куче. Датирање: 5 в.ст.е.





## *СТРИГИЛ 4 В.СТ.Е.*

**54. Атина,** д.150x45-47см, Национален Музеј Атина (4487). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 112 PL.16 br.90, 4 в.ст.е. Во левата спуштена рака на момчето има стригил, а до него има наго дете. Датирање: 4 в.ст.е.





55. **Атина,** д.91х34-31см, Археолошки Музеј Истанбул, (Инв.577). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 118 PL.26 br.162, 4 в.ст.е. Во левата спуштена рака момчето држи стригил и лутрофор, а во десната, храна која ја дава на куче. Датирање: 4 в.ст.е.





56. **Танагра-Бојотија**, д.137х45см Археолошки Музеј Атина ( 2578). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.43 br.287, 4 в.ст.е. Мажот во десната полусвиткана рака држи стригил, поставен исправено кон лицето, а до нозете има куче. Датирање: 4 в.ст.е.





57. **Каристос-Еубеја**, д.160х39см, Национален Музеј Атина ( 730). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.43 br.287a., 4 в.ст.е. Во левата рака на момчето е изведен стригил кој е свртен надолу со сечилото, како и лутрофор, а во десната, храна со која го храни кучето. Датирање: 4 в.ст.е.





58. **Атина,** д. 128х70см, Paris Louvre, (MA3114). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 127 PL.45 br.297, 4 в.ст.е. Во десната рака момчето држи стригил, кој е свртен наопаку, лево има наго момче, а меѓу нив куче. Датирање: 4 в.ст.е.





**59. Пиреја-Атика,** д.85х47см, Национален Музеј Атина (881). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 128 PL.48 br.305, 4 в.ст.е. Во десната полуподигната рака момчето држи стригил, кој е приближен кон лицето, а долу кај нозете има куче. Датирање: 4 в.ст.е.





**60. Саламина-Атика,** д.133х58см, Metropolitan Museuм New York (inv.08.258.41). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 135 PL.62 br.370, 4 в.ст.е. Момчето во десната рака која е поставена лево под градите над стомакот, држи стригил, а лево од него е претставено наго момче со лутрофор во десната рака. Датирање: 4 в.ст.е.





## *КОЧИЈА*

61. **Атика**, в.50см, Музеј Пиреја (262). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL27 br.192, 4 в.с.т.е. Момчето со левата рака за рачка држи кочија која е моделирана на левиот тимпанон и има кружна форма, а во десната рака држи храна која ја подава на куче. Датирање: 4 в.ст.е.





62. **Пиреја-Атика**, д.75x38см, Музеј Пиреја (227). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL27 br.193, 4 в.ст.е. Момчето во левата рака држи рачка со која ја придржува кочијата која има кружна форма, а во десната храна, со која го храни кучето. Датирање: 4 в.ст.е.





63. **Пиреја-Атика,** д.51x29см, Muzej Palermo. Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL27 br.194, 4 в.ст.е. Детето во левата рака стиска долга рачка од кочија која е поставена покрај левата нога и има голема кружна форма. Во десната рака држи храна со која храни куче. Датирање: 4 в.ст.е.





64. **Атика,** д.36x32см, Париз, Лувр, (MND 1869). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL.27 br.194a, 4 в.ст.е. Момчето во левата рака држи рачка со која ја придржува кочијата која има кружна форма. Датирање: 4 в.ст.е.





**65. Атика,** д.75x28см, Национален Музеј Атина (937). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 118 PL.27 br.178, 4 в.ст.е. Момчето во левата рака држи рачка со која ја придржува кочијата поставена во долниот лев дел на стелата, при што еден дел од играчката преминува на рамката. Во десната рака има храна со која храни куче. Датирање: 4 в.ст.е.





**66. Лиопеси-Атика,** д.74x31см, Национален Музеј Атина (2567). Лит: D. Woysch-Méautis, (1982) 119 PL.29 br.195, 4 в.ст.е. Момчето во левата рака држи рачка со која ја придржува кочијата, која има кружна форма. Датирање: 4 в.ст.е.





## *ЛИРА*

**67. Потидеја**, Музеј Солун (2465). Лит: J. Vokotopoulou, (1996) 32, 380 г.ст.е. Претставен е маж свирач на лира-музички инструмент. Датирање: 380 г.ст.е.







## *ЧЕТКА*

**68. Атина**, в.200см, Археолошки Музеј Атина (4464). Лит: Б. Тасић, (1990) 151-152, почеток на 3 в.ст.е. Во десната подигната рака на мажот е прикажана четка за тимарење на коњот. Датирање: почеток на 3 в.ст.е.





# VI. 2. КАТАЛОГ НА НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ОД РИМСКИОТ ПЕРИОД

## РЕПУБЛИКАНСКИ ПЕРИОД

69. **Драч-Dyrrachion**, д.108x59см, Музеј Београд (инв.3794). Лит: М. Грбиħ, (1958) К.16 Т.XX; N. Sekunda-A. McBride, (1996) 24, 200-104 г.ст.е. Мажот на главата носи шлем од типот Кегенхелм? кој е фрагментиран. Во левата рака држи овален штит-туреос, а во десната рака, широк меч-гладијаторски? На нозете носи кнемиди кои ги штитат и колената, а на телото мускулест оклоп и каиш-колан, (гладијатор)? Датирање: 200-104 г.ст.е.



70. **Драч-Dyrrachion**, д.125x55см, Музеј Београд (инв.3795). Лит: М. Грбиħ, (1958) К.17 Т.XXI; N. Sekunda-A. McBride, (1996) 24, 200-104 г.ст.е. Мажот на главата носи шлем од типот Кегенхелм,? во десната рака држи штит-туреос, или правоаголен, а во левата рака меч кој е фрагментиран, но според кружната рачка можен е gladius? На нозете носи кнемиди со врвки, а на телото мускулест оклоп со апликација на Горгона и каиш-колан, (гладијатор)? Датирање: 200-104 г.ст.е.



## ИМПЕРИЈАЛЕН ПЕРИОД

### *МЕЧ-ГЛАДИЈ*

**71. Исар, Марвинци**, д.80x120x8см. Лит; В. Соколовска-Ц. Крстевски, (2011), 278 сл.3, 280 ранoримски период. Војникот поставен најдесно во левата рака држи кратко копје-pilum, а на balteus од десната страна виси меч-gladius во футрола. На каишот десно има нож-pugio во футрола, а носи мал граден оклоп под вратот. Датирање: крај на 1 в.ст.е.- почеток на 1 в.н.е.



**72. Црнилиште**, д.113x97x14см, Народен Музеј Софија. Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1941) 59-60 обр.82, (време на Август); ibid, (1942) 99 ф.н.3; В. Соколовска (1987) Т.7 сл.4 No15, Трајанов период. Момчето поставено лево, во десната рака држи меч-gladius, прикажан во горниот дел со кружната рачка, 1/4 на 1 в. Датирање: 1/4 на 1 в.н.е.



## *ГЛАДИЈ И ВИТИС*

**73. Малино,** д.200x50x11см, Музеј Штип. Лит: Н. Вулић, (1933) 49 бр.157; ibid, (1941-48) 302 бр.56; В. Санев, (1964) 104-105 сл.4; С. Бабамова, (2005) 124-125 бр.63, втора половина на 1 в., 47; Р. Петковски, (2007) 29,30 сл.5. Војникот прикажан десно, во десната рака држи меч-gladius со кружна рачка, футрола и кентуриски стап-vitis. Датирање: 1/2 на 1 в.н.е.



**74. Aserija**, д.97x86x26см, денес во дворот на кастелот во Benkovac. Лит: D. Maršić, (2003) 164-168, 170 sl.5, 177, 2/4 на 1 в.н.е. Вториот маж поставен десно, во десната рака држи кружен врв од меч-gladius со јаболчеста рачка, а под десната рака има нож-pugio, или vitis и штитник. Датирање: 2/4 на 1 в.н.е.



## *ГЛАДИЈ И ШЛЕМ*

**75. Pula**, д.84x53x47см, Arheološki Muzej Istra Pula, II kat, dvorana I, (inv. br.A 10349), (st. br.478). Лит: A. Starac, (1995) 77, 91 T.6.2, 1/2 на 1 в.н.е.; ibid, (2006) 109-110 br.69. На релјефното поле долу лево бочно се моделирани меч-gladius со футрола и каиш-cingulum, а над него, легионерски шлем тип Hagenau, со парагнатиди и издолжена кратка перјаница-crista, 2/4 на 1 в. Датирање: 2/4 на 1 в.н.е.





**76. Pula,** д.48x(34-25)x43см, Arheološki Muzej Istra Pula lapidarium, dvorana IV, (inv. no.A 301), (st. br.495). Лит: A. Starac, (1995) 77, 91 T.6.1, 3/4 на 1 в.; ibid, (2000) 69 br.41; ibid, (2006) 109 br.68, 3/4 на 1 в. На релјефното поле е изведен меч-gladius со опкована футрола, со каиш-cingulum. Датирање: 3/4 на 1 в.н.е.




77. **Pula,** д.134x105x75см, Arheološki Muzej Istra Pula, lapidarium, dvorana IV, (inv.br.A 295) (st. br.494). Лит: A. Starac, (1995) 77, 91 T.6.3, средина или 3/4 на 1 в.н.е.; ibid, (2006) 111-112 br.71, 2/4 на 1 в. На релјефното поле се третирани: **а**. оклоп-lorica од мускулест тип, со околувратник и реси на ракавите, со една низа на птериги и реси под струкот, копје-hasta со срцелик врв, кнемида-ocrea, агол од шестоаголен штит **б.** мал кружен штит со вдлабнато средиште-умбо, шлем-тип Weisenau со нагласени парагнатиди, челен штитник, отвори за уши и долга перјаница, (3) три pilum-копја со триаголно сечиво, меч-gladius со футрола и каиш-cingulum. Датирање: 2/4 на 1 в.н.е.



а.



б.

78. **Muć-Andetrium**, д.245x91x29см, Arheološki Muzej Split (inv.br.A 1102). Лит: N. Cambi (1991) 185 br.55, последна деценија на 1 или почеток на 2 в.н.е.; R. D. Amato-G. Sumner, (2009) 214 br.303, последна четвртина на 1 в.н.е. Мажот на десниот бок носи меч-gladius во футрола. Датирање: крај на 1 в.н.е.



## ГЛАДИЈ И ДРУГА ВОЕНА ОПРЕМА

79. **Epidaur-Cavtat,** д.81x47см, Kunsthistorisches muzeum (inv. br. I 615). Лит: D. Maršić, (2008) 64 sl.1, 65-68, крај на 1- почеток на 2 в.н.е. На главата војникот носи капа од кожа од животно, во левата рака држи овален штит, а на левиот бок на balteus има меч-gladij, со футрола и свиткана јаболчица на крајот на рачката. На десниот бок на каиш-cingulum виси нож-pugio во футрола, а со десната рака држи signum-стег, кој долу е зашилен. Тој е украсен со правоаголна плочка, над неа има медалјон во облик на венец со лик на император или божество, а над него уште еден медалјон со венец-corona со одличје на единицата. Римски signifer со signum. Датирање: крај на 1 почеток на 2 в.н.е.



80. **Odessos,** Музеј Варна, (no inv.II 1268). Лит: M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 68 fig.9.3 cat.104', 1/2 на 2 в. (време на Антонините). На цоклето се претставени од лево кон десно: мал кружен штит, оклоп-lorica segmentata, легионерски шлем тип Hagenau со парагнатиди и долга перјаница, меч-gladius со футрола, каиш-cingulum и две кнемиди. Sella curulis е прикажана во релјефното поле меѓу двете фигури. Датирање: 1/2 на 2 в.н.е.



81. **Vinkovci,** д.246x92x32см, Arheološki Muzej Zagreb (inv.br.369). Лит: J. Brunšmid, (1892) 34 фотографија, 37 најрано за време на Хадријан, најдоцна втора половина на 2 в.н.е; ibid (1904-1911) 225-228 br.369; V. Dautova-Ruševljan, (1983) T.2 sl.7, 2 в.; N. Самbi, (1989) 75 T.1, vitis, десетлетие меѓу 120 и 130 г.н.е.; ibid, (1991) 88-90 (K.br.67 sl.68), трето, четврто десетлетие на 2 в.н.е. Централната фигура во десната рака држи кентуријски стап-vitis, а во левата raka, рачка од меч-gladius. Датирање:130-140 г.н.е.



82. **Стаклен-Novae**, д.134x88x30см, Народен Музеј Софија. Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) T.XVII 82/61, 1-2 в. На тимпанонот се прикажани: десно, меч gladius со кружна рачка со каиш-cingulum, а лево, кентуриски стап-vitis. Датирање: 1-2 в.н.е.



## ГЛАДИЈ И КОПЈЕ

**83. Битола**, д.186x44x14см, Музеј на Македонија Скопје (инв.101). Лит: Н. Вулић, (1931) 15 бр. 22; ibid, (1941-1948) 298 бр.43; Б. Јосифовска, (1961) 80, 103, бр.101, доцно римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 48 br.92, 1-2 в. На релјефот изведен во вториот ред, третата фигура десно држи за рачка во левата рака, голем кружен штит, а во десната рака, исправено копје-hasta, кое е фрагментирано. На појасот лево, има меч gladius во футрола. Датирање: 1-2 в.н.е.






**84. Атина,** Национален Музеј Атина (1247). Лит: E. J. Walters, (1988) PL.38b, 66 f.n.70 ран Северов период, 84 f.n.108; A. Goldsworthy, (2003A) 118. На десниот бок на војникот на balteus виси меч-gladius, во десната рака држи исправено копје-hasta, а со левата се потпира на голем кружен штит. Датирање: 2 в.н.е.






**85. Атина,** Национален Музеј Атина (1266). Лит: E. J. Walters, (1988) PL.38c, 66 f.n.70, ран Северов период, 84 f.n.108. На десниот бок на војникот на balteus виси меч-gladius, а во десната рака држи копје-hasta. Датирање: 2 в.н.е.





**86. Долна Македонија**, д.109x68x255см, Музеј Бероја, (L 76). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 414-415 бр.501, 2 в. Војникот во десната рака која е спуштена надолу држи меч-gladius во футрола, лево од него на постамент има голем кружен штит со кружно умбо, а врз него дополнителна опрема? Датирање: 2 в.н.е.






87. **Дреновци,** д.67x53cm, взидана во црквата Св. Теодора. Лит: Н. Вулиħ, (1931) 152 бр.382; G. De Gruyter, (1999) 126 br.269, 3 в. Втората личност поставена горе лево, во десната рака држи меч-gladius, спуштен надолу, а десно имало рог на изобилието, кој е уништен. Датирање: според гладијот најдоцна до крај на 2 в.н.е.







88. **Pula,** Arheološki Muzej Istra Pula. Лит: A. Starac, (1995) 77-78, 90 T.5.2; ibid, (2000) 73 sl.42. На фризот е моделирано напаѓачко и одбранбено оружје: два шлема со парагнатиди и нагласен свиткан дел, (*7)* седум штитови од кои три правоаголни-scutum, два овални, еден туреос и еден хоплитски, два меча-gladius, две копја-pilum и тоболец кој е фрагментиран, 1 в.ст.е-1 в.н.е. Датирање: 1 в.ст.е-1 в.н.е.











**89. Pula,** Лит: A. Starac, (1995) 77-78, 90 Т.5.3. На релјефното поле се третирани: Лево, мускулест оклоп, зад него кружен штит-clipeus, украсен со концентрични и радијални жлебови, под него копје-hasta на која се нанижани phalerae-signum и два ромбоидни врва од копја-hasta. Десно: одгоре-надолу, овален хеленистички штит со цизелирани шари на работ, меч-gladius од кој е сочувана само рачката, мускулест оклоп со реси на ракавите и околу вратот, копје со ромбоиден врв, зад оклопот кружен штит, под оклопот правоаголен штит со овални страници-scutum, врз кој се нанижани phalerae, уште еден scutum украсен со издолжено ребро и шари, шлем со парагнатиди и хоризонтален член штитник и цврст спирално свиткан дел, 1 в.ст.е.-1 в.н.е. Датирање: 1 в.ст.е-1 в.н.е.




## *СПАТА*

**90. Lobor-Zlatar,** д.160x99x20см, Arheološki Muzej Zagreb. Лит: J. Brunšmid, (1904-1911) 219-220 br.360, крај на 2 -почеток на 3 в.; B. Migotti, (2009) 156 sl.1, 220-250 г.н.е.; V. Hoffiller (1912) II, 108-109 sl.40 најрано од крај на 2 в.н.е. Првиот и третиот маж на левиот бок носат меч-spata, кој завршува кружно. Датирање: 220-250 г.н.е.







**91. Прилеп,** д.95(110)x48x14см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.111). Лит: Н. Вулиħ (1931) 170-171 бр.449; Б. Јосифовска, (1961) 30-31, 95, бр.111, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 101 br.211, 2-3 в. Централно поставениот покојник во десната рака држи кентуриски стап-vitis, а на левиот бок на balteus виси меч-spata во футрола. Датирање: според мечот спата во 3 в.н.е.





**92. Топлица,** д.110x57x8см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.209). Лит: Н. Вулиħ, (1933) 67 бр.198; ibid, (1941-1948) 161 бр.341 и 302 бр.55; Б. Јосифовска, (1961) 31, 95, бр.209, доцен римски период; G. De Gruyter, (1999) 115 br.244, 212 г. Првиот маж поставен горе лево во левата рака држи меч-spata во футрола, а во вториот ред долу лево, момчето во левата рака држи секира или чекан? Датирање: 212 г.н.е.





**93. Спарта,** Национален Музеј Атина. Лит: R. Cowan, (2003A) 27. Војникот на главата носи пилос- шлем, во левата рака држи меч-spata во футрола, а облечен е во оклоп-lorica segmentata. Покрај левата нога е прикажан голем кружен штит, а во десната рака држи топуз. Тој служел во спартанската кохорта на Каракала меѓу 212-217 г.н.е. Датирање: 212-217 г.н.е.



**94. Браилово**, д.173x73x13см, Музеј Прилеп (ин.бр.557). Лит: F. Papazoglou, (1974), 274 f.n.3; G. De Gruyter, (1999) 128 br.273, 3 в. Мажот кој е поставен втор од лево, во десната рака држи долг меч-spata. Датирање: 3 в.н.е.



**95. Кунино, Врачанско,** д.50x73x20см, Народен Музеј Софија (No765). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 87/87, крај на 3 в. Коњаникот на левиот бок носи меч-spata со футрола, кој завршува кружно. Датирање: крај на 3 в.н.е.





**96. Ласкарево, Долни Орман,** д.40x65x8см, Народен Музеј Софија, (No6328). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1940) 65-66 бр.6 обр.9, крај на 3 в.; D. P. Dimitrov, (1946) 11-12, 14 br.6 fig.9, vitis, крај на 3 в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 31 обр.8, 33. Централната војничка фигура во десната рака држи спуштено мало копје-pilum, (според Томова стап) на левиот бок има долг меч-spata кој е фрагментиран, а позади лево, кај детето во десната рака има копје-pilum, 2/2 на 2 -почеток на 3 в. Датирање: крај на 3 в.н.е.









**97. Тетевен,** д.60x36x22см, Нацроден Музеј Софија, (No392). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 52/84а, 3 в. Мажот прикажан десно на левиот бок носи меч-spata, а во десната спуштена рака, **држи** кентуриски стап-vitis. Датирање: 3 в.н.е.







**98. Радобил,** д.156)x65x15см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.103). Лит: Н. Вулић, (1931) 177 бр.463; ibid, (1941-1948) 295 бр.35; Б. Јосифовска, (1961) 48, бр.103 сл.18, 99, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 113-114 br.240, 3 в. Првиот маж поставен горе лево, во десната рака држи стап, а во левата рака, меч-spata. Петиот (5-от) маж горе десно, во десната рака држи кентуриски стап-vitis. Датирање: 3 в.н.е.









**99. Небрегово,** д.161x70x20см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.105). Лит: Н. Вулиħ, (1931) 163 бр.423; Б. Јосифовска, (1961) 31, 95-96, бр.105, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 125 br.266, 3 в. Мажот поставен прв од лево во десната рака држи кентуриски стап-vitis, на каишот има нож-pugio, а на левиот бок, на balteus виси меч-spata, (gladius според Gruyter) која завршува со кружен крај, со футрола. Десно од жената се претставени: Херакло со топуз во десната спуштена рака и Атена со скиптар и кружен штит. Датирање: 3 в.н.е.



**100. Ласкарево-Долни Орман,** д.52x42x5см, Народен Музеј Софија (No5712). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1941) 41/60; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) fig.2.2 cat.43, крај на 3 в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 33 обр.10. Во левата рака на централно поставеното момче има долг меч-spata кој завршува со кружен крај, а во десната рака држи копје-pilum, 2/2 на 2 -почеток на 3 в. Датирање: крај на 3 в.н.е.



**101. Heracleae,** д.73x40(44)x67см, Музеј на Македонија Скопје (in.n.146,olім81). Лит: G. De Gruyter, (1999) 53 br.109, 4 в. Војникот во десната рака држи долго тенко копје-pilum, а на левиот бок на balteus виси меч-spata, кој завршува кружно. Датирање: 4 в.н.е.





## *ГЛАДИЈ*

**102. Долна Македонија,** д.60x45x8см, Музеј Бероја (L 184). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 340 бр.381, 3 в.н.е. Мажот во десната полу подигната рака држи меч-gladius, кој во горниот дел е откршен, а во левата рака чекан? Датирање: според гладијот најдоцна до крај на 2 в.н.е.





## *ФРАГМЕНТИРАНИ МЕЧЕВИ*

**103. Битола,** д.50x32x42см, Музеј Скопје. Лит: Н. Вулиќ, (1931) 19 бр.34. Војникот во десната рака држи меч-spata? кој е фрагментиран, а околу појасот носи каиш-cungulum. Датирање: според мечот-спата во 3 в.н.е.





**104. Војница**, д.33x20x15см, Музеј Скопје. Лит: Н. Вулиќ, (1931) 34 бр.69. Момчето во левата исправена рака држи меч-gladius? кој е фрагментиран, а со десната спуштена рака се потпира на топуз, кој е поставен исправено. Датирање: според мечот-гладиј во 1-2 в.н.е.





**105.** **Филипи,** Музеј Кавала. Лит: B. Campbell, (1994) 32-33 br.42, PL.1, 106 г.н.е. Коњаникот во десната рака држи две копја-hasta, а во левата мал кружен штит. Паднатиот војник носи шлем-фригиски?, во левата рака има овален штит, а во десната држи меч-махаира? кој е многу фрагментиран. Тој е облечен во мускулест оклоп. Долу под релјефното поле се изведени две медали, доделени во чест на победата над Даките и Партите. Датирање: 106 г.н.е.









**106.** **Милошевичи** (Чикота, Приједор), д.181x80x19см, Музеј Приједор. Лит: D. Sergejevski, (1957) 118-120, br.9 sl.3, 2 в. Војниците прикажани на цоклето, носат коринтски шлемови со издолжена перјаница и два кружни штита со умбо. Левиот војник држи меч, десниот кратко копје, а двајцата на нозете имаат високи кнемиди. Сцената со жена која двои конфронтирани војници е предримска. Датирање: 2 в.н.е.












**107. Трговиште, Зајечар,** во гимназијата. Лит: Н. Вулић, (1931) 83 бр.196. На фрагментираниот споменик се моделирани: овален штит, врв од копје-hasta во форма на баклава, фрагмент од долг меч-spata, оклоп и фрагмент од овален штит. Датирање: според мечот спата во 3 в.н.е.







**108. Нови Пазар,** д.150х32х20см, Народен Музеј Софија, (No2220). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 59/79, крај на 3- почеток на 4 в. Во релјефното поле, во десната рака на коњаникот е претставен меч-spata. Датирање: крај на 3- почеток на 4 в.н.е.




## *КОПЈЕ*

**109. Pula,** Arheološki Muzej Istra Pula. Лит: A. Starac, (2000) 31 sl.14. На фризот е третирано: мал кружен штит, мускулест оклоп-lorica со околувратник, кратки ракави и една низа на птериги, три копја од кои се гледаат само врвовите во вид на баклава и штит-пелте, 1 в.ст.е.-1 в.н.е. Датирање: по аналогија со оружјето од спомениците (*К.бр.88,89*) од 1 в.ст.е-1 в.н.е.







## *ПИЛУМ*

**110. Гиген-Oescus, д**.160x88x20(24)см, Музеј Софија. Лит: B. Gerov, (1989) 38-39 T.XV br.62, 2 в.; M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 75 fig.6.4 cat.61, 78 An.1, 1 в. Војникот во десната рака држи копје-pilum, а во левата правоаголен штит-scutum. Датирање: 1 в.н.е.





**111. Ресава**, д.124x55(59)x11см, Музеј на Македонија Скопје, Куршумли Ан. Лит: Н. Вулић, (1931) 74 бр.173; ibid, (1933) 40-41 бр.135; ibid, (1941-1948) 77 бр.165; Н. Проева, (2010) 96 сл.3, 101. Во тимпанонското поле паралелно со столбовите се прикажани две копја-hasta, поставени со врвовите нагоре. Датирање: 1-2 в.н.е.







**112. Матка**, д.117x62x25см, манастир Света Богородица-Матка, Скопје. Лит: A. Evans, (1883) 97 и 129 fig.71; CIL III 8210; П. Петровић, (1975) 80-81 T.V бр.31, најдоцна до крај на 2 в.; B. Josifovska, (1982) 108-109 br.98; E. Dobruna–Salihu, (2005) T.16 fig.28-No32, 2 в. Во калатусот поставен на тимпанонот се гледаат два врва од копја. Датирање: 2 в.н.е.




**113.** **Кајсареија, Горна Македонија,** д.32x58x11см, Музеј Јаница. Лит: T. Rizakis-G. Touratzoglou, (1985) 60-61 бр.49, 125-6 г.; A. Rizaki- I. Touratsoglou, (2001) 248 бр.15, 125-126 г. Коњаникот во десната рака држи копје-pilum. Датирање: 125-6 г.н.е.





**114.Долни Дисан**, в.85см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.529). Лит: Б. Јосифовска, (1961) 45-46 бр.16; В. Соколовска (1987) 107-108 Т.8 сл.3 No18, рано хадријановски период; J. Jevtović, (1987) 184 br.119, 1/2 на 2 в. Во полето под релјефното поле, во десната рака на војникот кој е поставен прв од лево, е прикажано долго копје-hasta. До него десно има коњаник, кој во десната рака држи копје-pilum, на кое се гледа врвката. Датирање: 1/2 на 2 в.н.е.







**115.Димци,** д.180x79x27см, Музеј на Македонија Скопје, (инв.бр.144). Лит: Н. Вулић, (1933) 74 бр.212; Д. П. Димитровь, (1941) 102 обр.127; A. et J. Šašel, (1963) 29-30 br.49, почеток на 2 в.; B. Josifovska, (1982) 144-145 br.158; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.59 fig.107-N.115, 2 в. Лево на рамката на релјефното поле е изведен врв од копје-pilum, а на десната, истиот е откршен. Датирање: 2 в.н.е.







**116.Чумаковци, Белослатинско**, д.59x73x34см, Народен Музеј Софија (No481). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 103/94, 2 в.; B. Gerov, (1989) 78 T.XXIX br.162, 2 в. На тимпанонот е моделиран кружен штит со мало умбо и четири вкрстени копја-pilum. Датирање: 2 в.н.е.





**117. Соракево, Мелник, д**.455x465x55см, ГИМ Мелник (ин.No5). Лит: В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 31 обр.6, 32, 34. Мажите во десната рака држат копје-pilum, а во левата рака, секира. Датирање: 2/2 на 2- почеток на 3 в.н.е.



**118. Ореовец,** д.160x64x16см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.99). Лит: Н. Вулиħ, (1931) 164 бр.428; G. De Gruyter, (1999) 120 br.255, 2-3 в. Во долната половина на натписното поле, во левата рака на момчето е претставено копје-pilum. Датирање: 2-3 в.н.е.



**119.** **Соракево, Мелник**, д.446x36x4см, ГИМ, Мелник, (инв.No9). Лит: В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 33 обр.11, 34. Момчето војник во десната рака држи кратко копје кое е откршено, а во левата рака, секира која е исправена, 2/2 на 2- почеток на 3 в. Датирање: 2/2 на 2 -почеток на 3 в.н.е.





**120.** **Шлегово,** исчезната. Лит: Р. Петковски, (2009) 45-46 сл.1, почеток на 3 в. Во тимпанонот е изведен мал кружен штит со мало умбо и копје-pilum. Датирање: почеток на 3 в.н.е.




**121.** **Celeia,** (vrata z antikamі). Лит: I. Lazar, (2001) 46 sl.57; R. Cowan, (2003A) 7, 3 в. Зад војникот лево е третирано копје-pilum, а десно голем кружен штит. Датирање: 3 в.н.е.





## *HASTA*

**122.** **Харлец, Ореховско,** д.227x76x35см, Народен Музеј Софија (No 3340). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 29, 27/43, Т.XII, 1 в. Долу во релјефното поле во десната рака на војникот е претставено копје-pilum, а во левата шестоаголен штит, со рачка. Датирање: 1 в.н.е.





**123. Костолац-Viminacium,** д.200x75x19см., Панчево. Лит: J. Brunšmid, (1895-1896) 1-13 Т.1. Претставена е сцената, Грабнувањето на Кора: нагиот Хад поставен централно, на главата носи мал кружен шлем, во левата подигната рака држи скиптар (centron според Brunšmid), а стои во борна кола прикажана од лево со тркало со осум пречки околу дебела осовина, која удира во чамец прикажан само со клунот. Тој со десната рака ја подигнува Кора, лево е изведен Хермес со крилест шлем-petasos на главата, кој во левата рака држи kerykeion, потпрен на рамето. Десно е третирана Атена со шлем на главата со перјаница, која во левата рака држи кружен штит со тесен обод и мало умбо на средината, а во десната рака потпрено на земјата, долго копје. Во фризот под релјефното поле во ловна сцена во десната рака на ловецот има орудие кое личи на лагоболон, а под натписното поле во левата рака на мажот претставен десно, има копје; време на Хадријан. Датирање: 117-138 г.н.е.



**124. Pula,** д.116x71x53см, Arheološki Muzej Istra Pula lapidarij, juzni hodnik (inv.br.A314-st. br.475). Лит: A. Starac, (1995) 76, 89 T.4.2; ibid, (2006) 124-125 br.83, 2/4 на 2 в. На релјефното поле се моделирани, десно бочно: а. легионерски нож-pugio со опкован каиш-cingulum со четири ленти кои завршуваат со полукружни монисти, на кој од другата страна има полукружна тока, опкована футрола, метален предмет за пишување-stilus, или шило за чистење на мечот, торба или фенер-laterna, врв од копје-hasta со две куки на насадниот дел. Лево бочно: б. ковачка клешта, двостран чешел (pectel) и мала двојна секира-labris, faber pectinarius. Датирање: 2/4 на 2 в.н.е.



а



б.

**125. Бардовци,** д.117х83х27см, Музеј на Македонија Скопје, (инв.343+314). Лит.: A. J. Evans, (1885) 88,120,122 fig.60, цртеж; М. Димица, (1896) n.325; CIL III 8201; Н. Вулић, (1931) 202 бр.532 и 206-207 бр.545; A. Mócsy, (1970) 66 f.n..28 и 35, 2 в.; П. Петровић, (1975) 76 и T.III бр.2, 2-3 в.; B. Josifovska, (1982) 78-79 br.47, време на Хадријан; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.40 fig.73-N.81, 2 в. Војникот во десната рака држи копје, носи оклоп-lorica со реси кои висат надолу, а со левата рака се потпира на голем кружен штит. Според Вулиќ, детето во левата рака држи меч-gladus во футрола со cingulum? Датирање: 2 в.н.е.










**126. Монтана, Михайловград,** д.151х52(65)х16см. Лит: Г. Александров, (1980) 1, 34-37 обр.2, време на Трајан, 2 в. На тимпанонот е прикажан кружен штит со умбо, над него, лево врв од копје кој е фрагментиран, а на левата рамка, рог на изобилието, 2 в. Датирање: 2 в.н.е.





**127.** **Топлица,** д.95x42x28см. Лит: M. Ricl, (1994) 153-154, T.XIII br.3, 2в.; G. De Gruyter, (1999) 114-115 br.242, 2 в. На десниот крај од релјефното поле поставено вертикално е изведено копје, а лево во десната рака на детето, стап. Датирање: 2 в.н.е.





**128.** **Bjelovar,** секундарно вѕидана во селската црква. Лит: J. Brunšmid, (1901) 125-127, sl.88. Во релјефното поле во митолошка сцена се прикажани еден клун од чамец, горе десно четири коринтски шлемови, врвови на копја и голем кружен штит, римски релјеф. Датирање:1-2 в.н.е.









**129.** **Соракево, Мелник,** д.54x47x7см, ГИМ, Мелник, (инв. No34 и 38); Лит: В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 30 обр.4, 32, 34, две копја-pilum и две секири, 2/2 на 2- почеток на 3 в. Мажот поставен прв горе лево, во десната рака држи копје, а во левата рака, секира свртена надолу на градите. Третиот маж претставен горе десно, во десната рака држи секира свртена надолу, а во левата рака копје кое во горниот дел е откршено. Датирање: 2/2 на 2 -почеток на 3 в.н.е.



**130.** **Плоски,** д.46x49x8,5см, Народен Музеј Софија (No6347). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1941) 35/50, копје и vitis, 3в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 29 обр.2, 30, 34. Момчето кое централно е поставено, во левата рака држи кратко копје-pilum, со врвот спуштено надолу, а во десната рака кентуриски стап-vitis. Околу слабината носи каиш-cingulum, 2/2 на 2 -почеток на 3 в. Заради каишот и начинот на држење на предметот во десната рака, можеби се работи за меч-spata, наместо vitis? Датирање: 3 в.н.е.



**131.** **Скопос**, д.91х55х16см, Археолошки Музеј Флорина. Лит: T. Rizakis-G. Touratzoglou, (1985) 137-138 бр.148; A. Rizaki- I. Touratsoglou, (2001) 271 бр.24, 3 в. Првиот маж во десната рака држи долго копје, во левата скиптар, а вториот и третиот во левата рака, долго копје-hasta. (Според Туратsоглу и Риsакис, фигурите држат скиптар, а првата во левата рака и ксифос). Датирање: 3 в.н.е.







**132.** **Пиперица,** д.78х60х14см, Народен Музеј Софија (No5710). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1941) 28, 22/35, време на Каракала; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) fig.2.4 cat.49, 3 в. Во левата рака на детето прикажано трето од лево, е третирано долго копје-hasta, а во десната рака топуз, кој е фрагментиран. Датирање: 3 в.н.е.





**133. Ботевград,** д.120x80x25см, Народен Музеј Софија, (No203). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 37 55/88, Т.XXVI, 3 в. Војникот поставен долу втор од лево, во десната рака држи копје-hasta. Датирање: 3 в.н.е.





**134. Bassianae-Donji Petrovci**, д.82x665см, Muzej Rима. Лит: V. Dautova-Ruševljan, (1983) 172 T.4 sl.5, средина на 3 в. Војникот во десната рака држи копје-hasta, а лево на појасот носи нож-pugio, кој е фрагментиран. Датирање: средина на 3 в.н.е.







135. **Sirmium-Сремска Митровица,** д.80x52x22см, Музеј Срем (in.br.A17). Лит: V. Dautova-Ruševljan, (1983) 170 T.2 sl.6, околу 261 г. Војникот во десната рака држи кратко копје-hasta, во левата рака овален штит, а на главата носи шлем. Датирање: околу 261 г.н.е.



136. **Македонија**-непознато потекло, Muzej Luvr (inv.MND1370). Лит: M. Alexandrescu-Vianu, (1975) Fig.4.1.cat.60bis, 4 в. Во сцената тракиски коњаник момчето претставено горе лево во десната рака држи копје-pilum, а во левата рака меч-spata, во футрола, која завршува кружно. Датирање: 4 в.н.е.



**137. Карналово-Петричко,** д.53x29x7см, Археолошки Музеј Софија, (No6268). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1941) 42-43, 121, 43/62, 4 в. (време на Константин Велики); Б. ГеровЬ, (1961) 190-191 најдоцна до средина на 3в.; M. Alexandrescu-Vianu, (1975) 195 fig.2.3 cat.37, 4 в.; В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 34 обр.12, втора половина на 2- почеток на 3 в. Момчето војник кое централно е поставено, во левата рака преку рамето држи кратко копје-hasta, а во десната спуштена рака, секира (според Томова) или топуз? Датирање: 4 в.н.е.



## *КОПЈЕ ВО ОБЛИК НА СПАДИКА*

**138. Actium-Патра,** Археолошки Музеј Патра. Лит: R. D. Amato-G. Sumner, (2009) 115 br.132, 1/2 на 1 в.н.е. Војникот на главата има псеудокоринтски шлем, во десната подигната рака држи меч-махаира, а во левата рака држи копје изведено во вид на спадика (нож бодеж-parazonium според R. D. Amato-G. Sumner). На нозете носи кнемиди со апликација на Горгона. кои ги штитат колената, а на телото мускулест оклоп-lorica со една низа птериги. Датирање: 1/2 на 1 в.н.е.



**139. Долна Македонија**, д.442x32x5см, Музеј Бероја, (L 217). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 342-343 бр.384, 180 г. Мажот во десната рака држи големо копје изведено во облик на спадика-симбол на победа, а со левата рака се потпира на шлем, поставен врз правоаголен штит-(scutuм). На нозете има кнемиди кои се високи до колената, а облечен е во оклоп-lorica. Датирање: 180 г.н.е.



**140. Макрохори, Долна Македонија,** д.56x46x10см, Музеј Бероја (L 665). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 411-412 бр.497, 2 в.н.е. Мажот во десната рака држи големо копје изведено во облик на спадика, а со левата рака се потпира на шлем, поставен врз правоаголен штит-scutuм. На нозете носи кнемиди кои се високи до колената, а облечен е во оклоп- lorica. Датирање: 2 в.н.е.



**141. Филипопол-Пловдив.** Лит: Љ. Вагалински, (1991) 1, 29 обр.3. Гладијаторот во левата рака држи копје изведено во облик на спадика, а облечен е во оклоп-lorica. Лево од него долу има шлем? а десно долу се гледа правоаголен штит-scutum, римски империјален период. Датирање: 2-3 в.н.е.





**142. Долна Македонија,** д.39x31x10см, Музеј Бероја, (L 222). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 339 бр.378, 2-3 в.н.е. Момчето во левата рака држи копје изведено во облик на спадика, десната рака ја потпира на шлем со длабока калота, а облечен е во оклоп--lorica. Датирање: 2-3 в.н.е.









## СИГНУМ

143. **Sucidavae** или **Oeskus,** д.95x88x33см, Музеј Букуреш (inv.n.L.511). Лит: М. Александреску-Виану (1979) 1, 34-35 обр.1, 36 на крај на владењето на Клаудиј (41-54 г.); B. Gerov, (1989) 31-32 br.49, T.XII 41 г. Војникот во десната рака држи рака signum украсен со пет фалери (медалјони), а околу слабината носи каиш-cingulum militae. Датирање: 41 г.н.е.







## КОПЈЕ И КРУЖЕН ШТИТ

144. **Тафталиџе,** д.124x60x50см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.564) Лит: А. Керамитчиев, (1966) 63-64, бр.3 фиг.3; A. et J. Šašel, (1978) 47 br.543; B. Josifovska, (1982) 122-123 br.121; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.119 Fig.227A-N.266, 2 в. Во тимпанонот е изведен мал кружен кружен штит со мало умбо и копје-pilum. Датирање: 2 в.н.е.





**145. Девња-Marcianopolis**, д.146x83x19см, Народен Музеј Софија (No1799). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) T.XXI 65/76, 76 a, почеток на 4 в.; G. Mihailov, (1958) 189-190 br.814. На тимпанонот е моделиран мал кружен штит со умбо и копје-hasta, поставено дијагонално со врвот надолу. Датирање: почеток на 4 в.н.е.




**146. Макреш, Кулско**, д.193x64x13см, Народен Музеј Софија (No 4218). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 43/19, 1/2 на 4 в. Во релјефното поле под жената е претставен војник со мал кружен штит со умбо, а во долниот ред коњаникот во десната рака држи копје-hasta, со врвот спуштено надолу. Датирање: најрано од 1/2 на 4 в.н.е.





**147. Провадија,** д.74x55x20см, Музеј Одеса (inv.II 487). Лит: G. Mihailov, (1958) 195 br.829. Во тимпанонот е третиран мал кружен штит со мало умбо и копје со долга рачка, а во релјефното поле во десната рака на коњаникот се забележува уште едно копје. Датирање: 3 в.н.е.





**148. Димитриево-Pizus,** д.267x115x22см, Музеј Софија (инв.733). Лит: G. Mihailov, (1964) Т.70 103-125 br.1690. Во тимпанонот е прикажан мал кружен штит *со* умбо и две копја свртени со врвовите од двете спротивни страни. Датирање: почеток на 3 в.н.е.





**149. Калуѓерица,** д.215x112x20см, Музеј Чирпан. Лит: G. Mihailov, (1961) Т.240, 251-254 br.1517. Во тимпанонот е изведен мал кружен штит со мало умбо и копје-hasta со долга рачка. Датирање: 3 в.н.е.





## *ШТИТ*

150. **Pula,** Arheološki Muzej Istra Pula. Лит: A. Starac, (2000) 100 sl.65. На фризот е претставено оружје: шлем со парагнатиди, две кнемиди, два штита-пелте, лак со тоболец за стрели, оклоп-lorica и шестоаголен штит кој е фрагментиран. Датирање: според аналогија со оружјето од спомениците *(К.бр.88,89*-можеби фрагменти од еден споменик?*)*, од 1 в.ст.е.-1 в.н.е.



151. **Salona-Solin,** денес исчезнат. Лит: D. Maršić, (2010) 68 sl.3, 71,77, време на Нерон-на почетокот на 60-те години на 1 в.н.е. На тимпанонот е моделиран фриз со оружје: пет мали кружни штитови, четири пелте штитови, мускулест оклоп со реси, три тоболца со повеќе снопови на стрели. Датирање: 60-те години на 1 в.н.е.



152. **Стаклен-Novae,** д.187x70x30см, Народен Музеј Софија, (No4129). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 48/50, крај на 1-почеток на 2 в. На фризот меѓу оружјето кое е фрагментирано, е предаден мал кружен штит со умбо. Датирање: крај на 1- почеток на 2 в.н.е.





153. **Македонија-непознато потекло,** д.34x46x5см, Muzej Luvr (inv.Ma.211). Лит: M. Alexandrescu-Vianu, (1975) 194,199 Fig.4.4 cat.7, 220-230 г. Момчето кое централно е претставено, пред себе на градите држи мал кружен штит. Датирање: 220-230 г.н.е.





**154. Софија.** Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) Т.XXIX сл.99. Војникот прикажан горе десно, пред себе држи голем кружен штит. Датирање: 3 в.н.е?





**155. Макреш, Кулско,** д.154x69x27см. Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 41/20, 1/2 на 4 в. Во релјефното поле под жената е претставен војник со мал кружен штит со мало умбо. Датирање: најрано од 1/2 на 4 в.н.е.





156. **Макреш, Кулско**, д.90х60х27см. Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 44/21, 1/2 на 4 в. Во релјефното поле, во рацете на момчето поставено најдесно, е прикажан голем кружен штит. Датирање: најрано од 1/2 на 4 в.н.е.





157. **Макреш, Кулско**, д.160х60х18см. Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 42/23, 4 в. Во релјефното поле напред пред коњите, е третиран мал кружен штит. Датирање: најрано од 1/2 на 4 в.н.е.





## *СТРЕЛА*

**158. Крушица,** пред црквата Св. Спас. Лит: Н. Вулиħ, (1941-1948) 201 бр.398, две стрели; Н. Проева, (2010) 103, сл.10, 104, 101. Во релјефното поле се изведени две стрели поставени меѓу жртвеник и полумесечина, свиткани во спротивни насоки. Датирање: 1-2 в.н.е.







## *НОЖ - ПУГИО*

**159. Пиперица,** д.95x55x8см, Исторически Музеј Благоевград, (инв.No94). Лит: Ј. Божинова-В. Русинов, (1987) 1, 24 обр.1, 25, 140 г. На цоклето кај мажот поставен долу десно, на појасот се забележува рачка од нож-pugio. Датирање: 140 г.н.е.





**160. Филипопол-Пловдив.** Лит: Љ. Вагалински, (1991) 1, 29 обр.1. Мажот на појасот носи нож-pugio во футрола, римска империјална епоха. 2-3 в. Датирање: 2-3 в.н.е.





## *ГЛАДИЈАТОРСКО ОРУЖЈЕ:*

### *ТРОЗАБЕЦ*

**161. Макрохори, Долна Македонија**, д.37х33х115см, Музеј Бероја (L 257). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 410-411 бр.495, 2 в.н.е. Во рацете на мажот- гладијатор е претставен трозабец со откршен врв. Датирање: 2 в.н.е.





**162. Tomis,** MNA Букурещ, (no.inv.L591). Лит: M. Alexandrescu-Vianu, (1985) fig.2.4 cat.17, крај на 2 в. Во левата рака на гладијаторот е прикажан трозабец и нож-pugio. Во десната рака држи краток и широк гладијаторски меч, а на телото носи мускулест оклоп. Датирање: крај на 2 в.н.е.







**163. Dionisiopol-Балчик.** Лит: Љ. Вагалински, (1991) 1, 20 обр.5. 2-3 в. Гладијаторот во левата рака држи трозабец, преку десната рака има префрлено мрежа, а долу на земјата има правоаголен штит-scutum. Датирање: 2-3 в.н.е.





**164. Salona-Solin,** д.191x63x14см, Solin. Лит: N. Cambi, (1991) br.64, второ десетлетие на 2 в.н.е, sl.65; D. Maršić, (2010) 68 sl.4, 69. На тимпанонот меѓу делфините е изведен мал трозабец кој е поставен вертикално. Датирање: второ десетлетие на 2 в.н.е.





**165. Дрмно, Пожаревац**, д.246x89x20см, во Костоц кај црквата. Лит: Н. Вулић, (1941-1948) 146-147 бр.315. На цоклето е моделиран трозабец со два Тритона и ascia (чекан според Вулиќ) на долната рамка. Датирање: 1-2 в.н.е.





**166.** **Равне, Књажевац.** д.135x97x70см, Музеј Ниш-Лапидариум (инв.бр.17). Лит: CIL III 8261; Н. Вулић, (1941-1948) 82 бр.189; П. Петровић, (1975) 138 бр.31, 69-80 г.; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.126 Fig.239-N.279, 791 69-70 г. На релјефното поле е третиран трозабец поставен вертикално, како прободува делфин. Датирање: 69-80г.н.е.





**167.** **Bol, Brač**, д.63x37x7см, Arheološki Muzej Zadar, (knj. ul. 968). Лит: J. Jevtović, (1987) 227 br.207, крај на 3- почеток на 4 в. Мажот во десната рака држи петозабец со кој замавнува кон риба (делфин), поставена долу десно. Датирање: крај на 3- почеток на 4 в.н.е.





**168.** **Долна Македонија**, д.119x60x10см, Музеј Бероја, (L 323). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 345-346 бр.388, 2-3 в. На левата рамка на натписното поле е изведен краток гладијаторски меч, а на десната, трозабец со долга рачка. Датирање: 2-3 в.н.е.



**169.** **Osijek-Mursa**, д.55x62x10см, Osijek Muzej Slavonije, (in.br.769). Лит: J. Brunšmid, (1900) 33-34 sl.14; D. Pinterović, (1978) 149-150 T.XLII-3; V. Dautova-Ruševljan, (1983) T.7 sl.6, 2 в. На долниот фриз е моделиран гладијаторски шлем и две вретена. Датирање: 2 в.н.е.



## БРОД

**170.** **Salona-Solin**. Лит: Д. П. ДимитровЪ, (1941) 101 f.n.7, 104 обр.125, почеток на 1 в. На цоклето е изведен брод-чун со јарбол и весла. Датирање: почеток на 1 в.н.е.





**171.** **Tomis,** MNA Букуреш (no.inv.L 590). Лит: I. Stoian, (1961) 255 fig.9; M. Alexandrescu-Vianu, (1985) 63 и 68 fig.7.1 cat.107, крај на 1 -почеток на 2 в. На цоклето е претставен брод-чун со весла. Датирање: крај на 1- почеток на 2 в.н.е.





**172.** **Тесалонике**, д.465x232x38см, Археолошки Музеј Солун (14883). Лит: Π. ΑΔΑΜ–ΒΕΛΕΝΗ–Η. Κ. ΣΒΗΡΚΟΣ, (2001) 20-23, 32 сл.3а, 3 в.н.е. Во долниот дел на натписното поле е прикажан брод-чун со човек кој весла и делфини. Датирање: 3 в.н.е.





## КАТАЛОГ НА ОРУДИЈА НА НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ ВО РИМСКИОТ ПЕРИОД

### *ПРЕДМЕТИ СО СИМБОЛНО ЗНАЧЕЊЕ*

### *АСКИЈА*

**173.** **Solin-Salona**, д.55x36x095см, приватна колекција. Лит: CIL III 2227; J. Brunšmid, (1904-1911) 98-99 br.180, римско царско доба. На десната акротерија е претставена ascia. Датирање: 1-2 в.н.е.





**174.** **Solin-Salona,** д.805x445x07см. Лит: CIL III 2518a (cf. p. 1510); J. Brunšmid, (1904-1911) 199 br.333. Во долниот лев агол на натписното поле е прикажана ascia. Датирање: по аналогија со (*К.бр.173*) од 1-2 в.н.е.





**175.** **Solin-Salona**, д.59x30x105см, приватна сопственост. Лит: CIL III 2460 (cf. p. 1510); J. Brunšmid, (1904-1911) 194 br.322; ibid, (1907) 174 br.322. На долната рамка од натписното поле е третирана ascia. Датирање: по аналогија со (*К.бр.173, 174,176*) од 1-2 в.н.е.





**176.** **Solin-Salona**, д.46x26x09см, вѕидан во куќа во Spljet. Лит: CIL III 2061 (cf. p.1509); J. Brunšmid, (1904-1911) 196-197 br.327. Најдолу во натписното поле под натписот е изведена ascia. Датирање: по аналогија со (*К.бр.173,174*) од 1-2 в.н.е.





**177.** **Бардовци,** д.245x75x25см. Музеј на Град Скопје. Лит: D. Koračević, (1983) 215-218, крај на 1 или почеток на 2 в.; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.21 fig.37-N.41, 652-653 2в. На цоклето е моделирана ascia и орудие за острење-острило. Датирање: крај на 1 или почеток на 2 в.н.е.







**178.** **Скопје, Рокомија,** д.270x87x22см, Музеј на Македонија Скопје, (инв.558). Лит: Б. Јосифовска, (1960) 205-209, крај на 2 или прва деценија на 3в.; ibid, (1982) 115-116 br.110; П. Петровиħ, (1975) 80-81 T.V бр.47, најдоцна до крај на 2 в.; A. et J. Šašel, (1978) 47 br.542, крај на 2- почеток на 3 в.; E. Dobruna-Salihu, (1994) 32 fig.14, ibid, (2005) T.32 fig.61-N.68, 667-668 крај на 2- почеток на 3 в. На десната рамка на релјефното поле е предадена ascia и нож со српесто сечиво, како и сандали десно од бистата на мажот. Датирање: најдоцна до крај на 2 в.н.е.









**179.** **Мирковци,** д.80x79x24см, Музеј на Македонија Скопје. Лит: Н. Вулиħ, (1931) 214 бр.570; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.41 fig.75-N.83, 679 крај на 2- почеток на 3 в. На релјефното поле од левата страна е претставен чекан. Датирање: крај на 2- почеток на 3 в.н.е.





**180.** **Salona-Solin,** д.32х18см. Лит: I. Matijević, (2011) 198-199 sl.6, крај на 2 - почеток на 3 в.н.е. Во тимпанонското поле над буквата 'D' се забележува фрагмент од рачка од ascia. Датирање: крај на 2 -поч на 3 в.н.е.





**181.** **Novis**, д.195х112х30см, Музеј Софија. Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) бр.101; B. Gerov, (1989) T LXI сл.326, 152-153. Во тимпанонското поле под венецот лево е прикажана ascia, а десно, срп. Датирање: 3 в.н.е.?







**182.** **Pula** Лит: A. Starac, (1995) 76, 89 Т.4.3. Сочуван е само фрагмент од ascia. Датирање: според аналогија, од 2-3 в.н.е.



## *ФАКЕЛ*

**183.** **Врања,** д.61x54x9см, Народен Музеј Софија, (No 6310). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1941) 10-11, 3/4, 81 г.н.е. (време на Флавиевците); M. Alexandrescu-Vianu, (1975) fig.7.1.cat.93; В. Герасимова-Томова, (1980) 3, 27 обр.1, 198 г. Во десната рака на жената поставена прва од лево-Хеката, (според Димитров, а според Герасимова, Бендида) има факел кој гори. Датирање: 81 г.н.е.





**184. Неине-Илинденци**, Национален Археолошки Музеј Софија Лит: В. Герасимова-Томова, (1980) 3, 28 обр.3, 30-31, 198 г. Во левата рака на девојчето (Бендида?) кое е поставено централно се забележува факел. Датирање: 198 г.н.е.





## *РАЗБОЈ*

**185. Долна Македонија,** д.60x40x5см, Музеј Бероја, (L 565). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 326-327 бр.356, 3 в. Во релјефното поле е третиран голем разбој на кој висат фурки и вретена. Лево има девојче кое се поздравува со рака која се појавува од разбојот, а десно има жена која седи на клине. Датирање: 3 в.н.е.







## *ТОПУЗ*

**186. Стоби** д.27x30x20см. Музеј Градско. Лит: Н. Вулић, (1933) 26 бр.58; F. Papazoglou, (1982) 41-42, 1 в. До левата нога на нагиот Херакло, е поставен топуз кој е фрагментиран. Датирање: 1 в.н.е.





**187. Прилеп,** д.74x48x7см, Музеј на Македонија Скопје (ин.бр.82). Лит: Н. Вулић, (1931) 170 бр.448; Б. Јосифовска, (1961) 47-48, 99, бр.82, сл.17, римско империјално време; G. De Gruyter, (1999) 102 br.214, 3 в. Во десната рака на Херакло има топуз кој е потпрен на камен. Датирање: 3 в.н.е.





## *СТАП*

**188. Битола,** д.93x57x21см, Музеј на Македонија Скопје. Лит: Димица, (1896) 275; CIL III 7317; Н. Вулић, (1931) 12 бр.15; ibid, (1941-1948) 301 бр.54; Б. Јосифовска, (1961) 79-80 сл.30, 103 бр.334, 2 в. Во релјефното поле мажот на левото раме носи долг стап-мотка, која можеби претставува сноп fascio (fasces)? Датирање: 2 в.н.е.





## *ВОЕНИ СТАТУСНИ И СИМБОЛНИ ПРЕДМЕТИ*

## *КЕНТУРИЈСКИ СТАП - VITIS*

**189. Равне, Кнажевац**, д.107x66x23см, Музеј Ниш-Лапидариум (инв.бр.15). Лит: Н. Вулић, (1933) 43-44 бр.148; A. Mócsy, (1970) 122, br.121; П. Петровић, (1995) 86 бр.34; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.67 fig.124-N.132, 2 в. Покрај десното раме на мажот во релјефното поле е изведен кентуријски стап-vitis. Датирање: 2 в.н.е.





**190.** **Сремска Митровица-Sirmium,** д.150x72x22см, Музеј Срем (inv.br.A16). Лит: V. Dautova-Ruševljan, (1983) T.2 sl.4, втора половина на 3 в. Мажот во десната рака држи кентуриски стап- vitis. Датирање: втора половина на 3 в.н.е.





**191.** **Ruma**, секундарно вѕидан во ѕид. Лит: J. Brunšmid, (1900) 194-196 sl.86. Војникот во десната рака држи кентуриски стап-vitis? Датирање: 2 в.н.е.





## *АУГУРСКИ СТАП -LITUUS*

**192.** **Viminacij,** д.300x125x35см. Лит: Н. Вулић, (1931) 127-129 бр.311. Војникот кој во тимпанонското поле централно е поставен, носи оклоп-lorica од мускулест тип со кратки ракави, една низа на птериги и со апликација на Горгона на градите. Долу: во второто релјефно поле, првата и последна машка фигура држат во левата рака аугурски стап- lituus?, а втората фигура во десната подигната рака држи предмет во вид на свеќник. Двете централни фигури држат кутија-сандак кој го покриваат со чаршаф на маса со четири ногарки, од кои се гледаат предните две, моделирани во облик на лавовски шепи. Датирање: 1/2 на 1 в.н.е.



## *СТАП*

***193.*** **Побожје**, д.230x70x24см, Музеј на Македонија Скопје (інв.540). Лит: А. Керамитчиев, (1964) 145-148, 2 в.; A. Mócsy, (1970) 66 f.n.27, 2, 2-3в.; П. Петровиħ, (1975) 80-81 T.V бр.50, нај. до кр. на 2 в.; A. et. J. Šašel, (1978) br.551, 2 в.; B. Josifovska, (1982) 137-138 br.145; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.33 fig.63-N.71, крај на 2- почеток на 3 в. Мажот во десната рака држи стап или скиптар-клуч? Датирање: најдоцна до крај на 2 в.н.е.



## *СКИПТАР*

**194.** **Тројаци,** д.35x42см, Музеј на Македонија Скопје. Лит: Н. Вулиħ, (1931) 183 бр.493. Атена која централно е поставена на главата носи коринтски шлем, во десната рака држи скиптар, а во левата рака, мал штит. Датирање: 1-2 в.н.е.



**195.** **Сриједа (Сани), Босна,** денес всидан во црквата во с. Рибник (Кључ). Лит: Ђ. Basler, (1972) 150-151 sl.165, 4 в. Мажот со двете раце држи скиптар. Датирање: 4 в.н.е.



## *ТИРС И ВРЕТЕНО*

**196.** **Пештани**, д.72x58см, вѕидан во црквата. Лит: Н. Вулиħ, (1931) 168 бр.441. Првата фигура има тирс во левата подигната рака, а втората, во левата подигната тирс, а во десната спуштена, вретено. Датирање: 1-2 в.н.е.



## *КЕРИКЕИОН, САД И МЕШАЛКА*

**197.** **Solin-Salona,** д.765x33x285см, приватна колекција во Spljet. Лит: J. Brunšmid (1907) 163-165 br.307. Мажот во десната рака држи дрво за мешање во сад или толчник, а на другата страна прикажан е Хермес, како во десната рака држи kerykeion. Датирање: 2 в.н.е.



## *КОРНИКЕН*

**198.** **Стаклен-Novae**, д.186x90x28см, Народен Музеј Софија (No 5248). Лит: Д. П. ДимитровЬ, (1942) 64, Т.XV 28/48, 45-69 г. На цоклето е претставена воена cornu-horn, музички инструмент. Датирање: 45-69 г.н.е.





## *ДИПЛОМА*

**199.** **Zadar,** Arheološki Muzej Zadar. Лит: A. Starac, (2000) 34 sl.17, 3/4 на 1в. На цоклето во горниот дел е изведена хоризонтално поставена диплома. Датирање: 3/4 на 1 в.н.е.





**200.** **Pula,** д.60x60x51см, Pula, Franjevački samostan, (inv. br. A 20240). Лит: A. Starac, (1995) 76, 90 T.5.4; ibid, (2006) 84-85 br.44, прва деценија на 1 в. На релјефното поле се третирани sella curulis и fascio. Мерниот инструмент biselij и fascio се симболи на августовски севир, а fascio (fasces) ја симболизира градската функција. Датирање: прва деценија на 1 в.н.е.





**201.** **Равне, Кнажевац**, д.198x90x33см, Музеј Ниш-Лапидариум (ин.бр.52+16). Лит: CIL III 8263; Н. Вулић, (1941-48) 83 бр.76; A. Mócsy, (1966) 27 br.12; П. Петровић (1975) 139 бр.33; E. Dobruna-Salihu, (2001-2) 297-299, T.1 fig.1; ibid, (2005) T.79 fig.148-N.161, 2 в. (време на Хадријан). Во релјефното поле десно од главата на мажот е третирана sella curulis. Датирање: 2 в.н.е.




## *КАМШИК*

**202. Donji Cehi-Zagreb,** (Andautonia). Лит: B. Migotti, (2008) 455 sl.1, средина на 2 в.н.е. Мажот кој е поставен најдесно, во десната рака држи мал камшик. Датирање: средина на 2 в.н.е.





## *ПИСАР*

**203. Šeмpeter, Savinjska Dolina**, д.134x61x87см, Pokrainski Muzej Celje (inv.br.186). Лит: J. Jevtović, (1987) 168 br.89, втора половина на 1 в.н.е. Претставен е писар со стило и тевтер. Датирање: втора половина на 1 в.н.е.





**204.** **Pula.** Лит: A. Starac, (1995) 76, 89 T.4.1. На релјефното поле се изведени, лево: торба-вреќа за ситни пари со капак-crumena десно: свиток (волумен) од кој се појавува лист-блок бележник-calendarium на робот кој се грижел за финансиите. Датирање: 2 в.н.е.







## *КНИГА*

***205.*** **Gologorica** (Zaleški Dol), Pazin, д.244x82x23см, Arheološki Muzej Istra (inv. br. A/34). Лит: J. Jevtović, (1987) 169 br.91, крај на 1 -почеток на 2 в.н.е. Во левата рака мажот држи книга. Датирање: крај на 1 -почеток на 2 в.н.е.







## *ТЕАТАРСКА МАСКА*

**206.** **Тесалонике,** Археолошки Музеј Солун (9815). Лит: J. Vokotopoulou, (1996) 63-65, втора половина на 2 в.н.е. Горе лево од десната страна на мажот е моделирана театарска маска. Датирање: втора половина на 2 в.н.е.





## *КЛУЧ И ВРЕТЕНО*

**207.** **Petrovci, Rumа,** д.70x905x625см. Лит: J. Brunšmid, (1904-1911) 263-265 sl.467 a, 467 b, 2 в. На бочните страни на споменикот се прикажани: а. клуч и кутија (каса). б. вретено и друга (фурка) со замотано предиво. Датирање: 2 в.н.е.





а.





б.

**208.** **Paconia-Montana**. Лит: Р. Зотовић, (2005) бр.127; ibid, (2008) 433 fig.2. Во левата рака на жената е изведен клуч, 2-4 в.н.е. Датирање: 2-4 в.н.е.





## *МЕДИЦИНСКИ АЛАТКИ*

**209.** **Sisak**, д.175x70x21см. Лит: J. Brunšmid, (1904-1911) 208-209 br.346, 2 в. На цоклето се забележуваат фрагменти од три предмети во подножјето на стелата, тоа се медицински алатки: lanceta, sonda и широко заоблена алатка. Датирање: 2 в.н.е.









## *ЗАНАЕТЧИСКИ ОРУДИЈА*

### *СРП*

**210. Кавадарци,** д.180х52х11см, Музеј на Македонија Скопје. Лит: Н. Вулиħ, (1941-1948) 63 бр.131. Во левата рака на мажот кој е поставен прв од лево, е прикажан мал срп, а горе торба и двојна спирала. Датирање: според натписот во 1 в.н.е.




**211. Македонија,** непознато потекло, д.58х26х11см, Музеј Скопје. Лит: Н. Вулиħ, (1931) 230-231 бр.614. Во десната рака на момчето е претставен голем срп. Датирање: по аналогија, со српот изведен на споменицитe (К.бр.216,217,219) од 1-2 в.н.е.




**212.** **Атина,** Национален Музеј Атина (2014). Лит: E. J. Walters, (1988) Pl.42a., 46 f.n.115 доцен Северов период; 82 f.n.98; 108 f.n.119. Момчето во десната рака држи стригил. Датирање: 2 в.н.е.





**213.** **Ваташа,** д.75x60x23см, Музеј Скопје. Лит: Н. Вулић, (1931) 238 бр.635; ibid, (1933) 37 бр.112; Б. Јосифовска (1961) 44-45 сл.15, бр.537, 2 в.; В. Соколовска, (1987) Т.24 сл.3 No 46, 235-253 г.н.е. На релјефното поле во вториот ред во левата рака на мажот има срп. Датирање: 2 в.н.е.





**214.** **Долна Македонија**, д.763х65х9см, Музеј Бероја, (L 226). Лит: L. Gounaropoulou-M. B. Hatzopoulos, (1998) 264-265 бр.220, 3 в. Момчето поставено најдесно, во десната рака држи срп, а во левата мал стап или лак? Датирање: 3 в.н.е.







**215.** **Стари Град**, д.51-71-10см, Музеј на Македонија Скопје, (инв. бр.94). Лит: Н. Вулиħ, (1941-1948) 34 бр.82; Б. Јосифовска (1961) 32 сл.7 бр.94, 3-4 в.н.е.; В. Соколовска (1987) Т.20 сл.1 No35, доцно антонински период. Во левата рака на детето кое е поставено прво од лево, е предаден мал срп, а во десната стап. Датирање: 3-4 в.н.е.





## СРП И КРАМП

**216.** **Кавадарци,** д.154x55x8см, Музеј Скопје. Лит: Н. Вулиќ, (1931) 67 бр.149; Н. Проева, (2010) 97 сл.4, 101. Во релјефното поле се третирани срп и крамп. Датирање: 1-2 в.н.е.





**217.** **Кавадарци,** д.74x47x15см, Музеј на Македонија Скопје. Лит: Н. Вулиќ, (1941-1948) 64 бр.134; Н. Проева, (2010) 98-99 сл.6, 101. Во релјефното поле се претставени голем срп и крамп. Датирање: 1-2 в.н.е.





## *КРАМП*

**218.** **Бегниште,** д.82x47x7см, Музеј Скопје. Лит: Н. Вулиќ, (1933) 35 бр.105. Во релјефното поле најдолу, хоризонтално е поставен крамп. Датирање: 1-2 в.н.е.





## *СРП И СЕКИРА*

**219.** **Кавадарци,** д.60x47x10см. Музеј на Македонија Скопје, Куршумли Ан. Лит: Н. Вулиќ, (1941-1948) 74 бр.155. Во релјефното поле се изведени секира и срп. Датирање: според аналогните српови од спомениците (К.бр.211,216,217) од 1-2 в.н.е.





## *СЕКИРА, ЧЕКАН, КУКА И ЈАДИЦА*

**220. Pula,** д.72x46x36см, Arheolšoki Muzej Istra Pula, lapidarium, juzni hodnik, (inv.br.A319-st.br.441). Лит: A. Starac, (1995) 76, ascia, 89 T.4.4; ibid, (2006) 127-128 br.87. На релјефното поле се моделирани: а. лево јадица (hamus) и секира. бочно десно, б. чекан (malleus) и кука, 2/2 на 2 в. Датирање: 2/2 на 2 в.н.е.





а.







б.

## *СЕКИРА*

**221. Неине-Илинденци,** ГИМ, Сандански. Лит: В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 29 обр.3. Војникот имал копје и секира кои се откршени, (по аналогија со К.бр.129), 2/2 на 2 -почеток на 3 в. Датирање: 2/2 на 2 -почеток на 3 в.н.е.





**222.** **Неине-Илинденци**. Лит: В. Герасимова-Томова, (1981) 4, 31 обр.7. На левата страна од војникот се забележува фрагмент од секира, 2/2 на -2 почеток на 3 в. Датирање: 2/2 на 2 -почеток на 3 в.н.е.





## *СЕКИРА И КЛЕШТИ*

**223.** **Клина,** д.100x80x33см, Музеј на Македонија Скопје-Куршумли Ан. Лит: Н. Вулић, (1941-1848) 125 бр.273; E. Dobruna-Salihu, (1987) 199 fig.10; ibid, (2005) T.112 Fig.208-N.236, 2 в. Во долниот дел на натписното поле кое е откршено се третирани секира и клешти. Датирање: 2 в.н.е.





## *ЧЕКАН*

**224. Podvornica-Lištani, Livno,** д.36x60x18см, (inv. br.484). Лит: A. Škegro et all., (2008), 262 sl.2, 3 в.н.е. Мажот во десната рака држи чекан. Датирање: 3 в.н.е.





## *ГРАДЕЖНИ ОРУДИЈА*

**225. Злокуќани,** д.221x90x32см, Музеј Скопје. Лит: М. Димица, (1896) бр.313; CIL III 8212; Б. Јосифовска, (1973) 291-294; ibid, (1982) 112-113 br.105; П. Петровиħ, (1975) 80-81 T.V бр.33, најдоцна до крај на 2 в.; E. Dobruna-Salihu, (2005) T.29, fig.54 N.61, 2 в. Во долниот лев агол на натписното поле е изведено орудие со долго цилиндрично тело-можеби градежна алатка, или ascia со многу долга рачка. Датирање: најдоцна до крај на 2 в.н.е.




**226.** **Лопате,** д.167х85х16см, Музеј Куманово. Лит: Е. Петрова,, (1987) 100-101, 2в.; E. Dobruna-Salihu, (1990) 235 T.1:2; ibid, (2005) T.4 fig.9, 3, 2 в.; З. Николовски, (1997) сл.7, 2 в. На горната рамка на тимпанонот меѓу двете спирални лози е прикажан предмет со конусно тело, градежна алатка, или култен предмет. Датирање: 2 в.н.е.





**227.** **Војник,** д.197х73х26см, Музеј Куманово. Лит: В. Соколовска, (1966) 104-105 сл.7, кр. на 2 в.; A. et J. Šašel, (1978) br.562, 2 в.; B. Josifovska, (1982) 182-183 br.245; З. Николовски, (1997) сл.1, 2 в.; E. Dobruna-Salihu (2005) T.2 fig.3, 2 в. На горната рамка на тимпанонот меѓу двете спирални лози е претставена градежна алатка, или култен предмет? Датирање: 2 в.н.е.





## VII. КРАТЕНКИ

**AA -** Acta Archaeologica-Slovenska Akademija Znanosti in Umetnosti, Ljubljana.

**AAd -** Archaeologia Adriatica, Zadar.

**AJA -** American Journal of Archaeology.

**AMA** - Археолошки Музеј Атина.

**APJ** - Antički portet u Jugoslaviji.

**Археология**, София.

**BCH** - BULLETIN DE CORRESPONDANCE HELLENIQUE.

**VAPD -** Vjesnik za Arheologiju i Povijest Dalmatinsku, Split.

**VAHD** - Vjesnik za Arheologiju i Historiju Dalmatinsku, Split.

**VAMZ** - Vjesnik Arheološkog Muzeja Zagreb.

**VHAD** - Vjesnik Hrvatskoga Arheološkog Društva, Zagreb.

**GZMS** - Glasnik Zemaljskog Muzeja Bosne i Hercegovine u Sarajevu.

**Годишник СУИФФ**– Годишник на Софийския Университет Историко-Филологически Факултет, София.

**ГЗФФС** - Годишен Зборник на Филозофскиот Факултет, Скопје.

**Dacia** – Bucarest.

**ЖА** - Жива Антика, Скопје.

**ЗАМС** - Зборник на Археолошкиот Музеј во Скопје.

**ЗШНМ** - Зборник на Штипскиот Народен Музеј, Штип.

**Известия БАИ-** Известия на Българския Археологически Институть, София.

**CIL** - Corpus Inscriptionuм Latinaruм.

**CORINTH** - American School of Classical Studies at Athens.

**ЛИХНИД**, Завод и Музеј, Охрид.

**МАА** - Macedoniae Acta Archaeologica, Скопје.

**МП** -Македонски Прегледь, София.

**Opusc. Archaeol.** – Opuscula Archaeologica, Pula.

**SITULA**, Ljubljana.

**STARINAR,** Beograd.

**Споменик**, Српска Академија, Београд.

**THE ATHENIAN AGORA** - American School of Classical Studies at Athens.

**THRACIA,** София.

**FA** - Folia Archaeologica-Acta Universitatis Lodziensis, Lodz.

**FAB** - Folia Archaeologica Balkanica-Skopje.

**FAH**- Folia Archaeologica Historicae, Institute of Archaeology and Ethnology of Polish Akademy of Sciences, Lodz Branch.

**Hesperia** - ASCSA, American School of Classical Studies at Athens.

# VIII. ТАБЕЛИ




**Т. 1 Рана антика - Корје (24)**

| век | VI в.ст.е. | V в.ст.е. | IV в.ст.е. | III в.ст.е. | II в.ст.е. |
|---|---|---|---|---|---|
| копје | 2 | 12 | 7 | 0 | 3 |
| стела | К.бр.28<br>долго копје | К.бр.9<br>долго копје | К.бр.20<br>долго копје kамах | | К.бр.24<br>кратко копје |
| | К.бр.2<br>долго копје | К.бр.10<br>долго копје | К.бр.31<br>долго копје | | К.бр.25<br>долго копје |
| | | К.бр.16<br>долго копје | К.бр.18<br>долго копје | | К.бр.34<br>долго копје |
| | | К.бр.16<br>долго копје kамах | К.бр.33<br>кратко копје | | |
| | | К.бр.14<br>долго ловечко копје | К.бр.13<br>долго копје | | |
| | | К.бр.30<br>долго копје | К.бр.32<br>долго копје сариса<br>(2ком.) | | |
| | | К.бр.15<br>долго копје сариса<br>(2ком.) | | | |
| | | К.бр.12<br>долго копје сариса | | | |
| | | К.бр.7<br>долго копје | | | |
| | | К.бр.29<br>долго копје<br>(2ком.) | | | |




| Т. 2 Рана антика – Меч (10) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **век** | V в.ст.е. | IV в.ст.е. | III в.ст.е. | II в.ст.е. | Iв.ст.е. | I в.н.е. | IIв.н.е. |
| **меч** | **6** | **3** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** |
| **стела** | К.бр.7 ксифос | К.бр.6 ксифос | | К.бр.25 ксифос | | | |
| | К.бр.5 ксифос | К.бр.27 ксифос | | | | | |
| | К.бр.8 ксифос | К.бр.33 ксифос со футрола | | | | | |
| | К.бр.5 краток спартански меч<br><br>К.бр.15 футрола од ксифос<br><br>К.бр.12 футрола од ксифос | | | | | | |




| Т. 3 Рана антика – Шлем (45) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **век** | VI в.ст.е. | V в.ст.е. | IV в.ст.е. | III в.ст.е | II в.ст.е. | Iв.ст.е. I в.н.е. | I в.н.е. | IIв.н.е. | III в.н.е. |
| **шлем** | **2** | **15** | **10** | **1** | **2** | **4** | **1** | **9** | **1** |
| **стела** | К.бр.1 коринтски | К.бр.3 коринтски | К.бр.6 коринтски | К.бр.26 бојотски | К.бр.24 пилос | К.бр.88 фригиски (2ком.) | К.бр.138 псеудо-коринтски | К.бр.128 коринтски (4 ком.) | К.бр.93 пилос |
| | К.бр.2 коринтски | К.бр.4 коринтски | К.бр.18 каусија или petasos | | К.бр.25 пилос | К.бр.89 фригиски | | К.бр.194 коринтски | |
| | | К.бр.5 коринтски К.бр.5 пилос | К.бр.19 каусија (2 ком.) К.бр.19 шлем petasos | | | К.бр.150 фригиски | | К.бр.123 коринтски (2 ком.) | |
| | | К.бр.7 пилос | К.бр.20 шлем petasos | | | | | К.бр.123 шлем petasos | |
| | | К.бр.8 пилос | К.бр.21 фригиски | | | | | | |
| | | К.бр.9 пилос | К.бр.22 фригиски | | | | | К.бр.105 фригиски | |
| | | К.бр.10 пилос | К.бр.23 фригиски | | | | | | |
| | | К.бр.11 пилос (2ком.) | К.бр.13 пилос | | | | | | |
| | | К.бр.12 пилос | | | | | | | |
| | | К.бр.14 капа petasos | | | | | | | |
| | | К.бр.15 шлем petasos К.бр.16 шлем petasos | | | | | | | |
| | | К.бр.17 шлем petasos | | | | | | | |




**Т. 4 Рана антика Штит (24)**

| век | V в.ст.е. | IV в.ст.е. | III в.ст.е | II в.ст.е. | II - I в.ст.е. | Ів.ст.е. І в.н.е. | IIв.н.е. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| штит | 10 | 5 | 2 | 3 | 2 | 2 | 0 |
| стела | К.бр.3 хоплитски | К.бр.13 хоплитски | К.бр.26 туреос (2 ком.) | К.бр.25 хоплитски | К.бр.69 туреос | К.бр.88 хоплитски | |
| | К.бр.4 хоплитски<br>К.бр.5 хоплитски (2ком.) | К.бр.20 хоплитски | | К.бр.34 хоплитски | К.бр.70 туреос | К.бр.88 туреос | |
| | К.бр.7 хоплитски | К.бр.22 хоплитски | | К.бр.24 македонски | | | |
| | К.бр.8 хоплитски | К.бр.23 хоплитски | | | | | |
| | К.бр.9 хоплитски | К.бр.32 хоплитски | | | | | |
| | К.бр.10 хоплитски | | | | | | |
| | К.бр.11 хоплитски | | | | | | |
| | К.бр.12 хоплитски | | | | | | |




**Т. 5 Римски период - Копје (78)**

| век | I в.ст.е.- I в.н.е. | I в.н.е. | II в.н.е. | III в.н.е. | IV в.н.е. |
|---|---|---|---|---|---|
| копје | 5 | 12 | 31 | 25 | 5 |
| стела | К.бр.89 hasta (4ком.) | К.бр.77 а. hasta | К.бр.105 hasta(2ком.) | К.бр.133 hasta | К.бр.145 hasta |
| | К.бр.71 pilum | К.бр.77 б. Pilum (3ком.) | | К.бр.135 hasta | К.бр.146 hasta |
| | | К.бр.110 pilum | К.бр.139 hasta | К.бр.134 hasta | К.бр.137hasta |
| | | К.бр.122 pilum | К.бр.84 hasta | К.бр.131 hasta(3ком.) | К.бр.136 pilum |
| | | К.бр.88 pilum(2 ком.) | К.бр.85 hasta | К.бр.132 hasta | К.бр.101 pilum |
| | | К.бр.109 pilum(3ком.) | К.бр.124 а. hasta | К.бр.120 pilum | |
| | | К.бр.138спадика | К.бр.125 hasta | К.бр.117pilum(2ком.) | |
| | | | К.бр.106 hasta | К.бр.129pilum(2ком.) | |
| | | | К.бр.127 hasta | К.бр.130 pilum | |
| | | | К.бр.83 hasta | К.бр.121 pilum | |
| | | | К.бр.128 hasta (2ком.) | К.бр.96 pilum (2ком.) | |
| | | | К.бр.123 pilum | К.бр.100pilum | |
| | | | К.бр.113 pilum | К.бр.119 фрагментирано | |
| | | | К.бр.114 pilum | К.бр.221 фрагментирано | |
| | | | К.бр.144pilum | К.бр.148хаста(2ком) | |
| | | | К.бр.123 hasta | К.бр.107хаста | |
| | | | К.бр.126 pilum | К.бр.147хаста(2ком) | |
| | | | К.бр.112 pilum(2ком) | К.бр.149 хаста | |
| | | | К.бр.139 спадика | | |
| | | | К.бр.140 спадика | | |
| | | | К.бр.142 спадика К.бр.111 хаста (2ком.) К.бр.116 pilum(4ком) К.бр.118 pilum К.бр.141 спадика | | |




**Т. 6 Римски период - Меч (44)**

| век | II - I в.ст.е. | I в.ст.е.- I в.н.е. | I в.н.е. | II в.н.е. | III в.н.е. | IV в.н.е. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| меч | 2 | 3 | 9 | 14 | 14 | 2 |
| стела | К.бр.70 гладиј | К.бр.71 гладиј | К.бр.72 гладиј | К.бр.81 гладиј | К.бр.92 спата | К.бр.108 спата |
| | К.бр.69 гладијаторски меч | К.бр.88 гладиј | К.бр.75 гладиј | К.бр.106 гладиј | К.бр.93 спата | К.бр.101 спата |
| | | К.бр.89 гладиј | К.бр.77 б. гладиј | К.бр.84 гладиј | К.бр.90 спата | |
| | | | К.бр.74 гладиј | К.бр.85 гладиј | К.бр.94 спата | |
| | | | К.бр.73 гладиј | К.бр.80 гладиј | К.бр.96 спата | |
| | | | К.бр.76 гладиј | К.бр.86 гладиј | К.бр.97 спата | |
| | | | К.бр.78 гладиј | К.бр.87 гладиј | К.бр.98 спата | |
| | | | К.бр.79 гладиј | К.бр.82 гладиј | К.бр.99 спата | |
| | | | К.бр.138 махаира | К.бр.83 гладиј | К.бр.103 спата | |
| | | | | К.бр.102 гладиј | К.бр.107 спата | |
| | | | | К.бр.162 гладијаторски меч | К.бр.130 спата | |
| | | | | К.бр.168 гладијаторски меч | К.бр.95 спата | |
| | | | | К.бр.125 гладиј | К.бр.100 спата | |
| | | | | К.бр.105 махаира | К.бр.91 спата | |




| Т. 7 Римски период – Шлем (11) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| век | II- I в.ст.е. | I в.н.е. | II в.н.е. | III в.н.е. |
| шлем | 2 | 2 | 6 | 1 |
| стела | К.бр.69 Кегенхелм | К.бр.75 легионерски тип Hagenau | К.бр.80 легионерски тип Hagenau | К.бр.135 булбус |
| | К.бр.70 Кегенхелм | К.бр.77 б. легионерски тип Weisenau | К.бр.169 гладијаторски | |
| | | | К.бр.139 гладијаторски | |
| | | | К.бр.140 гладијаторски | |
| | | | К.бр.142 гладијаторски | |
| | | | К.бр.141 гладијаторски | |




**Т. 8 Римски период - Штит (63)**

| век | I в.ст.е.- I в.н.е. | I в.н.е. | II в.н.е. | III в.н.е. | IV в.н.е. |
|---|---|---|---|---|---|
| штит | 15 | 14 | 20 | 9 | 5 |
| стела | К.бр.88 scutum (3ком.) | К.бр.77 б. кружен | К.бр.123 кружен | К.бр.120 кружен | К.бр.145 кружен |
| | К.бр.109 пелте | К.бр.152 кружен | К.бр.80 кружен | К.бр.93 кружен | К.бр.155 кружен |
| | К.бр.150 пелте (2ком.) | К.бр.110 scutum | К.бр.144 кружен | К.бр.153 кружен | К.бр.146 кружен |
| | К.бр.150 шестоаголен | К.бр.77а. шестоаголен | К.бр.116 кружен | К.бр.135 овален | К.бр.156 кружен |
| | К.бр.88 овален (2ком.) | К.бр.122 шестоаголен | К.бр.126 кружен | К.бр.107 овален (2ком.) | К.бр.157 кружен |
| | К.бр.89 кружни(2ком.) | К.бр.151 кружни(5ком.) | К.бр.106 кружен (2ком.) | К.бр.154 кружен | |
| | К.бр.109 пелте | К.бр.151 пелте(4ком.) | К.бр.86 кружен | К.бр.121 кружен | |
| | К.бр.89 scutum (2ком.) | | К.бр.84 кружен | К.бр.99 кружен | |
| | К.бр.89 овален | | К.бр.83 кружен | | |
| | | | К.бр.194 кружен | | |
| | | | К.бр.128 кружен | | |
| | | | К.бр.139 scutum | | |
| | | | К.бр.140 scutum | | |
| | | | К.бр.163 scutum<br>К.бр.105 кружен<br>К.бр.125 кружен<br>К.бр.141 scutum<br>К.бр.79 овален<br>К.бр.105 овален | | |




**Т. 9 Антички период - Стригил (14)**

| век | V в.ст.е. | IV в.ст.е. | III в.ст.е. | II в.ст.е. | I в.ст.е. | I в.н.е. | IIв.н.е. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| стригил | 5 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| стела | К.бр.49 стригил | К.бр.19 стригил | | | | | К.бр.212 стригил |
| | К.бр.50 стригил | К.бр.54 стригил | | | | | |
| | К.бр.51 стригил | К.бр.55 стригил | | | | | |
| | К.бр.52 стригил | К.бр.56 стригил | | | | | |
| | К.бр.53 стригил | К.бр.57 стригил | | | | | |
| | | К.бр.58 стригил | | | | | |
| | | К.бр.59 стригил | | | | | |
| | | К.бр.60 стригил | | | | | |




| Т. 10 Антички период: Брод- Чун (6) | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| век | V в.ст.е. | IV в.ст.е. | III в.ст.е. | II в.ст.е. | Iв.ст.е. | I в.н.е. | IIв.н.е. | IIIв.н.е. |
| брод - чун | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 1 |
| стела | К.бр.4 | | | | | К.бр.170 | К.бр.123 | К.бр.172 |
| | | | | | | К.бр.171 | К.бр.128 | |


Пресек
90
80
70
60
50
40
30
20
10
0
рана антика - копје
рана антика - меч
рана антика - копје
рана антика - меч
рана антика - шлем
рана антика штит
римски период - копје
римски период меч
римски период - шлем
римски период - штит
антички стригил
антички чун
пресек


Пресек
4%
2%
3%
20%
8%
14%
14%
3%
24%
8%
рана антика - копје
рана антика - меч
рана антика - шлем
рана антика штит
римски период - копје
римски период меч
римски период - шлем
римски период - штит
антички стригил
антички чун

# IX. КАРТИ




СЛ.1 Претстави на оружје и орудија на надгробните споменици од Раноантички период на Балканот

# ПРЕТСТАВИ НА ОРУЖЈЕ И ОРУДИЈА НА НАДГРОБНИТЕ АНТИЧКИ СПОМЕНИЦИ НА БАЛКАНОТ

## КАТАЛОГ НА СПОМЕНИЦИ ОД РАНАТА АНТИКА:

1-Атина
2-Веланидеце-Атика
3-Акарна (Acharnai)-Атина
4-Атика
5-Атина
6-Атика
7-Бојотија
8-Ареополис-Лаконија
9-Мегара
10-Татои-Декелеија, Атика
11-Атина
12-Пела, Македонија
13-Бојотија
14-Фалана-Волос, Тесалија
15-Вергина, Македонија
16-Атина
17-Лариса, Тесалија
18-Непознато потекло, Атика?
19-Вергина, Македонија
20-Атина
21-Пелина,Тесалија
22-Елеуса (Eleusis), Атика
23-Атика
24-Марвинци-Валандово, Македонија
25-Требенишко Кале-Лихнид, Македонија
26-Танагра, Бојотија
27-Керамеикос-Атина
28-Атика
29-Спарта, Лаконија
30-Лариса-Тесалија
31-Атина
32-Томпхои, Тесалија
33-Вергина-Македонија
34-Крит
35-Непознато потекло-Атика?
36-Атика
37-Илис-Атина
38-Атина
39-Касандра-Халкидик, Македонија
40-Какодики, Бела Планина, Крит
41-Спарта-Лаконија
42-Орхомена-Бојотија
43-Аполнија-Тракија
44-Непознато потекло-Атика (Lydie-Sardes)
45-Халандри-Атика
46-Ламѕакос-Атика
47-Атика
48-Трогир (Tragurion)
49-Ставромене, Крит
50-Еубеја
51-Порто Рапти, Атика
52-Атина
53-Теспис-Бојотија
54-Атина
55-Атина
56-Танагра-Бојотија
57-Каристос-Еубеја
58-Атина
59-Пиреја, Атика
60-Саламина-Атика
61-Атика
62-Пиреја, Атика
63-Пиреја, Атика
64-Атика
65-Атика
66-Лиопеси, Атика
67-Потидеја
68-Атина




СЛ.2 Претстави на оружје и орудија на надгробните споменици во Римскиот период на Балканот

## ПРЕТСТАВИ НА ОРУЖЈЕ И ОРУДИЈА НА НАДГРОБНИТЕ АНТИЧКИ СПОМЕНИЦИ НА БАЛКАНОТ
### КАТАЛОГ НА СПОМЕНИЦИ ОД РИМСКИ ПЕРИОД:

69-Драч-Dyrrachion
70-Драч-Dyrrachion
71-Исар, Марвинци
72-Црнилиште
73-Малино
74-Aserija
75-Pula
76-Pula
77-Pula
78-Muć-Andetrium
79-Epidaur-Cavtat
80-Odessos
81-Vinkovci
82-Стаклен-Novae
83-Битола
84-Атина
85-Атина
86-Долна Македонија
87-Дреновци
88-Pula
89-Pula
90-Lobor-Zlatar
91-Прилеп
92-Топлица
93-Спарта
94-Браилово
95-Кунино, Врачанско
96-Ласкарево, Долни Орман
97-Тетевен
98-Радобил
99-Небрегово
100-Ласкарево, Долни Орман
101-Heracleae
102-Долна Македонија
103-Битола
104-Војница
105-Филипи
106-Милошевичи (Чикота, Приједор)
107-Трговиште, Зајечар
108-Нови Пазар
109-Pula
110-Гиген-Oescus
111-Ресава
112-Матка
113-Кајсареија, Горна Македонија
114-Долни Дисан
115-Димци
116-Чумаковци, Белослатинско
117-Соракево, Мелник
118-Ореовец
119-Соракево, Мелник
120-Шлегово
121-Celeia
122-Харлец, Ореховско
123-Костолац-Viminacium
124-Pula
125-Бардовци
126-Монтана, Михаиловград
127-Топлица
128-Bjelovar
129-Соракево, Мелник
130-Плоски
131-Скопос
132-Пиперица
133-Ботевград
134-Bassianae-Donji Petrovci
135-Sirmium-Сремска Митровица
136-Македонија, непознато потекло
137-Карналово, Петричко
138-Actium-Патра
139-Долна Македонија
140-Макрохори, Долна Македонија
141-Филипопол-Пловдив
142-Долна Македонија
143-Sucidavae или Oeskus
144-Тафталице
145-Девња-Marcianopolis
146-Макреш, Кулско
147-Провадија
148-Димитриево-Pizus
149-Калуѓерица
150-Pula
151-Salona-Solin
152-Стаклен-Novae
153-Македонија, непознато потекло
154-Софија
155-Макреш, Кулско
156-Макреш, Кулско
157-Макреш, Кулско
158-Крушица
159-Пиперица
160-Филипопол-Пловдив
161-Макрохори, Долна Македонија
162-Tomis
163-Dionisiopol-Балчик
164-Salona-Solin
165-Дрмно, Пожаревац
166-Равне, Књажевац
167-Bol, Brač
168-Долна Македонија
169-Osijek-Mursa
170-Salona-Solin
171-Tomis
172-Тесалоники
173-176-Solin-Salona
177-Бардовци
178-Скопје, Рокомија
179-Мирковци
180-Salona-Solin
181-Novis
182-Pula
183-Врања
184-Неине-Илинденци
185-Долна Македонија
186-Стоби
187-Прилеп
188-Битола
189-Равне-Књажевац
190-Сремска Митровица-Sirmium
191-Ruma
192-Viminacij
193-Побожје
194-Тројаци
195-Сриједа (Сани), Босна
196-Пештани
197-Solin-Salona
198-Стаклен-Novae
199-Zadar
200-Pula
201-Равне-Књажевац
202-Donji Cehi- Zagreb, (Andautonia)
203-Šempeter, Savinjska Dolina
204-Pula
205-Gologorica (Zaleški Dol), Pazin
206-Тесалоники
207-Petrovci, Ruma
208-Paconia-Montana
209-Sisak
210-Кавадарци
211-Непознато потекло-Македонија
212-Атина
213-Ваташа
214-Долна Македонија
215-Стари Град
216,217-Кавадарци
218-Бегниште
219-Кавадарци
220-Pula
221,222-Неине-Илинденци
223-Клина
224-Podvornica-Lištani, Livno
225-Злокуќани
226-Лопате
227-Војник

# X. БИБЛИОГРАФИЈА

**Alexandrescu-Vianu, M.** (1975) Les stèles funéraires de la Macédoine Romaine, Dacia XIX, Bucarest, 183-200.

**Александреску–Виану, М.** (1979) За датировката на надгробната плоча на Квинтус Филипикус, Археология 1, София, 34-37.

**Alexandrescu-Vianu, M.** (1985) Les stèles funéraires de la Mésie Inférieure, Dacia XXIX, 1-2, Bucarest, 57-79.

**Александров, Г.** (1980) Антички натписи и други находки от Монтана (Долна Мизия), Археология 1, София, 34-41.

**Amato, R. D., Sumner, G.** (2009) Arms and armour on the Imperial Roman Soldier, from Marius to Commodus, 112 BC-AD192, London.

**Andronicos, M.** (1955) DEUX STELES FUNERAIRES GRECQUES DE VERGINA, BCH 79, Athens, 87-101.

**Andronicos, M.** (1962) STELE FUNERAIRE DE KASSANDRA, BCH 86, 1, Athens, 261-267.

**Andronicos, M.** (1970) Sarissa, BCH 94,1, Athens, 91-107.

**Andronikos, M.** (1978) The Royal Graves At Vergina, Athens.

**Бабамова, С.** (2005) Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера, Скопје.

**Basler, Đ.** (1972) Arhitektura kasnoantičkog doba u Bosni i Hercegovini, Sarajevo.

**Битракова-Грозданова, В.** (1987) Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје.

**Битракова-Грозданова, В.** (1999) Религија и Уметност во антиката во Македонија, Скопје.

**Bishop, M. C.** (2002) Lorica Segмentata vol.I: A Handbook of Articulated Roмan Plate Arмour, GB.

**Bishop, M. C., Coulston, J. C. N.,** (2009) Roмan Military Equipмent, froм the Punic Wars to the fall of Roмe, UK.

**Blaževska, S.** (2006) A Macedonian shield bowl froм Vardarski Rid, FAB, I, Скопје, 245-250.

**Божинова, J., Русинов, B.** (1987) Три надгробни паметника от долината на Средна Струма, Археология 1, София, 24-26.

**Bradeen, D. W.** (1974) Inscriptions the funerary мonuмents, The Athenian Agora, vol. XVII, New Jersey.

**Brunšмid, J.** (1892) Nadgrobni spoмenik riмskoga centurijona M. Herrenija Valenta nadjen u Vinkovciмa, VHAD XIV, 2, Zagreb, 33-43.

**Brunšмid, J.** (1895-1896) Nadgrobni spoмenik M. Valerija Sperata iz Viмinacija, VHAD I, 1895, Zagreb 1-13.

**Brunšмid, J.** (1900) Colonia Aelia Mursa, 21-42; Arheološke bilješke iz Dalмacije i Panonije, 181-201, III., VHAD IV 1899-1900, Zagreb.

**Brunšмid, J.** (1901) Arheološke bilješke iz Dalмacije i Panonije, VHAD V, Zagreb 1901, 87-168.

**Brunšмid, J.** (1904-1911) Kaмeni spoмenici Hrvatskoga Narodnoga Muzeja u Zagrebu, I, Antikni spoмenici, Zagreb.

**Brunšмid, J.** (1907) Каменi spomenici Hrvatskoga Narodnoga мuzeja u Zagrebu, (nastavak) VHAD IX, 1906/1907, Zagreb, 81-184.

**Brunšмid, J.** (1911) Riмski vojnički diploм iz Siska, VHAD XI, 1910-1911, Zagreb, 23-39.

**Brunšмid, J.** (1919) Ulomak riмskoga vojničkoga diploмa iz Siska, VHAD XIV, 1915-1919, Zagreb, 19-21.

**Вагалински, Љ.** (1991) За социалната принадлежност на гладиаторите в Тракия, Археология 1, София, 28-32.

**Васић, М. Р.** (1977) Представа асције на надгробним споменицима римске провинције Далмације, Старинар XXVII, Београд, 43-51.

**Vasić, R.** (1982) Prilog proučavanju grčkog oružja u Jugoslaviji, Godišnjak CBI XX-18, Sarajevo, 5-24.

**ΒΕΛΕΝΗ, Π. Α., ΣΒΗΡΚΟΣ, Η. Κ.** (2001) ΕΠΙΤΑΦΙΕΣ ΣΤΗΛΕΣ ΑΠΟ ΤΗ ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ, 13-34, ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗ, 13-34.

**Vokotopoulou, J.** (1996) GUIDE DU MUSEE ARCHEOLOGIQUE DE THESSALONIQUE, Athens.

**Вулић, Н.** (1931) Антички споменици наше земље, Споменик LXXI, Београд.

**Вулић, Н.** (1933) Антички споменици наше земље, Споменик LXXV, Београд.

**Вулић, Н.** (1941-48) Антички споменици наше земље, Трачки коњаник и друге иконе из античког доба, Београд.

**Георгиев, З.** (1984) Елементи на рана антика во Долното Повардарје, ГЗФФС 37, Скопје 51-85.

**Герасимова – Томова, В.** (1980) За култа към Бендида в Тракия и за тракийското женско облекло, Археология 3, София, 27-34.

**Герасимова – Томова, В.** (1981) Тракийското мъжко облекло от долината на Средна Струма през римската епоха, Археология 4, София, 28-36.

**Геров, Б.** (1961) Проучвания върху западнотракийските земи през римско време, ГСУФФ LIV, 3, 1959-60, София,159-191.

**Gerov, B.** (1989) Inscriptiones latinae in Bulgariae repertae, Serdicae.

**Goldsworthy, A.** (2003) Caesars Civil Wars 49-44 BC, UK.

**Goldsworthy, A.** (2003 A) The complete Roman Arмy, London.

**Gounaropoulou, L., Hatzopoulos, M. B.** (1998) ΕΠΙΓΡΑΦΕΣ ΚΑΤΩ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ, Athens.

**Грбић, М.** (1958) Одабрана грчка и римска пластика у Народном Музеју у Београду, Београд.

**Gregl, Z.** (1982) Riмski мedicinski instruмenti iz Hrvatske I, VAMZ 3/XV, Zagreb, 175-198 T.1-12.

**Gruyter, G. De** (1999) Inscriptiones Graecae X, II, Berlin.

**Dautova-Ruševljan, V.** (1983) Riмska kaмena plastika u jugoslovenskom delu provincije Donje Panonije, Novi Sad.

**Dautova-Ruševljan, V., Vujović, M.** (2006) Riмska vojska u Sreмu, Novi Sad.

**Димитровь, Д. П.** (1940) Медалионьть като надгробень паметникь вь долината на Срьдна Струма презь Римската епоха, Македонски Прегледъ XII, 3, София, 62-82.

**Димитровь, Д. П.** (1941) Портретьть върху античнить надгробни плочи оть римско време вь Североизточна Македония, Известия БАИ XIII, 1939, София, 1-128.

**Димитровь, Д. П.** (1942) Надгробнить плочи оть римско време вь Северна България, БАИ N°1, София.

**Dimitrov, D. P.** (1946) Les stèles funéraires en forme de médaillon dans la vallee de la Strouмa moyenne à l'époque Romaine, Годишник СУИФФ XLI, 1944/45, София, 1-61.

**Димица, М.** (1896) Ἡ Μακεδονία ἐν λίθοις φθεγγομένοις καὶ μνημείοις σωζομένοις, Athènes.

**Dobruna-Salihu, E.** (1987) Nadgrobne stele rimskog perioda s područja Kosova, AA 38, Ljubljana, 193-205.

**Dobruna-Salihu, E.** (1990) Borova šišarka kao dekorativni motiv sepulkralne plastike rimskog doba i njezina simbolička tradicija u području Dardanije, AA 41, Ljubljana, 235-248.

**Dobruna-Salihu, E.** (2003) Plastika dekorative dhe figurative e gurit në dardani gjatë kohës romake, sepulkrale dhe e kultit, 1, Prishtinë.

**Dobruna-Salihu, E.** (2005) Plastika dekorative dhe figurative e gurit në dardani gjatë kohës romake, sepulkrale dhe e kultit, 2, Prishtinë.

**Duev, R.**, (2011) GUSLA:THE ORIGIN AND BEYOND, ЖА 61, 1-2, Скопје 49-59.

**Јосифовска, Б.** (1960) Една римска гробница од Рокомија, ГЗФФС 12, Скопје, 202-209.

**Јосифовска, Б.** (1961) Водич низ лапидариумот, Скопје.

**Dragojević-Josifovska, B.** (1973) Add. ad CIL III 8212-Scupis, ЖА 23, Скопје, 291-294.

**Dragojević-Josifovska, B.** (1982) Scupi et la région de Kumanovo, Inscriptions de la Mésie Supérieure, Beograd.

**Evans, J. A.** (1885) Antiquarian researches in Illyricum, I,II, Westminster.

**Зотовић, Р.** (1995) Римски надгробни споменици источног дела провинције Далмације, Ужице.

**Zotović, R.** (2008) Simbols on grave monuments in the Eastern part on the Roman province of Dalmatia, ГСАД /JSAS 24, Београд, 431-444.

**Ilkić, M.** (2009) Rimska vojna diploma iz Podgrađa (Asserija), VAPD 102, Zadar, 59-73.

**Jevtović, J.** (editor) (1987) Antički portret u Jugoslaviji, Novi Sad.

**Керамитчиев, А.** (1964) Една доцноримска гробница од с. Побужје-Скопско, ЖА **13-14**, Скопје, 145-148.

**Керамитчиев, А.** (1966) Неколку необјавени епиграфски споменици од Скопје и неговата околина, ЗАМС 4-5, 1961-1966, Скопје, 61-65.

**Kingsley, Bonnie M.** (1984) The kausia diadeматophoros, American Jounal of Archaeology vol.88, No1, 66-68.

**Ковачева, Л.** (2009) Посмртните ритуали и есхатолошките претстави кај Старите Грци и во Македонската народна традиција, Скопје.

**Ковачева, Л.** (2012) Симболизмот во празниците кај Старите Грци и во македонската народна традиција, Скопје.

**Koračević, D.** (1983) Nadgrobna ploča posvećena veteranu legije VII Claudia, ЖА 33, II, Скопје, 215-218.

**Кузман, П.** (2006) Старомакедонски симболи на археолошки предмети од Самуиловата тврдина во Охрид, FAB, I, Скопје, 215-244.

**Caмbi, N.** (1989) Bilješke uz dvije panonske nadgrobne stele, VAMZ, 3.s. XXII, Zadar 59-76.

**Caмbi, N.** (1991) Antički portret u Hrvatskoj, Zagreb.

**Caмpbell, B.** (1994) The Roмan Arмy, 31 BC-AD 337, London and New York.

**Kilian - Dirlмeier, I.** (1993) Die Schwerter in Griechenland (auserhalb der Peloponnes), Bulgarien und Albanien, Prähistorische Bronzefunde IV, 12, Stuttgart.

**Cohen, A., Rutter, J. B.** (2007) Constructions of childhood in ancient Greece and Italy, Hesperia 41, ASCSA, Atina.

**Cowan, R.** (2003) Roмan Legionary 58 BC-AD 69, UK.

**Cowan, R.** (2003 A) Iмperial Roмan Legionary AD 161-284, UK.

**Chaмoux, F.** (2002) Hellenistic Civilization, UK.

**Lazar, I.** (2001) CELEIA, Celje.

**Лахтов, В.** (1956) Нови натписи во Охрид и Охридско, ЖА VI,1, Скопје, 166-171.

**Lisičar, P.** (1958) Strigilis u našiм zbirkaма, ЖА 8, II, Скопје, 323-331.

**Maršić, D.** (2003) Nove Aserijatske portretne stele, Asseria, 1, Zadar, 157-183.

**Maršić, D.** (2008) Dvije portretne stele iz antičkog Epidaura, AAd II, Zadar, 63-74.

**Maršić, D.** (2010) Izgubljeni Salonitanski spoмenici (II.)/ Portretne stele vojnika VII. legije C.p.f. Gaja Lukrecija i Lucija Cezija Basa, VAPD 103, Split 63-80.

**Matijević, I.** (2011) Natpisi Prve cohorte Belga iz Salone, VAPD 104, Split, 181-207.

**Migotti, B.** (2008) Nadgrobni spoмenik robovske obitelji iz Donjih Ceha kod Zagreba, AAd II. Zadar, 453-465.

**Migotti, B.** (2009) Vojnička nadgrobna stela Severskog razdoblja iz Lobora, AAd III, Zadar, 155-171.

**Микулчиќ, И.** (1999) Антички градови во Македонија, Скопје.

**Miletić, Ž.** (2007) Mithras Sol, AAd I, Zadar, 129-143.

**Митевски, В.** (2005) Платоновото учење за душата, Скопје.

**Митевски, В.** (2007) Античка философија, Платон, Скопје.

**Митревски, Д.** (1997) Протоисториските заедници во Македонија, преку погребувањето и погребните манифестации, Скопје.

**Mihailov, G.** (1958) Надписи, намерени между Дунав и Стара Планина, Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, Том II, София.

**Mihailov, G.** (1961) Надписи, намерени между Стара Планина и Родопите, част I: Територията на Филипопол, Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, Том III, София.

**Mihailov, G.** (1964) Надписи, намерени между Стара Планина и Родопите, част II; От територията на Филипопол до брега на Черно море, Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae, Vol. III, София.

**Mihovilić, K.** (1999-2000) Sceptar iz Nezakcija, Opusc. Archaeol. 23-24, Pula 21-26.

**Miškiv, J.** (1998) Rimska vojnička diploma iz Slavonskog Broda, VAMZ, 3.S., XXX-XXXI, (1997-1998), Zagreb, 83-101.

**Mócsy, A.** (1970) Gesellschaft und Romanisation in der Römischen Provinz Moesia Superior, Budapest.

**Munn, M.** (2000) The School of history, Athens in the Age of Socrates, London.

**Nankov, E.** (2010) Why one needs, The odd man out?, The deer hunter with Lagobolon from the frescoes in the Thracian tomb near Alexsandrovo, Archaeologia Bulgarica XIV, 1, Sofija, 35-55.

**Oliver, G. J.** (2000) The epigraphy of death, Stydies in the History and Society of Greece and Rome, Liverpool.

**Papazoglou, F.** (1974) INSCRIPTIONS DE PELAGONIE, BCH 98, 1, Athens, 271-297.

**Papazoglou, F.** (1982) NOTES EPIGRAPHIQUES DE MACEDOINE, ЖА 32,1, Скопје, 39-52.

**Петковски, Р.** (2007) Симболиката на декоративните елементи третирани на римските споменици меѓу средниот тек на Аксиј и Стримон, Patrimonium.mk 1-2/2007, Скопје, 27-36.

**Петковски, Р.** (2009) Два нови споменика од античкото културно богатство на Македонија, Patrimonium.mk 3-4, 5-6/2008-2009, Скопје, 45-50.

**Петрова, Е.** (1987) Еден доцноримски гроб од околината на Куманово, МАА 7-8, 1981-1982, Скопје, 100-106.

**Петровић, П.** (1975) Палеографија римских натписа у Горњој Мезији, Београд.

**Pešikan-Parović, M.** (1982) Grčka мaharja i probleм krivih мačeva, Godišnjak CBI XX-18, Sarajevo, 25-51.

**Pešikan-Parović, M.** (2005) Tipologija grčkih strigila iz Jugoslavije i Albanije, GZMS 46, Sarajevo, 113-130.

**Pilipović, S.-Petrović, V.** (2011) Deux мonuмents honorifique de Tiмacuм Minus (IMS III/2 23 et 36), ЖА 61, 1-2, Скопје 83-99.

**Pinterović, D.** (1978) Mursa i njeno područje u antičko doba, Osijek.

**Pottier, E.** (1880) UN GUERRIER TEGEATE, (pl.VII), BCH 4, Athens 408-415.

**Proeva, N.** (1997) Stèles funéraires de la Haute Macédoine à l'époque roмaine, Mélanges d' histoire et d' épigraphie offerts à Fanoula Papazoglou, Beograd, 137-147.

**Проева, Н. (**2010) Иконографија на тиквешкиот тип надгробни стели од римско време, Patriмoniuм.мk 7-8/2010, Скопје, 93-109.

**Radмan - Livaja, I.** (2004) Militaria Sisciensia-Nalazi riмske vojne opreмe iz Siska u fundusu Arheološkoga мuzeja u Zagrebu, Zagreb.

**Ricl, M.** (1994) New Greek inscriptions froм Pelagonia and Derriopos, Zeitschrift f§r Papyrologie und Epigraphik (101) Bonn, 151-163.

**Rizaki, A., Touratsoglou, I.** (2001*)* Mors Macedonica, ΑΡΧΑΙΟΛΟΓΙΚΗ ΕΦΗΜΕΡΙΣ, 139 (2000) Athens, 237-281.

**Rizakis, T. Touratsoglou, G.** (1985) ΕΠΙΓΡΑΦΕΣ ΑΝΩ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΣ, Athens.

**Rupprecht-Goette, H.** (2002) Athens, Attica and the Megarid, London and New York.

**PH. Sabin, H. Van Wees, M. Whitby** (edited) (2008) The Caмbridge history of Greek and Roмan warfare, vol. I, Greece, the Hellenistic world and the rise of Roмe, UK.

**Sekunda, N., McBride, A.** (1986) The ancient Greeks, UK.

**Sekunda, N., Northwood, S.** (1995) Early roman armies, UK.

**Sekunda, N., McBride, A.** (1996) Republican Roman Army 200-104 BC, UK.

**Sekunda, N., Hook, R.** (1998) The Spartan Army, UK.

**Sekunda, N., Hook, A.** (2000) Greek hoplite 480-323 BC, weapons-armour-tactics, UK.

**Sekunda, N. V.,** (2001) The Sarissa, FA 23, Lodz, 13-41.

**Sekunda, N. V.,** (2006) The Introduction of Cavalry Thureophoroi into Greek Warfare, FAH XIX, Lodz Branch, 9-17.

**Sekunda, N.,** (2008) A. Land forces, Military forces, The Cambridge history of Greek and Roman warfare, vol.I, Greece, the Hellenistic world and the rise of Rome, edited PH. Sabin, H. Van Wees, M. Whitby, UK, 325-357.

**Sekunda, N. V.,** (2010) The Macedonian Army, A Companion To Ancient Macedonia, edited by J. Roisman, I. Worthington, UK, 446-471.

**Sergejevski, D.** (1957) Epigrafski nalazi iz Bosne, GZMS XII, Sarajevo,109-125.

**Cassin-Scott, J.** (1997) The Greek and Persian wars 500-323 BC, London.

**Snodgrass, A.** (1964) Early Greek Armour and Weapons, Edinburgh.

**Stoian, I.** (1961) La citta pontica di Tomis, Dacia V, Bucarest, 234-274.

**Соколовска, В.** (1966) Археолошки испитувања во Кумановскиот базен ЗАМС 4-5, 1961-1966, Скопје, 99-105.

**Соколовска, В.** (1986) Исар-Марвинци и Повардарјето во античко време, Скопје.

**Соколовска, В.** (1987) Античка скулптура во СР Македонија, Скопје.

**Соколовска, В., Крстевски, Ц.** (2011) Надгробен споменик од Исар - Марвинци, Валандово, МАА 20, 2006-2008, Скопје, 275-281.

**Souza, Ph. de** (2002) The Peloponnesian War 431-404 BC, UK.

**Souza, Ph. de., Heckel, W., Llewellyn Jones, L.** (2004) The Greeks at War, from Athens to Alexander, UK.

**Starac, A.** (1995) Rimske nadgrobne are u Puli i u Istri, Opusc. Archaeol. 19, 69-95, Pula.

**Starac, A.** (2000) Rimsko vladanje u Histriji i Liburniji, Društveno i pravno uređenje prema literarnoj, natpisnoj i arheološkoj građi, Liburnija II, Pula.

**Starac, A.** (editor) (2006) Reljefni prikazi na rimskim nadgrobnim spomenicima u Arheološkom Muzeju Istre u Puli, Pula.

**Тасић, Б.** (едитор) (1990) Музеји Света, Археолошки Музеј Атина, Београд.

**Toynbee, J. M. S.** (1996) Death and burial in the Roman World, Baltimore and London.

**Thomas, M. D.** (2003) Lorica Segmentata vol. II: A Catalogue of Finds, GB 2003.

**Thompson, H. A.** (1949) An archaic gravestone from the Athenian agora, Commemorative studies in honor of Theodore Leslie Shear, Hesperia VIII, ASCSA, Athens, 373-377.

**Thomas, M. D.** (2003) Lorica Segmentata vol. II: A Catalogue of Finds, GB.

**Fields, N.** (2006) Roman Auxiliary cavalryman AD 14-193, UK.

**Fields, N.** (2007) Ancient Greek Warship, 500-322 BC, UK.

**Hatzopoulos, M. B., Loukopoulos, L. D.** (edited) (1980) PHILIP OF MACEDON, Athens.

**Hoffiller, V.** (1911) Oprema rimskoga vojnika u prvo doba carstva, I, VAMZ v.11 no.1, Zadar, 145-240.

**Hoffiller, V.** (1912) Oprema rimskoga vojnika u prvo doba carstva, II, VAMZ v.12 no.1, Zadar, 145-240.

**Чаусидис, Н.** (2011) Дискусија околу иконографијата и семиотиката на Тиквешките т.е. Кавадаречките надгробни споменици од Римскиот период, Patrimonium.mk 9/2011, Скопје, 357-378.

**Šašel, A. et J.** (1963) Inscriptiones Latinae quae in Iugoslavia inter annos MCMXLet MCMLX repertae et editae sunt, Situla 5, Ljubljana 1963.

**Šašel, A. et J.** (1978) Inscriptiones Latinae quae in Iugoslavia inter annos MCMLX et MCMLXX repertae et editae sunt, Situla 19, Ljubljana.

**Шевалие, Ж., Гербран, А.** (2005) Речник на симболите, Скопје.

**Škegro, A. et al.,** (2008) Epigraphika nova Pelvensia, VAMZ, 3.s., XLI, Zadar, 259-288.

**Walters, E. J.** (1988) Attic grave reliefs that represent women in the dress of Isis, Hesperia XXII, New Jersey.

**Wisdom, S.** (2003) Gladiators 100 BC-AD 200, UK.

**Woysch-Méautis, D.** (1982) LA REPRESENTATION DES ANIMAUX ET DES ETRES FABULEUX SUR LES MONUMENTS FUNERAIRES GRECS, DE L EPOQUE ARCHAIQUE A LA FIN DU IV e SIECLE AV.J.-C., Neuchatel.

**Webber, C.** (2001) The Thracians 700 BC-AD 46, UK.

**Wujewski, T.** (1991) Anatolian sepulchral stelae in Roman times, Poznan.